УНИВЕРЗИТЕТ„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ –СКОПЈЕ

м-р КОСТАДИНА КЛЕЧКАРОСКА АВРАМОСКИ

# ИДЕОЛОГИЗАЦИЈА НА РЕЛИГИЈАТА ОД СТРАНА НА ВАХАБИЗМОТ, КАКО РАДИКАЛНО ИСЛАМИСТИЧКО ДВИЖЕЊЕ, ВО НАСОКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ТЕРОРИСТИЧКИ АКТИВНОСТИ

Докторски труд

СКОПЈЕ, 2021.

**Ментор:** **проф. д-р Златко Димовски**
Универзитет „Св. Климент Охридски“– Битола
Факултет за безбедност – Скопје

**Членови на Комисијата:** **проф. д-р Томе Батковски**
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола
Факултет за безбедност – Скопје

**проф. д-р Славејко Сасајковски**
Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања

**проф. д-р Цане Т. Мојаноски**
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола
Факултет за безбедност - Скопје

**проф. д-р Методија Дојчиновски**
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
Воена Академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје

**Датум на одбрана:** **___.___2021 г.**

**Датум на промоција:** **_______________**

**Наука на којашто се стекнува докторатот:** **БЕЗБЕДНОСНИ НАУКИ**

**Идеологизација на религијата од страна на вахабизмот, како радикално исламистичко движење, во насока на извршување на терористички активности**

**Апстракт**

Вахабизмот и неговата идеологија, која се заснова на оригинална интерпретација на исламот, подразбира и стриктно толкување на Куранот. Идеологијата на вахабизмот се заснова на идејата за „тавхид“ –единство на Бог, односно прифаќањето дека само Бог е единствен кому треба да му сме покорни и на никој друг. Секое кршење на „тавхидот“ се смета за многубоштво или иделопоклонство, што заслужува да биде казнето. Секоја иновација во религиозните работи е строго осудувана, односно сите религиозни концепти кои се променети после пророкот Мухамед се ставаат на осуда.

Предмет на ова истражување е обработка на идеологијата на вахабизмот, односно неговите идеолошки постулати и нивното влијание врз суштината на исламската религија, а во насока на вршењето на терористичките активности, со цел остварување на нивни претходно утврдени цели.

Главна цел на ова истражување е да се добијат пошироки теоретски сознанија, како и искуствени, за облиците и начинот на делување на вахабиите како радикална групација за промовирање на радикален ислам за реализација на нивните цели, кои се во насока на загрозување на виталните вредности на државата, сè со цел државата која е во опасност да може адекватно, пред сè превентивно, а потоа и репресивно, да одговори на тие закани, притоа имајќи го предвид екстремното толкување на Куранот на начин кој ја прикрива нивната вистинсканамера и делување.

**Клучни зборови**:*вахабизам, идеологија, религија, ислам, фундаментализам, тероризам, безбедност*, *цели.*

**Ideology of religion by Wahhabism as a radical Islamist movement aimed at carryng out terrorist activities**

**Abstract**

Wahhabism and its ideology, which is based on an original interpretation of Islam, also implies a strict interpretation of the Qur'an. The ideology of Wahhabism is based on the idea of "tawhid" - the unity of God, that is the acceptance that only God is the one to whom we should obey and no one else. Any violation of tawhed is considered polytheism or idolatry that deserves to be punished.

Every innovation in religious matters is severely condemned, that is, all religious concepts that have changed since the prophet Muhammad are condemned.

The subject of this research is the elaboration of the ideology of Wahhabism, ie its ideological postulates and their influence on the essence of the Islamic religion, in order to carry out terrorist activities, in order to achieve their previously determined goals.

The main goal of this research is to gain broader theoretical knowledge as well as experience of the forms and manner of action of the Wahhabis as a radical group to promote radical Islam for the realization of their goals, which are aimed at endangering the vital values of the state. in order for the endangered state to be able to adequately, first preventively, and then repressively respond to those threats, while taking into account the extreme interpretation of the Qur'an in a way that conceals their rightful intent and action.

**Keywords**: *wahhabism, ideology, religion, Islam, fundamentalism, terrorism, security, goals.*

**И З Ј А В А**

м-р Костадина Клечкароска Аврамоски

Изјавувам дека при изработката на докторскиот труд ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори, без да ги почитувам методолошките стандарди.

Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност.

Изјавила:

м-р Костадина Клечкароска Аврамоски

__________________________

*„No religion is responsible for terrorism. People are resposible for violence and terrorism.“*

***– Barack Obama***

# СОДРЖИНА

страна
ВОВЕДЕН ДЕЛ........................................................................................ 10
1.1 Формулација на проблемот ............................................................ 10
1.2 Предмет на истражувањето ........................................................... 14
1.2.1 Теоретско определување на предметот на истражувањето................ 14
1.2.2Појмовно категоријален апарат.......................................................... 18
1.2.3Операционално определување на предметот .................................... 28
1.2.4Дисциплинарно определување на предметот..................................... 30
1.2.5Временско и просторно определување на предметот ....................... 30
1.3 Цел на истражувањето........................................................................ 30
1.4Хипотези................................................................................................. 32
1.5 Начин на истражување (методи и техники)........................................ 32
1.6 Научна и општествена оправданост на истражувањето ................... 34
ГЛАВА I................................................................................................ 36
РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ИСЛАМОТ КАКО МИСИОНЕРСКА РЕЛИГИЈА ............................................................................................ 36
1.Историски контекст на исламот ........................................................ 36
2.Петте столбови на исламот (исламски должности)........................... 42
2.1 Џихадот како шеста исламска должност............................................ 46
3. Шеријатско (исламско) право ............................................................ 47
4. Правци и правни школи во исламот.................................................. 50
5. Исламски екстремизам....................................................................... 53
ГЛАВА II ............................................................................................... 57
ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА ВАХАБИЗМОТ ....................................... 57
1.Корени на вахабизмот.......................................................................... 57
2. Вахабизмот и Саудиска Арабија......................................................... 62
2.1 Вахабизмот и Саудиска Арабија од сегашна перспектива............... 64
3. Идеологија на вахабизмот .................................................................. 67
3.1Радикалната идеологија на вахабизмот надвор од Саудиска Арабија ............................................................................................. 72
4.Современа вахабистичка идеологија (нео-вахабизам)....................... 75
5.Карактеристики на вахабизмот........................................................... 79
6.Вахабизмот и исламскиот фундаментализам – компаративна ретроспектива...................................................................... 81
6.1 Муслимански браќа................................................................................ 82
6.2.Ал- Каеда – основач и лидер Осама Бин Ладен.................................. 85

ГЛАВА III ........ 89
ВАХАБИЗМОТ КАКО РАДИКАЛНО ИСЛАМИСТИЧКО ДВИЖЕЊЕ И НЕГОВАТА ПОВРЗАНОСТ СО ТЕРОРИЗМОТ ........ 89
1.Разгледување на поимите вахабизам, салафизам и исламизам ........ 89
1.1 Вахабизам/неовахабизам ........ 89
1.2 Салафизам/неосалафизам ........ 91
1.3 Исламизам ........ 93
2.Радикалниот вехабизам како екстремно-религиозна политичка идеологија ........ 95
3.Вахабизмот и неговата поврзаност со тероризам ........ 101
4.Регрутација на истомисленици во радикалното вахабистичко движење и нивна Радикализација ........ 106
4.1. Фактори во процесот на радикализација ........ 108
4.2 Одговори кон радикализацијата ........ 110
5. Процесот на дерадикализација ........ 112
ГЛАВА IV ........ 118
ВАХАБИЗМОТ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........ 118
1.Воведни согледувања за вахабизмот во Западен Балкан ........ 118
2. Цели на вахабистичкото движење во Западен Балкан ........ 120
3. Ширење на вахабистичката идеологија на Западен Балкан – регрутација на истомисленици ........ 124
4. Вахабизмот во Босна и Херцеговина ........ 126
4.1 Терористички активности на вахабистичкото движење во БиХ ........ 132
5. Вахабизмот во Црна Гора ........ 135
5.1 Ескалација на вахабизмот во тероризам во Црна Гора ........ 137
6.Вахабизмот во Србија и неговата ескалација во тероризам ........ 139
6.1Ескалација на вахабизмот во тероризам во Србија ........ 143
7.Вахабизмот во Косово ........ 144
8.Вахабизмот во Албанија ........ 146
9.Вахабизмот во Република Северна Македонија ........ 149
9.1 Загрозување на безбедноста на Република Северна Македонија со ширењето на вахабизмот и потребата за негово сузбивање ........ 156
9.2 Правна рамка за борба против тероризмот во Република Северна Македонија ........ 163
9.3Специфични цели за борба против тероризмот ........ 166
9.4 Ангажирање на безбедносните субјекти на Република Северна Македонија во сузбивање и спротивставување на вахабискиот Екстремизам ........ 167

ГЛАВА V ..... 170
ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ – ИДЕОЛОГИЗАЦИЈА НА РЕЛИГИЈАТА ОД СТРАНА НА ВАХАБИЗМОТ, КАКО РАДИКАЛНО ИСЛАМИСТИЧКОДВИЖЕЊЕ, ВО НАСОКА НА ИЗВРШУВАЊЕ ТЕРОРИСТИЧКИ АКТИВНОСТИ ..... 170
1.Анализа на анкетно истражување ..... 172
1.1Дескриптивна статистика ..... 172
1.2 Инференцијална статистика ..... 178
1.3 Коефициентите на корелација ..... 180
2.Анализа на структуирано интервју ..... 182
ЗАКЛУЧОК ..... 196
ПОПИС НА СЛИКИ И ТАБЕЛИ ..... 206
БИБЛИОГРАФИЈА ..... 208
ПРИЛОЗИ ..... 216

# ВОВЕДЕН ДЕЛ

## 1.1.Формулација на проблемот

Човековата историја во голема мера е претставенапреку процеси во кои низ религијата се бараат сите одговори на прашањето за смислата на животот. Уште од најдревните времиња, религијата била важен дел од животните процеси и меѓусебните односи меѓу луѓето. Самата религија е автентична и јавно исправна, што претставува последица токму и таквато верување долгорочно да се одржи. Со самото тоа се наметнува и фактот дека во секој религиски чин присутна е и можност на верски елитизам, односно верување во избраност или правоверност, што подразбира дека останатите религии не се вистински.

Во денешно време сè уште постои опасност секоја религија да го прејудицира својот одговор. Имено, во современиот свет постојат различни објаснувања за начинот и правилата на живот меѓу членовите на одредени религии,односно морални вредности, според кои истите ќе ги остваруваат своите процеси, потреби, вредности, а кои ги прават различни помеѓу религиите. Меѓутоа, со тоа последично се наметнува и прашањето како „другиот“ верник ќе реагира на „другите согледувања на животот“, односно дали ќе постои толеранција за тоа, или екстремно ќе ја поддржи својата религија. Имајќи го предвид исламот како религија, за разлика од другите монотеистички религии, преку Куранот го има опишано исламот како „комплетен начин на живеење“. Во изминатиот период, особено во втората половина на дваесеттиот век, но и во новиот милениум, се јавува еден вид револуција во рамките на исламот како религија, којшто се залага за строго почитување на исламот, негово прочистување од сите примеси и новини што навлегле во него.

На различни делови од светот, во различни држави, се појавуваат движења, групи и идеологии коишто на различни начини се обидуваат да им укажат на муслиманите дека застраниле од патот на Алах и дека не го практикуваат исламот онака како што е пропишан од Куранот, Суната (примерот на пророкот Мухамед), но и хадисите кои кажуваат за животот на Мухамед.[1]

Проблемот на промените кои ги претрпел исламот како религија, разните исламски фундаменталистички движења го гледаат во модерниот и современ начин на

[1]Види пошироко:Грижев, А.(2014) *Идеологија на вахабизмот и традиционалното практикување на исламот во Република Македонија*,докторска дисертација, Институт за социолошки и правно-политички истражувања,Скопје, стр. 5–6

живот, односно живот кој го прокламира западната култура, а кој, според нив, е различен и се спротивставува на апсолутната верска вистина, онаа вистина која ја проповедал пророкот Мухамед во Куранот.

Ваквите радикални движења, убедени дека ги имаат најдобрите одговори за сите прашања во светот и како такви тие треба да се почитуваат од сите верски заедници, сметаат дека и по мисионерски, а, доколку е потребно и по милитантен пат, да им го наметнат нивното видување, односно правилата за живот, согласно Куранот кој го напишал Мухамед (а кој ќе е подлежен на измени од модерниот живот), да им го наметнат на сите религии. Посебно нивниот екстремизам ќе биде насочен спрема оние кои „скршнале од својот пат“, односно т.н. *неверници*.

Круцијална и голема грешка би била направена доколку преку религијата и нејзините аспекти би се барале основите на современиот исламистички екстремизам и тероризам. Овој вид политичко насилство, без никакви сомнежи, во прв ред е последица на одредени политички сили кои се на власт во исламските држави, или кои кон тоа се стремат. Религијата, во остварувањето на нивните цели, par excellence политички, главно, им служи како моќен поттикнувач за ирационално политичко, екстремно-фанатичко однесување на извесен број верници кои, притоа, не мора да се настанати во тие земји.[2]

Според Питер Хериот, религискиот фундаментализам, односно неговите следбеници, се препознаваат преку пет главни карактеристики [3] Прва главна карактеристика, според него, е дека религиските фундаменталисти веруваат дека основните концепти на кои се темели нивната религија е под сериозна закана од секуларизмот на модерниот свет и на тој начин тие мора да се спротивстават на тоа и да го наметнат нивното мислење. Втора главна карактеристика е што религиските фундаменталисти го гледаат светот помеѓу доброто и лошото, Бог и ѓавол, вистина и лага, односно се дуалисти кои гледаат само во два спротивни правци. Третата карактеристикае дека тие веруваат во светата книга – Куранот и во нејзината буквална интерпретација. Тие веруваат дека Куранот ја знае единствената вистина за постоењето и правилното однесување на секој поединец и со тоа им сугерира како треба да се однесуваат, во што да веруваат и како да делуваат. Четвртата карактеристика се состои

---

[2]Суботић, М. (2015) *Екстремизам* под окриљем религије, Исламистички екстремизам на примерима БИХ и Србије, Министарство одбране, Сектор за политику одбране, Институт за стратегијска истраживања, МЕДИЈА ЦЕНТАР„ОДБРАНА“Београд, стр. 14

[3]Heriot, P. (2009) Religious Fundamentalism Global, Lokal and Personal, Routledge, New York, NY, pp. 2

од селективното интерпретирање на Куранот од страна на религиските фундаменталисти. Интерпретацијата се состои, главно,на делови од Светата книга, менувајќи го неговото изворно значење, сè со цел оправдување на нивните постапки, стратегии и практики. Последната карактеристика на религиските фундаменталисти се состои во придржување кон миленијалистички поглед на историјата, очекувајќи дека Бог ќе воспостави свое владеење во иднина, при што многу од нив сметаат дека ќе го забрзаат доаѓањето на божеството борејќи се затоа доследно или духовно, сè со цел да им овозможи да ја пронајдат и зајакнат смислата на своето постоење.[4]

Многу исламски фундаменталисти го користат т.н. „фактор на религија", или манипулираат преку религијата кога се во прашање терористичките активности. Со тоа се отвора ново проблемско прашање во однос на делувањето на исламските фундаменталисти и загрозувањето на светскиот мир и безбедност. Овие екстремни групи го користат џихадот (светата војна), како начин за врбување на што поголем број истомисленици во изведувањето на кривичното дело тероризам, повикувајќи се на должноста на секој муслиман да се бори против „неверниците", бидејќи со тоа ќе бидат дел од остварувањето на својот долг кон џихадот.

Значајно место во појавата на овие терористички активности, покрај глобализацијата, заземаат и идеологијата, религијата како и економските фактори кои доведуваат до трансфоормација на идеологијата на тоталитаризмот во верски фанатизам. Сведоци сме дека денешниот свет сè повеќе се соочува со социјални и политички тензии, верски и етички борби во кои тероризмот се користи како силно оружје.

Фактот дека одредени групи, преку манипулација и злоупотреба на религијата, како што се вахабистичките радикални движења, со помош на насилни методи, со изведување на терористички активности, имаат за цел остварување на одредени цели насочени кон нарушување на безбедноста во светски рамки, е доволен за оваа појава научно да се истражи, поради нејзината пред сè научно и општествена актуелност во денешно време.

Проблемот на истражувањето се заснова на идеологизацијата на религијата од страна на вахабистите, како радикално исламистичко движење во насока на извршување на терористички активности. Уште од своите почетоци вахабистите се придржувале на идејата на монотеизам „единство на Бог", односно *тавхид*, коешто

---

[4]Види повеќе:Ибид

како идеологија било посебно истакнато од неговиот основач Мухамед Ибн Абд ал-Вахаб, којшто се залагал за таквиот начин на пристап на „вистинскиот муслиман“. Самото тоа доведува до појава и на „непријатели-неверници“,муслимани кои не се придржувале на принципот на „тавхид“, кои како такви биле декларирани од страна на вахабистите.

Проблемот на истражувањето се заснова на идеологијата на вахабизмот, односно дали неговите постулати се радикални, со што би се довело во прашање безбедносниот систем на едно општество, генерално, или безбедносниот систем поединечно во секоја држава, во зависност од екпанзијата на оваа идеологија и нејзината „вистинска страна“. Дали истата ја идеологизира религијата, со цел остварување на своите цели преку насилни методи – извршување терористички активности, или пак постојат одредени подгрупи – фракции на вахабизмот кои се стремат кон тоа?

Имајќи го предвид претходно изложеното, се отвораат низа прашања за истражување, како што се:

- Дали идеолошките постулати на вахабизмот се радикални и истите влијаат врз девастирање на суштината на исламската религија?
- Дали идеологизацијата на исламот нужно мора да развие и да се манифестира како тероризам?
- Дали вахабизмот влијае врз нарушување на интрамуслиманските односи?
- Дали радикалните идеолошки постулати на вахабизмот се во насока на развивање на тероризам?
- Дали постои поврзаност помеѓу вахабистичките форми на религиозно изразување од Западен Балкан со оние во Република Северна Македонија?
- Дали верскиот фанатизам е најголема причина која влијае врз промовирање на радикалниот ислам, во насока на формирање на терористички групации?
- Дали финансиската нестабилност и неизвесност се најголемиот фактор кој најлесно успева да трансформира дел од муслиманската заедница како и политичко-идеолошките идеи, се причина за подгревање и промоција на радикален ислам, кој може да биде извор на дестабилизација и деструкција на безбедносниот систем и стабилност во Република Северна Македонија?
- Дали вахабистите во Република Северна Македонија кои се занимаваат со промоција на радикален ислам, во иднина може да претставуваат значаен фактор на дестабилизација и деструкција на безбедносниот систем и стабилност во Република Северна Македонија?
- Дали ваквата состојба е поттикната пред сѐ од религискиот фанатизам, како и социо-економските или политичките услови?

Наведените прашања го сочинуваат централниот проблем на ова истражување. Одговорите на тие прашања бараат комплексна анализа за делувањето на вахабизмот во светски рамки и причина за појава на радикален облик на нивно делување.

## 1.2 Предмет на истражувањето

### 1.2.1 Теоретско определување на предметот на истражувањето

Кога зборуваме за поимот – религија, различни автори од различни области и аспекти дале различни дефиниции. Поаѓајќи од мноштвото поимања и дефинирања на религијата, можеме да заклучиме дека религијата претставува една работа за социолозите, друга за психолозите, различна работа за христијаните или муслиманите. Русо, кој се занимавал со различните поимања на религијата, утврдил постоење религија на човекот, религија на граѓанинот и религија на свештеникот.[5]Религијата на човекот, според него, е без храмови, олтари, обреди. Тој ја гледа како предаденост кон врховниот бог и моралните должности. Втората религија Русо ја нарекол „национална религија", која е пропишана по строги одредби, правила и слично. Третата религија ги насочува луѓето кон противречни должности и ги спречува истовремено да бидат верници и граѓани. Односно, според овој вид, во најголем број од случаите нејзината цел е националната држава и нејзините интереси да бидат потчинати на наднационалната црква. Ваквата врска на интеракција во голем број случаи придонесла во зајакнување на мислата од неопходност на строгото разграничување помеѓу државните и верските работи – секуларизам.[6]

Секуларизацијата на Турција, под водство на Кемал Атартук, или на Иран, под водство на династијата на шахот Реза Пахлави, за површните набљудувачи значела подготвеност на исламските земји,пред сè на краток или подолг период, прилагодување на западната цивилизација. Иранската револуција спроведена во 1979

---

[5]Жан Жак Русо (фр. Jean-Jacues Rousseau, 1712–1778), швајцарско-француски филозоф, писател, политички теоретичар и самоук композитор од времето на просветителството. Кај него за првпат се споментати многу теми кои доминирале во интелектиалниот живот во наредните стотина години, како што се: подигање на осетот и невиноста и намалување на значајноста на интелектот; изгубено единство на човечкиот род и природата; динамична концепција на човечката историја и нејзините различни нивоа; верба во теологијата и можноста за обновување на исчезнатата слобода.Види пошироко: Суботић, М. (2015) *Екстремизам под окриљем религије*, Исламистички екстремизам на примерима БИХ и Србије, Министарство одбране, Сектор за политику одбране, Институт за стратегијска истраживања, МЕДИЈА ЦЕНТАР„ОДБРАНА"Београд, стр. 24

[6]Ибид, Во суштина секуларизмот се означува како склоп на идеи и вредности, чија цел е да осигураат дека државата нема да биде вклучена ни во промовирањето на одредени верски убедувања и вредности, ниту својата моќ и институции да ја употреби за прогон на религијата.

година поставила нови координати на исламот, не само на просторот на Иран, туку и на подалечниот муслимански свет.[7]

Исламот е најмлада монотеистичка религија што значи потчинување, предавање кон Бога. Како етичка религија,исламот е поткрепен на верски ставови кои имаат етичко значење. Во животот и во верата муслиманите непосредно се придржуваат кон зборовите и смислата на Куранот, како и кон записите на мислењето и за начинот на дејствување на пророкот Мухамед. Според исламот, секој човек е обврзан да следи ист морален закон.

Научната обработка на вахабизмот, како правец во исламот,претставува подлабока анализа на голем број општи и теоретски прашања, но и издвојување на тој проблем од сите други пошироки проблеми, кои се во насока на дестабилизација во едно општество.

Вахабизмот и неговата идеологија, која се заснова на оригиналните идеи за исламот, имплицира интерпретација на исламот која се разликува од другите правци, како што се сунизам, суфизам и шиизам. Денес вахабизмот се одредува како конзервативно верско движење, кое може да биде одредено и како фундаменталистичко, бидејќи се заснова на идејата за враќање на изворниот ислам и стриктно толкување на Куранот и отворена нетрпеливост спрема шиитите, учењето за суфизмот и денешните либерални учења за исламот. Поточно кажано, вахабистите се залагаат за исфрлање на која било новотија од исламот, со што покажуваат нетрпеливост и кон традиционалното практикување на исламот.

Идеологијата на вахабизмот се заснова на идејата за тавхид – единство на Бог, односно прифаќањето дека само Бог е единствен кому треба да му сме покорни и на друг никому. Со самото тоа се дава до знаење дека претставува интерпретативен правец којшто нема своја литература, свое мислење, туку претставува духовен правец кој настојува кон придржување на принципот на монотеизам.

Предмет на ова истражување е обработка на идеологијата на вахабизмот, односно неговите идеолошки постулати и нивното влијание врз суштината на исламската религија, аво насока на вршењето на терористичките активности. Меѓутоа, поаѓајќи од фактот дека секој акт кои муслиманите го прават мора да биде во согласност со исламското право – шеријатот, според кој војната, убивањето и пролевањето човекова крв е строго санкционирана и ваквите опасни активности може да бидат дозволени

[7]Ибид, стр.25

само под одредени услови[8] а во согласност со исламското право, можеме да ја акцентираме злоупотребата на религијата и од страна на вахабистите. Имено, секое противправно пролевање човечка крв треба да биде строго санкционирано. Според тоа, исламското право одредило дека муслиманската заедница (ума) може да војува само под одредени услови.

Сведоци сме дека најголемите терористички напади реализирани во светски рамки се од страна на радикални движења, како што беше случајот со нападите на 11 септември 2001 година на Светскиот трговски центар во САД, кога започна и освестувањето во светски рамки за ризикот и опасноста од оваа појава која ѝ штети на безбедноста на целокупното општество. Со оваа проблематика од тој период започнаа да се занимаваат многу аналитичари, истражувачи, како и лица од безбедносните структури,пред сѐ за поголема превенција од опасноста на оваа појава каде исходот е големиот број жртви.

Балканот отсекогаш претставувал погодно тло за експанзија на голем број вахабистички движења, кои најпрво беа присутни во Босна и Херцеговина, Санџак и Метохија, а заседоа големо место и се прошираа насекаде, посебно во Западен Балкан, Албанија, Црна Гора, Косово и Македонија. Истите пристигнаа за време на конфликтот од Саудиска Арабија, Јемен, Метохија, Египет, Турција и други земји од Блискиот Исток.

Со потпишувањето на Дејтонскиот договор и со отворениот прогон на екстремистичките организации во Босна иХерцеговина од страна на силите на СФОР и на Министерството за внатрешни работи, започна нивна дислокација во Албанија, односно камповите Кукс, Тропоја, Корча, Валона, кои се ставија во функција на изведувачи на обука на парамилитантните албански структури во регонот, а сето тоа се поклопува со периодот на максимално радикализирање на конфликтот на Косово

[8] Според исламскиот закон, законски е да се влезе во војна против четири вида непријатели:неверници, оние кои се откажале од верата, бунтовниците и разбојниците. Првите два вида се сметаат како џихад. Џихадот е строга религиска обврска. Во одбранбена војна џихадот претставува обврска на секој поединец. Токму на овој принцип се повика Осама Бин Ладен во својата објава за џихад против САД. Види пошироко:Суботић, М. (2015) *Екстремизам под окриљем религије*, Исламистички екстремизам на примерима БИХ и Србије, Министарство одбране, Сектор за политику одбране, Институт за стратегијска истраживања, МЕДИЈА ЦЕНТАР„ОДБРАНА“Београд, стр.122

(1995–1999), што таму доведе до брзо приближување меѓу радикалните исламисти и албанските сецесионисти.[9]

После вооружените судири помеѓу албанската паравоена група со назив Ослободителна национална армија и безбедносните сили во Република Македонија, може да се каже дека периодот од 2003 до 2006 година е обележан со агресивно делување на вахабисти, односно се бележат бројни инциденти, во кои следбениците на вахабизмот имале главен збор. Посебно било изразено агресивното однесување на имамите од Исламската верска заедница на Република Македонија. Ваквиот развој доведе до оставка на македонскиот реис-ул-улеме Ариф Емини, во јуни 2005 година, кога милитантните претставници на Зенун Бериш, кој бил поврзан со „џемаат-теблици", кои од Ариф Емини барале да именуваат имами исклучиво лица кои имаат завршено теологија во Југоисточна Азија и Саудиска Арабија.[10]Како населени места каде што има многубројни вахабисти се сметаат селата Липково, Матечје, Арачиново кои се во близина со границата на Косово и Метохија, како и во некои села во Гостивар и Тетово.[11]

Според претходно споменатото, можеме да констатираме дека вахабистите, како радикална исламистичка група, своја погодна почва за делување немаат само во источните земји, туку тие, со своите тактики и методи на делување,сѐ повеќе заземаат замав и во земјите на Европа, како и Балканот, сѐ со цел регрутирање поширока маса истомисленици преку злоупотреба на религијата и реализација не терористичките активности, во насока на остварување на нивните цели. Дали финансиските текови на меѓународните исламски фундаменталисти со земјите од Балканот функционираат, може да се илустрира најдобро преку џамиите, чии традиционален изглед е заменет со џамии со по две минариња, кои се изградени по саудиски стил.[12]

Фактот дека одредени групи, преку злоупотреба и манипулација на религијата со помош на одредени методи, првенствено со изведување на терористички активности, посакуваат да ги остварат нивните цели кои се насочени кон рушење на меѓународниот

---

[9]Лазарески, Д. А. (2015)*Исламски фундаменталистички верски групи и движења и нивно инволволвирање во организација и извршување на терористички акти,*магистерски труд, Факултет за безбедност, Скопје, стр. 9
[10]Суботић, М. (2015) *Екстремизам под окриљем религије*, Исламистички екстремизам на примерима БИХ и Србије, Министарство одбране, Сектор за политику одбране, Институт за стратегијска истраживања, МЕДИЈА ЦЕНТАР„ОДБРАНА"Београд, стр.297
[11] Ибид
[12] Ибид, стр.298

поредок, претставува доволна причина научно да се истражи оваа појава и да се вреднува нејзината анализа на регионално ниво.

Вака формулираниот предмет на истражување бара сеопфатна анализа, односно мултидисциплинарен пристап, почнувајќи од науката за безбедност, религиските, социјалните, психолошките и правните науки.

### 1.2.2Појмовно категоријален апарат

**Тероризам (според проф. д-р Злате Димовски)** – како терористички акт се смета секоја организирана и поединечна незаконска употреба на сила, изразена со примена на оружје (биолошко, хемиско, радиолошко, нуклеарно) или закана со употреба на сила против луѓе или имот, заради принудување или заплашување како средство за постигнување политичка, етничка, религиозна или идеолошка цел.[13]

Со оглед на фактот дека со тероризмот како општествено опасна појава се занимаваат повеќе науки и дисциплини, а имајќи го предвид фактот дека ниедна дефиниција не е научно прифатена, потребен е мултидисциплинарен пристап.

Првиот сериозен обид во борбата против тероризмот е направен после убиството на југословенскиот крал Александар и францускиот министер Барто, во Марсеј на 9 октомври 1934 година, кога Франција предложила основање на Меѓународен кривичен суд. Советот на Лигата на народите, на одговор на францускиот предлог, одлучил да се основа комитет на експерти кои ќе имаат задача да изработат предлог текст на конвенцијата за спречување на тероризмот. Нацрт-конвенцијата за спречување на тероризмот бил усвоен под наслов: „Конвенција на Лигата на народите за спречување тероризам“.[14]

Со оглед на фактот што тероризмот, како општествено негативна појава, се согледува низ историјата на човековото општество, до ден денес не се изградени единствени ставови во однос на ова прашање. Честопати поимот тероризам се поистоветува со поимот терор и обратно, поради тоа неопходно е теориско разграничување помеѓу овие два поими. Поимот *терор* се поврзува со група од власта која, по пат на насилни методи, сака да го задржи своето владеење, додека тероризмот

[13]Димовски, З. (2007)*Тероризам*, Графотранс,Скопје, 2007 год. стр.10

[14]UN Secretariat, Historical survey of the question of international criminal jurisdiction, str.8-12, UN Doc. A/CN.4/7/Rev.1 (1994). Поради малиот број потписници и брзиот почеток на Втората светска војна, Конвенцијата никогаш не стапила на сила. Види пошироко: Трифуновић, Д. (2007)*Нови облици тероризма у Босни и Херцеговини*, докторска дисертација, Универзитету у Београду,Факултет безбедности, стр. 24–25.

е група која има цел да ја смени власта преку заплашување и насилство. Заедничка карактеристика за двата поими е тоа дека како жртва се јавуваат цивили.

Како *четири главни елементи* од кои се состои тероризмот се:[15]

1.Целите на активностите, по правило, се од политичка природа, без оглед дали станува збор за промена на режимот, промена на лица од власта, сецесија на одредена територија или делови;

2. Употреба на насилство или закана со употреба на насилство;

3. Жртвите, по правило, се невини граѓани или претставници на државата и

4. Непостои директна врска помеѓу терористите и жртвите, т.е. нападот не е насоченспрема жртвите или жртвата поединечно, туку со терористичкиот чин целта е да се упати порака на целата широка заедница (држава, општество, итн.).

На овие елементи треба да се додадат уште два елементи. Терористите, при изведување на своите акции, сакаат да привлечат што е можно поголемо внимание на јавноста, покрај направената штета, со цел да влеваат страв кај самото население. И вториот елемент е идеологијата, било да се работи за политички екстремизам и верски фанатизам.

Посебно опасна ситуација е кога станува збор за користење на религијата за остварување на политичките цели на одредена терористичка организација. Иако во секоја земја постои, во рамките на домашното законодавство, тероризам како кривично дело, недостатокот на општо прифатена дефиниција на меѓународен план остава голема празнина. Примената на основните правни принципи nullum crimen sine lege и nulla poena sine lege, во борбата со тероризмот на меѓународен план, нема перспектива доколку не се постигне договор за прифаќање општоприфатена дефиниција за тероризмот.[16]

**Религија** – поимот *религија*доаѓа од латинскиот глагол *peligio – religiare,* што значи *поврзување*. Овој збор првпат го употребува Лактанацие – христијански филозоф од четвртиот век на новата ера. Тука се мисли на поврзување на човекот со природата, со други суштества и со Бог.[17]Дефинирање и објаснување на концептот на самиот поим религија е направен од страна на голем број автори од најразлични области –

---

[15] Ибид , стр. 29

[16] Ибид, стр. 29

[17]Тилева, В. (2012), *Религија, културна антропологија*, Универзитет „Св.Кирил и Методи"ј, Филозофски факултет, Институт за дефектологија, Скопје, стр.1, достапно на: https://www.scribd.com/doc/162195, [пристапено на 09.02.2019]

филозофски, психолошки, социолошки, теолошки итн, со што можеме да кажеме дека религијата, како поим, е различно дефинирана од страна на различни автори, притоа имајќи го предвид фактот дека поимањето претставува комплицирана дејност за сите, бидејќи некои даваат тежиште на едни аспекти од човековото религиозно поимање, додека други на други аспекти, со што со сигурност може да се каже дека не постои општо прифатена дефиниција за религијата.

Постојат три големи универзални монотеистички религии општоприфатени, како што се: христијанството, исламот и јудаизам, кои притоа даваат значење и фаворизирање на животот, како и објаснување на минатото, корените на човештвото, разбирање за сегашноста и стремеж кон иднината.

Христијанството потекнува од јудаизмот и христијанското централно верување е дека Исус од Назарет е ветениот месија од хебрејското Свето писмо и дека неговиот живот, неговата смрт и воскреснувањето се спасение за светот.[18]

Исламот претставува најмлада монотеистичка религија, која е втора најголема растечка религија, со 1,5 милјарди следбеници, односно 22% од вкупното население на земјата.[19]Исламот проповеда дека негова света книга е Куранот, којшто е всушност зборот божји (Kelam Alah), темел врз кој е изграден целиот ислам. Во рамките на исламот се разликуваат две школи, односно исламски гранки: суни (Sunni) и шиа(Shia).[20]

Јудаизмот [21] е најстара монотеистичка религија која претставува религија, филозофија и начин на живот на еврејскиот народ, којашто своите корени ги има во хебрејската Библија и се верува во еден Бог – Јахве – „јас сум тоа што сум“.

**Идеологија –**идеологијата претставува систем на филозофско, научно, естетско, етичко, правно, политичко, економско и социолошко знаење и вредности за Космосот,

[18]Грижев, А.(2014) *Идеологија на вахабизмот и традиционалното практикување на исламот во Република Македонија*,докторска дисертација, Институт за социолошки и правно-политички истражувања, Скопје, стр. 28

[19]Ибид, стр, 31

[20] Сунитите го чинат поголемиот број исламско население, за разлика од шиитите кои чинат помалку од 10% од исламот. Единствена разлика помеѓу нив е во начинот на избор на наследникот на Пророкот, при што сунитите сматаат дека тоа се прави по пат на избор, додека шиитите по пад на наследство. Види пошироко: Филијовић, М. (2014)*Исламски фундаментализам и заштита државе (упоредна студија случаја Северни Кавказ и Западни Балкан*), Београд, стр. 16

[21] Религијата на Евреите ширум светот брои 14 милиони следбеници(според податоци од 2005) и е една од најстарите религии од која произлегуваат христијанството и исламот, која настанала во 2. милениум пр.н.е.Достапно на:mk.m.wikipedija,org, [пристапено на 10.02.2019].

општеството и индивидуата, неговата улога и место во Универзумот и смислата на неговиот живот. [22]

Идеологија е организиран збир на идеи.[23]Идеологијата во поширока смисла го снабдуваа целокупниот општествен поредок со идеи за истиот, односно начинот на кој истото би функционирало, додека по потесна смисла ја опфаќа индивудиута како единка од тој поредок, која создава идеи со надеж за прифаќање од страна на оние што сакаат да создадат одредена идеологија. Идеолошките знаења и вредности ги организираат, регулираат и насочуваат луѓето во духовната, државната, економската, социјалната, семејната и секојдневната структура и социјалната сфера. Во исто време, идеологијата ги командува и канализира практичните активности на поединците и го координира и насочува функционирањето на државата, политичките и економските форми на моќ.[24]

Во зависност од природата на општеството и државата, нивните нивоа на развој, местото и времето, корелацијата помеѓу идеологијата и политиката (политичка пракса) може да добие една од трите форми: идеологијата како политички инструмент; политиката како идеолошки инструмент; и идеологијата како идеолошка и теоретска основа и оправдување на политичката пракса.[25] Во зависност од околностите, акцентот може да се префрли од една идеолошка функција во друга, како што ја диктира нејзината социјално-политичка практика. Вториот, во целина, демонстрира дека идеологијата и политиката постојано ги менуваат местата како причина и последица, и цел и средства. Ова испреплетување е особено очигледно таму каде што идеологијата е државна идеологија. Во овој случај границата меѓу политиката претставена од државата и државната идеологија станува нејасна.[26]

Идеологијата што ја прокламираат радикалните исламистички движења во одредено општество се темели на тоа што тие го смеатаат за вистинито, со што се

---

[22] Dobaev,I.: *Radical wahhabism as an extremist religious-political ideology*, CA&C, Press AB, Publishing House (Sweden), достапно на:https://www.ca-c.org/journal/2002/journal_eng/cac-04/17.doben.shtml, [пристапено на 03.12.2020]

[23] Зборот *идеологија* прв го употребил грофот Дестут деТраси, при крајот на 18. век за да дефинира „наука на идеи“. Една идеологија може да се прифати како јасен светоглед, начин да се гледа на нештата како здрав разум и неколку филозофски тенденции или множество од идеи, предложени од страна на доминантната класа на едно општество до сите членови на ова општество (марксистичка дефиниција на идеологијата). Достапно на :https://mk.wikipedia.org/wiki, [пристапено на 03.02.2020].

[24] Dobaev,I.: *Radical wahhabism as an extremist religious-political ideology*, CA&C, Press AB, Publishing House (Sweden), достапно на:
https://www.ca-c.org/journal/2002/journal_eng/cac-04/17.doben.shtml, [пристапено на 03.12.2020].

[25] Ибид

[26] Ибид

создава практична активност и зависност помеѓу исламистите засновани врз оваа идеологија, при што демонстрираат слични врски и меѓусебни зависности.

Исламскиот радикализам, како идеолошка доктрина, е инструмент на социјална и политичка мобилизација на сите приврзаници, дизајниран за решавање на задачите формулирани од исламистички теоретичари.[27]Идеолозите од овој тип претпоставуваат дека нивните следбеници ќе се борат секојдневно за „вистинската вера“ под која се мисли на теократско општество.Со други зборови, мобилизацијата (социјална и политичка) во радикалниот ислам е инструмент за канализирање на активноста на луѓето кон целите поставени од исламизмот како политичка идеологија.

**Вахабизам –**е радикална, исклучувачка форма на пуритански ислам, што се појавила во средината на XVIII век во Саудиска Арабија.[28] Основана е од страна на верскиот учител Мухамед ибн Абд Ал-Вахаб, во партнерство со локалниот емир Ибн Сауд, како резултат на религиозно-политички одговор поради влошување на социјалните и политички услови на XVIII век.[29]

Терминот *вахабизам* произлегува од зборот *вахабије*,кој во исламскиот свет се користи за следбениците на идејата прокламирана од страна на верскиот учител Мухамед ибн Абд Ал-Вахаб (1703–1791), кој проповедал аскетска форма на ислам заснован на строго толкување на Куранот.

Како поим првобитно  креиран во Саудиска Арабија кон крајот на XVII век, преку поделбата на политичкиот и верскиот живот на муслиманите, кој, главно, е воден од вахабизмот, а во денешно време најраспространет е на Блискиот исток, како и на Балканот, како резултат на југословенската криза во 90-тите години на минатиот век.

Вахабизмот се заснова на поставената доктрина за „тавхид“, што значи „единство кон бога“, како единствено правило на универзумот и предмет на обожавање. Секое кршење на тавхидот се смета за многубоштво или иделопоклонство, што заслужува да биде казнето со смрт. Секоја иновација во религиозните работи е строго осудувана, односно сите религиозни концепти кои се променети после пророкот Мухамед се ставаат на осуда.

---

[27] Ибид
[28]*SAUDI ARABIA AND WAHHABISM*, CJPME, Factsheet series No, 201, Created: June 2011, Canadians for Justice and Peace in the Middle East,достапно на: https://d3n8a8pro7vhmx.cloudfront.net/cjpme/pages/2255/attachments/original/1472227881/201-En-Saudi_Arabia_and_Wahhabism_v5.pdf, [Пристапено на 12.10.2020]
[29] Ибид

Иронично, додека единството е основа во вахабистичката идеологија, самите вахабисти се виновни за многу современата поделба во рамките на муслиманскиот свет.[30] Се тврди дека во Саудиска Арабија повеќе ги почитувале христијаните отколу невахабистите, односно муслиманите кои се привидно виновни за политеизам и затоа вистински не го следат исламот.[31]

Во повеќето муслимански држави приврзаниците кон оваа идеологија се нарекуваат или унитарци или салафии. Последниот поим произлегува од зборот *салаф,* што значи *следи*или *претходи*, упатување на следбениците и придружниците на пророкот Мухамед.

На прашањетокоја е разликата помеѓу вахабизмот и салафизмот, ке одговориме дека вахабизмот беше поделен ислам кој ги отфрлаше современите влијанија, додека салафизмот се обидуваше да го помири исламот со модернизмот.Заедничко за нив е што и двете идеологии ги отфрлаат традиционалните учења на исламот и се залагаат за директна фундаменталистичка реинтерпретација.[32]

**Фундаментализам –**(лат.*Fundamentum – основа*)начин на мислење во кое одредени начела се сметаат за суштинска вистина, кои, без оглед на нивната содржина, имаат непроменлив и неприкосновен карактер.[33]

Според англискиот речник, фундаментализмот е стриктно почитување на основните принципи на некој субјект или дисциплина. Тоа е форма на религија, посебно исламот или протестанското христијанство, коешто ги поддржува верувањето во строга, буквална интерпретација на Светото писмо.[34]

Фундаменталистите ја нагласуваат острата разлика помеѓу религијата и политиката, што придонесува за догматска интерпретација на светите записи, со што се овозможува да се создаде идејата за „света војна“ која мора да се води против сите зла. Кога разликите во ставовите ќе се сфатат како фундаментални и меѓусебно исклучиви, конфликтот може да се смета како војна помеѓу редот и хаосот, доброто и злото, вистината и лагата. Во таквата војна оправдано е употребата на насилство. Религијата се користи како оправдување на насилството кога борбата се води за одбрана на

[30] Ибид
[31] Ибид
[32]Stanley, T. (2005) Understanding the origins of Wahhabism and Salafism, Publication: Terrorism Monitor Volume:3Issue:14, Достапнона:https://jamestown.org/program/understanding-the-origins-of-wahhabism-and-salafism/, [пристапено на 12.10.2020]
[33]Достапно на:https://sr.m.wikipedia.org/wiki/Фундаментализам ,[ пристапена на 16.02.2019]
[34]Достапно на: https://www.oxforddidtionaries.com/definition/english/fundametalism [пристапено на 17.02.2019]

основниот идентитет, кога е незамисливо да се изгуби борбата и кога во борбата не може да се победи. [35]

Во современата литература, во поглед на историјата на фундаментализмот, постојат разлини гледишта. Одредени автори сметаат дека постоел во различни облици уште пред десет векови, додека други истакнуваат дека тој е феномен од современа доба. Според трети автори, тој е продукт на XX век, истакнуваји го неговото значење во Протестанскотодвижење, додека, според други, неговата форма е концептуализирана во 1979 година со т.н. Исламска револуција во Иран. [36] Токму поради ваквите разлини гледишта не е слуајно што денес имаме различни толкувања и дефинирања на овој поим.

Според Даглас Прат,[37] фундаментализмот, како појава која се однесува на повеќе религии и која може да се однесува на други нерелигиозни сфери од човековата посветеност и став, се обележува на најмалку дванаесет клучни фактори, собрани во шест групи. Првата група е главната претпоставка која се состои од факторите: перспективен апсолутизам и потполна непогрешливост; втората група е потеклото на авторитетот, кој го сочинува факторот на неприфаќање на претпоставки и третата група е контекстуалната рамка која се состои од факторите: идеолошка исклучивост и вклучување на политиката; четвртата група се состои од наративна корелација и реторичко докажување; петтата група се состои од негирање на друго и афирмација на сопствената моќ и последната, шестта група, ја сочинува одобрувањето на наметнување и законски екстремизам. Преку овие шест групи се означува комплетното поимање на овој поим, кои придонесуваат во неговата генерализација и специфицификација.

**Исламски фундаментализам** – поим со кој се опишува религиозната идеологија која застапува став за враќање на исламот на своите основи.[38]Овој поим се означува и како антимодерен, антисекуларен, антитолерантен, немилитантен и милитантен,

---

[35]Radojević,K. (2010) *Religija i merorizam, originalan naučni rad*, Univerzitet u Beogradu,Religija i tolerancija,Vol.VIII,N.14,достапнона:http://www.ceir.co.rs/images/stories/rit_14/rit_14_religija_i_terorizam.pdf, [пристапено на 16.02.2019 година].

[36]Филијовиќ, М.(2014) Исламски фундаментализам и заштита државе (упоредна студија случаја Северни Кавказ и Западни Балкан), Универзитет у Београду, Факултет безбедности, стр. 13-14

[37] Ибид, in: Pratt, D., Terrorism and Religious Fundamentalism:Prospects for a Predictive Paradigm, Marburg Journal od Religion, Volume 11, str, 56-71.

[38]Лазарески, Д. А. (2015)*Исламски фундаменталистички верски групи и движења и нивно инволволвирање во организација и извршување на терористички акти,*магистерски труд, Факултет за безбедност, Скопје,стр.11

повеќе или помалку организирано исламско-религискодвижење кое ја загрозува безбедноста на државата.

Исламскиот фундаментализам се заснова на стриктно почитување на Куранот и исламскиот закон(шеријатот), односно строго почитување на правилата во нив кои биле проповедани уште од времето на пророкот Мухамед. Секое видоизменување на тие шеријатски правила, кои се засноваат на традиционалните вредности уште од времето на пророкот, ќе биде најстрого санкционирано.

Целта на самото постоење на исламска држава е постоење на држава –калифат,[39] на која ќе ѝ бидат подчинети сите други држави кои ќе се водат според шеријатските правила и она што го проповедал Мухамед и која, не само да има трајна вредност, туку и, по дефиниција, ќе биде божја држава, односно држава која го сака Бог.

„Исламски реформски движења“, кои почнале да се јавуваат во осумдесеттите години на XIX век, се засновале исклучиво на фундаменталистичка идеја. Во XX век забележани се фундаменталистички тенденции во Османлиското царство, а нешто подоцна и во т.н. селефистичко движење. Ова движење доживеало експанзија под водството на Ражид Риде, некогашен ученик на реформаторскиот теолог Мухамед Абдуха, кој подоцна се вратил на традиционалниот начин на мислење. Како најважна исламистичка сила била „Муслиманското братство“,основано во 1928 година во Египет, кое подоцна доживеало ескалација и во други арапски земји.[40]

Исламскиот фундаментализам, по значајните историски настани,пред сè најмногу е насочен против западната култура, односно според современиот начин на живот кој по многу основи се разликува од тоа што го предвидува шеријатот. Во таа смисла фундаменталистичката „борба за слобода“, т.н џихад, им дава целосно оправдување за кршењето на меѓународните и државните закони.

**Џихад** – Света војна – претставува арапски збор чиј корен е зборот *џахада*(jahada), што значи *борба*или н*апор*. Точното значење на терминот *џихад* зависи од контекстот, често погрешно преведен на Запад како *света војна*. Џихад, посебно во

---

[39] Целта на исламските фундаменталисти е да го соединат целиот исламски народ во една држава наречена калифат.

[40] Види пошироко:Суботић, М. (2015) *Екстремизам под окриљем религије*, Исламистички екстремизам на примерима БИХ и Србије, Министарство одбране, Сектор за политику одбране, Институт за стратегијска истраживања, МЕДИЈА ЦЕНТАР„ОДБРАНА“Београд, стр.110

религиски и етнички подрачја, првенствено се однесува на човековата борба да го промовира тоа што е исправно и д го спречи тоа што е погрешно[41].

Самиот поим *џихад*[42] може да се толкува различно. Многу често, покрај петте главни исламски должности,[43]како шеста условна исламска должност, според многу исламски автори, се појавува и џихадот.

Најточниот превод за џихад е*напорнасочен кон одредена цел*. Според Куранот, овој напор е,пред сѐ, насочен на одбрана, но и на ширење на исламот. Додека положбата на пророкот Мухамед во Мека била несигурна, тој самиот проповедал да се воздржуваат неговите истомисленици од внатрешен напад, но во Медина наредил нападите најпрво да се одбијат, а потоа непријателите од Мека да се победат. Тој во Медина(до 632 година) се нашол пред нови предизвици: имено, требало, како водич на својата заедница, истата да ја одбрани со воени средства и да се бори против оние кои не сакале да се потчинат под негов авторитет, односно да ги слушаат и исполнуваат неговите наредби.[44]

Современиот исламолог Ахмад Тахер во *Franfurter Rundschauи*,од 26.11.1990 година, го опишува џихадот на следниов начин: „Обврската на џихадот е тесно поврзана со универзалноста на исламот". Класичниот правен систем го дели исламот на две области: dar al islam (куќата на исламот) и dar al harb (куќата на војната или неверниците). Во „куќата на исламот" владеат исламската држава и исламското право, додека „куќата на војната" е област на немуслиманите и неверниците. Муслиманите имаат обврска својата територија да ја бранат од неверниците и истовремено да го покорат непријателот се додека исламот не завладее во целата земја. Борбата на исламот, ќе престане тогаш кога сите луѓе ќе примат исламска вера, или ќе се покорат на нејзиното владеење – „Границата на исламот е границата на светот".[45] Крајната цел

---

[41] Достапно на https://www.britannica.com/topic/jihad, [пристапено на 17.02.2019].
[42] Со поимот *џихад* може да се означува борбата против сите зла, напор за преобразување на неверниците или борба за морално подобрување на исламската заедница.Доколку се користи во религиозен контекст, се додава придавката *исламска* или *света*. Џихадот е единствена законска војна во исламот која се контролира во исламскиот закон. Достапно на http://www.oxfordislamicstudies.com/article/opr/t125/e1199, [пристапено на 17.02.2019].
[43] Главни исламски должности се:*шахад* или декларација на верата со повторување на кредото: „Не постои друг Бог освен Алах и Мухамед е гласникот на Алах;салахт – обврзувачки молитви пет пати на ден;*закат*– давање милостина;*савм*– постење за време на Рамзан и *хаџ* – обавување аџилак во Мека.
[44] Види поопширно:Суботић, М. (2015) *Екстремизам под окриљем религије*, Исламистички екстремизам на примерима БИХ и Србије, Министарство одбране, Сектор за политику одбране, Институт за стратегијска истраживања, МЕДИЈА ЦЕНТАР„ОДБРАНА"Београд, стр.121
[45] Ибид, стр 122

е создавање калифат, што претставува создавање единствена муслиманска држава во светот, која ќе го проповеда единствено Мухамедовото учење.

Според Мирољуб Јевтиќ, џихадот, во склоп на Куранот и традицијата на Мухамед, не треба да се сведе на војна, туку како систем на мерки со цел јакнење на верата, при што тој го одредил овој поим како „систем од сите акции и постапки на индивидуален и колективен план, кои муслиманите ги прават со цел јачење на исламската религија и ширење на верската заедница“.[46]

Куранскиот и арапскиот термин *џихад* најчесто е погрешно преведен како *света војна*. Ваквата интерпретација на значењето на овој термин е извор на многу недоразбирања и конфузија. Самата кованица *света војна* буквално значи војна во име на една религија против друга. Не постои курански текст кој одобрува војување против мирољубив немуслиман, само поради причината дека се работи за немуслиман. Од верска перспектива слободно можеме да дискутираме дека терминот *света војна* сам по себе е контрадикторен, затоа што нема ништо „свето“ во војна која резултира со крвопролевање, уништување и човечко страдање. Да, во некои екстремни ситуации војната може да биде единствениот избор, но не треба да се смета за света во себе и за себе. Постојат неколку клучни ставови во Куранот во врска со оправданоста на прибегнување кон борбен џихад и сите тие, по својата природа, се многу специфични[47]:

*„И борете се на Алаховиот пат против тие што се борат против вас, но не преминувајте ги границите! Алах, навистина, не ги сака тие што ги пречекоруваат границите.“ (Куран, 2:190)*

*„И борете се против нив додека не исчезне идолопоклонството и додека Алаховата вера може слободно да се исповеда. Па ако престанат, тогаш непријателството*претстанува, а единствено против насилниците останува.“ (Куран, 2:193)“

Од овие два цитати можеме да заклучиме дека има оправдување за борбен џихад само во случаи на спречување на агресија и тешки форми на угнетување. Условот за

---

[46] Јевтић, М. (2001) *Савремени џихад као рат*, треће издание, Београд:ИКП „Никола Пашић“, Београд, стр.22

[47]Управниот одбор на Програмата за размена на знаења, *Насилството, тероризмот и џихадот од исламска перспектива*, стр.30, достапно на https://d1islamhouse.com/data/mk/ih_books/single/mk_Violence_terrorism_and_jihad.pdf, [пристапено на 18.02.2019].

прекинување на непријателството не е прифаќањето на исламот, туку претстанувањето на агресијата од спротивната страна.

Една од злоупотребите на религијата кои го прават радикалните исламисти е токму толкувањето на самиот термин *џихад*, со коешто наоѓаат оправдување кон прибегнување и оправдување на своите терористички цели и акции.

Концептот на џихадот за милитантните радикални исламисти, вклучувајќи го и Осама Бин Ладен, јасно е определен како света војна за ослободување на муслиманската света земја од неверниците. Џихадот, исто така,претставува оправдување за водење војна против сите непријатели во нивните напори да се создаде исламска држава.[48]

**Муџахедини** – муслимански свети воини кои веруваат дека се борат на патот на Господ. Зборот потекнува од истиот арапски корен како и зборот џихад, што значи *борба*.[49]

### 1.2.3Операционално определување на предметот

Операционалното определување на предметот ги опфаќа причините, условите, учесниците, мотивите, интересите, целите, активностите.

Причините и условите од кои зависи појавата на вахабизмот, како радикално исламистичко движење, се разновидни и мошне комплексни. Во основа тие треба да се бараат во општествено економската и политичката состојба на државата, степенот на национална безбедност, позицијата на државата која ја има во комплексната хиерархија на меѓународната политичка, економска и безбедносна инфраструктура, системот на соработка со другите земји во поглед на спречување на дејствување и појава на групи кои штетно влијаат на секоја држава, постоењето на „организации“ и личности кои претставуваат извори за финансирање на тероризмот, ефикасност на безбедносните субјекти во државата за спречување, детектирање, како и превенција од постоење на вакви групи, сè со цел заштита на виталните вредности на државата и на сите кои живеат во неа.

Учесници се вахабистите како радикално исламистичко движење, насочено кон прокламирање на својата идеологија заснована на концептот на тавхид – единственост

---

[48]Лазарески, Д. А. (2015)*Исламски фундаменталистички верски групи и движења и нивно инволволвирање во организација и извршување на терористички акти,*магистерски труд, Факултет за безбедност, Скопје, стр. 30 , in:Perlumutter, D., Investigating Religious Trrorism and Ritualistic Crimes, Boca Raton, Florida 2003, стр.103

[49] Достапно на https://en.wikipedia.org/wiki/Mujahideen, [пристапено на 15.03.2019].

– единственост кон Бог, што подразбира придржување на идејата за строг монотеизам, без никакви новотии и обожавања на никој друг освен Бог.

Што се однесува во поглед на репресивните и превентивните мерки кои во Република Северна Македонијасе спроведуваат во насока на сузбивање на тероризмот, како и спречување на дејствување на вахабистичките радикални исламистички движења, како учесници се појавуваат повеќе субјекти: тргнувајќи најпрво од безбедносните служби, државата, меѓународните институциикои се задолжени за кривичен прогон на овие субјекти. Конкретно, во таква превентивна и репресивна улога против ваквите терористички движења се наоѓаат Министерството за внатрешни работи,Агенцијата за национална безбедност, Управата за спречување пари и финансирање тероризам, Агенцијата за разузнавање и сл.

Еден од мотивите на вахабистите, како радикално исламистичко движење, е создавање исламска држава – калифат, на која ќе ѝ бидат потчинети сите муслимани. Преку вршењето на терористичлите активности, нивната примарна цел е добивање публицитет, како и добивање што поголем број на приврзаници кои ќе бидат учесници во извршувањето на нивните активности. Нивниот начин на толкување на Куранот, кој, според нив, е стриктно какои почитувањето на шеријатот, што претставува строга обврска во нивните акции. Преку екстремна интерпретација на светите книги, ставајќи ги во заблуда посебно помладите членови на тие групи, сѐ со цел  да добијат што повеќе публицитет за нивните идеи, одредени политички промени и сл, а притоа да ги оправдаат нивните нелегални активности за кои тие безрезервно веруваат дека ги прават во името на Алах.

Општата цел на делувањето на вахабистите би била создавање и моделирање на простор како Саудиска Арабија, односно прифаќање на Куранот на некој начин како устав, а целокупниот општествен живот на населението да се одвива по принципот на шеријатот.

Кога станува збор за верската цел, за нас би била добро позната, во смисла на добивање поголем број приврзаници и истомисленици на вахабистичката идеологија, како и добивање поголем број студенти кои ќе можат да ја изучуваат ваквата идеологија во Саудиска Арабија и истите да можат, после нивните студии, да ја прокламираат во земјите од каде што потекнуваат.Политичката цел, се разбира, потекнува од нивната желба за подобра политичка положба во општеството, со што ќе можат на полесен начин да ја спроведуваат нивната мисија.Геополитичката цел се однесува на експанзија на вахабиите во целиот свет воопшто. Кога станува збор за оваа

цел, важно е да се напомене дека муслиманскиот свет е нераскинливо поврзан во светски рамки. Како методи и средства кои ги користат вахабиите, како радикална група, се интернетот кој им служи за регрутација како и промовирање на нивните идеи, оружјето, финансиските средства обезбедени од страна на разни држави, организации, поединци и сл. Дејствувањето на разни владини и невладини организации со цел перење пари за овозможување на терористичките активности, како и силната индоктринација на членовите и нивната мотивираност, со што се добиваат поголем број нивни следбеници.

Резултатите кои ги постигнуваат вахабистите, како радикална група, преку силната индоктринација се добивање поголем број приврзаници и членови кои се верни во своите групи и кои слепо веруваат во нивната идеологија и оправданоста на нивните терористики активности, со што би се оневозможило, односно би се отежнало, инфилтрирање на агенти или информатори во терористичката организација. Нивните резултати го отежнуваат функционирањето пред сè на државата, безбедносните служби, особено на оние кои биле подложни на истото, поради големиот број жртви, со што недовербата во институциите на системот иманентно се зголемува, а со тоа тие ја постигнуваат својата цел.

### 1.2.4Дисциплинарно определување на предметот

Ова истражување има мултидисциплинарен карактер, што подразбира дека е проучувано и наоѓа адекватна примена во повеќе научни области:религија, социологија, социјална психологија, казнено право, меѓународни односи, политикологија на религијата, историјата и геополитиката. Меѓутоа, и покрај неговата мултидисциплинарна опсервација, предметот на истражување, во својот најголем дел, сепак ѝ проипаѓа на науката за безбедност, со оглед на неговата димензија и значење.

### 1.2.5Временско и просторно определување на предметот

Временскиот период во истражувањето е интервал од 10 години, и тоа од 2008 до 2018 година. Ова временско определување на предметот на истражување е доволен за да се анализираат и проучат податоците за делувањето на вахабистите како радикално исламистичко движење.Со истражувањето, просторно во потесна смисла, е опфатена територијата на Република Северна Македонија, а во поширока смисла направена е и компарација со некои други држави, како што се замјите од Западен Балкан, согледувајќи ги и нивните искуства и сознанија за третираната проблематика.

### 1.3 Цел на истражувањето

Главна цел на ова истражување е да се добијат пошироки теоретски сознанија, како и искуствени, за начинот на делување на вахабиите како радикална групација за промовирање на радикален ислам за реализација на нивните цели, кои се во насока на загрозување на виталните вредности на државата, сè со цел државата која е во опасност да може адекватно, пред сè превентивно, а потоа и репресивно, да одговори на тие закани.Како што и претходно споменавме, афирмирањето на проблемот совахабистите во Република Северна Македонија, кои се занимаваат со промоција на радикален ислам, во иднина може да претставува значаен фактор на дестабилизација на безбедносниот систем и стабилност во Република Северна Македонија и ваквата состојба треба да се истражува, односно да се истражуваат причините/факторите кои помагаат и во нарушувањето на интра-муслиманските односи.

Проблемот со промовирање на радикална идеологија од страна на одредени вахабисти се наметна во државите како сериозен проблем, поради тенденцијата на нивното движење и широк опсег на распространетост, како и заканите кои се дел од нивната стратегија, а се од сериозна закани за сите нас. Точно од оваа причина исламскиот фундаментализам, како многузначаен и со своето влијание врз општествените односи, бара постојано да биде предмет на општествен интерес и научен ангажман.

Оваа проблематика била и сè уште е предмет на разни општествени и научни истражувања од различни автори, но конкретно, во нашата држава, бројот на студии поврзани со оваа проблематика не е релативно големо. Поради тоа сметам дека постои потреба за нови и поголем број истражувања, кои ќе се темелат на најсовремени техники на квалитативни и квантитативни анализи.

Научната цел на ова истражувањето би била научна дескрипција и научно објаснување и експликација на идеолошките постулати на вахабистите, нивното делување со посебен осврт на просторот на Западен Балкан и радикалниот карактер што тие го имаат за остварување на нивните цели и придобивање на што поголем број истомисленици кои ќе ја следат нивната кауза.

Тероризмот, кој претставува општествено опасна појава било на национален или меѓународен план, треба навремено да се идентификува и спречи, што би претставувало општествено корисен напор. Во таа смисла, ова истражување има за цел да се осознаат условите кои претставуваат погодно тло за делување на радикалните вахабисти и да се даде придонес во согледување на опасноста од нивното делување,

како и опасноста од регрутацијата на нови членови во нивните групи, каде претежно се врбуваат помлади лица кои лесно ќе можат да наседнат на нивното прокламирање на верата, кое тие го нарекуваат „единствено исправно" со една цел, а тоа е екстремно толкување на Куранот на начин кој ја прикрива нивната вистинска намера и делување.

### 1.4Хипотези

**Главна хипотеза**

Идеологизацијата на религијата од страна на вахабизмот, како радикално исламистичко движење, е во насока на извршување терористички активности.

**Поединечни хипотези:**

1. Идеолошките постулати на вахабизмот влијаат врз девастирање на суштината на исламската религија.
2. Вахабизмот влијае врз нарушувањето на интрамуслиманските односи.
3. Радикалните идеолошки постулати на вахабизмот и идеологизацијата на исламот се во насока на развивање на тероризмот.
4. Во Република Северна Македонија има вахабизам и постои поврзаност помеѓу вахабистичките форми на религиозно изразување од Западен Балкан и Република Северна Македонија.

### 1.5 Начин на истражување (методи и техники)

Во истражувањето на исламскиот фундаментализам, кој преку религијата ги остварува своите цели и намери на делување, во насока на загрозување на виталните вредности на државите на национално и меѓународно ниво, ќе примениме повеќе научно-истражувачки методи и техники на прибирање податоци, нивна обработка и анализа.

Од научните методи ќе се применуваат хипотетичко-дедуктивниот, статистичкиот и компаративниот метод.

Анализа на содржината ќе биде применета во анализа на различни карактеристики на комуникациски содржини, поради што неопходно е да се направи увид врз поголем број пишувани извори, чии автори и нивните дела се наведени во ова истражување. Категоријата на анализа на содржина, како општ поим кој се формулира спрема проблемот на истражувањето и содржината која се анализира и која прави поим помеѓу теориската рамка на истражувањето и можноста од негова практична примена, треба да се изврши од оперативната содржина на предметот на истражување, во сегментите чии хипотезии се проверуваат со тој метод.

Дел од истражувањето беше спроведено во образовните институции, односно Факултетот за безбедност, кои го проучуваат тероризмот во нивните наставни единици преку однапред приготвен анкетен прашалник, со што беа евидентирани гледишта во однос на делувањето на вахабизмот како радикално исламистичко движење, како и опасноста од истото, како и анкетен прашалник кој беше спроведен во Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија и Министерството за внатрешни работи, односно новиот Сектор за борба против тероризам, насилен екстремизам и радикализам. Целта за спроведување на анкетниот прашалник во овие безбедносни институции, кој е изработен согласно претходно поставените хипотези, со цел нивно научно отфрлање или прифаќање, е поради сложеноста на овој феномен како проблематика со која се справува една држава, бидејќи истиот феномен може да доведе до дестабилизација на безбедносната средина во една држава, како што е и Република Северна Македонија.

Во истражувањето се примени и **методот на интервју(структуирано интервју),** пришто беше обавен разговор со професорски кадар најпрво во Исламскиот факултет од Скопје, кои ни интерпретираа соодветни одговори за исламската религија и нејзината идеологизација од страна на вахабизмот и колку тоа влијае за да доведе до терористички активности, како и професорски кадар од Факултетот за безбедност во Скопје, професори од Институтот за безбедност, одбрана и мир, кои, како стручен кадар, можат да дадат објаснувања од научен аспект.

Компаративниот метод се користи за релативно согледување на основните специфичности и разлики на делување на вахабистите и нивните групи, односно радикално делување, во насока на извршување на терористички активности.

Статистичкиот метод би послужил за класификација на квантитативни индикатори, односно податоци кои ќе бидат статистички обработени, врз основа на што ќе бидат извлечени одредени заклучоци.

Историскиот метод треба да даде историско согледување на оние околности, кои го детерминирале процесот на настанокот и појавата на тероризмот и вахабизмот како радикално исламистичко движење.

Научно-истражувачката работа ги опфати и теоретскиот и емпирискиот пристап на прибирање податоци од областа на вахабизмот. Извори на сознанија на теорискот дел се од проучувањето на постојната домашна и странска литература од областа на правото, психологијата, криминалистиката, криминологијата, социологијата, методологијата, како и стручни ревии и списанија, зборници и сл. Истовремено,

внимание беше посветено и на емпирискиот дел, односно на документи од архивата на одредени државни институции (судство), како и сопствените истражувачки резултати.

### 1.6 Научна и општествена оправданост на истражувањето

Вахабизмот/нео-вахабизмот, нивните групи-фракции на делување и нивниот метод на користење на тероризмот и насилството, имаат, во основа, еден заокружен програмски акт, т.е. екстремна интерпретација на Куранот и исламските учења, на начин кој ја прикрива нивната вистинска намера и активност. Сите терористи ги поврзува верската обоеност или, подобро кажано, немоќта да ја сфатат денешната модерна цивилизација, со сите лоши и добри страни. Целта на нивното делување е создавање исламска држава–*ума*, кои, преку нивниот облик на организирање и делување кој не познава граници, се насочени спрема сите неверници, т.е кон сите кои нема да ги следат и да ги поддржат во нивната кауза. Опасноста од делувањето на овие групи во најразлични делови во светов, со кои се создава нетолеранција помеѓу нациите и религиите, делува како погодна платформа за делување на овие радикални групи. Не сите вахабисти како метод го користат тероризмот, во насока на промовирање на својата идеологија. Некои од нив на мирен начин го прокламираат изворниот ислам, а дел се приклучуваат во разни терористички организации, или пак користат тероризам како метод во насока на остварување на своите цели. Консеквентно на ова и претходно изложените проблеми, предмет и цели на ова истражување повеќе од очигледна е потребата од научна како и општествена оправданост за изработка на истото.

Во денешно време сè почесто е присутен тероризмот од верски побуди, односно користење на верата за регрутирање и извршување терористички акти. Преку враќање на основните исламски вредности и принципи од Куранот од времето на пророкот Мухамед, како и системска примена на насилство од страна на исламските фундаменталисти, сè поголема е опасноста од нивното експанзивно ширење со истомисленици кои се придружуваат на нивните ставови и навлегуваат во сферата на вршење на терористичките акти.

Научната оправданост на ова истражување посебно добива на значење пред сè поради сериозноста од делувањето на овие екстремни групи, кои опредизвикуваат страв и несигурност кај останатото население, како и недоверба во институциите на државата. Поради овие факти се наметнува потребата од постојано научно

истражување, со цел да се изнајдат начини за успешно спротивставување и борба пред сè против денивното делување и ширење.

Самиот факт што за вахабизмот, како радикална исламска група, во нашава државапостојат значително мал број истражувачки проекти и трудови, односно сознанија, е доволен мотив и причина за научното постоење на овој труд. Преку ова истражување се настојува да се осветлат некои карактеристики на делување на овие општествено опасни појави, а без намера да се занимава со конечно решение, ова истражување  укажува на некои аспекти на овие екстремни групации и им отвора врата на други истражувачи во иднина за нови истажувања и анализи, со што се шири фондот на знаења во науката за безбедност и другите научни дисциплини, кои се занимаваат со изучување на оваа проблематика.

Општествената оправданост на ова истражување укажува дека ваквата општествено опасна појава, која го загрозува општеството и сите граѓани, без оглед за која држава станува збор, радикалните вахабисти го загрозува целокупното општество преку вршењето на терористичките акти. Манипулирајќи со религијата, како метод на остварување на своите цели го користат тероризмот, ризикувајќи цел свет да го претворат во воено поле. Општествената оправданост на истражувањето се гледа во фактот дека опасноста е реална и сè уште трае.

# ГЛАВА I

# РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ИСЛАМОТ КАКО МИСИОНЕРСКА РЕЛИГИЈА

## 1.Историски контекст на исламот

Човековата историја во голема мера е претставена преку процеси во кои, низ религијата, се бараат сите одговори на прашањето за смислата на животот. Уште од најдревните времиња, религијата била важен дел од животните процеси и меѓусебните односи меѓу луѓето. Самата религија е автентична и јавно исправна, што претставува последица токму и таквато верување долгорочно да се одржи. Со самото тоа се наметнува и фактот дека во секој религиски чин присутна е и можност на верски елитизам, односно верување во избраност или правоверност, што подразбира дека останатите религии не се вистински.

Во денешно време сè уште постои опасност секоја религија да го прејудицира својот одговор. Имено, во современиот свет постојат различни објаснувања за начинот и правилата на живот меѓу членовите на одредени религии,односно морални вредности според кои истите ќе ги остваруваат своите процеси, потреби, вредности, а кои ги прават различни помеѓу религиите. Меѓутоа, со тоа последично се наметнува и прашањето како „другиот" верник ќе реагира на „другите согледувања на животот", односно дали ќе постои толеранција за тоа или екстремно ќе ја поддржи својата религија. Имајќи го предвид исламот како религија, за разлика од другите монотеистички религии, истиот преку Куранот го има опишано исламот како „комплетен начин на живеење". Во изминатиот период, особено во втората половина на дваесеттиот век, но и во новиот милениум, се јавува еден вид револуција во рамките на исламот како религија, којашто се залага за строго почитување на исламот, негово прочистување од сите примеси и новини што навлегле во него.  На различни делови од светот, во различни држави, се појавуваат движења, групи и идеологии коишто, на различни начини, се обидуваат да им укажат на муслиманите дека застранале од патот на Алах и дека не го практикуваат исламот онака како што е пропишан во Куранот, Суната (примерот на пророкот Мухамед), но и хадисите кои кажуваат за животот на Мухамед.[50]

---

[50]Види пошироко: Грижев, А.(2014) *Идеологија на вахабизмот и традиционалното практикување на исламот во Република Македонија,*докторска дисертација, Институт за социолошки и правно-политички истражувања, Скопје,  стр. 5–6

Исламската историја започнува во VII век, во Арабија, каде, според ова верување, Мухамед, како последен божји пратеник, имал улога да го објасни исламот и да го прошири. Пророкот Мухамед бил роден во Мека, во 571 година, во денешна Саудиска Арабија, во семејството Абдала, од родот Хашим, еден од десетте родови на племето Курајшити. На шестгодишна возраст останал сирак кога починала неговата мајка, а неговиот татко починал два месеци пред да се роди. Како дете кое останало без своите родители, за него се грижел неговиот вујко Абу Талеб. Со негова помош, Мухамед станал успешен трговец кој на своите трговски патувања успеал да го запознае христијанството, јудаизмот и другите култури. Мухамед се бавел со трговија со години, при што во регионот Шам се запознал со богатата вдовица Хатиџе, која била 15 години постара од него. Без разлика на годините, нивниот брак бил многу среќен, исполнет со почит и разбирање и во бракот имале шест деца. Првиот апсолутно сигурен датум во неговиот живот е оној врз кој се заснова муслиманската ера, т.е. преселувањето од Мека во Медина, околу 280 милји на североисток, и тоа во 622 година. Неговата пророчка активност во Мека пред тој датум траела повеќе од десет години и се вели дека имал 40, или според други извори 43 години при повикот[51]. Според верувањата, еден ден во месецот Рамазан, околу 610 година, на 40-годишниот Мухамед во сон му се појавил ангелот Габриел од кого ги добива првите Откровенија кои следеле и во наредните 23 години кои подоцна ја сочинуваат светата книга Куранот.

На арапски зборот *ислам* доаѓа од коренот со 3 букви:*син-лам-мим*, што значи *покорност, предавање и послушност*, односно зборот *ислам* е вербален апстракт на овој корен и се однесува на покорност кон Алах.[52]Поимот *ислам*означува доброволна и потполна преданост кон возвишениот Алах, напуштање на секаква горделивост и себичност, а следбениците на оваа религија се нарекуваат *муслимани* и веруваат дека Бог ја предал Божјата реч во вид на откровение и дека Мухамед бил последниот божји пратеник.[53]

Исламот, како најмлада монотеистичка религија која се вбројува во Аврамовите религии, е втора религија по распространетост во светот. Истата брои 1,6 милјарди,

---

[51] Гијом,А. (2001) *Ислам*, превод од англиски,Серафимов, С. Скопје: Култура, стр.28
[52]Достапно на:https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%98%D1%81%D0%BB%D0%B0%D0%BC, [пристапено на 10.05.2020 ].
[53] Котевска, М.(2015)*Разгледување на шеријатското (исламско) право и негови специфичности*, стр.2, достапно на https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2015/12/Islam-statija.pdf, [пристапено на 10.05.2020 ].

односно 23 отсто од светскато население и, според одредени светски истражувања, ќе бележи најрз раст, во 2070 година ќе биде најбројна светска религија. Главната причина поради која муслиманите ќе станувaат побројни се поврзува со местото каде што живеат, според Алан Куперман, директор за религиско истражување во Пју.[54] Според истражувањето, „Муслиманското население е концентрирано во некои од најбрзорастечките делови во светот,оваа религија, заедно со будизмот и христијанството, е и мисионерска религија.[55] Нејзината многубројност се должи на тринаесетвековното мисионерско дејствување.Муслиманите со големо воодушевување ја прифаќале вистинитоста на нивната вера, пришто нивната улога била да ја ширaт верата, односно да го проповедаат исламот.

Томас В. Арнолд во своето дело „Историја на исламот“ ја прикажува распострастранетоста на исламот во светот, односно нејзиниот широк опсеж како светска религија, објавувајќи дека, денес исламската вера се протега од Мароко до Занзибар, од Сиера Леоне во Западна Африка до Сибир и Кина, од Босна и Херцегоцина до Нова Гвинеја. Покрај границите на стриктно муслимански земји, и во земјите во кои има голема муслиманска популација, како што се Кина и Русија, уште постојат мали исламски заедници на приврзаниците на Пратеникот, осамени меѓу иноверците. Такви се муслиманите во Литванија со татарско потекло, кои се населени во околината на Ковно, Вилно и Гродно, кои зборуваат полски; потоа, муслиманите населени во колонијата Кејп, кои зборуваат холандски; и хиндуските работници кои ја донеле со себе исламската вера на островите на Западна Индија и во британската и во холандската Гвинеја. Исто така, во последниве години исламот стекнал приврзаници и во Англија, во Северна Америка, во Австралија и во Јапонија.[56] Мисионерската активност на муслиманите уште од самиот почеток и нивното неуморно работење во

---

[54]Истражувачки центар Пју,(2015)Бројот на муслиманите во светот до 2070 година ќе го надмине бројот на христијаните, МКД, достапно на:https://www.mkd.mk/svet/analizi/brojot-na-muslimanite-vo-svetot-do-2070-godina-kje-go-nadmine-brojot-na-hristijanite, [пристапено на 10.05.2020].

[55] Професор Макс Милер, во декември 1873 година, во Вестминистерскиот манастиродржал предавање по повод посредувањето на мисиите, при што шесте големи религии ги поделил на мисионерски и немисионерски. Во немисионесрки вери спаѓаат: јудаизмот, браманизмот и зороастризмот, а во мисионерки: будизмот, христијанството и исламот. Според Макс Милер, под терминот „мисионерска религија“ се подразбира „онаа религија чиишто следбеници, како и нејзиниот воспоставувач, сметаат дека е света должност да ја објават вистината и кон неа да ги преобратат неверниците...Тое е дух кој постои во срцата на верниците, а кој не може да најде мир сè додека не се исповеда, било во мислите, било со зборови, било со дело“.Види повеќе:Арнолд., В.Т.(2009)*Историја на исламот – текови на мисијата*, Ковачи, Ф, Скопје: Логос-А, стр.1.

[56]Арнолд., В.Т.(2009)*Историја на исламот – текови на мисијата*, Ковачи, Ф, Скопје: Логос-А, стр. 12–13

насока на ширењето на исламот е главен фактор зошто исламот се раширил на вака простран дел од Земјата.[57]

Дека ваквото мисионерско работење им била света должност на муслиманите, може да се види во следните делови од Куранот, цитирани во хронолошки ред, според датумот на нивната објава:[58]

*„На патот на Господарот свој мудро и со убав совет повикувај, и со нив на најубав начин расправај“ (16:125).*

*„Ти оди по правиот пат, како што ти е наредено, и така нека постапат верниците кои се со тебе“ (11:112).*

*„Затоа ти повикувај и биди истраен, онака како што ти се наредува, а не поведувај се по желбите нивни, и кажи: Јас верувам во сите книги кои Алах ги објавил, и наредено ми е праведно да ви судам; Алах е и наш и ваш Гоподар, нам нашите, а вам вашите дела: нема потреба едни на други докази да изнесуваме; Алах сите ќе нè собере, и Нему сите ќе Му се вратат,“ (62:15).*

Пратеникот Мухамед својата вера ја проповедал ненаметливо и скромно, на мирољубив начин, онака како што е пропишано во Куранот:[59]

*„И стрпи се за она што го зборуваат, и оддалечи се од нив, со расчекор пристоен!“ (10:10).*

*„И остави Ме Мене со лажговците кои поседуваат богатство, и остави ги извесно време!“ (73:11).*

*„...освен да известам од Алах и од посланијата Негови.“ (72:23).*

*„Кажи им на верниците да им простат на оние кои не ги очекуваат Алаховите денови во кои Тој ќе ги награди луѓето за она што го работеле.“ (45:14).*

*„Оние коишто здруженик Му припишуваат велат: Да сакаше Алах, Него, и без Негов волја немаше ништо да сметаме за забрането. И тие пред нив исто така постапуваа. А зарем пратениците беа должни нешто друго, освен јасно да го известат?“ (16:35).*

*„А ако тие ги завртат главите, па ти си должен само јасно да објавуваш.“ (16:82).*

*„И со следбениците на Книгата дискутирајте на најубав начин, но не и со оние меѓу нив кои се неправедни, и кажете: Ние веруваме во она што ни се објјавува нам, а нашиот Бог и вашиот Бог – е еден, и ние Нему Му се покоруваме.“ (29:46).*

*„А ако ги завртат главите, па Ние не те испративме да им бидеш чувар, ти си должен само да известиш.“ (42:48).*

*„Кога Господарот твој би сакал, сите на Земјата би биле верници. Па зарем ќе ги присилуваш луѓето да бидат верници?“ (10:99).*

---

[57]За географската распространетост на муслиманите може да се види:https://en.wikipedia.org/wiki/Islam_by_country[пристапено на 17.05.2020 ]
Краток приказ според континенти на муслиманското население:
– Азија:1.200.000.000
– Африка:550.000.000
– Европа:44.138.000
– Северна и Јужна Америка:11.291.000
– Австралија и Океанија:372.968

[58] Ибид

[59] Ибид, стр.15

*„Ние те пративме на сите луѓе да им донесуваш радосни вести и да опоменуваш...“ (34:28).*

Постојат голем број примери за мисионерската мисија на исламот, но не се сите со мирољубиви пропаганди, бидејќи некои преобратувања се резултат на сила и насилство, спротивно на тоа што го налага Куранот – ако се осврнеме на претходните цитати од истиот, кои по ред и хронолошки беа разгледувани, а во насока на разбирање на чистата мисионерска дејност проповедана од Пратеникот Мухамед и неговите следбеници. Секогаш во исламот и во која било друга религија се наоѓале искрени души, кои ја сметале својата вера за највозвишена вистина на животот и нивниот интерес во духовен поглед се манифестирал преку соопштувањето на ценетите вистини и преку залагањето да завладеат овие принципи и системи кои тие ги сметале за најсовршени, така што оваа состојба е оживувачка сила на мисионерските движења.

Кога целосно ќе се разбере, историскиот материјал поврзан со радикалните доктрини во исламот помага да се идентификуваат заедничките механизми на социјалната мобилизација како целина и нејзините политички компоненти. Исламот има богата традиција на употреба на религиозни и филозофски конструкции во општеството и политиката, кога доктринарните наративи стануваат дел и од актуелната политика, односно се користат како идеолошки формули. Постојат неколку видови фактори кои го овозможуваат ова.[60]

Првиот е *доктринарните специфики на исламот:* [61] „клучните филозофски постулати претпоставуваат дека верниците веруваат во посебни идеи за светот и сопственото место во него. Таквите постулати се предлози за природата (причините и суштината) на светскиот поредок и на одреден општествен поредок. Постојат и други клучни предлози, како што се корелацијата помеѓу Бог, исламската ума и индивидуата, како и предлозите што ја објаснуваат природата на моќта, целта на верниците во светот и смислата на животот. На пример, постои канонска формула типична за традиционализмот и фундаментализмот што забранува поединец да се меша по своја волја во светскиот поредок, додека на верниците не им е дозволено да организираат социјален живот и да воспостават моќ во општеството според нивните желби, доколку не бидат благословени од Божјата волја.[62] Во проучувањето за радикалите овие

[60]Dobaev,I.*Radical wahhabism as an extremist religious-political ideology*, CA&C, Press AB, Publishing House (Sweden), достапно на:
https://www.ca-c.org/journal/2002/journal_eng/cac-04/17.doben.shtml, [пристапено на 03.12.2020].
[61] Ибид
[62] Ибид

постулати се комбинираат со други постулати кои дозволуваат такво мешање или дури сметаат дека е потребно, или задолжително, за вистинските верници доколку се наруши воспоставениот поредок.“[63]

Втората група фактори што го мобилизира исламското општество се однесува на *формите на колективизам и нормите на соживот типични за исламот.*[64] „Вистински верник не е во можност правилно да процени дали социјалните нешта соодветствуваат на Божјата промисла и правилниот светски поредок, па оттука и потребата да се консултираат експерти (улеми, факии, устаз). Нивното мислење го ослободува верникот од неговата лична одговорност и го прави секој припадник на муслиманската заедница отчетен единствено пред верските власти и одговорен за точното и целосно придржување кон нивните рецепти. Со други зборови, редовен член на исламско општество или (радикална) група не е лично и индивидуално одговорен пред Бога, како што е случај, на пример, во христијанството. Тој е одговорен пред посредник кој стои помеѓу него и Бог.“[65]

На овој начин се формира првичен став кон светот што ја ослободува индивидуата од одговорност за неговите идеи за светот и неговата лична правна одговорност за неговите постапки. Според оваа шема, одговорноста е на надворешен орган, регистриран во „фикх“ (правна наука), процедурален и нормативен документ на муслиманското право.

Конечно, третиот од погоре споменатите фактори припаѓа на *радикализмот,* политичко и правно искуство.[66] „Одлуките на советите на улемите никогаш не се персонифицираат – советот зборува со членовите на заедницата во име на заедницата. Тој нема индивидуална вредност во светот на социјалните и политичките односи. Тој е само член на заедници кои се разликуваат по големина, но сепак обединети со нивната религиозна припадност (всушност, споделување на политичка и идеолошка платформа), почнувајќи од реална што го докажува своето постоење секој ден до духовни и идеолошки заедници преку здружение.“[67]

Така можеме да видиме дека во радикалниот ислам трите фактори опишани погоре формираат механизам за социјална и политичка мобилизација. Индивидуата е

---

[63] Ибид
[64] Ибид
[65] Ибид
[66] Ибид
[67] Ибид

целосно растворена во заедницата и во навистина постоечко и во духовно и политичко и идеолошко здружение: тоа е она што ја прави специфична таквата мобилизација. Во радикализмот специфичниот „феномен на репрезентација“ ја достигнува својата највисока форма: самата заедница е персонифицирана во своите власти, кои ја претставуваат на сакрален и политички план.[68]Горенаведеното е целосно применливо и за раниот вахабизам и за современиот радикален нео-вахабизам.

## 2.Петте столбови на исламот (исламски должности)

Религиозно-социјалните барања кои исламот им ги поставува на своите верници, односно барања кои претставуваат основа на верата, се обврски кои мора да ги почитуваат приврзаниците на исламот. Овие обврски, или основи на верата, се нарекуваат *пет столбови.*

*,,Петте столбови на исламотсе верски обврски кои се должност на секој муслиман кој, во текот на својот живот, треба да ги извршува како вистински и достоен муслиман. Овие столбови*[69] */обврски се вршат редовно и ги опфаќаат обврските кон Бога, личниот духовен раст, грижата за сиромашните, самодисциплината и жртвувањето, одговарајќи на прашањетокако муслиманите ја потврдрдуваат својата вера во секојдневниот живот.“*

Исламските учења за петте *столбови* на исламот се наоѓаат во Куранот и Хадисот. Пророкот Мухамед ги спомнува петте *столбови* на исламот во автентична нарација (хадис):[70]

„*Исламот е изграден врз пет (столбови): сведочејќи дека Мухамед е Пратеник на Алах, ги извршува молитвите, го плаќа законот, го извршува аџилакот во Домот и пости во Рамазан“ (Хадис Бухари, муслиман).“*

**<u>Првиот столб – шахада (верување)</u>**

Најважната обврска на секој муслиман е да верува во Бога и во Мухамед, божјиот пратеник. Секој човек кој искрено ќе ја изговори формулата: „Нема друго божество освен Алах, а Мухамед е – пратеник на Алах“, може да се смета дека е муслиман.

---

[68] Ибид

[69] На арапски *arkan* (столбови) обезбедуваат структура и држат нешто постојано во место.Тие обезбедуваат поддршка и сите мора да бидат присутни за рамките рамномерно да се балансираат.

[70]Huda, Пет столбови на исламот,достапно на:https://mk.eferrit.com/%D0%BF%D0%B5%D1%82-%D1%81%D1%82%D0%BE%D0%BB%D0%B1%D0%BE%D0%B2%D0%B8-%D0%BD%D0%B0-%D0%B8%D1%81%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D0%BE%D1%82/, [пристапено на 10.05.2020 ].

Зборот *shahaadah* буквално значи „*да сведочи*“, така што со верувањето во верата, сведочи за вистината на пораката на исламот и нејзините најосновани учења. Шахадата се повторува од муслиманите неколкупати во текот на денот, и поединечно и заедно во дневна молитва, и тоа е често напишана фраза во арапската калиграфија. Луѓето кои сакаат да се преобратат во ислам, го прават тоа со едноставно рецитирање на гласот на шахада, по можност пред двајца сведоци. Не постои друг услов или церемонија за прифаќање на исламот. Муслиманите, исто така, се стремат да ги кажат или слушнат овие зборови како нивни последни, пред да умрат.[71]

Исламот е строго монотеистичка религија, која категорички забранува поклонување на идоли и славење какви било антропоморфни слики. Исламот учи дека секој човек е одговорен за својот духовен живот и дека во религиозната вера мора да биде прифатена слободно, без присилување: „Во верата нема присилување“ (Сура 2,256).[72]

**<u>Вториот столб – салаат (молитва)</u>**

Молитвениот ритуал се сотои од пет молитви на ден: за време на сабах, на пладне, икиндија, акшам и за време на јација. Овие пет молитви се распределени во различни временски интервали во текот на денот, со точно определено време, од зора до зајдисонце.[73]

Молењето е можно на кое било соодветно место (препорачливо е молитвата да се извршува во џамија), со лицето свртено кон Мека, но претходно мора да се изврши ритуално миење, за да биде исполнето со чистота во срцето на оној кој се моли. Целта на молитвата е стрмеж кон највозвишеното чувство на единство со Бога. Зборовите на молитвата вклучуваат зборови на фалба и благодарност до Алах, стихови од Куранот и лични молитви.

Во петок, за време на џума, пладневната молитва треба да се извршува во џамија. На влезот верникот е должен да ги соблече чевлите и да биде чист и бос, со што ја изразува својата богобојазливост и смиреност. Џамијата не е место само за молитва, туку е и простор за религиозни вежби, расправии и, воопшто, центар на муслиманскиот

[71] Ибид
[72] Мењ, А. (2010) Историја на религиите, Грозданоски, Р.Скопје:Винсет Графика, стр.480
[73] Намаз- на турски јазик

религиозен живот. Главното место во џамијата е *мирхаб* (ниша) зашто го покажува правецот кон Мека. Кон него верниците се вртат со лицето, таму се наоѓа свештеник кој ја води молитвата – *имам*. Покрај мирхабот се става *минбар*– возвишување од кое се чита проповетта во петок. Секоја џамија има едно или неколку *минарињa* – кула од која, со специјално довикување петпати дневно,*муезинот*, служителот на џамијата, ги известува муслиманите за молитва.[74]

## Третиот столб – sawm (пост)

Заради чистење на душата и телото, секој муслиман мора да пости во текот на светиот месец Рамазан, деветти според муслиманскиот календар. Според преданието, токму во тој месец на Мухамед му било дадено првото Откровение. Исламскиот пост трае од зори до зајдисонце,секој ден кога на верникот му е забрането да јаде, пие и да се забавува. Во тие моменти верникот мора да чита Куран, да се моли, да се оддава на благочестиви размислувања, односно да не прави и да не размислува на лоши работи. Најважен пост на муслиманите е постот за Рамазан, кога се смета дека во тој период е најлесно да се искупат сопствените гревови кои се направени во текот на целата година. Од постот се ослободени болните, децата, бремените жени, патниците, војниците во време на воени операции итн.

## Четвртиот столб – zakat (almsgiving)

Овој столб е познат како милостина за сиромашните, кој треба да се дава искрено, а не од „лицемерие пред луѓето." Секој верник мора да даде дел од приходите кои ги остварил во текот на годината на сиромашното население, односно десет или дваесет проценти од вкупната заработувачка. Доброволните прилози и давањето милостина се сметаат за најчесна должност на секој муслиман. Според учењето на исламот, милостината е најважна од трите основни религиозно-морални заповеди, заедно со молитвата и постот.

---

[74] Молитвата се состои од ракати – низа религиозни изговорани формули со кои одговара на одредена положба на телата на оние кои се молат. Извршувајќи го ракатот, верникот може да клекне, да се испружи ничкум и да го допре со челото подот. Притоа се чита шахада, потоа сурите од Куранот, благословите. Освен канонските молитви на намазот, постојат и специјални молитви – прозби, молитви за покој на душата итн. Види повеќе: Мењ, А. (2010)*Историја на религиите,* Грозданоски, Р.Скопје:Винсет Графика, стр.481.

**<u>Петтиот столб – хаџ (аџилак)</u>**

За разлика од другите столбови на исламот, кои се изведуваат на дневна или годишна основа, аџилакот морада се направи барем еднаш во животот. Одењето на поклонение во Мека е обврска на секој муслиман кој треба да ја реализира во текот на својот живот. Оваа обврска е поврзана со материјално-финансиската положба на верниците, со нивното здравје и зависи и од други околности, поради што неисполнувањето на оваа обврска не е толку ригорозна како претходно наведените.

Аџилак хаџ се јавува за време на одреден месец секоја година. Трае неколку дена и се бара како должност само од муслимани кои физички и финансиски се способни да го направат ова патување, а доколку не се во можност, да испратат некого во свое име. Муслиманите кои биле на аџилак уживаат поголема почит и често носат посебна облека која потсетува на нивниот посебен статус.

Во време на аџилакот верниците влегуваат во посебна состојба – *ихрам*: облекуваат специјална бела облека и од тој момент до крајот на аџилакот им е забрането да ги сечат ноктите и косата.[75] Кога ќе пристигнат во Мека[76], верниците вршат низа задолжителни ритуали, како што се кружењето околу Каба, пиењето вода од светиот извор Земзем, седумпати трчаат меѓу двата рида – Сафа и Марва, присуствуваат на молитва и, на крај, и на свеченото колење на овците.

[75] Ибид, стр.483
[76] Освен во Мека, за свети муслимански места се сметаат и Медина и Ал-Кодс (Ерусалим).



**Слика бр.1 Аџилакот до Кабата**[77]

## 2.1 Џихадот како шеста исламска должност

Многу често, покрај ***петте главни исламски должности***,[78] како шеста, условна исламска должност, според многу исламски автори, се јавува и џихадот. Најточниот превод за поимот *џихад* е*напор насочен кон одредена цел*. Според Куранот, овој напор е пред сè усмерен на одбрана, но и на ширење на исламот. Додека положбата на пророкот Мухамед во Мека била несигурна, тој самиот проповедал да се воздржуваат неговите истомисленици од внатрешен напад, но во Медина наредил нападите најпрво да се одбијат, а потоа непријателите од Мека да се победат. Тој во Медина (до 632 година) се нашол пред нови предизвици. Имено, требало како водич на својата заедница, истата да ја одбрани со воени средства и да се бори против оние кои не сакале да му се потчинат на неговиот авторитет, односно да ги слушаат и исполнуваат неговите наредби.[79]

Исто така постојат и шест темелни вистини на верата (имански шартови) кои гласат :

1. Јас верувам во Алах (верба во Алах)
2. Јас верувам во Алаховите меглеки (верба во неговите ангели)
3. Јас верувам во Алаховите китаби (верба во божествените откровенија)

---

[77] Најзначајното свето место на исламот. Се наоѓа во центарот на џамијата Големата џамија (Месџид ел-Харам) во Мека, Саудиска Арабија.извор - https://commons.wikimedia.org/w/index.php?curid=252563, [пристапено на 09.09.2020]

[78] Главни исламски должности се: шахад, или декларација на верата со повторување на кредото: „Не постои друг Бог освен Алах и Мухамед е гласникот на Алах;салахт – обврзувачки молитви петпати на ден;закат – давање милостина;савм – постење за време на Рамзан и хаџ –обавување аџилак во Мека.

[79] Види пошироко:Суботић, М. (2015) *Екстремизам* под окриљем религије, Исламистички екстремизам на примерима БИХ и Србије, Министарство одбране, Сектор за политику одбране, Институт за стратегијска истраживања, МЕДИЈА ЦЕНТАР„ОДБРАНА“Београд, стр.121

4. Јас верувам во Алаховите пратеници (верба во неговите гласници)

5. Јас верувам во Судниот ден (верба во живото по смртта)

6. Јас верувам дека сè што се случува е Алахова волја и одредба (верба во Божјата воља).

Овие верувања, односно имански шертови, се услови да се биде муслиман, односно муслиманка. Почитувајќи ги овие верување со доследна примена во текот на своето живеење, како и петте столбови на исламот, муслиманите даваат претстава за вистинска религиска обврска и исламска вера.

## 3. Шеријатско (исламско) право

Поимот *ислам* не го сочинува само Куранот, туку и традицијата, т.н.***суна***[80]. Самиот Куран е проширен на животот и делата на Мухамед, во смисла на неговите обраќања на народот за проширување на исламската вера кои се сметаат за автентични. Во текот на X век е создаден „Божјиот закон", кој е заснован на Куранот. Шеријатот е Божјиот закон, пред сè верски закон, но спаѓа во оние принципи на исламската религиозна традиција кои се најтешки за следење и кои верски закони имаат тенденција да бидат во согласност со нормативниот закон на исламското општество, односно општеството, политиката и државата „*din va daula*" (религија и држава).[81] Идејата на фундаметанталистите отсекогаш била шеријатот да е единствениот закон врз кој ќе се заснова правниот поредок во државата, односно сите сегменти во едно општеството да се темелат само на шеријатот како единствен закон. Голем број фундаменталисти дури исламот го поистоветуваат само со шеријатот, залагајќи се за негова примена во најголема мера.

Мухамед не наметнал разлика помеѓу религиозниот и секуларниот закон; страната на која ќе преовладува шеријатот во денешните муслимански земји зависи од степенот на секуларизација во секоја од нив.[82] На пример, во секуларните муслимански држави: Турција, Казакистан и Мали, шеријатот е ограничен само на лични и семејни прашања, додека во државните работи, правото и политиката е забранет. Муслиманските држави: Пакистан, Авганистан, Индонезија, Египет, Малезија,

---

[80] Суна (арапски збор што значи *пат, обичај, начин на живот*), традиционални муслимански закони за кои се тврди дека се темелат на зборовите и постапките на Мухамед, но кои не се директно пропишани од Мухамед.

[81] Суботић, М. (2015) *Екстремизам* под окриљем религије, Исламистички екстремизам на примерима БИХ и Србије, Министарство одбране, Сектор за политику одбране, Институт за стратегијска истраживања, МЕДИЈА ЦЕНТАР„ОДБРАНА"Београд, стр.105

[82] Елијаде. М., Кулиано. П. Ј. (1996)*Водич кроз светске религије*, Цвијић, А., Народна књига, Алфа, стр.189.

Нигерија, Мароко и Судан имаат правни системи со значајни разлики од класичниот шеријат. За разлика од нив, Саудиска Арабија и некои земји од Заливот немаат устави или законодавни тела, нивните закони се базираат на класичниот шеријат. Шеријатот се однесува на секоја димензија од животот, вклучувакјќи ги и семејните односи, законот за наследство, даноците, прочистувањето, молитвата, бракот, разводот, исхраната; активноста на неговите научници вклучува рангирање на човековите активности во спектарот што е дозволено, што забрането, од охрабрување до обесхрабрување.

Шеријатот е дефиниран како муслимански или исламски закон, за граѓанска и кривична правда, како и регулирање на индивидуалните лични и морални однесувања. Законот се базира врз основа на Куранот и религијата на исламот. По дефиниција, муслиманските држави се теократски, а религиските текстови се закон, тие се разликуваат по исламот и муслиманите во нивната природа, како и по шеријатот и шеријатски закон.[83]

Шеријатот, во вистинска смисла, значи „вистински начин“ и за секој муслиман поединечно го открива правилниот начин на живеење со својот сопствен разум. Тој ги содржи сите одредби и упатства кои Бог му ги објавил на Мухамед во врска со исламската вера, како и вредностите и правните одредби кон кои секој треба да се придржува.Исламските закони, генерално, се делат на *халал – онаштo е дозволено* и *харам – онаштo е забрането*. Халалот и харамот не поседуваат ирационални, нелогични прописи, несфатливи или нескладни размислувања врзани со универзалните човекови чувства за доброто и злото.[84] Шеријатското право опфаќа два типа одредби, од религиозно-обредна и од правно-политичка природа, како постапки класифицирани во пет категории: задолжително, препорачливо, неутрално, непрепорачливо и забрането.

Денес, генерално, постојат четири основни извори на шеријатот: Куранот, Суната, Иџма и Кијас. **Куранот** е главен извор на целокупното исламско учење, во кој се содржани прописи за моралот, догматиката, ритуалите и правото. **Суната,**или исламската традиција, е вториот основен извор на шеријатот. Куранот и Суната се разликуваат, односно во исламската наука се прави разлика помеѓу двата поима.

[83] Достапно на:http://www.duhaime.org/LegalDictionary/S/ShariaLaw.aspx, [пристапено на 11.05.2020].
[84] Котевска, М. (2015)*Разгледување на шеријатското (исламско) право и негови специфичности*, стр.4, достапно на: https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2015/12/Islam-statija.pdf, [пристапено на 10.05.2020 ].

Куранот се смета како божественa работа, додека Суната како Мухамедово толкување на ова свето дело. **Иџмата** претставува концензус на верските научници на исламот. Право на мислење по одредено прашање на почетокот се давало само на пријателите на Мухамед (асхаби). Меѓутоа, подоцна такво право добиле и неговите ученици, и на крајот на исламските научници (улеми) на основа на Хадисот, кој гласи: *„Научниците се наследници на верниците на Бога*“.[85] **Кијасот** претставува поединечно мислење на одреден исламски правник, издадено во одреден временски период. Кијасот, како аналогно расудување, е тесно поврзан со иџтихадот, кој значи да се работи врз основа на претходно поставена цел, односно да се работи етапно и да се добие некое мислење за некој случај или во врска со некое правило од законот по пат на заклучување.[86]




**Слика бр.2 Користењето на шеријатот по земји**[87]

---

[85] Беговић. М., *Настанак и развитак шеријатског права*, Српска академија наука и уметности, Београд, стр.83,достапно на:https://books.google.mk/books?id=-B9pAAAAMAAJ&pg=PA103&lpg=PA103&dq=sherijatsko+pravo&source=bl&ots=UcVFeb-Vx2&sig=ACfU3U3qwKm3WWWy22pvfDFoCpm2EqRd2Q&hl=mk&sa=X&ved=2ahUKEwiI8JyPuanpAhWGFcAKHfBRDRQQ6AEwB3oECAoQAQ#v=onepage&q=sherijatsko%20pravo&f=false,[пристапено на 11.05.2020].

[86] Котевска, М.(2015)*Разгледување на шеријатското (исламско) право и негови специфичности*, стр.2, достапно на:https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2015/12/Islam-statija.pdf, [пристапено на 10.05.2020].

[87]извор-https://www.google.com/search?q=%D1%88%D0%B5%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%BE%D1%82+%D0%BA%D0%B0%D0%BA%D0%BE+%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD&rlz=1C1GCEA_enMK814MK826&sxsrf=ALeKk01P1_WceYj99uG6RMvVMKT4bLJpLA:1589122874037&source=lnms&tbm=isch&sa=X&ved=2ahUKEwi0_qSDyKnpAhXfQkEAHYqRCQ8Q_AUoAXoECAwQAw&biw=1366&bih=657#imgrc=bH9UVH4Mstz1-M, [пристапено јануари, 2020]

## 4. Правци и правни школи во исламот

После смртта на Пророкот Мухамед, во муслиманскиот свет започнува поделба на муслиманите поради нивните различни гледишта и размислувања околу религиозното водство по смртта на Мухамед, односно изборот на наследник на големата религија.

Во рамките на исламот постојат две групи-гранки, а тоа се *сунити и шиити.*

**Сунитите** се најголема исламска школа, опфаќајки околу 85 % од муслиманското население во светот. Нивното верување во однос на наследникот на Мухамед е дека најдобриот и најквалификуваниот треба да биде негов наследник, според кои требало да биде лицето Абу Бакр, таткото на сопругата на Мухамед, Ајше, кој бил назначен за водич, односно калиф, а државата со која управувал се нарекувала калифат. Под водство на Абу Бакр, исламската заедница успеала да го освои Арапскиот Полуостров, а после неговата смрт избраниот нов калифат, Осман ибн Арфан, се покажал значително поуспешен, освојувајќи ги Ерусалим и Дамск, а подоцна и Египет. По неговото убиство избран е нов калифат – Али ибн Аби Талиб, кога настанува и целосен пресврт во исламската историја, период со раздори и отворени непријателства и немири во муслиманскиот свет, што ќе се покаже како микроб на екстремизмот во муслиманскиот свет.[88]

Суните се поделени во четири различни школи на верување. Иџмата, како највисока и доверлива исламска институција за донесување одлуки,ги прифаќа четирите школи како следбенички на објавениот ислам во времето на Мухамед:

---

[88] На чело на фамилијата Умијад, од каде што и потекнувал убиениот калиф Осман, бил Муавиј, муслимански заменик на Сирија, кој спрема новоизбраниот калиф Али покажувал отворено непријателство, бидејќи Али недоволно се залагал за казнување на убиецот на Осман. Во моментот кога бил нападнат од Муавиј, Али побегнал и предложил преговори, со што го изгубил својот кредибилитет кај неговите поддржувачи кои го сметале за недостоен да ја штити нивната заедница, односно да биде нивен водач. Таа група, позната под името Кариџити, го убила Али, со што настанал голем раздор во исламската заедница, која состојба Муавиј ја искористил за себеси, при што се стекнал со титулата калифат. Контролата над калифатот ја презема новата династија Умијад, која се соочува со сите проблеми кои го носи владеењето на растечката империја. Карициите, иако придонесле Али да се симне од власта, и понатака повикувале на отпор према Умијад, тврдејќи дека ја искористиле власта против Божјата волја, со што се отворила можност за нови раздори и непријателства. На фамилијата Умијад им се спротивставувала и групата на поддржувачи на Али, Алиевите следбеници кои се нарекувале шиити. Шиитите верувале дека Али е наследник на Мухамед. Види повеќе:Суботић, М. (2015) *Екстремизам* под окриљем религије, Исламистички екстремизам на примерима БИХ и Србије, Министарство одбране, Сектор за политику одбране, Институт за стратегијска истраживања, МЕДИЈА ЦЕНТАР„ОДБРАНА"Београд, стр.86

ханефи, малики, ханбели и шафи, сите други организации и школи се неприфатливи и се сметаат за девијации.[89]

**Ханефиската правна школа** е најстарата и најлиберална правна школа основана од Ебу Ханиф, која ги доведува во прашање хадисите[90] како извор на законски прописи и дава предност при формирање мислења на толкувањето на правните експерти од тоа време.Ваквиот пристап доведува до флексибилност во донесувањето одлуки, како и можност за нивна злоупотреба.[91] На сликата бр.3 е даден преглед на распространетост на исламските правни школи, со што може да севиди дека ханефискиот мезхеб е најзастапен во Турција, северниот дел на Блискиот Исток, Централна Азија и индискиот потконтинент.

**Маликитска правна школа**– втора по нејзината бројност, која опфаќа околу 25% од вкупниот број муслимани, претежно во Северна и Западна Африка, Сооединетите Арапски Емирати, Кувајт и делови од Саудиска Арабија. Основана од Малик Ибн Анас, кој бил правник од Медина, чија цел била да ја кодифицира правната пракса на заедницата и верските обреди според иџмата во Медина[92]. Оваа правна школа своите одлуки ги заснова на традициите и исто така е критички настроена према хадисите.

**Шафиитска правна школа**–основана од Мухамед ибн Идрис ал Шафија, кој бил ученик на основачот на маликитската правна школа и се базира на Куранот и Суната. Ал Шафија сметал дека за поставување на едно правно правило, покрај општата согласност на правниците, неопходна е и согласност на заедницата. Оваа правна школа е доминатна во Малезија, Индонезија и Источна Африка.

**Ханибалитска правна школа**–основана е од Ахмед ибн Ханбал, ученик на Шафија, па поради тоа оваа школа е слична со шафиитската, базирана на традициите, односно на Куранот и Суната. Оваа правна школа преовладува,главно, на Арапскиот Полуостров.

---

[89]Достапно на:https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%98%D1%81%D0%BB%D0%B0%D0%BC, [пристапено на 23.05.2020].
[90]Хадис – арапски збор кој значи *поука*.
[91]Васовић, Р.И. (2017)*Вехабизам као пријетња регионалној безбедности Балкана*, Докторска дисертација, Универзитет у Београду, Факултет безбедности, стр. 45
[92] Котевска, М. (2015)*Разгледување на шеријатското (исламско) право и негови специфичности*,, стр.7, достапно на:https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2015/12/Islam-statija.pdf, [пристапено на 10.05.2020].




**Слика бр.3 Карта на исламските правни школи**[93]

**Шиитите** се малцинството во муслиманскиот свет, кое сочинуваат 15% од вкупното муслиманско население и тие веруваат дека вистински наследник на последниот пророк треба да биде неговиот братучед и сопруг на една од неговите ќерки, Али ибн Аби Талиб. Според нив, потомците на Али и Фатима, имамите, се единствените легитимни муслимански лидери. На почетокот шиитите биле политичка фракција, поддржувачи на четвртиот калифат Али ибн Аби Талиб, кои се нарекувале Алиеви следбеници. Подоцна оваа група се развила во верско движење, шиизам, кое довело до создавање секти.

Најголемата шиитска секта во XXИ век е ашарија („дванаесетници“), додека во помалите огранoци спаѓаат: исмаили и заиди („петници“), алевии и други.

Најголема групација во шиитската заедница претставуваат *дванаесетниците*, шиити кои ги признаваат првите 12 имами после смртта на Мухамед. Претставуваат 80% од шиитската популација и најдоминантни се во Азербеџан, Ирак, Иран, Либија и Бахреин. Исмаилите уште се нарекуваат и *седмичари*, поради тоа што се отцепиле од шиитите заради несогласувањето со идентитетот на седмиот Имам. Заидити претставува верска група-секта водена од Заид, внук на Хусеин. Тие се одделиле од шиитите поради несогласувања во однос на петтиот Имам, кои тие сметале дека требало да биде Заид ибн Али, односно Заид ел Шехид. Оваа групација е најзастапена во Јемен.

[93] Извор: https://upload.wikimedia.org/wikipedia/commons/9/9b/Madhhab_Map2a.png, [пристапено февруари, 2020]

На крај да ја констратираме основната разлика помеѓу сунитите и шиитите, која се состои во тоа што поимот *суна* значи *традиција*. Тоа значи дека суните се луѓе кои ја следат традицијата. Според нив, предводник на муслиманската заедница, наследник на Мухамед, би бил секој оној муслиман кој има физичка сила да се брани и да го шири исламот. За разлика од нив, шиитите сметаат дека наследник на Мухамед може да биде само оној кој има крвно потомство со Мухамед, а тоа е сведено на братучедот на Мухамед од неговиот чичко Али, кој бил оженет со неговата ќерка Фатима, од каде што произлегуваат дванаесет наследници.

Како мистична верска група во исламот се јавува *суфизмот.* Професорот по исламски науки, Хасан Џило, во својата книга „Филозофија на суфизмот“, овој поим го објаснува како „посебен метод или пат за воспоставување контакт со Божеството, при што се користат различни средства. Во суфизмот се среќаваме со пристап кон стварноста, втемелен врз внатрешните сетила или врз ’окото на срцето‘, кој остварува посебен вид спознание. Имено, доаѓањето до основата на светот и на човекот претставува основната цел на патот на суфијата“.[94]

Единственоста (*тавхидот*), не основата на суфизмот, односно верувањето дека Бог е единствен и дека тој го создал човекот и светот. Познанието и љубовта, како две својства на Бога, наоѓаат свој израз кај човекот, како две познати способности со кој тој го потврдува своето постоење или вечност. [95]

Нам потребно ни е оружје, а не храна и помош.

Во војна можеме да ги јадеме нашите непријатели.

Омер Бакри (водач на движењето „Хизб-ут-Тахрир“ во Велика Британија).

## 5. Исламски екстремизам

Исламот е најмлада монотеистичка религија, што значи потчинување, предавање кон Бога. Како етичка религија, исламот се потпира на верски ставови кои имаат етичко значење. Во животот и во верата муслиманите непосредно се придржуваат кон зборовите и смислата на Куранот, како и кон записите на мислењето и за начинот на дејствување на пророкот Мухамед. Според исламот, секој човек е обврзан да следи ист морален закон.

---

[94]Џило, Х. (2010) Филозофија на суфизмот, Скопје:Логос-А, стр. 221

[95] Оттука, од почетокот на суфизмот, се среќаваме се дефиницијата дека суфизмот е патот на познанието (*'ирфан*) и патот на љубовта. Види повеќе: Ибид, стр.18

Проблемот на промените кои ги претрпува исламот како религија, разните исламски фундаменталистички движења го гледаат во модерниот и современ начин на живот, односно живот кој го прокламира западната култура, а кој, според нив, е различен и се спротивставува на апсолутната верска вистина, онаа вистина која ја проповедал пророкот Мухамед во Куранот.

Значајна грешка, секако, би била направена доколку основите на современиот исламистички екстремизам и тероризам би се барале исклучиво во религијата. Овој вид политичко насилство, без никакви сомнежи, во прв ред е последица на одредени политички сили кои се на власт на исламските држави, или кои кон тоа се стремат. Религијата во остварувањето на нивните цели, par excellence политички, главно им служи како моќен поттикнувач за ирационално политичко, екстремно-фанатизовно однесување на извесен број верници кои, притоа, не мора да се настанати во тие земји.[96]

Според Питер Хериот, религискиот фундаментализам, односно неговите следбеници, се препознаваат преку пет главни карактеристики. [97] Прва главна карактеристика, според него, е дека религиските фундаменталисти веруваат дека основните концепти на кои се темели нивната религија е под сериозна закана од секуларизмот на модерниот свет и на тој начин тие мора да се спротивстават на тоа и да го наметнат нивното мислење. Втора главна карактеристика е што религиските фундаменталисти го гледаат светот помеѓу доброто и лошото, Бог и ѓавол, вистина и лага, односно тие се дуалисти, коио гледаат само во два спротивни правци. Третата карактеристикае дека тие веруваат во светата книга – Куранот и во нејзината буквална интерпретација. Веруваат дека таа ја знае единствената вистина за постоењето и правилното однесување на секој поединец и со тоа им сугерира како треба да се однесуваат, во што да веруваат и како да делуваат. Четвртата карактеристика се состои во селективното интерпретирање на Куранот од страна на религиските фундаменталисти. Интерпретацијата се состои главно во делови од Светата книга, менувајќи го нивното изворно значење, сè со цел оправдување на нивните постапки, стратегии и практики. Последната карактеристика на религиските фундаменталисти се состои воверувањето и очекувањето дека Бог ќе воспостави свое владеење во иднина,

---

[96]Суботић, М. (2015) *Екстремизам* под окриљем религије, Исламистички екстремизам на примерима БИХ и Србије, Министарство одбране, Сектор за политику одбране, Институт за стратегијска истраживања, МЕДИЈА ЦЕНТАР„ОДБРАНА“Београд, стр. 14

[97]Heriot, P. (2009)*Religious Fundamentalism Global, Lokal and Personal, Routledge,* New York, NY, pp. 2

при што многу од нив сметаат дека ќе го забрзаат доаѓањето на Божеството, борејќи се затоа доследно или духовно, сè со цел да им овозможи да ја пронајдат и зајакнат смислата на своето постоење.[98]

Многу исламски фундаменталисти го користат т.н. „фактор на религија", или манипулираат преку религијата кога се во прашање терористичките активности. Со тоа се отвора ново проблемско прашање во однос на делувањето на исламските фундаменталисти и загрозувањето на светскиот мир и безбедност. Овие екстремни групи го користат џихадот (светата војна) како начин на врбување на што поголем број истомисленици во изведувањето на кривичното дело тероризам, повикувајќи се на должноста на секој муслиман да се бори против „неверниците", бидејќи со тоа ќе бидат дел од остварувањето на својот долг кон џихадот.

Значајно место во појавата на овие терористички активности, покрај глобализацијата, заземаат и идеологијата, религијата, како и економските фактори кои доведуваат до трансфоормација на идеологијата на тоталитаризмот во верски фанатизам. Сведоци сме дека денешниот свет сè повеќе се соочува со социјални и политички тензии, верски и етички борби, во кои тероризмот се користи како силно оружје.

Самите фундаменталисти се залагаат за стриктно толкување на Куранот и примена на шеријатот, како единствен закон по кој треба да се уреди целокупното општествено уредување. Спротивставувањето на западната култура и цивилизација со начелата на шеријатот е големиот мотив исламските фундаменталисти да ги создадат движењата кои привлекуваат сè поголем број следбеници, пред сè во земји каде муслиманското население е поголемо.

Религискиот фундаментализам укажува на постоење збир на доктрини кои влијаат врз социјалниот живот, без користење на насилство, меѓутоа, кога ќе почне тоа да се применува, тој прераснува во екстремизам. Екстремизмот означува претераност, непопустливост, непомирливост со постапките и со однесувањето, односно израз кој означува идеологија и дело кое не е во соглесност со општествено прифатливитенорми.

Колку идеологијата на религијата или фанатичните групи во рамките на исламот може да бидат опасни кога станува збор за насилство, а особено тероризам, во ситуација кога некои од верските учители на исламот прибегнуваат кон тероризам или други форми на насилство, може да се види со пораката до муслиманите испратена од

[98] Ибид

д-р Омар Абдел Рахман (водач на милитантна исламистичка организација „Муслимански браќа“ во Египет):[99]„Уништи им ја економијата, палете ги нивните компании, уништете ги нивните добивки, пукајте во нивните воздушни сили и убивајте ги на копно, во воздух и во вода и каде и да ги најдете. Фатете ги и осакатете ги целосно. Убијте ги сите неверници каде и да ги најдете. Вие ги убивате, а Алах ги казнува со вашите раце.“

Меѓутоа, покрај ваквото радикално толкување на исламската идеологија, постојат и други толкувања за исламот како светска религија, поразлично од толкувањето на екстремистите. Нивните ставови се засноваат на фактот дека едно од божјите имиња во Куранот е Салем, што значи*мир*.[100]Тие сметаат дека е сериозна клетва исламот да се поистоветува со воинствена религија, која заговара света војна или џихад. Целта на џихадот, според нив, е сузбивање на агресијата, тортурата и неправдата, односно сè што води кон законот за одбрана.[101]

[99]Trifunović, D., Stojaković, G., Vracar, M. (2011) *Terorizam I vehabizam*, „Filip Vishnić“, Beograd, стр.55достапно на:file:///C:/Users/user/Downloads/TerorizamiVehabizamknjiga.PDF, [пристапено на 04.11.2020]

[100] Ибид

[101] Ибид

# ГЛАВА II

# ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА ВАХАБИЗМОТ

## 1.Корени на вахабизмот

Вахабиското движење името го добило по верскиот ученик Мухамед ибн Абд Ал-Вахаб (1703–1792), според кого во исламот постоеле само два авторитета: Куранот и Суната, и тоа само во тие облици кои биле чувани, пренесувани и толкувани од првите три генерации на пророкот Мухамед. Голем број теоретичари се согласуваат дека станува збор за конзервативно и пуританско верско движење, кое може да се одреди како фундаменталистичко, бидејќи се стреми за враќање на основно и изворно исламско учење со нескриена нетрпеливост спрема шиитите, суфиите и дервишите.[102]

Мухамед ибн Абд Ал-Вахаб е роден во 1703 година во градот Наџ,[103] Саудиска Арабија, кој имал фундаменталистички пристап кон исламот со доста радикални чекори, спрема сите оние кои не го следеле неговото мислење, односно кон сите кои, според него, му противречеле на исламот.Потекнувал од религиозно и образовано семејство, односно неговиот дедо и татко биле најголемите религиозни познавачи.

Неговиот дедо Сулејман ибн Али (Sulaimaan ibn Ali) бил судија, како и неговиот татко Абдул Вахаб (Abdul Wahhab) кој, вооедно,бил и негов прв учител, бил кадија (судија) во Наџ, кој го водел судот во склад со ханбелискиот мезхеб (една од четирите сунитски правни школи).

Пропагирањето на своите ставови и ширење на овој вид ислам, Мухамед ибн Абд Ал-Вахаб најпрво го започнал во своето родно место, каде што не резултирало со голем успех бидејќи во Наџ преовладувале разни верски погледи за кои сметал дека е залудно да се труди во ширење на неговите ставови околу исламот. Поради тоа се одлучил да му се придружи на неговиот татко во Хурајмил, пред да замине во Хиџаз, со намера да обави хаџ.

Според Ибн Ганам (ibn Ghannam Husain), Ал-Вахаб бил интелегентен и имал силна меморија. Според неговиот опис, Ал-Вахаб не сакал времето да го троши играјќи игри со другите деца; на 10-годишна возраст успеал да го научи и Куранот

---

[102] Потежица, О. (2007) *Вехабије између истине и предрасуда*, ИП „Филип Вишњић", Београд,стр.40

[103] Наџ (арап. نجد, Nağd; досл. висораван) регион кој се наоѓа во Саудиска Арабија. Главен град е Ријад кој е и најголем по површина, види повеќе на https://sr.wikipedia.org/wiki/%D0%9D%D0%B0%D1%9F%D0%B4[пристапено на 27.03.2020 година].

напамет.[104]Со помош на неговиот татко, го проучувал ханбелиското исламско право, а ги проучувал и книгите од областа „tafseer“(коментари од Куранот), хадисите, а особено се интересирал и го проучувал „тавхидот“, т.е. исламскиот монотеизам. Особено бил привлечен од делата на Ибн Тајмијах (Ibn Taimiyyah)[105], кои дела ги проучувал за време на неговиот престој во Медина. Она што било заедничко помеѓу него и Ал-Вахаб било воодушевувањето на полемиката околу христијанството, шиизам, многу суфиски учења и обичаи, како и на мутазилите, што било проблематично трошење на време бидејќи мутазилите одамна не постоеле. Поради интересот на Ал-Вахаб за проучување на делата на Ибн-Тајмијах,се смета дека вахабизмот претставува обнова на неговите дела.Тој посебно пројавил интерес за ставот на Ибн-Тајмијах дека муслиманите можат да обавуваат џихад и со други муслимани чие однесување не е во согласност со шеријатот.[106] Како и да е, постоела и разлика помеѓу нив. Имено, Ибн-Тајмијах не бил во потполност против суфизмот, иако се противел на одредени негови погледи во тоа време, сметајќи ги за погрешни или изопачени. За разлика од него, Ал-Вахаб во целост се противел на суфизмот, неговите корени и гранки. Вахабизмот во суштина е движење без потекло, не само заради тоа што се појавилоод пустиот Наџ,[107] туку и поради недостатокот на претходни упоришта и исламска историја.[108]Изучувајќи ги делата на Ибн-Тајмијах, поминал четири години во Медина, при штое се запознал со многу студенти и познавачи на исламот, каде што фокусот бил на ханбелиското исламско право.

Најпрво учел кај  Ибн Ибрахим, ханбелиски правник и познавач на хадисите, кој бил роден во истата област како и неговиот ученик и бил запознат со начините на коишто се практикувал исламот во Наџ. Во еден од разговорите со Ал-Вахаб, најпрво му покажал полици со книги и му кажал дека ова е „оружјето“ што е потребно за населението во Наџ. И двајцата биле согласни дека муслиманите во Наџ се одалечиле

---

[104]Грижев, А.(2014) *Идеологија на вахабизмот и традиционалното практикување на исламот во Република Македонија*,докторска дисертација, Институт за социолошки и правно-политички истражувања, Скопје,стр.171.

[105]Сириски исламски познавач и теолог, кој се залагал за враќање на исламот кон фундаменталистичките интерпретации на Куранот и суните.

[106] Како, на пример, што биле Монголите кои го прифатиле исламот но не го практикувале, туку се раководеле според законите на Џингис Кан.

[107] Областа Наџ во тоа време била отсечена од други култури и цивилизации, ненаселена пустинска област каде што населението било во постојани расправии околу превласт на таа територија. Во оваа област постоеле племина кои сочинувале повеќе фамилии,а на секое плене постоел шеик кој го водел племето и кој донесувал одлуки и ги казнувал тие што нема да ги почитуваат тие одлуки.

[108]Hamid, A. (2004)*Vehabizam : kritički osvrt*, Kulenović, L., Zagreb:Z.Hasanbegović,стр.15–16

од патот на Пророкот, а Ибн Ибрахим му покажал на Ал-Вахаб дека најсилно оружје против лошото практикување на исламот е вистинското знаење. Подоцна, истиот тој учител го препорачал Ал-Вахаб кај Ал-Синди и токму тој бил човекот кој влијаел во насока кај Ал-Вахаб да се создаде одбивноста и отпорот кон тогашните муслимански обичаи на обожавање на светците и нивните гробови. [109]Мухамет Хајат Ал-Синди бил индиски познавач на хадисите.

После неговиот престој во Медина, Ал-Вахаб заминал за Хурајмил, од каде заминал за Басра каде првпат се сретнал со шиитскиот ислам. Таму, според кажувањето на Усман б.Абдула Б. Бишра, „јавно ги осудувал некои работи кои се однесувале на ширк (al-sirkijat-политеизам) и новотии (al-bida).[110] Неговиот престој во Басра резултирал со неуспех, поради тоа што неможел да го наметне своето видување на исламот на многубројните шиити и сунити, па одлучил да се врати назад за Хурајмил, каде што имало многу ханбелиски ученици.

Во тоа време ја напишал и книгата „Kitab al-Tavhid“ (книга за Божјото единство),[111] која се состоела однеобјаснети хадиси, распоредени во 67 поглавја. Кога починал неговиот татко, Ал-Вахаб решил да го напушти Хурајмил и да се врати во Ујаина(al-Uyainah), бидејќи сметал дека постоеле повеќе услови од оние кои преовладувале пред четиринаесет години, кога бил приморан да го напушти тој град. Лојалност добил и од страна на тамошниот емир Усман Ибн Муамер, која врска била зацврстена и со женидбата на Ал-Вахаб со неговата роднина Ал-Џаухар.Имајќи ја потребната поддршка од страна на емирот, продолжува со своите обиди да придобива што поголем број следбеници и поддржувачи. Најпрво успеал да го убеди да го уништи гробот на Ал-Катаб(Zayd ibn al-Khattab), еден од придружниците на пророкот Мухамед, бидејќи гробот бил обожаван од населението. Со добивањето на политичка поддршка, односно заштита од страна на емирот, продолжил со своите активности во насока на исправување на кривоверството кај населението. Неговата сила и моќ посебно се зголемиле после каменувањето на една жена која извршила прељуба, практика која во тоа време не се применувала.

---

[109]Грижев, А.(2014) *Идеологија на вахабизмот и традиционалното практикување на исламот во Република Македонија*,докторска дисертација, Институт за социолошки и правно-политички истражувања, Скопје, стр.72
[110]Hamid, A. (2004)*Vehabizam : kritički osvrt*, Kulenović, L., Zagreb:Z.Hasanbegović,стр.17
[111] Според Исмаил Раџ ал-Фарук (еден од главните промотори на вахабизмот во Северна Америка), оваа книга изгледала како студентски забелешки. Види повеќе:Ибид

Меѓутоа, со ваквите постапки Ал-Вахаб бил посебно презиран од страна на друг емир, кој го притиснал Усман Муамер да го истера или да го убие. Поради тоа Ал-Вахаб бил принуден да ја напушти Ујаина и да замине за Дирија (al-Diriyyah)[112], каде нашол поддршка од племенскиот водач Ибн Сауд (ibn Saud).

На следниот шематски приказ бр.1можеме да ја видиме претставата, односно начинот на којшто Ал-Вахаб ја ширел идеологијата на исламот, со што сметал дека постои еден циклус по кој треба да се движи секој „вистински муслиман", а притоа да ги одбегне сите неправилни постапки кои би го оттргнале од тој пат.

Вистината се состоела од избегнувањето на „ширкот" и „тагудот", кој како поими се објаснети во сликата („непријатели на исламот"), бидејќи сето тоа може да резултира со прекршување на принципот на „тавхид", со што муслиманот ќе го погреши правилниот пат и ќе се приклучи на политеизмот, кој Ал-Вахаб го сметал за грев. Според него, доколку муслиманот не се придржува кон монотеизмот, односно не го прифаќа „единството на Бога", тој мора да се казни.

На приказот е илустриран овој правец на непридржување на монотеизмот, со што се заклучува дека :

1. Огромно мнозинство муслимани од Саудиска Арабија, како и муслимани од целиот свет, се вклучиле во состојба на „ширк", односно неверување во монотеизам.

2.Доколку муслиманското општество не го напушти неговиот пат и не се приклучи на вахабистичко-салафистичкиот сојуз, му се одзема правото на живот и имот.

[112] Денешен Северозападен дел на Ријад, главниот град на Саудиска Арабија.

**Шема бр.1** Идикативно расудување на Мухамед Ибн Абд Ал-Вахаб[113]




[113]Извор: https://repository.library.northeastern.edu/downloads/neu:m041r199t, [пристапено на 02.02.2021] (прилагодено за потребите на трудот)

## 2. Вахабизмот и Саудиска Арабија

Потеклото на вахабизмот од Саудиска Арабија ја потврдува нивната заедничка врска, стара три векови. Постојат голем број трудови од странски автори кои ја потврдуваат нивната врска, меѓу кои е и д-р Адил Рашед, кој го нагласува нивниот „религиозно-политички брак“[114], што продолжува да ја оформува муслиманската и светската историја и да прикаже многу посакувана и непредвидлива иднина.

Мухамед бин Сауд го поканил Мухамед ибн Абд ал-Вахаб во Диријах и му понудил заштита. Во 1744 година бил потпишан значаен историски пакт помеѓу двете страни, во кој било нагласено:

„Мухамед бин Сауд го поздрави Мухамед Ибн Абд ал-Вахаб и рече: 'Ова е вашата оаза, не плашете се од вашите непријатели. Со името Божјо, ако целиот Наџ беше повикан да ве исфрли, ние никогаш нема да се согласиме да ве протераме. Сакам да ми дадете заклетва дека ќе извршите џихад против неверниците. За возврат ќе бидете имам, водач на муслиманската заедница и јас ќе бидам водач во религиозни прашања.' “[115]




**Слика бр.4 Местоположбата на градот Наџ**[116]

[114] Rasheed, A.(2018)*Wahhabism and Saudi Arabia: A FRAYED SYMBIOSIS*,LinkedIn, Достапно на : https://www.linkedin.com/pulse/wahhabism-saudi-arabia-frayed-symbiosis-adil-rasheed-phd, , [пристапено на 04.03.2020]

[115]Ибид

116 Извор:https://www.linkedin.com/pulse/wahhabism-saudi-arabia-frayed-symbiosis-adil-rasheed-phd, [пристапено на 02.02.2020]

Овој период во историјата на вахабизмот се смета како пресуден, бидејќи Ал-Вахаб добил политичка поддршка за ширење на своите ставови на Арапскиот Полуостров и со тоа се развил еден од најконтраверзните правци во исламот. Мухамед ибн Сауд го добил долгоочекуваното верско зацврстување на својата политика, на основа на која ќе гоутврдисвоето влијание и владеење во Наџ.[117]Додека вахабизмот напредувал под политичката заштита на саудиските владетели, неговиот акцент на џихадот го обезбедил идеолошкиот поттик за започнување на освојувањето на Арабија. Всушност, во семејствата на Мухамед ибн ин Сауд и Мухамед Ибн Абд ал-Вахаб се случиле многу венчавки низ годините.Во денешна Саудиска Арабија министерот за исламски работи секогаш мора да биде потомок на Ибн Абд ал-Вахаб, популарно познат како од Ал Аш – семејството Шеик. Нивниот договор најпрво бил зацврстен со бракот помеѓу ќерката на Ал-Вахаб и синот на Мухамед ибн Сауд, чии потомци подоцна станале владетели на целиот Арапски Полуостров. И денес овие две фамилии ја делат васта во Саудиска Арабија, на начин што директните потомци на Ал-Вахаб се одговорни за верата и од нив произлегуваат најголемите верски авторитети во Саудиска Арабија, додека директните потомци на Мухамед ибн-Сауд сеодговорни за управување со државата.

Преку своите привrзаници и следбеници Ал-Вахаб успеал да го шири исламот, концентрирајќи се на учењето во џамиите. Населението сѐ повеќе почнало да го поддржуваисламот, односно Куранот и хадисите и со тоа да го прифаќа монотеизмот – tawheed-от, со цел муслиманите да го следат божјиот пат и да се насочат кон создавањенова држава. Користејќи ја новосоздадената ситуација, односно придобивајќи го Абдул Вахаб и неговата идеологија, Мухамед ибн Сауд и неговите потомци успеале да ја наметнат својата сила и моќ во Наџ, да ја освојат Мека и Медина и со оваа идеологија успеале да изградат свој легитимитет и своја династија и држави.

Како нови верски правила во создадената династија, биле усвоени следните:

*– Сите предмети на обожавање, освен Алах, се лажни.*

*– Во молитва е забрането да се повикуваат светци, ангели и Пророкот Мухамед,што се смета за полигамија.*

*– Забрането е да се заветува пред друго битие освен пред Алах.*

[117]Васовић, Р. И. (2017) *Вехабизам као пријетња регионалној безбедности Балкана*, докторска дисертација, Универзитет у Београду, Факултет безбедности, стр. 61

*– Неверник е секој што одрекува дека сѐнастанува по волјата и замислата на Алах.*

*– Неверник е секој што применува знаење кое не е засн33овано на Куранот, Суната и шеријатските закони* и сл.[118]

Мухамед Сауд, владетелот на династијата, успеал да воведе правила кои се применуваат и ден денес, односно сите припадници на династијата ги уважуваат како изворни исламски принципи Куранот и шеријатот. После неговата смрт и неговите наследници се бореле за истите принципи, односно создавање на калифат – една држава во која ќе владее само исламскиот закон. Првиот престолонаследник на Сауд, неговиот син Абдул Азиз ибн Мухамед ибн Сауд, својата власт успеал да ја прошири и на територијата на Наџ. Ширењето на вахабистичкото учење продолжува да се шири и на други територии и од страна на следните наследници на династијата кои успеваат да ја освојат Мека и Медина, кои биле исламски градови под закрила на Отоманската Империја. Во 1812 година повторно Османлиите успеале да ги добијат во превласт овие две територии, сѐ до 1925 година, кога ги изгубиле.

Како што може да се забележи, вахабизмот, во склад со својата верско-политичка суштина, во првите децении од своето постоење, крајот на XVIII век, се манифестира и како специфично ослободително движење, бидејќи на Арапскиот Полуостров тогаш е започната борба против османлиските власти.[119]

Покрај во Саудиска Арабија, вахабизмот постанал официјална религија и во Катар, каде што од 1868 година на власт се наоѓала династијата Ал Тани, која потекнувала од кланот Ал Мадид, племето Бани Тамин на кое и Пророкот му припаѓал.[120]

### 2.1 Вахабизмот и Саудиска Арабија од сегашна перспектива

Вахабизмот сѐ уште е многу популарен поим, односно прокламирана идеологија во Саудиска Арабија, но не е официјална идеологија, односно официјална религија. Официјалните документи на кралството го прокламираат исламот, без да навлегуваат во детали на вахабистичката идеологија и да ја следат стриктно како во минатото.

---

[118]Васовић, Р. И. (2017) *Вехабизам као пријетња регионалној безбедности Балкана*, докторска дисертација, Универзитет у Београду, Факултет безбедности, стр.62

[119] Потежица.О. (2007) *Вехабије између истине и предрасуда*, ИП „Филип Вишњић“, Београд, стр.88–89

[120]Васовић, Р. И. (2017) *Вехабизам као пријетња регионалној безбедности Балкана*, докторска дисертација, Универзитет у Београду, Факултет безбедности, стр. 64

Денес постојат две спротивни мислења за улогата на Саудијците во употребата на вахабизмот, како моќно идеолошко оружје дизајнирано да му помогне на Ријад да ги реализира своите регионални и глобални стратешки планови. Некои експерти сметаат дека Саудиска Арабија нема никаква врска со радикализмот и екстремизмот на вахабистите. Според нив, денешниот вахабизам нема врска со поранешниот „екцесен“ вахабизам од раниот период којшто бил прокламиран.[121]

Како што одминувало времето, клучните предлози на вахабистите не биле прифатени од страна на државниот врв, односно нивното право на глас, со текот на времето, го губело значењето. Идејата за монотеизмот и идејата за такфирот: борбата против неверниците во исламот, повеќе не е актуелна. Самата потреба кон приклучување кон светската економија и поинтензивната соработка со светот, ја наложи ваквата промена.

Новата исламска доктрина на државата повеќе не одговара на минатиот вахабизм, дури во многу аспекти е спротивна и е во спротивност со нејзината историска практика. Во 90-тите години Саудиска Арабија решително ги отфрли обидите на муслиманските екстремисти да го користат исламот за да ги прикријат терористичките и себичните политички цели, кои немаат никаква врска со религијата. Ова беше една од најважните тези на исламската доктрина на Кралството.[122]

---

[121]Dobaev,I.: *Radical wahhabism as an extremist religious-political ideology*, CA&C, Press AB, Publishing House (Sweden), достапно на:https://www.ca-c.org/journal/2002/journal_eng/cac-04/17.doben.shtml, [пристапено на 03.12.2020]

[122]Како една од најбогатите земји во светот Саудиска Арабија раскошно ги финансира своите надворешно-политички цели - таа бара посилна позиција како лидер на муслиманскиот свет, но не оди подалеку од ова. Министерството за ислам, вера и ориентација има важна улога; бројни меѓународни исламски организации, најголемиот дел од нив ги основа Саудиска Арабија и функционираат користејќи ги нејзините пари, работат на постигнување на истата цел. Тие се Организација на исламската конференција со 54 члена, Исламската банка за развој 25% од чиј капитал потекнуваше од Саудиска Арабија; муслиманската светска лига која го шири исламот и го поддржува исламското образование; Светскиот врховен совет за џамии при Муслиманската светска лига; фондот за исламска солидарност дизајниран да прошири материјална и религиозно-политичка поддршка на муслиманските малцинства во странство; меѓународната исламска организација за спас основана да им помага на сите муслимани низ целиот свет. Финансиран е од муслиманскиот данок (закијат) собран на различни места, вклучувајќи ги и средствата на Министерството за исламски работи на Саудиска Арабија, Муслиманската младинска лига итн.
Министерството за исламски работи формираше околу 25 саудиски исламски центри во странство (еден од нив во Москва), испрати неколку илјади проповедници во околу 90 земји во светот. Саудиска Арабија придонесе за 1,5 илјади џамии изградени во странство и редовно финансира 20 исламски институти за високо образование. Во последните десет години Саудиска Арабија дистрибуираше околу 1 милион примероци од религиозни публикации; секоја година 300 до 400 странци дипломираат од нејзините исламски колеџи. (Види повеќе: Ибид),

Саудиска Арабија води активна надворешна политика; исто така ја користи својата единствена позиција во исламскиот свет за да ги зајакне своите геополитички позиции, но сепак не поддржува, како држава, верски радикализам и екстремизам внатре, во земјата или надвор од неа.[123]

Нивните противници ја обвинуваат земјата за извезување на идеологијата и практиката на агресивен вахабизам.Тие се загрижени за желбата на саудиските екстремистички кругови да ги искористат државните канали, исламските фондови и приватните структури за ширење радикални вахабистички постулати (веќе не се популарни во земјата) низ целиот свет и за верски и етнички судири во различни земји и региони. Постојат и невладини организации од религиозно-политичка пристрасност, кои се поддржани и финансирани од државата, преку фондовите и специјалните служби што можат да се користат за истата намена. Тие се инструменти што Саудиска Арабија ги користи за искористување на вахабистичката доктрина за да се постигнат дефинитивни цели, што се косат со националните интереси на другите земји.

Почнувајќи од 1970-тите, вахабизмот е намерно и активно промовиран надвор од Саудиска Арабија. Процесот може да се подели во три фази.[124] „На почетокот вахабизмот од 1970-тите и 1980-тите години беше прифатен како идеологија од бројни антивладини екстремистички групи во арапските земји. Во 80-тите и 90-тите години на минатиот век, активно се користеше за организирање џихад против „неверничката" влада во Кабул и советските трупи во Авганистан. Во тоа време тоа беше прифатено како идеологија од страна на ’арапските Авганистанци‘ и ’Авганистанците од втората генерација‘ (екстремисти од сите националности кои беа обучени во вахабистичките логори на територииите на Авганистан контролирани од Талибанците). Почнувајќи од 90-тите, вахабистите се стремат кон поранешните советски републики, вклучувајќи ја Русија и Југоисточна и Западна Европа, Америка, Австралија и Африка. Денес мрежата на вахабистички (салафи) групи се прошири во земјите од светот".

Со оглед на ова, и двете мислења (за вмешаноста или неинволвираноста на Саудиска Арабија во ширењето на идеологијата и практиките на радикалниот вахабизам) имаат свои причини и внатрешна логика. Во исто време, вистината лежи помеѓу два екстремни гледишта: како и секоја друга вахабистичка држава, Саудиска

---

[123]Ибид
[124]Ибид

Арабија не може да биде обвинета за извоз на верски екстремизам и тероризам бидејќи нема цврсти докази за тоа.[125]

„Саудиска Арабија многугo искористи своето нафтено богатство, за да се шири на глобално ниво вахабистичката идеологија. Приходите од нафтата ѝ помогнаа на Саудиска Арабија да вложува, односно да финансира во верски училишта, џамии кои се шират низ целиот свет. Стејт Департментот на САД верува дека Саудиска Арабија инвестирала повеќе од 10 милијарди долари во добротворни организации, кои шират вахабистичка доктрина. Не е изненадувачки, со оглед на нивните сличности во идеологијата, 15 – 29% од овие 10 милијарди долари се проценува дека биле пренасочени кон насилни џихадистички групи, како што е Ал-Каеда.“[126] Покрај тоа конзервативни саудиски граѓани одвојуваате значителни финансиски средства и за ИСИС.[127]

## 3. Идеологија на вахабизмот

Вахабистичкото движење, кое се здружува со сунитскиот ислам, е основано од Мухамед ибн Абд Ал-Вахаб, но повеќето од неговите доктринарни верувања се изведени од учењата на контроверзниот теолог Ибн Тајмијах (1263 – 1328). Неговиот основен акцент е ставен на исламскиот напис на верата, познат како „тавхид“ (единственост на Бога) и е остро спротивставуван на „ширк“ (обожавање или обожавање на нешто друго освен еден Бог, т.е. Алах).

Вахабизмот, според британската енциклопедија може да се окарактеризира како религиозно движење. Неговиот основач, Мухамед ибн Абд Ал-Вахаб имал за цел сите примеси и новини од исламот да ги прочисти, и да ги наведи муслиманите да веруваат во единственоста и хармонијата на Бог.

Според голем број автори, основна карактеристика на вахабистичката идеологија е нормативната доследност којашто ја истакнува експанзијата и обединетоста во името на исламот, како реакција на разединетоста што била карактеристична за Арапскиот Полуостров.Уште повеќе, поради правото да се владее и според правилата по коишто Ал-Вахаб го толкува исламот, спротивставувањето на вахабистичкото владеење е

[125] Ибид
[126]*SAUDI ARABIA AND WAHHABISM,* CPJME,Factsheet series No, 201, Created: June 2011, Canadians for Justice and Peace in the Middle Eas,достапно на : https://d3n8a8pro7vhmx.cloudfront.net/cjpme/pages/2255/attachments/original/1472227881/201-En-Saudi_Arabia_and_Wahhabism_v5.pdf?1472227881, [Пристапено на 12.10.2020].
[127] Ибид.

нелигитимно; на овој начин ѝ се овозможува на династијата Ал-Сауд, како врв на вахабистичкото движење во негово време, да има ексклузивно право на владеење.[128]

Всушност, Ибн Абд Ал-Вахаб (основачот на вахабизмот) верувал дека муслиманите кои не се согласуваат со неговото екстремно објаснување за монотеизмот, не само што се неверници, туку воопшто не се муслимани. Како и Ибн-Таимјах, тој повикувал на вооружен џихад и колеж на муслиманите кои не ја следат неговата дефиниција за „тавхид".Така, шиитите биле сметани надвор од исламот од страна на Ибн-Абд Ал-Вахаб, затоа што тој верувал дека шиитското верување за „непогрешливоста на имамите" е „ширк". Во својата книга „Китаб ал-Тавхид",[129] Ибн Абд Ал-Вахаб ги сметал шиитите за непријатели на исламот, заедно со Евреите и христијаните како неверници и обожаватели на ѓаволи.

Вахабизмот се спротивставува на суфиските училишта за мистика и неговите практики. Ибн Абд Ал-Вахаб се спротивставил на „тавасул" (молитва, иако интервенирање како што го практикуваат суфис) врз основа на тоа дека тужителот треба да му се јави на Бога директно во молбата и не треба да користи никаков посредник (жив или мртов светец или пророк), како што е тоа исто како да ги здружувате партнерите со божественото, што е непостојано (непостојан грев на отпадништво, казнуван со смрт).[130]На овој начин, вахабизмот станал смртен непријател на суфизмот.

Ибн Ал Вахаб осудил широк спектар практики: изградба на мазволеи и едноставни гробни маркери кои се издигаат повеќе од неколку метри од земја; посета на светилиштата на светците или имамите; изработка или прикажување слики од животни, луѓе или ангели во форма на скулптури; базени со рејлефи, слики или цртежи и правење или носење талисмани кои се популарни во многу исламски култури.[131]Тој, исто така , го осудил донесувањето на кој било закон што не е закон на Бога, како што го научил пророкот Мухамед, каков бил знак на непочитување кон исламот или Мухамед; помагање на немуслиманите против муслиманите. За да се искорени

---

[128]Грижев, А.(2014) *Идеологија на вахабизмот и традиционалното практикување на исламот во Република Македонија*,докторска дисертација, Институт за социолошки и правно-политички истражувања, Скопје,стр.88.
[129]Достапно на: https://www.linkedin.com/pulse/wahhabism-saudi-arabia-frayed-symbiosis-adil-rasheed-phd, [пристапено на 23.04.2020]
[130] Ибид
[131] Ибид

апостазијата, тој инсистира на тоа дека е потребно да се отстранат гробниците, светилиштатаи уметничките дела, заедно со отпадниците кои ги ценат.[132]

Покрај тоа, Ибн Абд Ал-Вахаб ја отфрлил доктрината за „таклид“ во сунитското право, што значи усогласеност на кое било од четирите правни училишта на сунитскиот ислам (Ханафи, Шафаи, Малаки и Ханбали). Наместо тоа, тој ги повикал своите следбеници да се вратат на Куранот (светата книга на исламот), Хадисите (говори и однесување на Пророкот Мухамед) и дејствијата на првите три генерации муслимани (салафи) при употреба на „иџихад“ ( независно расудување).[133] И покрај ова тврдење, вахабизмот останува тесно поврзан со школата Ханбали на сунитскиот ислам по правните прашања. [134]

Суровиот третман кон жените, нивните безмилосни пресуди и казнувања, нивната поддршка за династично владеење, нивната поддршка за империјалистичкиот Запад и во исто време нивното одбивање да прифатат модерно просветлување, се причина за многу критики не само од немуслиманите, туку и од многумина муслимански историчари.[135] Но, најголемата критика изразена против вахабизмот е асоцијацијата на повеќето сунитски милитанти и терористички групи со оваа идеологија, вклучувајќи ги Ал-Каеда, т.н. Исламска Држава, Ал-Шабаб, Ансар Дине и Боко Харам.

Тврдењето дека вахабистичката доктрина следи „буквално читање“ на Куранот е погрешно.[136] Нема ништо во Куранот што ги насочува верниците да ги срамнат гробовите, да уништуваат слики на животни и луѓе. Вахабистичката доктрина издвојува специфични стихови на Куранот и извлекува теолошки заклучоци од тие стихови. И неговите најразлични учења не се темелат на Куранот, туку врз селекциите од огромниот корпус изреки и дела кои му се припишуваат на Мухамед.[137]Вистинскиотвахабист треба да ги мрази сите оние за кои другите членови веруваат дека се „неверници“, „многубошци“ и „лицемери“. Секој вахабист треба да го потврди своето непријателствокон неговите идеолошки ривали со практични дела.

---

[132]Sells, M. (2016) *Wahhabist Ideology: What It Is And Why It's A Problem*,HUFFPOST,достапно на:https://www.huffpost.com/entry/wahhabist-ideology-what-it-is-and-why-its-a-problem_b_585991fce4b014e7c72ed86e, ,[ пристапено на 05.03.2020].

[133]Достапно на :https://www.linkedin.com/pulse/wahhabism-saudi-arabia-frayed-symbiosis-adil-rasheed-phd

[134] Ибид

[135] Ибид

[136] Ибид

[137] Ибид

За време на „Арапската студена војна“, што избувна во 1960-тите, саудиските владетели почнаа да ги трансформираат вахабистичките учења во милитантна пан-исламска идеологија. Саудиското кралство се чувствувало загрозено од секуларистичкиот национализам олицетворен од Египет на Насер и од либералните, социјалистички и марксистички текови во арапските и исламските општества. Со поддршка на Соединетите држави, Велика Британија и другите западни нации, Саудиска Арабија влезе во војна против левичарските режими и разви глобализирана вахабистичка идеологија како одговор на идеологиите на „Студената војна на комунизмот и либералната демократија“. Саудиските владетели и свештеници, исто така, пронајдоа заедничка кауза со исламистичките идеолози како Мавлана Маудуди во Јужна Азија и круговите на Муслиманското братство, поврзани со водачот на Египетското братство, Сајид Кутб. По егзекуцијата на Кутб во Египет, Саудиска Арабија обезбеди азил на Мухамед Кутб, братот на Сеид и другите радикализирани членови на Братството и им обезбеди на некои универзитетски позиции и сѐ пософистицирана глобална платформа.

Надвор од директните закани со смрт и прогонство, ширењето на вахабистичката идеологија служи за маргинализација или замолчување на муслиманите, кои не се согласуваат со тоа. Таа идеологија функционира во голем број надвор од финансирањето на џамиите од Саудиска Арабија и Кувајт.[138]

1) „Десетици милиони занаетчии, инженери, медицински професионалци и други лица со технички вештини, доаѓаат во нациите богати со нафта во Заливот, кои честопати престојуваат со години или децении и се враќаат во нивните матични земји со нов економски статус.

2) Саудиска Арабија им нуди стипендии на млади муслимани во светот, на кои им недостасува образовна можност во нивните матични земји да го проучуваат исламот во Царството. Ним им се обезбедени дарежливи стипендии, што им овозможуваат да живеат добро и да останат со години, пред да се вратат дома за да служат како верски учители или имами.

[138] Sells, M.(2016)Wahhabist Ideology: *What It Is And Why It’s A Problem*, HUFFPOST,Достапно на:https://www.huffpost.com/entry/wahhabist-ideology-what-it-is-and-why-its-a-problem_b_585991fce4b014e7c72ed86e, [пристапено на 05.03.2020].

3) Многумина што доаѓаат во Мека и Медина на аџилак, остануваат да студираат во светите градови. Поточно, Исламскиот универзитет во Медина стана една од доминантните верски институции во сунитскиот ислам.

4) Саудиската држава и богатите поединци во Заливот одржуваат или финансираат софистицирани публикации и мрежни медиуми, посветени на ширењето на вахабистичките доктрини и идеологија.

5) Трговските и финансиските мрежи на Арапскиот Залив играат моќна улога ширум светот и особено на Блискиот Исток; оние на кои им е потребно финансирање за мал или голем бизнис, може да откријат дека нивните шанси се зголемуваат ако усвојуваат и прогласуваат одредени културни и религиски норми."[139]

Можеме да видиме дека во идеолошката сфера радикалните вахабисти се водат според теоретските предлози на Ал-Вахаб и неговите следбеници, крунисани со неговата верност и непријателство. На практично ниво тие практикуваат џихад, тесно разбран како војна против сите за триумф на нивните идеали.

Овој вид џихад е вооружена борба против сите оние кои се мешаат во ширењето на учењето за вахабизам и неговата монополска доминација. Целта на таквиот џихад е борба против сите „непријатели на исламот" (неверниците, отпадниците и лицемерите). Радикалните вахабисти гледаат на мирот како на наметната воздржаност од џихад, како форма на вооружена борба.

Верските радикали решително одбиваат да го признаат својот џихад, како политички екстремизам и тероризам. На овој начин, бројните терористички акти на исламистите на повеќе места, кои тие ги толкуваат како „света војна", создадоа нова ситуација во светот што не може да се толерира.

Во следната табела е претставен вахабизмот како идеологија и политички систем, односно поединечно разбирање на вахабизмот како идеологија, од една страна и како политички систем, од друга страна,сѐ со цел да се осознае идеологијата како посебна каракактеристика.

[139]Ибид

**Табела бр.1 Вахабизмот како идеологија и политички систем**

| ИДЕОЛОГИЈА | ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ |
|---|---|
| Верување во муслимани наспроти неверство. Ова верување ги раздвојува сите форми на исламот од вахабистичката верзија на исламот. | Џамијата работи како социо-политичка правна и образовна институција. Вахабистичките правила, прописи и законодавство се спроведува со заедницата со водечките исламски фигури кои служат како политички авторитети. |
| Вербата во рајот наспроти Земјата и борбата да се разделиме себеси од земни претстави на сите видови. (Ова верување е често тестирано со жртвување материјални и човечки потреби, демонстрирајќи придржување на членот до заедницата). | Централен дистрибутивен систем со кој одданочувањето и добротворните цели да се обезбедат за вахабистичката заедница.Оданочувањето и добротвотноста потекнува од мрежа на корпоративна, индивидуална, како и владини и невладини организации за објавување на вахабизмот на глобално ниво.Средствата се пренесуваат електронски, преку гласници и се дистрибуираат меѓу заедницата на верниците. |
| Верување во користењето божји имиња/светост во секојдневниот живот. | Збир на институции или џамии кои ја препознаваат Мека како територијален симбол на отстранување на земните задоволства и небесното царство. Мека претставува виртуелна територија, како куќа на врховен исламски верски авторитет –Алах. |
| Верувањето дека власта само почива во Бога и верувањето на муслиманите во Бог. | Повеќе лидери, според Прокси. Еден легитимен лидер претставен во Алах или Бог.Полномошниците владеат според словото Божјо или Алах, како што е напишано во Куранот и традициите (хадисот). |

*Извор:file:///C:/Users/user/Desktop/Saudi%20Arabia%20And%20Expansionist%20Wahhabism.pdf,*

## 3.1Радикалната идеологија на вахабизмот надвор од Саудиска Арабија

Интересот за вахабизмот, како радикална исламистичко движење и пропагирањето на таквата идеологија со радикални постулати, е зголемен посебно после терористичките напади од 11 септември 2001 година. Иако исламскиот ектремизам и неговата идеологија не се нов феномен, сè до средината на XVIII век, кога беше институционализирана, кога Ал-Сауд го прифати учењето на Ал-Вахабкако државна идеологија. Денес, според Алексиев, вахабистичката идеологија, со своите доктринарни убедувања и практики, се карактеризира како премногу непријателска кон вредностите и интересите на мнозинството муслимани (особено кон суфизмот и шиизмот) и кон немуслиманите.[140]Вахабистите продолжуваат да пропагираатнасилство

[140]Grizev A., Blazhevski., (2014) *KNOWLEDGE ABOUT THE CONTEMPORARY WAHHABISM – FACTS ABOUT ITS INFLUENCE* достапно на :file:///C:/Users/user/Downloads/KnowledgeAbouttheContemporaryWahhabism-FactsAboutitsInfluence.pdf, [пристапено на 02.03.2021], in:Alexiev, A. (2003): Wahhabism: State-sponsored extremism worldwide.

и Џихад, како столб на исламските вредности; крут конфромизам на религиозната практика; институционално угнетување на жените и целосно отфрлање на модерноста, секуларизмот и демократијата. Според него, не е претерување доколку се каже дека вахабизмот стана прототип на идеологијата на многу екстремистички и терористички групи, дури и за оние кои ја презираат династијата Ал-Сауд.[141] Според Шварц, вахабизмот, заедно со пакистанските исламисти (Исламско општество и Џамати-и-исламисти) се главен извор на исламското ектремистичко насилство во светот денес.[142]

Ширењето на вахабизмот надвор од Саудиска Арабија е во постојан пораст, посебно во земјите каде преовладува муслиманско население. Целта на современиот вахабизам е ширењето на оваа идеологија во места каде што може да се воспостави единствено владеење на шеријатот. За таа цел саудиската влада троши десетици милијарди долари низ исламскиот свет за промовирање на вахабистичката идеологија.

Според Шварц, вахабизмот е многу влијателен во Катар, Кувајт, Обединетите Арапски Емирати и има многу поддржувачи во Јемен.[143] Вахабизмот, според него, надвор од Саудиска Арабија, генерално, не е многу популарен, но се појавува секаде каде што постои криза, односно истиот наведува дека Хамас во Израел претставува чист вахабизам, форма на вахабистичка идеологија (нео-вахабизам) има во Египет (Муслиманско братство) и во Пакистан (Џемат ал-ислам) .[144]Вахабизмот успева да се инфилтрира и во Чеченија, Кашмир, Нигерија, Узбекистан, Филипини и Индонезија. Повеќето од светските вахабисти се Катар, Саудиска Арабија и Обединетите Арапски Емирати. Во Саудиска Арабија 22,9% од населението ѝ припаѓа на вахабистичката популација (концентрирани во Наџ), 46,87% вахабисти има Катар и 44,8% од населението во Емиратите се вахабисти.[145]

Присуството на вахабистичката идеологија е забележано и во Франција и Велика Британија. Имено, во едно истражување од 2007 година, резултатите покажале дека во една четвртина од вахабистичката литература се наоѓа во џамиите во Велика

---

Testimony in front of the U.S. Senate subcommittee on terrorism, technology and homeland security. June 26, 2003, p.3

[141] Ибид

[142]Grizev A., Blazhevski., *KNOWLEDGE ABOUT THE CONTEMPORARY WAHHABISM – FACTS ABOUT ITS INFLUENCE*, достапно на :file:///C:/Users/user/Downloads/KnowledgeAbouttheContemporaryWahhabism-FactsAboutitsInfluence.pdf, [пристапено на 02.03.2021], in:Stephen Schwartz on Wahhabism on National Review Online

[143] Ибид

[144] Ибид

[145]Достапно на:http://en.wikipedia.org/wiki/Wahhabi_Islam, [пристапено на 06.04.2021]

Британија.[146]Во истата литература, која била на англиски јазик, а наменета за младите Британци, било пишувано против хомесексуалците кои требало да бидат каменувани, запалени или фрлени со цел да бидат мртви. Дополнително, на ова мажите требало да ги тепаат своите жени кои не го почитувале кодексот на облекување, како и децата постари од 10 години кои не ги вршеле верските обреди и молитви.[147]

Том Вилсон, соработник во Центарот за одговор на радикализацијата и тероризмот во општеството, во неговиот разузнавачки извештај во Велика Британија, укажува дека поединци и фондации од Саудиска Арабија биле вклучени во извозот на нелиберална, фанатизирана вахабистичка идеологија.[148] Во 2007 година бројот на џамиите во Велика Британија, кои биле поврзани со вахабизам, изнесува 68, додека во 2015 година тој број се искачил на 110, додека бројот на приврзаници бил околу 44.994 членови. Во неговиот извештај се тврди дека саудиските добротворни исламски групи имаат тенденција да ја финансираат вахабистичката идеологија во Велика Британија.[149] Во самиот извештај е наведено дека група млади Британци, кои ја посетувале џамијата Ал-Манар, е поврзана со Ал-Мутанда, биле радикализирани и заминати на воените боишта во Сирија.[150]

Во Австралија странското финансирање на џамиите е забрането, додека во Франција постои привремена забрана.

Во Америка, според податоците од 2001 година, се наоѓаат 1.300 џамии, од кои, според проценката на американските експерти, 80% се финансираат со пари од Саудиска Арабија, што значи дека во блиска иднина вахабистичката идеологија ќе се пропагира во секоја џамија.[151]

---

[146]Grizev A., Blazhevski., (2014) *KNOWLEDGE ABOUT THE CONTEMPORARY WAHHABISM – FACTS ABOUT ITS INFLUENCE*, достапно на :file:///C:/Users/user/Downloads/KnowledgeAbouttheContemporaryWahhabism-FactsAboutitsInfluence.pdf, [пристапено на 02.03.2021], in:Vallely, P. (2007): Wahhabism: A deadly scripture. The Independent, 01.11.2007. Available at: http://www.independent.co.uk/news/uk/home-news/wahhabism-a-deadly-scripture-398516.html

[147] Ибид

[148]„*Saudi Arabia largest funder of extremism in UK, report finds*(2017), The Irish times, достапно на:https://www.irishtimes.com/news/world/uk/saudi-arabia-largest-funder-of-extremism-in-uk-report-finds-1.3144020, [пристапено на 06.03.2021]

[149] Ибид

[150] Ибид

[151]Trifunović, D., Stojaković, G., Vracar, M. (2011) *Terorizam I vehabizam*, „Filip Vishnić“, Beograd, стр.131,достапно на:file:///C:/Users/user/Downloads/TerorizamiVehabizamknjiga.PDF, [пристапено на 04.11.2020]

Саудијците директно финансираат терористички активности во Пакистан, Чеченија,Авганистан, Филипини, Индонезија, Босна и повеќето од големите саудиски фондации се вклучени во горенаведеното.[152]

Една од приоритетите на вахабистичката идеологија е ширење на муслиманската заедница во западните немуслимански општества. Се финансира изградба на џамии каде ќе се пропагира вахабистичката идеологија, исламски центри и образовни институции. Во таквите финансирани џамии се носат радикални имами кои проповедаат радикални предавања, посебно ги истакнуваат нивните ектремистички ставови за време на петочните молитви, со што дополнително ги радикализираат муслиманите. Одредени муслимани кои ќе се покажат како перспективни, за понатамошна индоктринација се испраќаат на студирањево Саудиска Арабија, по што се враќаат во матичната земја како вахабистички мисионери за ширење на таквата идеологија.

Во јули 2013 година Европскиот парламент го идентификуваше вахабистичкото движење како главен извор на глобалниот тероризам и закана за традиционалните и разновидни муслимански култури на целиот свет.[153]Според извештајот на Европскиот парламент, ниедна држава не е безбедна од делувањето на вахабистите бидејќи секогаш тие имаат за цел да ги тероризираат противниците за да предизвикаат воодушевување кај нивните приврзаници.

## 4.Современа вахабистичка идеологија (нео-вахабизам)

Во силен контраст со оригиналното вахабистичко движење, кое беше насочено исклучиво против муслиманите, новата вахабистичка идеологија предупредува дека исламот е под смртна закана не само од неверниците, туку од христијаните, Евреите и атеистите, кои наводно се залагаат да навлезат во исламот со нови идеи и со тоа да го уништат однатре.

Новата вахабистичка идеологија (нео-вахабизам), со нејзините доктринални верувања и практики, се залага за проширување на нејзината индоктринација надвор од

---

[152]Grizev A., Blazhevski., (2014) *KNOWLEDGE ABOUT THE CONTEMPORARY WAHHABISM – FACTS ABOUT ITS INFLUENCE,* достапно на :file:///C:/Users/user/Downloads/KnowledgeAbouttheContemporaryWahhabism-FactsAboutitsInfluence.pdf, [пристапено на 02.03.2021], in:Alexiev, A. (2003): Wahhabism: State-sponsored extremism worldwide. Testimony in front of the U.S. Senate subcommittee on terrorism, technology and homeland security. June 26, 2003, p.5

[153] Ибид

границите на Саудиска Арабија. Во Саудиска Арабија, во последните децении, е забележано сѐ поголемо нетолерирање на вахабистичката идеологија преку нејзината социјална манифестација(религиозната полиција, забрана за возење на жени), односно нетолеранција слепо да се имитираат Ал-Вахаб и Ибн-Таимија. Поради тоа саудиската Влада во последните години, поради огромните критики, пристапува кон социјални и религиозни реформи.[154]

Проблемите настанале уште во 1979 година, кога Кралството Саудиска Арабија открила дека нејзиното промовирање на вахабистичката идеологија може да предизвика проблеми дома. Во 1979 година група религиозни студенти, кои биле длабоко погодени од Бин Баз и од сирискиот научник Насир ал-Дин Албани, упаднале во Големата џамија во Мека, при што убиле стотици верници и се заканиле за самото постоење на Домот на Сауд. Тие ги осудиле саудиските владетели за дозволата за прикажување идолопоклонички слики и други акти на отпадништво и за склучување сојузи со немуслиманските сили. Истите поплаки избувнале за време на војната во Заливот, кога саудиските свештеници и познатиот Осама бин Ладен се спротивставиле на присуството на немуслиманските војници на саудиска почва.[155]

Во пресрет на ваквите бунтови, Кралството се обратило до вахабистичките свештеници, отстапувајќи им сѐ поголема контрола врз саудиското образование и општество. Тие исто така извезувале млади луѓе кои барале строго спроведување на вахабистичките учења дома, за да проповедаат или да се борат против џихадот надвор од Кралството. За возврат вахабистичката свештеничка установа истакнала дека не е дозволено да се прогласува муслимански владетел за неверник, притоа отфрлајќи ја позицијата на Сејид Кутб и другите радикални исламисти кои некогаш ги толерирале или прифаќале. Но, нивното размислување наидува на ладно уверување во Домот на Сауд. Муслиманскиот владетел може да биде прогласен за неверник само ако намерно донел закони што не биле закон на Бога.[156]

И по повеќе децении,со зголемување на саудиските врски со Западот, важните вахабистички научници јагубат трпеливоста и ја осудуваат Саудиска Арабија како

---

[154] Во рамките на амбициозниот план – Економски и социјални реформи до 2030, Ријад олабавува некои ограничувања и дури се обидува да промовира некои видови забава, и покрај противењето на конзервативците.Жените во Саудиска Арабија добиваат дозвола да возат во 2017 година, со што овој потег може да се окарактеризира како спротивност на традиционалниот вахабистички ексклузивизам.
[155] Sells, M.(2016)*Wahhabist Ideology: What It Is And Why It's A Problem*, HUFFPOST,Достапно на:https://www.huffpost.com/entry/wahhabist-ideology-what-it-is-and-why-its-a-problem_b_585991fce4b014e7c72ed86e, ,[ пристапено на 05.03.2020].
[156] Ибид

неверник. Се чини дека династија Ал-Сауд, на некој начин,сѐ повеќе се дистанцира од традиционалниот вахабистички екслузивизам, поради присуството на сѐ повеќе немуслимански народи во самата династија, посебно граѓани од САД.

Според многу размислувња, јазот помеѓу „Куќата на Сауд" и вахабистичкиот естаблишмент почнува да се јавува уште пред крајот на XX век. По ирачката инвзија врз Кувајт во 1990 година, саудискиот владател дозволува присуство на американски сили на тлото на Саудиска Арабија, наводно за одбрана на државата од евентуален напад од Ирак.[157] Нивното присуство на територијата на династијата е во спротивност со вахабистичката идеологија, со што политичкиот врв бил принуден да издаде fatwa[158], со што било легализирано нивното присуство на тлото на Династијата. Но, сето тоа довело до големи критики од страна на други исламски движења, бидејќи со ваквиот потег започнало да опаѓа вахабистичкиот естамблишмент. Во овој период се јавуваат и фракции вовахабизмот кои се залагаат за враќање кон „праведниот пат".

Оддалечувањето од патот на вахабистичкиот естаблишмент се огледува и во следните настани кои се случуваат во изминативе години. Имено, на 15 декември 2015 година, младиот заменик крунскипринц и министер за одбрана на Саудиска Арабија, Мухамед бин Салман, објавил создавање на Исламска воена алијанса за борба против тероризмот (ИМАФТ), која е коалиција на 34 држави, што има за цел да се соочи со таканаречената Исламска Држава.[159] Повеќето експерти веруваат дека овој сунитски фронт е насочен да се соочи со иранската воена закана, исто како што е наведената цел да се оддалечи од напредокот на силите на Исламската држава на северниот фронт. Саудиска Арабија, во последно време, ја зголемила својата секташка препирка против Иран. На 2 јануари 2016 година Кралството го егзекутира познатиот саудиски шиитски свештеник Нимр ал-Нимр заради заведување, што ги ескалира секташките непријателства низ целиот регион. Подоцна Саудиска Арабија ги прекинува врските со Иран и ги протерува негoвите дипломати од Кралството. Во летото 2017 година, земјата воведува дипломатски и трговски бојкот на сојузната држава Катар, управувана од

---

[157]Грижев, А.(2014) *Идеологија на вахабизмот и традиционалното практикување на исламот во Република Македонија*,докторска дисертација, Институт за социолошки и правно-политички истражувања, Скопје, стр.112

[158]Правно мислење од муфтија дали некое дело е во согласност со Исламското право.

[159] Payne, E. and Abdelaziz, S. ( 2015). *Muslim Nations form Coalition to Fight Terror, Call Islamic Extremism 'Disease',* CNN. Достапно на:http://edition.cnn.com/2015/12/14/middleeast/islamic-coalition-isis-saudi-arabia/index.html, [пристапено на 15.04.2020].

вахабисти, заедно со уште три други арапски држави – Обединетите Арапски Емирати, Бахреин и Египет, со обвиненија за промовирање исламистички тероризам.[160]

Среде ваквото широко чувство на несигурност, 30-годишниот млад заменик-кралски принц Мухамед бин Салман промовира економски план за лекување на зависноста воКралството од приходите од нафта до 2030 година. Според оваа смела и нова „Визија 2030“,како предвидени мерки се создавање на најголемиот светски фонд за суверено богатство за инвестирање во разновиден опсег на средства; повеќе работни места за жени и поживописни не-нафтени индустрии, почнувајќи од рударството до воениот хардвер.[161] Критичарите на овој план за иднина во нафта се жалат дека истата е премногу амбициозна да се оствари, со оглед на фактот дека земјата сѐ уште силно се потпира на нафтата, бидејќи над 90 проценти од своите приходи ѝ доаѓаат од овој необновлив ресурс и како буџет на земјата дефицитот се очекува да се искачи на 13,5 проценти од БДП оваа година, со оглед на падот на цената на нафтата.[162]

Според Рашед Адил, со цел да се донесе голем економски пресврт, Саудиска Арабија денес брзо се дистанцира од своето вахабистичко потекло. Во интервју за американската публикација „Атлантик“, крунскиот принц дури ги негира вахабистичките корени на Кралството, тврдејќи дека државата ги почитува четирите училишта на сунитското право, кои вахабистичките идеолози не ги признаваат. Во меѓувреме, на жените, во последно време, им е дозволено да возат во кралството, кино-салите се отвораат и се одржуваат многу западни концерти. Ова заминување од вахабистичките идеали е обид да се развие трговијата, да се донесат инвестиции, странски посетители за пост-нафтена саудиска економија и сл.[163]

На крајот, најверојатно ќе излезе и својствената дихотомија помеѓу бесниот фундаментализам на вахабистичката идеологија и прагматските барања на современото управување, со кои се соочува Саудиското Кралство. Иако не се појавува очигледен знак или веројатност за голем пресврт во блиска иднина, Кралството Саудиска Арабија е на засилено предупредување и против темелите на внатрешна

---

[160] Rasheed, A., (2018) *Wahhabism and Saudi Arabia: A FRAYESYMBIOSIS*,LinkedIn,Достапно на: https://www.linkedin.com/pulse/wahhabism-saudi-arabia-frayed-symbiosis-adil-rasheed-phd, [пристапено на 11.04.2020].
[161] Ибид
[162]*Saudi Arabia's post-oil future* ( 2016), The Economist. Достапно на: https://www.economist.com/middle-east-and-africa/2016/04/30/saudi-arabias-post-oil-future, [пристапено на 11.04.2020].
[163]Rasheed, A., (2018) *Wahhabism and Saudi Arabia: A FRAYESYMBIOSIS*,LinkedIn,Достапно на: https://www.linkedin.com/pulse/wahhabism-saudi-arabia-frayed-symbiosis-adil-rasheed-phd, [пристапено на 11.04.2020].

непопустливост на јавноста, исто како и од надворешните закани (на Салафи-вахабистичката т.н. Исламска Држава и шиитски Иран) во непосредна близина, како никогаш досега.[164]

Според претходно наведеното, целта на вахабистичката идеологија е исламот да се подложи на бесконечен процес на насилничко прочистување, да ги искорени традициите кои ги разви во текот на минатото и да ги искорени влијанијата и идеите на неверниците.

## 5.Карактеристики на вахабизмот

Вахабистите се препознаваат според нивното специфично практикување на исламот, со нагласување на единството кон Бога, придржувајќи се на принципот на „тавхид“ и сметајќи ги Куранот и Хадисите за единствени текстови кои се интерпретирани според првите три генерации на исламот и објаснети во делата на основачот на вахабизмот Мухаед Ибн ал-Вахаб. Неговатапубликација „Книга за монотеизам“, како и делата на претходниот научник Ибн Тајмијах, се основни темели од кои се води секој „вистински муслиман“.

Вахабистите сметаат дека нивната улога е враќање на изворниот ислам, без каквибило примеси, придржувајќи се на строг монотеизам, без иновации, суеверија, девијации, ереси и идолопоклонства. Постојат многу практики за кои тие веруваат дека се во спротивност со изворниот ислам:

1.Слушање на музика во слава на Мухамед;

---

[164]Во времето кога ИСИС се занимаваше со оваа кампања за гробници, светилишта и уништување на наследството, две влијателни сунитски веб-страници ги славеа Талибанците за уништување на монументалните статуи на Буда кај Бамијан и потоа уништување на други уметнички дела наТалибанците, управувани од Авганистан во 2001 година. Ги повикуваат муслиманите да ги уништуваат ваквите идоли и гробници, каде и да можат тоа да го сторат, особено ги спомнуваат областите во Сирија, Ирак и Египет, а посебно го издвојуваатза уништување „идолот“ на сфингата и гробниците на пирамидите.Една од страниците, IslamQA.info (Исламско прашање и одговор), е проект на Саудиска Арабија, Шах Мухамед Салих ал-Мунаџид, поранешен штитеник на Бин Баз. Рангирањето на религиозни веб-страници на Алекса, засновано врз бројот на дигитални посетители, го наведува меѓу врвните страници во светот, заедно со или надминување, на пример, на официјалната веб-страница на Ватикан. Саудиската влада не дозволува ал-Мунаџид да ја промовира својата страница во рамките на Саудиска Арабија, бидејќи тој не е дел од официјалната саудиска комисија, но му дава моќна база од која може да ги проектира своите пресуди во странство. Втората страница, Исламвеб, е официјалната страница на Катар при Министерството за верски достоинства.Овие две веб-страници се однесуваат и на други прашања.„Мора ли да бидат убиени сите отпадници?“ Да, наведува ал-Мунаџид, недвосмислено.Нејверојатно, наведува „Исламвеб“.„Дали е дозволено на муслиман кој е во брак да има секс со својот роб?“ Ова прашање беше испратено до IslamQA во август 2015 година, веднаш откако ИСИС го отвори својот ропски пазар за жени и девојки, што ги зароби во својот геноциден напад врз цидиските заедници во северозападен Ирак. Да, одговорил Шејх ал ал Мунаџид, во одговорот под наслов „Одлука за односи со роб, кога некој има сопруга“: дозволена е врска со роб, „а жената нема причина да се жали“. Види повеќе:Ибид

2.Молитви кон Бога при посета на гробници (молењето на гробот кај Мухамед тие го сметаат за многубоштво);

3.Слепо следење на какви било медхеби (училишта на размислување) на исламската јуриспруденција во нивна правна експертиза, „освен кој има неопходност и неможе да ја достигне Сунната“;

4.Користење небуквални објаснувања на божјите атрибути исклучиво во однос на буквалните објаснувања;

5.Одбележувањето на Мавлид (роденденот на Мухамед);

6.Претпоставени или вистински иновации (бида) во прашањата на религијата (на пример, нови дополнителни методи на обожавање или закони што не се санкционирани од Куранот или Сунната).“[165]

Нивната идеологија најстрого забранува слики, фотографии, носење свила, златен накит, пушење цигари и алкохол. Се забранува и гласно смеење, пеење, свадби и силни емоции, односно сѐ она што е во спротивност со скромниот начин на живеење. Нивниот специфичен изгледе препознатлив по носењето брада, додека нивните жени носат фереџе со кое го прикриваат целото лице, аодлика, односно принцип на мажите е да не се поздравуваат со жените. Тие забрануваат носење амајлии и верување во нивната лековита моќ, како и верување во магии и разни суеверија.

Вахабистите се карактеристични по скромниот начин на облекување, кој е задолжителен како за мажите така и за жените, во согласност со Куранот. Нивната идеологија, односно проповедање на исламот, го сметаат за апсолутно вистинито, што се коси со многу религии, обичаи и ритуали во исламскиот свет, со образложение дека тие се во спротивност со исламот. На пример, во молитвите е забрането споменување на пророци, светци, ангели, затоа што ваквите постапки во суштина се во корелација со многубоштвото, со што се косат со принципот на монотеизам. Тие особено се спротивставуваат на посетата на гробовите на светците, имамите и други слични обичаи.

Вахабистите не прифаќаат какви било иновации во нивната религија, како што се, на пример, нови форми на молитви и сл. Тие се поклонуваат со раширени раце и лакти, удирајќи во подот, што симболизира решителност за борба и доброволно жртвување за

[165]Достапно на: https://www.newworldencyclopedia.org/entry/Wahhabism, [пристапено на 10.01.2020].

исламот.[166]Тие се спротивставуваат дури и на славењето на роденденот на пророкот Мухамед, кој денес многу муслимани го слават.

## 6.Вахабизмот и исламскиот фундаментализам – компаративна ретроспектива

Фамилијата Ал-Сауд, со тек на времето, пред сѐ после воспоставувањето на апсолутната власт и формирањето на Кралството Саудиска Арабија, претендирала создавање на единствена држава – калифат како на територијата каде што имало многубројно муслиманско население, така нејзините претензии и желби биле да се воспостави таа доминација во целиот свет.

После појавата на вахабизмот и идејата за „Единственоста на Бог" и враќање на изворните учења на Пророкот Мухамед, се појавиле бројни верски движења со истата идеја за обнова на верата, во облик кој се пропагирала во времето на Мухамед.

Исламскиот фундаментализам и неговата појава кон крајот на XX век се користи како поим за опишување на веркитe движења кои се залагаат за враќање на исламот во неговата изворна форма, како што ја проповедал Пророкот Мухамед, односно дословна интерпретација на Куранот и Суната. Овие исламски движења имаат една теза дека сите проблеми во исламскиот свет произлегуваат од секуларизацијата, односно од неспроведувањето на божјите закони.

**Исламски фундаментализам** – поим со кој се опишува религиозната идеологија која застапува став за враќање на исламот на своите основи.[167]Овој поим се означува и како антимодерен, антисекуларен, антитолерантен, немилитантен и милитантен, повеќе или помалку организирано исламско-религискодвижење кое ја загрозува безбедноста на државата.

Исламскиот фундаментализам се заснова на стриктното почитување на Куранот и исламскиот закон (шеријатот), односно строго почитување на правилата во нив, кои биле проповедани уште од времето на пророкот Мухамед. Секое видеоизменување на

---

[166] Бојанић, Д.(2010) *Вахабизам – радикални исламистички покрет*, Министерство одбране Републике Србије, Војна академија, достапно на: http://www.odbrana.mod.gov.rs/odbrana-stari/vojni_casopisi/arhiva/VD_2010-prolece/20.%20Vahabizam%20radikalni%20islamisticki%20pokret%20-%20Dragan%20Bojanic.pdf [пристапено на 12.10.2020]

[167]Лазарески, Д. А. (2015)*Исламски фундаменталистички верски групи и движења и нивно инволволвирање во организација и извршување на терористички акти,* магистерски труд, Факултет за безбедност, Скопје, стр. 11.

тие шеријатски правила, кои се засноваат на традиционалните вредности уште од времето на пророкот, ќе бидат најстрого санкционирани.

Целта на самото постоење на исламските држави е постоење на држава – калифат[168], на која ќе ѝ бидат подчинети сите други држави кои ќе се водат според шеријатските правила и она што го проповедал Мухамед и која не само ќе има трајна вредност, туку и, по дефиниција, ќе биде „Божја“ држава, односно држава која го сака Бог.

Поимите исламски фундаментализам и исламизам често се преплетуваат и меѓусебно се поврзани, поради што во секојдневна пракса често се користи терминот – исламизам.[169]

Целтта на вахабиите и исламистите во суштина е иста, само се разликуваат во начинот како да ја остварат.Вахабиите остро се спротивставуваат на идејата муслиманите да учествуваат во кој било вид „западни активности“, туку, наспроти тоа, да се ангажираат во основните исламски обврски, како што се ширењето на верата и џихад. Вахабистите, исто така, се залагаат и промовираат шеријат, наместо идејата за воспоставување исламска држава по исти принципи, само преку употреба на политика, т.е. со користење на политички средства, а не со борба.[170]

Во денешно време голем број верски движења и групации се појавени со истите идеи на вехабизмот, но, независно од нив, имаат одредени сличности како и разлики кои ќе ги увидиме преку најважните групации, меѓу кои се: Муслиманските браќа, Џемаат-е-Ислам и современата Ал Каеда.

### 6.1 Муслимански браќа

*Исламот не ги признава географските граници, не ги прифаќа расните и крвните разлики сметајќи ги сите муслимани како една Умма.*

–„Хасан ал-Бана

[168] Целта на исламските фундаменталисти е да го соединат целиот исламски народ во една држава, наречена калифат.

[169] Исламизамот најчесто се опишува како идеологија заснована на политичка интерпретација на исламот, која инсистира на тоа дека исламот не е само вера, туку и политички систем, така што исламизмот заговара примена на исламско право и учење во државната организација и нејзината политика, како и во функционирањето на политичкиот систем на таа држава која мора да биде целосно втемелена на шеријатот. (Види повеќе:Потежица.О. (2007) *Вехабије између истине и предрасуда*, ИП „Филип Вишњић“, Београд, стр.113.)

[170]Васовић, Р. И. (2017) *Вехабизам као пријетња регионалној безбедности Балкана*, докторска дисертација, Универзитет У Београду, Факултет безбедности, Београд, стр. 66

Едно од најважните муслимански движења кои се појавија во XXт век се Муслиманските браќа, чиј основач бил Хасан Ал- Бана.[171] Ова движење било под силно влијание на големата тројка на реформистичкото салефистичко (изворно) движење:Ал-Авганистан, Мухамед Абдух и Рашид Рида. Оваа орнизација била основана од Хасан Ал-Бана во 1928 година на негова дваесетгодишна возраст, а причината за тоа била нерамноправноста во египетското општество, каде сè повеќе се чувствувало влијанието од страна на Британците, кои се мешале во внатрешната политика на земјата.

Хаса Ал-Бана сметал дека на муслиманскиот народ не му требаат политички партии и разни политички цели, туку неговата цел била остварување на една заедничка муслиманска заедница (Умма) и основање на калифат. Иако бил против политички партии, Бана сметал дека исламот е дел од политичкиот живот. Во 1933 година, на одржаниот состанок во Каиро, од страна на Муслиманското братство биле дефинирани неколку цели.[172] Првенствена цел бил оживување на Умата, која цел можела да се постигне со повик (dawa) муслиманите да ѝ се вратат на својата вера.Откако муслиманите ќе ѝ се вратат на својата вера, ќе може да се воспостави исламска држава. Бана на овој состанок дефинирал и шест основни точки на кои би требало да се темели идната исламска држава:[173]

1.Толкување на Куранот во духот на времето,

2. Единство на муслиманските нации,

3.Подигнување на животниот стандард и воспоставување социјална правда,

---

[171] ,Како и многумина исламски водачи кои следеле по неговите стапки, Ал-Бана ужива во придобивките на модерното образование, но е израснат во традиционално муслиманско опкружување.Бана е роден во 1906 година во Махмудија, Египет(северозападно од Каиро). Неговиот татко, Шејх Ахмад ал-Бана, е почитуван локален имам(водач на молитви)и учител во џамија, образован на Универзитетот Ал-Азаркој пишува книги за муслиманските традиции, а исто така има и продавница каде што поправа часовници и продава грамофони.Иако Шејх Ахмад ал-Бана и неговата сопруга поседуваат имот, тие не биле богати. Кога Хасан ал-Бана имал дванаесет години, тој се вклучил во суфискиот поредок и станал целосно иницииран член во 1922 година. Кога имал тринаесет години, Бана учествувал во демонстрации за време на револуцијата во 1919 година против британското владеење.Во 1923 година влегол во Дар ал Улум, училиште за обука за наставници во Каиро.Оттогаш животот во главниот град му нуди поголем опсег на активности од селото и можност да се сретне со истакнати исламски научници, но тој е длабоко вознемирен од ефектите од западот кои ги гледа таму, особено подемот на секуларизмот и распаѓањето на традиционалниот морал. Тој е подеднакво разочаран од неупехот на исламските научници на Универзитетот „Ал-Азар“ да го искажат своето спротивставување на подемот на атеизмот и влијанието на христијанските мисионери. Дипломирал во 1927 година и добил позиција на наставник по арапски јазик во државно основно училиште.Во 1928 година Бана го основал движењето „Муслимански браќа“.Достапно на: (https://www.ikhwanweb.com/article.php?id=17065, [пристапено на 20.04.2020].

[172]Kostic, I. (2011) Ko su muslimanska braca, Pescanik, достапно на:https://pescanik.net/ko-su-muslimanska-braca/[пристапено на 25.04.2020].

[173] Ибид

4.Борба против неписменоста и сиромаштијата,

5.Ослободување на муслиманските земји од странска доминација и

6.Промоција на исламскиот мир и братство низ целиот свет.

Од своето постоење па до денес оваа организација претрпела големи промени: од милитантна со своите познати водачи, па до денес кога е насочена кон умерен исламизам. Поради тоа, голем број незјини радикални водачи, со текот на времето, создале свои екстремистички движења како што се „Исламската група", „Таквир вал Хиџра" и др.

Најпресудни радикални пресврти на самата организација биле извршени од страна на Саид Кутб. Кутбовите капитални дела, „Знаците од патот" и во „Сенка на Куранот", се алфа и омега на денешните екстремистички и фундаменталистички движења, така и неговата егзекуција од страна на Насер претставува неисцрпен бунар на кој се разгоруваат екстремистичките идеологии, засновани на славење на маченништвото на патот на Алах.[174] Саид Кутб бил убиен поради неговите радикални ставови во врска со рушењето на власта во Египет и воспоставување на шеријат.

Споредувајќи ја фахабистичката идеологија и идеологијата на Муслиманското братство, можеме да констатираме дека и двете се залагале за владеење на исламското право и нетоleranција на странските доминации во муслиманскиот свет. Второ што ги поврзува двете идеологии е и нивното стрикно почитување на Куранот и хадисите, односно традициите на исламскиот пророк Мухамед. Муслимаското братство, како и вахабизмот, е организирано со харизматичен водач (Гурли), кој цели да воспостави своја контрола и во политичкиот систем. Но, за разлика од вахабизмот кој ја има целата контрола и во политичкиот систем во времето на Ал-Вахаб, заедно со остварениот сојуз со Сауд, Муслиманското братство на почетокот тешко може да воспостави контрола во политичкиот свет.

Денес Муслимаските браќа неможат да бидат игнорирани ако се сака вистинска демократија на Блискиот Исток. Сите овие организации се подготвени да учествуваат на демократски избори, со почитување на сите демократски процеси. Ако дојде до слободни и фер избори, пост-изборната математика ќе даде до знаење дека победникот ќе мора да соработува со Муслиманското братство. [175]

---

[174] Ибид
[175] Ибид

Џемаат Ал Ислам – организација основана август 1941 година од страна на Саид Абдул Ала Мавдуди,[176] со исламска фундаменталистичка идеологија насочена кон искоренување на странските влијанија врз исламските практики во Јужна Азија. Џемат ал ислам е основано како политичко движење, насочено кон враќање на општеството на строга исламска идеологија, т.е. на Куранот и Суната во една млада држава како што била Пакистан.

Членовите на оваа организација се залагале за воведување наБожјиот закон, кој бил единствен закон според кој треба сите да се владеат, бидејќи тој закон бил супериориен и над сите закони кои донесувани од страна на поединци, владетели. Сите тие требало да се владеат само по Божјиот закон, со што можеме да ја констатираме една од сличностите со вахабистичката идеологија.

Меѓутоа, ниту Џемат ал аслам, ниту Муслиманското братство не успеале да го соборат државниот апарат, односно да воспостават соработка со легитимната власт како што успеа вахабизмот (вахабистичката идеологија) кој, меѓу другото, успеа да ја заземе власта и да владее според шеријатските закони, Куранот и Суната. Тоа би значело дека двете организации не ги поседуваат основните компоненти на вехабизмот како политички систем. Вахабизмот свој авторитет и влијание има во образовните, правните и надлежните институции. [177]

## 6.2.Ал- Каеда – основач и лидер Осама Бин Ладен[178]

Радикалните ставови на Осама Бин Ладен потекнуваат уште од времето на неговите студии на Универзитетот „Крал Абдул Азиз“ во Џеда. Големо влијание

[176]Саид Абдул Ала Мавдуди (1903 – 1979), пакистански муслимански филозоф, правник, историчар, новинар, активист и научник.Тој верува дека исламот е од суштинско значење за политиката и дека е неопходно да се воведе шеријат и да се зачува исламската култура, како и да се отфрли западиот империјализам. Види пошироко:https://en.wikipedia.org/wiki/Abul_A%27la_Maududi, [пристапено на 20.04.2020]

[177]Baroni., S.,(2006)*Saudi Arabi And Expansionist Wahhabism*, University od Central Florida,STARS, Master sthesis, стр.102,достапно на:file:///C:/Users/user/Desktop/Saudi%20Arabia%20And%20Expansionist%20Wahhabism.pdf, [пристапено на 20.04.2020 ]

[178] Осама бин Ладен бил едно од 50-те деца на Мухамед Бин Ладен, самосоздаден билионер, кој емигрирал во Саудиска Арабија од Јемен како работник. Тој ја поседувал една од најголемите градежни компании на Блискиот Исток, со што семејството на Бин Ладен развило блиски односи со кралското семејство на Саудиска Арабија. Осама Бин Ладен студирал деловна администрација на Универзитетот „Кинг Абдул Азис“ во Џеда, каде посетувал настава по религиозни студии од Мухамед Кјуб, брат на исламистичкиот преродбеник Сајед Кутб и Абдула Амаз, милитантен водач. Неговото време на Универзитетот било клучно за неговата идна улога како водач на Ал Каеда, кога и почнал да ги оформува своите радикални ставови. Види повеќе:https://www.britannica.com/biography/Osama-bin-Laden#ref727335, [пристапено на 29.04.2020 ].

врзнеговата идеологија имал исламистичкиот професор Абдула Азам, како и Мухамед Кутб, братот на Сеид Кутб, влијателен лидер на Муслиманското братство.

Азам издал фатва, *Одбрана на муслиманските земји, прва обврска по вербата*, во 1979 година, по инвазијата на Авганистан од страна на Советскиот Сојуз. Визијата за она што треба да се стори како одговор на советската инвазија на муслиманската држава Авганистан и која улога бин Ладен треба да ја игра, потекнала од Азам.[179]Инвазијата бин Ладен ја смет како акт на агресија против исламот, поради што направил масовен меѓународен напор за регрутација на муслимани од целиот свет. До 1984 година неговите активности главно биле насочени во Авганистан и Пакистан, соработувајќи заедно со Азем за регрутирање на арапски волонтери за борба против советската окупација. Финансиските ресурси на Бин Ладен, заедно со неговата репутација на побожност и храброст во борба, го засилиле неговиот авторитет како милитантен водач.Бин Ладен, заедно со Ајман ал-Захвари, таткото на исламскиот џихад во Египет, ја создале Ал-Каеда (базата), а Осама бин Ладен бил нејзин неприкосновен водач.

Во 1989 година, по повлекувањето на Советскиот Сојуз од Авганистан, Бин Ладен се вратив во Саудиска Арабија, каде што првично бил пречекан како херој, но подоцна од Владата бил означен како радикална и потенцијална закана. Во 1990 година Владата не ги одобрува неговите барања за дозвола за користење на својата мрежа борци за одбрана на Саудиска Арабија од заканата за инвазија од Ирак и Садам Хусеин. Бин Ладен се налутил и на одлуката на Владата за помошта од САД за време на војната во Персискиот Залив, при што дошло до голема расправија помеѓу него и водечките лидери и во 1991 година ја напуштил Саудиска Арабија населувајќи се во Судан.[180]

Во 1996 година, под силен меѓународен притисок, Осама Бин Ладен, бил протеран од Судан, при што се населил во Авганистан, каде што имал голема поддршка од талибанската милиција. Истата година издал две фатви (религиозни мислења) во кои се прогласува света војна(џихад) против САД, во кои тој ги обвинува за грабежите на природните ресурси на муслиманскиот свет, окупирајќи го Арапскиот

---

[179]Лазарески, Д. А. (2015)*Исламски фундаменталистички верски групи и движења и нивно инволволвирање во организација и извршување на терористички акти,*магистерски труд, Факултет за безбедност, Скопје, стр. 111
[180]Достапно на:https://www.britannica.com/biography/Osama-bin-Laden#ref727335, [пристапено на 28.05.2020].

Полуостров. Очигледна цел на Осама Бин Ладен е да ги испровоцира САД на голема војна, со што ќе го собори светскиот поредок и ќе воспостави единствена исламска држава.[181]

За таа цел Ал Каеда обучува милитанти за терористички напади, по кои е и позната со нејзините бомбашки напади, при што настрадаа голем број на невино население.

Осама Бин Ладен бил познат како вешт харизматичен оратор, кој, со својата манипулативна способност, успева да придобие и регрутира голем број следбеници кои ја следат и застапуваат неговата идеологија и се доследни на неговите цели, односно целите на Ал-Каеда, со што неговата мрежа се сотои од милитантни – следбеници ширум целиот свет,особено во Саудиска Арабија, Јемен, Либан, Босна, Чеченија и Филипините. После неговата смрт, на 2 мај 2011 година, кога е убиен од страна на Специјалните сили на САД( Seal Team Six), на чело на Ал-Каеда доаѓа дотогашниот заменик на Бин, Ајман ал Захвари.

Во однос на неговата идеологија и поврзаноста со вехабизмот, сведоци сме за големите сличности од неговата чиста вахабистичка реторика. Последниот говор на Осама, ипратен до телевизија Al Jazeera, во ноември 2004 година, е единствен пример за некои аспекти на вехабистичка идеологија.Осама го започнува својот говор славејќи го Бога, известувајќи ја публиката за неколку точки: прво, дека најважната работа на овој свет е Бог; второ, тој човек е помалку важен од Бог бидејќи Бог го создал човекот; и трето, дека Бог го создал човекот да го обожава, за разлика од кој било или што било друго.[182] Ова изјава резонира со вахабистичката идеологија која забранува обожавање на што било на оваа земја, освен на Бог. Неговата изјава се состоела и од изјавите муслиманот да биде праведен, се мисли на тие од Саудиска Арабија кои не треба да го изневерат Бога и треба да бидат пример во светот за тоа што значи да се биде праведен. Следно, изјавата на Осама се заснова на тоа дека доколку еден верник е угнетуван од оние кои се неверници, тогаш тој има овластување од Бога да се одмазди. Неговата изјава е за вахабистичкото население во Саудиска Арабија, кое било угнетувано од страна на странските влијателни сили – Западот и повик за војна против истите, како и против семејството Ал-Сауд кое било во сојуз со САД. Од оваа негова изјава можеме

---

[181] Ибид
[182]Достапно на: file:///C:/Users/user/Desktop/Saudi%20Arabia%20And%20Expansionist%20Wahhabism.pdf, [пристапено на 20.04.2020].

да ја констатираме неговата слична идеологија со вахабистичката, особено што кај вахабизмот за неверници се смета Западот, а верниците потекнуваат од Исток.

Во однос на политичките аспекти на двете идеологии, треба да разгледаме неколку цели. Вахабизмот развил свои образовни системи преку разни џамии и религиозни училишта (медреси), како и Ал-Каеда која развива жирока мрежа на џамии, во кои се предаваат и спроведуваат вахабистичките верувања.[183] Џамиите, кои се одговорни за спроведување на исламските принципи и шеријатот, управуваат со многу операции на Ал-Каеда, обезбедуваат обука, образование, служат за регрутација на истомисленици, како што е во случајот со вахабизмот. Двете идеологии имаат една цел – строго почитување на Куранот и хадисите и Суната.

После направената споредба со исламските фундаменталистички движења и вахабизмот, можеме да констатираме декаисрите имаат слична идеологија која се залага за почитување на исламските принципи и шеријатот и нетолеранција кон Западот и немуслиманите кои се мешаат во нивниот политички систем.

[183] Ибид

# ГЛАВА III

# ВАХАБИЗМОТ КАКО РАДИКАЛНО ИСЛАМИСТИЧКО ДВИЖЕЊЕ И НЕГОВАТА ПОВРЗАНОСТ СО ТЕРОРИЗМОТ

## 1.Разгледување на поимите вахабизам, салафизам и исламизам

### 1.1 Вахабизам/неовахабизам

Првиот концепт којшто треба да се истакне за вахабизмот, како идеологија која потекнува од Саудиска Арабија, како што и претходно напоменавме, е самиот факт дека вахабистите самите не го сакаат овој термин во својот назив, декларирајќи ги како вахабистти, туку напротив, тие себе си се сметаат како салафисти од Саудиска Арабија кои имааат слична идеологија како салафистите воопшто. Ова нивно тврдење се должи на самиот факт дека вахабизмот се состои од екстремна интерпретација на исламот во неговата базична форма, поткрепена на толкувањето на Куранот и издигнувањето на шеријатското право како единствено легитимно, што во основа е слично со идеологијата којашто ја прокламира Муслиманското братство.

Вахабизмот, како религиозно движење,се појавува во XVIII век во Наџ, Саудиска Арабија, од страна на водачот Мухамед  ибн Абд Ал-Вахаб (1703 – 1892), со цел јакнење на исламот, односно спречување на ерата на незнаењето за толкување на исламот како религија. Идеологијата на вахабизмот се состои од верување во монотеизам („единство во Бога“), односно забрана за почитување и верување во други личности бидејќи, со тек на времето, доаѓа до традиционално толкување на исламот кое се базира на измени и како таков исламот бил подложен на измени. Вахабизмот го зема за главен концептот на „тавхидот“, односно единство кон Бога и верување само во него, притоа имајќи го предвид фактот дека е бесполезно таквото верување, доколку не би било проследено со однесување кое би се темелело на таквиот концепт. Сите индивидуи кои не се стремат кон тој концепт на тавхид, се сметаат за неверници, односно многубошци.

Вахабистите сметаат дека сите шиити и сунити се неверници, односно го следат патот на политеизмот, што го сметаат за неверство кон Бога. Ова обвинување има големи импликации, бидејќи доведува до „џихад против сопствениот народ“, со што им се дава за право да убиваат муслимански индиивидуи кои не коренсподираат на нивното прокламирање на религијата, со цел воспоставување исламска држава каде ќе владее шеријатското право. Со создавањето на модерната држава од страна на Абд Ал

Азис, „Вахабизмот тогаш насилно се смени од движење на револуционерен џихад и теолошки такфир, се прочисти во движење на конзервативни, социјални, политички, теолошки и религиозни повици кон лојалност спрема кралското саудиско семејство и апсолутната моќ на кралот.“[184]

Појавата на нео-вахабизмот се јавува како резултат на мешањето на Запад во Саудиска Арабија и нивното дозволување да навлезат на територијата и оттаму да ја водат својата борба против Ирак, со што доведе до неверување на саудиските власти бидејќи – дале поддршка на војската на САД, што било спротивно на нивната идеологија бидејќи истите ги сметаат за неверници. Поради тоа токму нео-вахабизмот, како еден од своите методи на делување, започнува да користи и насилство, кое особено е изразено во неговата подгрупа џихадисти, која сметадека остварувањето на целите единствено е возможно само со употреба на насилни методи. Значи, овде станува збор за нова форма на неовахабизам која се појавила помеѓу 1970 и 1990 година, но, без разлика на тоа, станува збор за иста идеологија кој користи различни методи во насока на остварување на своите цели, слично како селефизмот и нео-селефизмот кои имаат иста доктрина, слична на вехабизмот и нео-вехабизмот.

Нео-вахабизмот, односно современиот вахабизам, не ја отфрла само „западната идеологија“ (капитализмот, социјализмот и сл.), туку и „западните концепти“, како што се нација, политички партии, социјална правда и право, политика, устав, човекови права, демократија, револуција, економија и др.

Според нивното размислување, муслиманите не треба да учествуваат во „западните активности“, туку треба да учествуваат во исламски активности, како што е „дава“ – ширењето на верата, или „џихад“ – борба за верата во најширока смисла. Вахабистите се должни да го применуваат шеријатското право, а не исламските идеи за „исламска држава“, поради тоа што „вистинскиот муслиман“ се води од тоа дека исламската држава е оружје за спроведување на Божјиот закон, како што е наведено во Куранот.

Доследните вахабисти се против современиот политички ислам (исламизам) и често ги критикувалат истакнатите исламисти, како што се Сеид Кутб, Абу Ала

[184] Dillon, M. (2009)*Wahhabism is it a factor in the spread of global terrorism?*, Calhoun, Institutional Archive of theNaval Postgraduate School,Monterey, California, стр.42, достапно на:https://www.nps.edu/documents/105988371/107571254/DillonWahhabismThesis.pdf/23fc46fb-17a6-41da-83b8-8e312191b5bb, [пристапено на 20.11.2020]

Маудуду, дури и Осама Бин Ладен, како и нивните организации, бидејќи сметаат дека имаат прифатено некои западни идеи и со тоа се оддалечиле од вистинскиот ислам.[185]

### 1.2 Салафизам/неосалафизам

Самиот поим *салафизам* потекнува од изразот *ас-салаф ал-салих*(*праведни предци*), или скратено како *салаф – предци*. Спред учењето на салафите, предци се сметаат првите три генерации муслумани, т.н. *праведни предци*. Тие ја прокламираат својата религија заснована на чист – оригинален ислам, без никакви новотии и примеси, водејќи се исклучиво според принципите на Куранот и шеријатското право. Станува збор за идеолошко религиозно движење, обединето под заеднички систем на верувања, кој обезбедува принципи и методи за решавање на современи теми, со цел соочување со исламскиот свет и справување со предизвиците кои ги носи современиот начин на живеење.[186]

Општо земено, салафизмот може да се подели на три правци: традиционалени, политички и милитантни.[187]„Традиционалните се фокусирани на чистотата во рамките на нивните учења, вклучувајќи ја побожноста, ограничени во ’свој свет‘, без никакво влијание од страна на немуслиманите. Политичките следбеници, или уште наречени акционисти, имаат една единствена цел за наметнување на нивното учење и на немуслиманскиот свет. Третата група милитантни, или уште попознати како џихадисти, е најопасната група која, за остварување на своите цели, коиристи насилни

---

[185]Суботић, М. (2015) *Екстремизам* под окриљем религије, Исламистички екстремизам на примерима БИХ и Србије, Министарство одбране, Сектор за политику одбране, Институт за стратегијска истраживања, МЕДИЈА ЦЕНТАР„ОДБРАНА“Београд, стр. 118.

[186] Салафиите и вахабитите имаат сличности и разлики. Како сличност помеѓу овие две идеологии, е тоа што и двете се засноваат на принципот на тевхид, верување дека само Бог е единствен, верување со презир кон сè она што настанало после *al-Salaf al-saliha* (*праведи предци*),за кои обично се сметаат првите две гнерации муслимани, отфрлање на суфизмот. Постојат и два факти за меѓусебно разликување на селефиите од вехабиите: за освојување на муслиманите за остварување на своите цели, селефиите се потпираат на убедување наместо принуда, како и свеста за политичките и социјално еконимските проблеми со кои се соочува муслиманскиот свет. Во секој случај, во текот на 1960 година, воспоставена е блиска поврзаност помеѓу салафиите и вахабиите, што не беше само ефект на широката распространета промоција на вахабизмот, поттикната од нафтените долари, туку и на политичките околности во арапскиот свет. Токму тогаш се случува арапската студена војна: борбата помеѓу логорот предводен од Египет и неговите сојузници, од една страна и наСаудиска Арабија и нејзините пријатели, до друга страна. Загрозен од популарноста на Dzamala 'Abd al-Nasera, саудискиот режим развил сеопфатна стратегија со цел обезбедување свој опстанок. На идеошки план во 1962 година во Јемен е основана Муслиманската светска лига (*Rabitat al-'Alam al-islam*), со што се воспоставила поблиска врска помеѓу салафите и вахабиите.Види повеќе: Algar, H. (2004) *Vehabizam*:kritički osvrt, Kulenović, L., Zagreb:Z.Hasanbegović стр.52–60

[187]Види повеќе: Танески, Н., *Продор на современиот салафизам во Германија,* достапно на:http://eprints.ugd.edu.mk/22216/3/N%20T%206.pdf, [пристапено на 20.10.2020].

методи, притоа пристапувајќи кон многу терористички организации. Како непријатели, покрај западните сојузници, ги сметаат и сите муслимани кои имаат различни ставови од нив."[188]

Следствено на претходно наведеното, можеме да заклучиме дека, во основа, сите три правци имаат иста идеологија, меѓутоа истите се разликуваат според начинот на остварување на нивните цели. Станува збор за милитантен и немилитантен облик на дејствување, со цел остварување на „салафистичката теократија". Политичкиот салафизам се стреми кон наметнување на начинот на толкување на исламот, користејќи пред сѐ пропагандни средства кои тие ги опишуваат како „мисионерска активност", односно целокупното општество да се сведе на претходно утврдените салафистички норми. За разлика од нив, милитанните салафисти овој долгорочен процес сакаата да го наметнат преку отворен повик за насилство спрема сите кои не ги почитуваат и прифаќаат тие норми како единствени.

Сепак, треба да се обележи дека многу претставници од едниот правец, со тек на времето, преминуваат во опасниот правец, милитантен, кој го сметаат за суштински во остварување на салафистичката идеологија.

Сите салафи се обединети под заеднички систем на верување, кој делува како јадро на нивното разбирање и интерпретирање на исламот. Овој систем на верување се базира на концептот на „тавхид",[189] кој вклучува три компоненти кои мора да бидат исполнети за еден муслиман да се смета за вистински. Прво, муслиманите мора да прифатат дека Бог е единствен и творец на универзумот. Второ, мора да се прифати дека Бог е единствен и дека мора да се придржуваме на шеријатското право, отфрлајќи секакви закони направени од човекот и, последно, дека Бог е единствениот достоен кому треба да му се поклонуваме и обожаваме, сѐ друго се смета за ширк.

Поделбите на салафизмот и неосалафизмот не се засноваат на нивната идеологија и верување, туку на методите кои ги користат во насока на остварување на нивните цели, имајќи го предвид предизвикот на модерното време.

---

[188] Ибид
[189] Во прилог на „тавкидот", муслиманите веруваат дека сите аспекти на човековиот живот треба да бидат управувани од Куранот и Суната, со цел да се заштити тавкидот во насока на монотеизам, односно верување дека Бог е единствен кој создал сѐ на овој свет и дека е единствен кому треба да му се поколонуваме и во кого треба да веруваме.

### 1.3 Исламизам

Најкратко, радикалното толкување на исламот е наречено исламизам. Исламистите имаат една единствена цел, а тоа е воведување на шеријатското право како единствено во целиот свет. Нивната идеологија, наречена исламизам или политички ислам, е во насока на воспоставување форми на владеење на териториите со мислиманско население, во државите и на крајот во целиот свет. Според размислувањата и толкувањата на исламистите, тие промовираат правда и слобода преку воведување на шеријатот.[190]

Во поширока смислам на зборот, исламизмот е религиозна идеологија со холистичко толкување на исламот, чија крајна цел е освојување на светот со сите средства.[191]

Оваа дефиниција е составена од четири елементи: првиот елемент е религиозна идеологија, вториот холистичко толкување на исламот, третиот освојување на светот и, конечно, четвртиот е употреба на сите средства во потрагата по таа цел.[192]

Исламизмот, слично како и вахабизмот и салафизмот, е поделен во повеќе групи и подгрупи кои се разликуваат меѓу себе, не по нивната идеологија, односно верувања и практики, туку според начинот на остварување на нивните цели.Станува збор за умерени и радикални исламисти. Радикалните исламисти сметаат дека секое отстапување од божествената волја претставува религиозно кршење и дека индивидуалната слобода зависи директно од неа. Оваа нивна слобода единствено е пропорционална со боженствената војла, исклучувајќи компромиси со владини институции, бидејќи сето тоа доведува до неединство. За разлика од нив, умерените исламисти сметаат дека демоктатијата и плурализмот се верски права и го гледаат нивниот нормативен карактер како апсолутен.[193]Нивното разбирање на овие западни политички концепти зависи од современото толкување на изворите на религијата и средствата на некои основни доктрини, како што се „shura" (консултација), „ijma"

---

[190]Достапно на:http://eprints.ugd.edu.mk/22055/3/NT%206.pdf, [пристапено на 03.11.2020].

[191] Mozzafari, M. (2007) *What is islamism? History and Definition od a Concept, Totalitarian Movements and Political Religious, Vol. 8, No, 1, 17-33,* стр. 5, достапно на:https://pure.au.dk/portal/files/22326292/What_is_Islamism_Totalitarian_Movements_article.pdf, [пристапено на 21.10.2020].

[192] Ибид

[193] Dillon, M. (2009)*Wahhabism is it a factor in the spread of global terrorism?*, Calhoun, Institutional Archive of theNaval Postgraduate School, Monterey, California, стр42, достапно на:https://www.nps.edu/documents/105988371/107571254/DillonWahhabismThesis.pdf/23fc46fb-17a6-41da-83b8-8e312191b5bb, [пристапено на 20.11.2020]

(консензус), „ikhtilaf"(разлика), „ahl al-dhima" (немуслимански малцинства), „hisba" (заповедување на доброто и забрана на злото) и други слични доктрини.[194]

Умерените исламисти веруваат дека политичкото владеење е верско прашање поради договор и согласност на народот, што е спротивно на салафистичките и вехабистичките толкувања.

Од друга страна, милитантниот исламизам како радикален исламизам, вклучува примена на тероризам, непријателство кон западниот свет и кон сите муслимани и немуслимани кои не го почитуваат шеријатот, односно исламистичката идеологија. Едно од тврдењата е дека исламизмот се раѓа поради одредени политички и општествени неправди од страна на западните власти извршени во муслиманските земји. Политичкиот мотив[195] владее и е присутен кај овој вид радикално толкување на исламот.

Без оглед на тоа дали станува збор за умерен или радикален исламизам, треба да заклучиме дека борбата против исламизмот, во суштина, вклучува сѐ она што е во милитантен однос, односно ескалира во терористички активности кои претставуваат закана за целокупното општество. Најбитно е да заклучиме дека исламот не е религија која ги радикализира нивните ставови, туку дека тие ја радикализираат религијата.

Како еден од познатите поборници на глобален исламизам е Хасан Ал-Бана, кој јавно се искажал во неговите намери со следниве реченици:

„Ако исламот повторно треба да ја игра улогата на водач во човештвото, тогаш е потребно муслиманската заедница да се врати во првобитната форма. Потребно е да се оживее таа муслиманска заедница, која е закопана под остатоци од вештачките традиции на неколку генерации и е смачкана под тежината на оние лажни закони и обичаи што не се дури ни од далечина поврзани со исламските учења, и покрај сѐ ова себеси се нарекува „свет на исламот" (Вовед)- Rasâ'îl.[196]

---

[194] Ибид
[195] Пример за исламистичка политичка партија ( „Партијата на слободата и правдата" во Египет )
[196] Mozzafari, M. (2007) *What is islamism? History and Definition od a Concept*, *Totalitarian Movements and Political Religious, Vol. 8, No, 1, 17-33,* стр. 13,
достапнона:
https://pure.au.dk/portal/files/22326292/What_is_Islamism_Totalitarian_Movements_article.pdf,[пристапео на 21.10.2020].

Саид Кутб е вториот исламистички мислител и лидер, кој експлицитно ја формулира употребата на џихад за постигнување на крајната цел: освојување на светот. Тој го истакнал следното:[197]

„Оние кои велат дека исламскиот џихад бил само за одбрана на „Татковината на исламот", ја намалуваат големината на исламскиот начин на живот и со тоа сметаат дека е помалку важна од нивната „татковина".Ова не е исламска гледна точка и нивното гледиште е креација на модерното време и е потполно туѓо за исламската свест. ...Се разбира, во тој случај одбраната на „татковината на исламот" е одбрана на исламските верувања, исламскиот начин на живот и исламската заедница. Сепак, нејзината одбрана не е крајна цел на исламското движење на џихадот, туку е средство за воспоставување на Божја власт во неа, така што таа станува штаб за движење на исламот, кој треба да се носи низ целата земја, во целото човештво и нејзината сфера на дејствување е целата земја".[198]

Идејата за воспоставување исламски свет е присутна и кај други исламисти, иако во помалку елаборирана теоретска форма, како што е во случајов со водачите на Муслиманското братство, Хасан ал-Бана и Сеид Кутб.

Како заклучок можеме да констатираме дека кај неовахабизмот и неосалафизмот, и радикалниот исламизам во своите методи на делување вклучува насилство и терористички активности, сè во насока на остварување на нивните цели, по што може да се забележат и нивните сличности.

## 2.Радикалниот вехабизам како екстремно-религиозна политичка идеологија

Вахабизмот, како што напоменавме во претходното излагање, е учење на религиозниот реформатор Мухамед ибн Ал-Вехаб (1703 – 1787), кое се појавило во Саудиска Арабија како религиозно политичко движење засновано врз неговите дела, со цел да се создаде чистота на исламот, односно враќање на исламот од праведните предци.

Денес под поимот *вахабизам* се подразбира релиогиозно-политичка идеологија поврзана со исламот, додека вахабистите се лицата кои ја прокламираат оваа идеологија и се надоврзуваат на учењето коешто произлегува од истата. Вахабистите за себе го користат називот *„al-muvahhidun i ahl al-tavhid"*, што во превод значи

[197] Ибид
[198] Ибид

„пристап до божјото единство“. [199] Овој назив го користат затоа што нивната идеологија го користи принципот на тавхид[200] – божјото единство и сите муслимани кои не го применуваат овој принцип ги сметаат за неверници кои го применуваат принципот на многубоштво.

Вахабизмот е дел од поширокото учење на сунитскиот ислам наречен салафизам (сунитски фундаментализам). И вахабизмот и салафизмот не може да се гледаат само како радикални исламски феномени, како што го потврдуваат и во практиката на секојдневниот живот во многу држави, како што се: Саудиска Арабија, Кувајт, Бахреин, Катар и ОАЕ, каде што сунитскиот ислам е засенчен со вахабизмот и е прифатен како традиционална религија. Сепак, неможе да се одрече дека екстремните и најполитизирани делови на вехабизмот и салафизмот инклинираат кон радикализам.

Од самиот почеток и сѐ до 30-тите години на минатиот век, вахабистичката идеологија беше радикална, па дури екстремистичка. Поставувањето на таквата идеологија од страна на Ал-Вахаб, со строг монотеизам (тавхид) [201] како главен исламски религиозен принцип кој треба да биде составен дел од животот на секои поединец во општеството. Од негова страна се инсистира и прокламира за чистење на каква било новотија во исламот, празноверие, верување во повеќе богови, бидејќи се води од еден религиозен принцип наречен „тавхид“.

Истиот, како основач на една идеологија, заедно со своите следбеници, водел борба против сите исламски традиции кои биле наметнати со тек на времето, а истиот ги смета за новотии. Осудува обожавање на шуми, магии, прекумерно обожавање на пророкот Мухамед и сл.

Од релгиозна и правна точка, вахабизмот не е посебен тренд во исламот:тој целосно се потпира на Ханбализам, една од четирите сунитски школи (мадхаби) на

---

[199]Algar, H. (2004) *Vehabizam*:kritički osvrt, Kulenović, L., Zagreb: Z. Hasanbegović, стр.7

[200] Мухамед Абдул Ал-Вахам сметал дека тевкидот е составен од три дела: *tavhid al-rububija* (признавање дека само Алах го создава светот;Тој е оној кој дава живот и смрт*); tavhid al-asma ve 'l-sifat* (едноставна потврда за сите имиња и атрибути кои се споменати во Куранот без каквобило толкување)и *tavhid al-'ibada* (усмерување на секое обожавање единствено само кон Бога), Види повеќе: Ибид, стр.37

[201] Тавхид, срцето на вахабистичката доктрина, е принципот на строг монотеизам. Божественото единство се открива во тројна формула: Алах е основач, давател и господар. Според вахабистите, главната формула на исламот „Нема друг Бог освен Бог, а Мухамед е неговиот пророк“ вели дека треба да се слави само Алах, но не и Мухамед, кој е пророк. Во ова има уште поголема вистина кога се применува кај верските власти.Шеикот решително се спротивставувал на обожавање камења и други предмети, како посредници помеѓу Алах и верниците. Според него, човекот бил директно заштитен од Бога. Сѐ на светот се случува според Божествената промисла, со која никој не управува, дури ни пророкот Мухамед. Вахабистите тврдат дека посетите на гробниците на Мухамед, неговите придружници и светци, доведуваат до нивно обожение и,следствено, се манифестации на многубоштво.

шеријатот кои никогаш не ги толерирале новитетите, со што можеме да резимираме зошто вахабистите го осудуваат пушењето тутун, музиката, пеењето и танцувањето.[202]

Според ова учење, од почетокот беше прокламирано водењето на џихад – борба против непријателите, односно сите кои не веруваат и не го практикуваат тавхидот. За вахабистите џихадот претставува вооружена борба водена против неверниците (кафири), што е должност на секој психички и физички подготвен муслиман. Неверници се сите оние кои не се согласуваат со вахабистите – тоа значи дека се спроведува џихад против сите и, главно, против оние муслимани кои не ја делат идеологијата на приврзаниците на „чистиот ислам“.[203] На основа на џихадот, борба која подразбира одбрана на исламот или некои муслимански земји, вахабистичкото движење се покажа како екстремно и многу различно од традиционалниот ислам.

Вахабистичкото движење го донесе првата саудиска држава што, до почетокот на XIX век се прошири низ целиот Арапски Полуостров.[204] „Во 1818 година беше разбиена од египетскиот генерал Ибрахим Паша. Вториот Ријадски емират преживеа нешто повеќе од дваесет години, од 1843 до 1865 година и се распадна заради слабата централна моќ и силните сепаратистички сентиментални чувства меѓу локалните владетели. Третата фаза (која започна во 1902 година) е поврзана со името на Абд ал-Азиз ибн Абд ер-Рахман, шеф на владејачката династија Ал Саудиј. Во 1932 година ги обедини државите Нејд, Хејаз и Ал Хаса во единствена држава, Кралството Саудиска Арабија.“[205]

Во денешно време, вахабизмот е прифатена идеологија во Саудиска Арабија, призната од државата. Некои експерти велат дека Саудиска Арабија нема никаква врска со радикализмот и екстремизмот на вахабистите. Но,имајќи го предвид фактот дека Саудиска Арабија, како многу моќна држава која претставува најголем светски извозник на нафта и најзначаен надворешно-трговски партнер на Америка, доаѓаме до заклучок дека експанзијата на вахабизмот во светски рамки е токму резултат на финансиската моќ на Саудиска Арабија. Вахабизмот, како официјална религија во толку богата држава, има можност да се шири, наметнува и прифаќа од страна на други

---

[202] Покрај Ибн Ханбал кој ја основал ханбалиската школа, посебно влијание врз вахабистичката школа извршил и ханбалискиот правник Ибн Тајмиј, кој остро го критикувал обожавањето на предците.
[203]Dobaev,I.: *Radical wahhabism as an extremist religious-political ideology*, CA&C, Press AB, Publishing House (Sweden), достапно на:
https://www.ca-c.org/journal/2002/journal_eng/cac-04/17.doben.shtml, [пристапено на 03.12.2020]
[204] Ибид
[205] Ибид

држави. Покрај тоа што Саудиска Арабија финансира многу исламски држави, невладини организации, се отвора простор за пропагирање и експанзија на идеологија која ја пропагираат нејзините државјани, т.н. вахабисти.[206] Имајќи предвид дека како идеологија во себе содржи елементи на политика и милитантност, може да се заклучи дека во денешно време заслужува внимание како за научно истражување, така и за внимателност од страна на безбедносните служби за справување со нејзиниот скриен облик на дејствување и влијание во интрамуслиманските односи, првенствено внатре во државите, како и општо, во целиот светски поредок како глобален феномен.

Како една од најбогатите земји во светот, Саудиска Арабија богато ги финансира своите надворешно-политички цели. Министерството за ислам, вера и ориентација има важна улога; бројни меѓународни исламски организации, најголемиот дел од нив, ги основа Саудиска Арабија и функционираат користејќи ги нејзините пари, работат на постигнување на истата цел. Тоа се: Организацијата на исламската конференција со 54 члена, Исламската банка за развој (25% од нејзиниот капитал потекнува од Саудиска Арабија); Муслиманската светска лига која го шири исламот и го поддржува исламското образование; Светскиот врховен совет за џамии при Муслиманската светска лига; Фондот за исламска солидарност, дизајниран да прошири материјална и религиозно-политичка поддршка на муслиманските малцинства во странство; Меѓународната исламска организација за спас, основана да им помага на сите муслимани низ целиот свет.[207]Се финансирани од муслиманскиот данок (закијат) собран на различни места, вклучувајќи ги и средствата на Министерството за исламски работи на Саудиска Арабија, Муслиманската младинска лига итн.[208]

Министерството за исламски работи формира околу 25 саудиски исламски центри во странство, испраќа неколку илјади проповедници во околу 90 земји во светот. Саудиска Арабија придонесувасоучество во финансирањето на изградбата на 1,5 илјади џамии изградени во странство и редовно финансира 20 исламски институти за високо образование. Во последните десет години Саудиска Арабија дистрибуира

---

[206]Бојанић, Д. (2010) *Вахабизам – радикални исламистички покрет*, Министерство одбране Републике Србије, Војна академија,достапно на: http://www.odbrana.mod.gov.rs/odbrana-stari/vojni_casopisi/arhiva/VD_2010-prolece/20.%20Vahabizam%20radikalni%20islamisticki%20pokret%20-%20Dragan%20Bojanic.pdf [пристапено на 12.10.2020]
[207] Dobaev,I.: *Radical wahhabism as an extremist religious-political ideology*, CA&C, Press AB, Publishing House (Sweden), достапно на:https://www.ca-c.org/journal/2002/journal_eng/cac-04/17.doben.shtml, [пристапено на 03.12.2020]
[208] Ибид

околу 1 милион примероци религиозни публикации; секоја година од 300 до 400 странци дипломираат од нејзините исламски колеџи. [209]

Во светски рамки постојат различни ставови околу тоа дали Саудиска Арабија како држава го поддржува радикалниот облик на вахабизмот во земјата и надвор од неа, користејќки ја својата позиција во исламскиот свет, со цел да ги зајакне своите геополитички позиции, или дека не поддржува радикализам. Но, за сево ова да биде констатирано не постојат цврсти докази дека би било така, со што се остава поголема можност за каква било дискусија и научно докажување. Факт е дека од Саудиска Арабија, како што и претходно напоменавме, се финансираат голем број невладини органиации и исламски институции кои имаат главна задача да го прошируваат вехабизмот, но дали постои нешто повеќе од тоа?

Постоја противници кои ја обвинуваат земјата за извезување на идеологијата и радикалниот вахабизам. Тие се убедени дека не само специјалните служби и сите видови средства можат да се користат како главен инструмент за реализација на вахабистичката доктрина. Постојат и невладини организации од религиозно-политичка пристрасност, кои се поддржани и финансирани од државата преку фондовите и специјалните служби што можат да се користат за истата намена. Тие се инструменти што Саудиска Арабија ги користи за искористување на вахабистичката доктрина за да се постигнат дефинитивни цели што се косат со националните интереси на другите земји.

Друго прашање кое се наметнува е прашањето дали вехабизмот претставува закана за традиционалниот ислам, како и закана спрема светскиот поредок воопшто? Имајќи го предвид фактот што многу терористички организации се финансирани од страна на вехабистите, како што е примерот со терористичкиот напад врз Кулите близначки во Њујорк 2001 година, јасно е зошто постои страв од вахабистичката идеологија. И покрај тоа што ја поддржуваат идејата за строг монотеизам, вахабистите ги опишуваат како „неверници" и „многубошци" сите оние за кои веруваат дека отстапиле од монотеизмот. Тие ги сметаат за непријатели Евреите и христијаните. Имајќи го предвид фактот дека шеријатското право треба да биде основа од која ќе се води државата, како принцип по кој се водат вахабистите со цел остварување на таа цел, тие се водат од помислата дека сите средства се дозволени во насока на остварување на тој принцип. Имајќи го предвид тоа, тие како што се и познати како

[209] Ибид

финансиери на исламската заедница во целиот свет,опасноста од нивното делување во светски рамки е далеку големо. Со ширењето на нивните идеи меѓу муслиманското население, кое дотогаш го прифатило традиционалното толкување на исламот, постои страв од индоктринација и екстремизација на традиционалните верници. Аналитичарот за тероризам Еван Колман истакнал дека Бошњаците и нивната одлука за поддршка на муџахедините била повеќе потреба отколку избор.[210]

Ширењето на нивните идеи, односно наметнувањето на сопствената верзија за толкување на исламот, сама по себе претставува најголема закана,пред сè затрадиционалните верници на исламот.

Нео-вахабистите гледаат на роденденските забави, богослужба во определени денови од неделите и недели во годината, како и какви било верски фестивали, организации, свадби, раскошни гробници и сл. како новотии (бида). Тие сметаат дека секој оној кој не се придржува на строгиот монотеизам е неверник, односно секој вистински член на вахабистичкиот џемааттреба да ги гледа со презир сите оние за кои другите членови веруваат дека се „неверни", „многубошци" и „лицемери".

Нео-вахабистите буквално го толкуваат она што го вели Куранот: „Но, кога ќе поминат забранетите месеци, тогаш борете се и убијте ги Паганите каде и да ги најдете, и зграпчете ги, опседнувајте ги и чекајте ги во секоја стратегија (војна)"(Сура 9, Ајет 5) „Запомнете дека вашиот Господ ги инспирираше ангелите (со пораката): Јас сум со вас: дајте им цврстина на Верниците: Јас ќе вметнам ужас во срцата на неверниците: удретепо нивните вратови и удретепо ги по сите врвови на прстите"(Сура 8, Ајет 12),„Затоа, кога ќе ги сретнете неверниците (во борба), удрете им на вратовите; и кога темелно ќе ги потчинете, врзете им цврсто врзана врска(Сура 47, Ајет 4)."[211]

Можеме да видиме дека во идеолошката сфера радикалните вахабисти се водат според теоретските предлози на Ал-Вахаб и неговите следбеници, крунисани со неговата верност и непријателство. На практично ниво тие практикуваат џихад, тесно разбран како војна против сите за триумф на нивните идеали.

---

[210]Бојанић, Д. (2010) *Вахабизам – радикални исламистички покрет*, Министерство одбране Републике Србије, Војна академија,достапно на: http://www.odbrana.mod.gov.rs/odbrana-stari/vojni_casopisi/arhiva/VD_2010-prolece/20.%20Vahabizam%20radikalni%20islamisticki%20pokret%20-%20Dragan%20Bojanic.pdf [пристапено на 12.10.2020]

[211]Dobaev,I.: *Radical wahhabism as an extremist religious-political ideology*, CA&C, Press AB, Publishing House (Sweden), достапно на:https://www.ca-c.org/journal/2002/journal_eng/cac-04/17.doben.shtml, [пристапено на 03.12.2020]

Овој вид џихад е вооружена борба против сите оние кои се мешаат во ширењето на учењето за вахабизам и неговата монополска доминација. Целта на таквиот џихад е борба против сите „непријатели на исламот“ (неверниците, отпадниците и лицемерите). Радикалните вахабисти гледаат на мирот како на наметната воздржаност од џихад, како форма на вооружена борба.

Верските радикали решително одбиваат да го признаат својот џихад, како политички екстремизам и тероризам. На овој начин бројните терористички акти на исламистите, кои на повеќе места тие ги толкуваат како „света војна,“ создадоа нова ситуација во светот што не може да се толерира. Тие ја злоупотребуваат религијата со цел извршување на терористички активности и остварување на нивни политички цели. Верскиот тероризам ја употребува религијата за остварување на своите цели, а религијата, самапо себе, не наметнува тероризам.

### 3.Вахабизмот и неговата поврзаност со тероризам

Дали вахабизмот претставува погоден елемент за ширење на тероризмот? Дали Саудиска Арабија и нејзината вахабистичка идеологија е фактор кој придонесува за ширење на насилна радикализација во муслиманскиот свет? Кои подгрупи/фракции на вахабизмот се поврзуваат со насилство, „света војна“, како загрозување на светскиот поредок?

Дел од овие прашања беа разгледани во претходните излагања, особено за влијанието на Саудиска Арабија,пред сè, во ширењето на вахабистичката идеологија во светски рамки, особено поради нејзината огромна финансиска моќ, со која таа успева да ја шири оваа идеологија којашто, сама по себе, претставува закана за нарушување,пред сè, на муслиманските односи воопшто. Причината се должи на фактот што не сите муслимани ја прокламираат оваа идеологија и се согласуваат со истата. Но и кај самите вахабисти постојат подгрупи, кои на различен начин ја остваруваат својата цел, владеење на шеријатското право насекаде и почитување и примена од секого, како единствено признаено право од нивна страна.

Вахабизмот, како идеолошка доктрина, сам по себе создава ограничен простор во начинот на практикување и примена на исламот како религија. Со тоа се создаваат услови за тој да дејствува и ја наметнува својата идеа како единствено апсолутна насекаде. Уште од самите почетоци, од времето Абд Ал-Вахаб, постои нетрпеливост спрема секој што не се придржува кон строг монотеизам и верување во култот на многубоштво.

Омразата спрема ваквиот тип на размислувања настанува во целиот свет: како кај делот на традиционалните муслимани, така и кај другото население, коишто ја сметаат оваа идеологија за опасна во смисла загрозувачка по самиот општенствен поредок, имајќи го предвид фактот што, во некои случаи, голем дел вахабисти кои прокламираат таква идеологија се нашле во редовите на терористички организации.

Во овој дел ќе биде разгледувано прашањето дали вахабистичката идеологија е основен елемент во ширењето на глобалниот тероризам, како што е обележано во западните школи, медиуми, експерти и политики. Бројни познати терористички групи, како што е Ал Каеда, познато е дека ја користат вахабистичката доктрина како извор, односно инспирација за џихад или света војна во името на вистината.

Неприфаќањето на иновациите, заедно со коцептот на „беда", јасно го насочува судирот на вахабизмот насочен спрема западната цивилизација и модерното време. Според тоа, вахабистичката религиозна доктрина, со сите свои правила, норми и вредности,претставува специфичен сплет на јадро коешто се проникнува во рамките на верскиот екстремизам. Според професорката Иванка Додовска, „Разорните, политички и идеолошки проекти на панисламизмот се најголемиот предизвик на европската и светската цивилизација".[212]

Во јуни 2014 година, беше формирана Исламската држава, која претставуваше продолжеток на Ал-Каеда, со свои индоктринирани вахабистичко-салафистички следбеници, насочени кон насилно наметнување на нивните идеи и насочени кон нивните шиитски непријатели. Истата таа прогласи Калифат во Сирија и Ирак, со промената стратегија, настојувајќи своите активности да ги насочи спрема секој немуслиман.

За време на почетоците на вахабизмот, поточно после битката помеѓу трупите на Абд Ал Азис Ибн Ал Рахман Ал Саудс и Икванс во 1929 година,доаѓа до внатрешна поделба во Вахабистичкото движење. Вахабистичката улема е институционализирана и, оттогаш до денес, има поддршка од кралската фамилија.[213] Иако во XX век имало

---

[212]Додовска, И., (2010) *Кризите на модерниот свет: регионални и глобални предизвици за либералната демократија наспроти религиозниот фундаментализам*. Скопје: Фондација „Конрад Аденауер", претставништво во Република Македонија Здружение на граѓани Институт за цивилен развој и политолошки анализи РЕПУБЛИКА – Скопје, Достапно на:http://www.kas.de/wf/doc/kas_40236-1522-2-30.pdf?150126150925 pp. 14

[213] Vucicevic, I. (2013) Wahhabi movment-with cases of Bosnia and Serbia, *University od Macedonia, Department of Balkan, Slavic and Oriental studies,* Master degree in Politics and Economic od Conterprorary Eastern and South-Eastern Europe, Thessaloniki, стр. 13, достапно на:file:///C:/Users/user/Desktop/VucicevicIvanMsc2013.pdf, [пристапено на 03.09.2020].

одлуки од страна на официјален Ријад кои биле спротивни на вахабистичката доктрина, Уламата сè уште ги поддржувала дури и прогласувала фатви за нивно легитимирање. Ахамад Музали го користел примерот од Ибн Баз, саудиски муфтија кој ја ширел вахабистиччката идеологија во оригинална форма. Тој ги етикетирал сите муслимани кои не се вахабисти како пагани, неверници и ги напаѓал сите академици кои не се согласувале со вахабистичката доктрина.[214] Ибн Ваз изјавувал фатви за забрана на соработка на муслиманите со немуслиманите (Советите во 1960 година). Како и да е, во 1990 година тој се согласил и дозволил со фатва американските трупи да влезат во Саудиска Арабија и оттаму да го нампаднат Ирак. Ова е чист пример дека политиката е пред религијата, но сè уштеподдржано од Уламата. Од друга страна, после 1929 година, недржавните вахабисти дејствувале против Улама и режимот на саудиската фамилија. Тие креирале основа за подгрупа која прокламирала идеологија која останува лојална на оригиналните учења на Мухамед Ибн Ал Вахаб, без никакви отстапувања.Оваа група е позната како нео-вахабизам. Покрај вахабиите кои останале надвор од државата Улама, друг темел од кој се развил нео-вахабизам е еден од видовите на саудискиот исламизам.[215]

Постојат три вида од овие подгрупи/фракции: реформистички вид, отстранувачки вид и џихадистички вид[216].

„Реформистичкиот вид, како фракција, бил креиран под верскиот активизам во 1970 и 1980 година, поттикнат од членовите на Муслиманското братство, кои мигрирале во Саудиска Арабија. Целта на реформистите била користење на идеологијата на вахабистите во апсолутна смисла, во комбинација со исламистите, односно, истите го користеле вахабизмот во комбинација со Муслиманското братство, како пристап за реализација нна нивните цели. Спротивно на вахабистичката идеологија, тие вклучувале реторика во решавањето на социјаните, културните и политичките прашања, воздржувајќи се од апстрактни теолошки теми.

Втората група, отстранувачите, имале различен пристап. За разлика од реформистите, нивната загриженост била сконцентрирана на прашањата за индивидуалното верување и морал. Нивната идеја била изедначување на религијата и државата, односно државата да ги преземе сите активности, во согласност со

[214] Ибид
[215] Ибид
[216] Ибид

шеријатското право. Тие инсистирале Улемата да биде поделена од државната институција. Ова незначело дека сакале да ја елиминираат националната држава, туку да имаат опција за несогласување и спротивставување  во некои прашања кои не се на исто ниво со религијата. Тие се против религиските школи и џамии и се залагаат за неформално учење на религијата.

Третиот вид саудиски исламизам е–џихадизам. Овој вид се развивал како резултат на поддршката од страна на Саудиска Арабија на Авганистан во нивната војна против Советскиот Сојуз. После конфликтот, џихадистите како борци се вратиле во Саудиска Арабија сосоздадена посебна доктрина, сметајќи дека сите цели, како што се политички, социјални и сл., се остварваат со употреба на насилство. Тие се здобиле со слобода за движење во и надвор од државата, како награда за нивниот придонес во конфликтот. Ова им дало можност за регрутирање нови млади лица и нивно тренирање за идни можни борби. Резултатот на мобилизација биле млади исламски борци кои стануваат дел од терористичката организација Ал-Каеда.“[217]

Верскиот радикализам е еден од најголемите проблеми за либерално-демократските институции и вредности. Радикализмот како идеолошка матрица најчесто го има вахабистичкото учење. Вахабизмот е конзервативна студија за исламот. Тоа претставува статичко и буквално толкување на Куранот и Хадисот.

Нео-вахабизмот еволуирал од трите подгруупи на саудискиот исламизам, но најмногу од последната група.

Со цел да се дистанцира вахабизмот од политичкото насилство во име на верата, Саудиска Арабија има воведено категорија „кутбизам“, каде се сместени сите сунитски фундаменталистички групации кои заговараат користење на насилни средства во остварувањето на своите политички и верски цели. Оваа категорија е прифатена од страна на повеќе исламолози и политиколози во западните земји.[218]Вистината е дека вахабистичките учења неможе да се сфатат само со негативен предзнак. Тие се легитимни и треба да бидат прифатени како такви, во согласност со цивилизациските начела – слобода на вероисповест, кои се содржани во Универзалната декларација на

---

[217] Ибид

[218] Познатиот американски исламолог Џон Еспозито (John L. Esposito) сметал дека неможе да биде прифатено мислењето дека вахабизмот е поврзан со насилство и тероризам, а уште помалку Саудијците да се поврзуваат со верско насилство, без оглед на тоа што вахабизмот го негира верскиот плурализам. Види повеќе:Суботић, М. (2015) *Екстремизам* под окриљем религије, Исламистички екстремизам на примерима БИХ и Србије, Министарство одбране, Сектор за политику одбране, Институт за стратегијска истраживања, МЕДИЈА ЦЕНТАР„ОДБРАНА“Београд, стр. 120

Обединетиите нации за човекови права, Меѓународниот пакт за човекови и граѓански права, како и „Декларацијата за елиминирање на сите облици на нетолеранција и дискриминација засновани на вера и верско убедување.[219]Проблемот настанува кога се применува насилство за ширење на оваа идеологија,со што се наметнува прашањето дали верските учења можат да се наметнат со насилство и дали е дозволено да се извршуваат терористички активности во име на Бога?

Европскиот парламент во 2013 година поднесе извештај, во кој наведува дека вахабистички и салафистички групи, со седиште во Блискиот Исток, се вклучени во поддршка и снабдување со оружје на бунтовничките групи ширум светот. Извештајот, објавен во јули 2013 година, бил нарачан од Генералниот директорат за надворешна политика на Европскиот парламент, кој предупредува постоењена вахаби/салафи-организации и тврди дека „ниту една земја во муслиманскиот свет не е безбедна од нивното дејствување...бидејќи тие секогаш имаат за цел да ги тероризираат своите противници и да предизвикаат воодушевување кај нивните приврзаници.“ [220] Извештајот детално ги докуметира финансиските извори кои ги поврзува арапските добротворни организации со финансирање на екстремистчки организации, кои имаат за цел да ја воведат вахаби и салафи-идеологијата во муслиманските земји. Извештајот проценува дека само Саудиска Арабија има потрошено над 10 милјарди долари за промовирање на вахабизмот, преку саудиски добротворни организации. [221] Катар е новата држава која дава финансиска поддршка на многу милитантни организации од Либија до Сирија. [222] Врската помеѓу саудиските добротвони организации и терористичките организации започнува најпрво во Пакистан, за поддршка во борба против Советскиот Сојуз во Авганистан.Оттогаш милитантните организации, со голема финансиска поддршка,претставуваат глобална закана за човештвото.

За поврзаноста на вахабистите со многу терористички активности во светот, постојат многу докази. Во текот на долгогодишните судири и инциденти во Чеченија, постои сомнеж за вмешаност и присуство (физичко, политичко, финансиско) на

---

[219] Ибид
[220]Haider M., (2013) *European Parliament identifies Wahabi and Salafi roots of global terrorism*, DAWN, достапно на:https://www.dawn.com/news/1029713/european-parliament-identifies-wahabi-and-salafi-roots-of-global-terrorism, [пристапено на 05.04.2021]
[221] Ибид
[222] Ибид

вахабистичкото движење.[223] Со прогласување на водачот на чеченските сепаратисти (со потекло од Саудиска Арабија), се докажало тоа што со години се сомневале во Кремљ, а тоа е дека чеченските сепаратисти биле под водство на арапски платеници и муслимански екстремисти-вахабисти. [224] Како терористички извршени напади во Чеченија од страна на чеченските вахабисти, се следните: ивршениот напад врз театарскиот центар „Дубровка“ во центарот на Москва; подметната експлозија, при што е убиен е чеченскиот претседател Ахмат Хаџи-Кадиров; а најстрашниот терористички напад се случил 1 септември 2004 година во Средното училиште бр.1 во градот Беслан во Северна Осетија.[225]

За терористичките активности на вахабистичкото движење повеќе се дозна после терористикиот настан од 11 септември 2001 година. Имено, тогаш се случи и терористичкиот напад врз Пентагон, во Вашингтон, како и терористичкиот напад на Светскиот трговски центар во Њујорк, кога загинаа неколку ијлади лица. Истотака,терористичкиот напад во Мадрид, кога во воз беше подметната бомба на 11 март 2004 година, при штозагинаа 190 лица, а ранети беа околу 1.500.[226]

Потенцијално жариште на вахабистичкиот екстремизам претставува и подрачјето на Балканот, за што подетално ќе биде разгледано во следната глава.

## 4.Регрутација на истомисленици во радикалното вахабистичко движење и нивна радикализација

Вахабистите, главно, се насочени кон регрутација на млади лица/муслимани, при што регрутацијата се врши најчесто во помали групи, преку различни методи и начини, со бliska комуникација и стриктна селекција, во места кои се предвидени за таа намена. Тие места најчесто се џамии, медреси, верски училишта, интернет, социјални групи и сл. Целна група им се млади момчиња меѓу 16 и 20 години. Иницијалниот приод е најчесто немилитантниот фундаментализам,потенцирајќи ја човечката

[223]Бојанић, Д. (2010) *Вахабизам – радикални исламистички покрет*, Министерство одбране Републике Србије, Војна академија,стр.369, достапно на: http://www.odbrana.mod.gov.rs/odbrana-stari/vojni_casopisi/arhiva/VD_2010-prolece/20.%20Vahabizam%20radikalni%20islamisticki%20pokret%20-%20Dragan%20Bojanic.pdf [пристапено на 12.10.2020]
[224] Ибид, in:*Саудијски идеолог за чеченског вођу*, Вечерње новости, 11. марта 2005. године
[225]Trifunović, D., Stojaković, G., Vracar, M. (2011) *Terorizam I vehabizam*, „Filip Vishnić“,Beograd, стр.148,достапно на:file:///C:/Users/user/Downloads/TerorizamiVehabizamknjiga.PDF, [пристапено на 04.11.2020]
[226] Ибид

димензија и почитувањето на животот според Куранот и враќање на изворните учења за исламот. За време на процесот на индоктринација, младите се селектираат и безбедносно се вршат проценки преку нивната економска ситуација, според нивната интелектуална способност, снаодливост и верност.[227]

Во следната фаза тие се запознаваат со идејата за џихад и „славниот живот на муџахедините“ кои војуваат во името на Алах, со една идеја создавање на калифат, притоа запознавајќи ги подетално и целосно, анализирајќи видеа од борби во Чеченија, Авганистан, Босна итн.[228]Со тоа тие се целосно регрутирани и способни за следење на вехабистичката идеологија и послушност спрема неа, односно радикализирани за вахабистички начин на делување и послушност и доследност на идеологијата која ја прокламира вахабизмот. На тој начин истомисleниците се радикализирани, со што го прифаќаат вахабистичкиот начин на живеење преку носење пократки пантолони, долги бради, традиционална арапска облека, како и други правила и прописи како по однос на изведувањето на верските ритуали, така и во однос на начинот на секојдневниот живот. На крајот од последниот процес на регрутација, избраните се праќаат на образование кај идните радикални имами во арапските земји, или на понатамошни терористички тренинзи. Ако ја земеме предвид општо регрутацијата на нивни истомисленици низ целиот свет, поточно на Балканот, можеме да заклучиме дека станува збор за стандардна практика која се применува, односно методите на регрутација кои ги споменавмеважат и во нашата земја и се применуваат и пошироко.

Нивната општа цел спрема таргетираните личности, кои одговараат на нивните претходно зацртани планови, е нивна радикализација,сè со цел да се преобразат во лица кои ќе можат да се доследни на нивните барања и да одговорат на истите. Преку злоупотреба на религијата, истите регрутираат млади лица кои ги прифаќаат правилата на начинот на живот, воведени од страна на вахабистичкото движење.

Од досегашното излагање може да се констатира општата опасност од делувањето на вахабистичкото движење, кое,пред сè,е опасно за религијата поради најмалку два фактори. Првиот се однесува на манипулацијата со религијата од страна на вахабистите за терористички активности, односно користењето на религијата од

[227]Види повеќе: Танески. Н., Радикалниот ислам:реална закана за безбедноста на Балканот, 297:355.45(497), стр.12, достапно на: http://sd.fzf.ukim.edu.mk/index.php/no2/kjgf?format=pdf, [пристапено на 05.07.2020].

[228] Ибид

нивна страна за потребите кои се спротивни со основните начела на една религија. Втората причина е доаѓањето до судир помеѓу традиционалното практикување на исламот во една држава, од една страна и припадниците на ектремното исламско движење-вахабизмот, од друга страна, кои имаат за цел да владеат со исламската заедница во една држава, како и пошироко,сè со цел да го наметнат своето влијание во целокупното муслиманско општество.

### 4.1. Фактори во процесот на радикализација

Општо земено, радикализацијата се дефинира како феномен на прифаќање на одредени мислења, идеи, погледи кои пропагираат терористички активности.

Во светот не постои одреден профил, според кој може да се согледа како едно лице е подложна на радикализација, меѓутоа постојат фактори кои ги мотивираат младите муслимани од Балканот да пристапат кон радикализација.

За таа цел постојат три клучни фактори: основни фактори, активирачки фактори и опортунистички фактори.[229]

Во согласност со фазниот модел, најчестите **основни фактори** што муслиманската популација ја прават подложна на радикализација се:[230]

– идентитетска криза на муслиманите;

– дискриминација, отуѓување и неправда;

– животна средина, соседство и семејство;

– релативен недостаток од јавна дебата за милитантниот исламизам на Балканот".

Тргнувајќи по идентитетот, дел од муслиманската популација, после идентитетската криза која за првпат се појавила во седумдесеттите години од XX век, пристапија кон радикалните форми на исламот – вахабизмот, со што дојде до судир помеѓу традиционалните верници и радикалните исламисти. Дискриминацијата, отуѓувањето, односно неправдата во една средина каде што живеат муслиманите, е вториот фактор кој ги прави истите да бидат подложни на радикализација, поради нивното незадоволство од животните прилики и самиот систем во една држава, во која тие не уживаат привилегии, односно се сметаат како „граѓани од втор ред". Во тој контекст во процесот на радикализација се гледа како можност за справување со сите тие незадоволства и можност за стекнување достоинство и припадност.  Животната

[229] Види повеќе:*Ширењето на милитантниот исламизам на Балканот (втор дел)*, достапно на http://eprints.ugd.edu.mk/22054/1/NT%205.pdf, [пристапено на 03.03.2021]
[230] Ибид

средина, соседството и семејството се исто така важен фактор во процесот на радикализација. Индивидуалната радикализација пред сѐ зависи од непосредното опкружување, односно дали средината во која живее поединецот е средина во која егзистираат повеќе лица кои се радикализирани, со што, благодарение на нив, може да се регрутираат понатаму нови муслимани кои, со нивна помош, ќе продолжат по нивниот радикален правец. И на крај, како фактор останува недостатокот од јавната дебата за радикалниот ислам на Балканот, како и во светски рамки, што би значело и насекаде, бидејќи што повеќе јавноста е запозната со опасноста од оваа појава, толку повеќе ќе се зголеми и нејзиниот придонес во превентивното дејствување за спречување со ширењето на радикалните исламисти и нивното негативно влијание врз муслиманите, како и целокупното општество, со што би се довело до минимизирање на радикализацијата од нивна страна. Значи, можеме да констатираме дека колку помалку јавноста е запозната со сите фактори, услови, трендови на вахабизмот како радикална форма на исламот, толку повеќе придонесува за радикализација на младата муслиманска популација.

Маргинализацијата во општеството, невработеноста, сиромаштијата нискиот економски статус и незадоволството од целиот тој склоп на негативни феномени во одредено општество,придонесуваат младите да подлежат на радикализација. Меѓутоа, неопходно е да се нагласи дека овие се само индикатори, а не конкретни факти кои одредена личност би ја окарактеризирале како радикализирана, бидејќи постојат голем број муслимани кои се невработени, сиромашни, но не го прифаќаат радикалниот начин на проповедање на исламот.

Втората и третата фаза од процесот на радикализација може да се разгледуваат како една целина – транзициска фаза, односно фаза во која поединецот поминува од почетокот на неговата радикализација сѐ до оној момент кога истиот е подготвен за употреба на сила – борба во името на Алах и таа фаза е условена од следните **активирачки фактори**:[231]

– надворешната политика и изолирани провокации;

– глорификација на џихадот, активизам и потрага по причина;

– постоење на харизматична личност, лидер или духовен советник.

Најчести локации или настани каде што младите муслимани имаат можност да се запознаат и евентуално да ја прифатат идеологијата на милитантниот исламизам, се

[231] Ибид

следните: интернетот, затворите, џамиите, верските училишта, универзитетите, разни младински клубови или работното место/организација, спортски активности и сл. [232] Овие фактори се нарекуваат **опортунистички фактори**, кои помагаат радикалниот ислам да се шири преку нив и истиот да биде промовиран, посебно помеѓу помладата муслиманска популација.

На крај, можеме да констатираме дека процесот на радикализација претставува клучен фактор во ширењето на вахабизмот, како радикално исламистичко движење кое претставува сериозна закана по безбедноста во општеството.

### 4.2 Одговори кон радикализацијата

Општо, терминот *радикализација* се дефинира како „процес на усвојување екстремистички систем на верување, вклучително и подготвеност за употреба, поддршка или олеснување на насилството, како метод за да се изврши општествена промена.“[233]

Начините на справување со радикализација се различни, во зависност од потребата на конкретната новонастаната ситуација во одредена држава. Имајќи го предвид фактот дека со самата радикализација се наметнуваат нови проблеми во самата држава, како и воопшто пошироко, треба да се направи подетална анализа кон самиот пристап на овој проблем, поточно одговорите кои одредена држава треба да ги прокламира спрема самиот начин на радикализација.

Во рамките на Стратегијата за справување со радикализација, усвоен од страна на Советот на Европа на ден 20 октомври 2015 година[234], можеме да ги согледаме и предвидените насоки кои треба да ги преземат регионалните и локалните власти за спречување на радикализација, како и начините на дерадикализација. Во самиот објавен текст од страна на Советот на Европа, дадени се совети и насоки на кој начин требат да се одговори од страна на органите на власта кон самиот начин на радикализација.

Во Стратегијата за справување со радикализација, предвидени се три одговори кои одговорните власти ги преземаат, во зависност од ситуацијата,имајќи предвид дека

---

[232] Ибид
[233]Rabasa A., Stacie L. P., Jeremy J. G.,Boucek C.,(2010) *Deradicalizing Islamist Extremists,NATIONAL SECURITY RESEARCH DIVISION*, стр.1,достапно на:http://www.ppv.issuelab.org/resources/8976/8976.pdf, [пристапено на 20.03.2021]
[234] Види повеќе:*Спречување на радикализација и изразувањето на омраза на терен, насоки за локалните и регионалните власти*,(2016), достапно на:https://rm.coe.int/168071b338, [пристапено на 04.03.2021]

тоа не е константен процес со точно определени фази, односно зависи од одредени фактори кои ги презентиравме во претходното излагање.

Првиот о,дговор е репресијата којашто спаѓа во надлежност на националните власти и опфаќа полициски работи, законодавен процес и разузнавачки активности.[235]Репресијата како одговор секогаш може да биде присутна, во зависност од собраните докази за противуставни активности на одредено лице/лица или групи, за кои се располага со претходно утврдени факти дека се радикализирале и планираат да извршат одрдени терористички активности кои би наштетиле на државата. Ова пред сѐ е работа на безбедносните служби во одредена држава, како и другите законодавни органи кои соработуваат со цел да биде даден соодветен одговор на радикализираните лица.

Вториот одговор е превенцијата, односно превентивните мерки кои на долгорочен план би биле далеку поисплатливи отколку справувањето со овој проблем на репресивен начин. Превентивниот пристап е алатка која е присутна кај безбедносните служби,сѐ со цел да може да се добиваат релевантни податоци за одредени лица кои се вклучени во процесот на радикализација, а со тоа да се има и увид во самиот начин на нивното дејствување, како и нивните идни планови. За да биде успешен превентивниот пристап, треба да постои поголема соработка, односно да се даде придонес не само од страна на полицијата и судството, туку потребно е вклучување и на други сектори, како и граѓанското општество.

Во однос на вахабизмот како радикално исламистичко движење, потребно е и врбување на лица радикални и нивно придобивање за соработка од страна на безбедносните служби, кои би давале релевантни податоци за начините на нивното дејствување и нивните планови во иднина. Тоа би било превентивно дејствување кое би дало значен придонес во спречување на извршување на идни терористички активности, или пак добивање информации за лица кои би заминале за војување во странските боишта. Во оваа фаза значаен придонес би дале и радикалните имами од локалните џамии или лидери на религиозни заедници, кои би биле од корист на безбедносен план. Меѓутоа, битно е таквите партнерства да имаат поширока заедничка агенда, а не само безбедносна, но,доколку со текот на времето се успее да се изгради доверба и партнерство околу различни прашања, тогаш ќе биде поприродно да се

---

[235] Ибид, стр.13

вклучат и безбедносни прашања, отколку партнерството да започне и да заврши само околу прашањата поврзани со сигурноста.[236]

Третиот одговор е реинтеграција на радикализираните поединци кои се покајале за нивните претходни противправни активности. Тоа е самиот начин на дерадикализација за кој ќе зборуваме во следното излагање.

## 5. Процесот на дерадикализација

Процесот на реинтеграција на поединци кои се радикализирале во одредено општество се нарекува *дерадикализација*. Овој процес подразбира прифаќање на поединците кои се радикализирале, со цел да се одвратат од паттот на кој истиот го прифатиле вахабистичкиот, односно радикалниот начин на живот.

Општо земено, дерадикализацијата подразбира правец на превентивно делување со приврзаниците на радикалното движење, односно нивно одвраќање од идејата за употреба на сила и борба во името на Алах. Посебно дерадикализацијата е насочена спрема оние лица – повратници кои војувале на странските боишта и после тоа истите се вратиле во матичната земја каде што претходно живееле.

Дерадикализацијата, како процес на промена на системот на верување на поединецот, отфрлање на екстремистичката идеологија и прифаќање на главните вредности кои се дадени во одредено општество, е едно од клучните прашања. Откажувањето од радикализацијата повлекува промена во однесувањето, односно откажување од насилство, како и повлекување од радикалната организација во која истото било член. Едно лице може да излезе од самата радикална организација и да се воздржи од примена на насилство, но не немора да значи дека ќе го смени и својот радикален светоглед.

Дали едно радикализирано лице ќе го прифати процесот на дерадикализација, зависи колку истото е приврзано во самата радикална организација и колку истото ја има прифатено идеологијата којашто ја прокламира самата организација. Посветеноста може да се мери во смисла на афективни, прагматични и идеолошки ,врски.[237]

**Афективната врска** се состои од приврзаноста спрема другите членови на организацијата, како и спрема самата организација. **Прагматичните врски** се состојат

[236] Ибид, стр.14
[237] Rabasa A., Stacie L. P., Jeremy J. G.,Boucek C.,(2010) Deradicalizing Islamist Extremists,NATIONAL SECURITY RESEARCH DIVISION, стр.15,достапно на:http://www.ppv.issuelab.org/resources/8976/8976.pdf, [пристапено на 20.03.2021

од практичните фактори кои го отежнуваат излегувањето од групата, како што се материјалните награди и казни. **Идеолошката компонента** ги оправдува дејствијата што од поединецот се бараат да се преземат и тешкотиите што тој или таа мора да ги издржи за да ги постигнат целите на групата.[238]Односно, колку лицето е интегрирано длабоко во таа идеологија и дали истото ќе може да се откаже од таквите радикални ставови кои се единствени во самата радикална организација.Самите програми за дерадикализација,пред сè, треба да вклучуваат компоненти за решавање на секој вид приврзаност, со што би им понудиле повеќекратни причини за да ја напуштат својата посветеност на радикалната група или идеологија.

Секоја држава се соочува со оваа проблематика,како и со начинот на кој треба да се постапува како сложен процес. Ова налага и посебни мерки и методи кои самата држава треба да ги имплементира најпрво во законодавниот систем, кој ќе биде следен од искуствата и на другите земји.

Лицата кои се повратници од странските боишта и се сместени во затворските капацитети треба да бидат вклучени во програми за дерадикализација, што вклучува и понатамошни методи во овој процес. Односно, лицето кое е вклучено во овие програми понатака треба да биде прифатено во средината каде што живее и да му се пружи целосна поддршка најпрво од неговото потесно опкружување, односно неговото семејство, како и наоѓање на работа. Покрај тоа, разумно е да се бара од поединецот и понатамошно негово советување, да се следат неговите понатамошни однесувања и активности. Значи, станува збор за сложен процес кој бара макотрпна работа како од страна на поединецот, така и од институциите кои се задолжени за тој процес.

Во овој дел ќе анализираме две различни програми од разчлични држави, кои укажуваат на програмите на дерадикализација,како што е програмата од страна на земјите од Блискиот Исток и програмата од страна на европски земји.

---

[238] Ибид

**Табела бр. 2 Преглед на Програма за дерадикализација на земјите од Блискиот Исток**

| Карактеристики | Јемен | Саудиска Арабија | Египет | Либан | Иран |
|---|---|---|---|---|---|
| **Локација** | Затвор | Затвор | Затвор | Затвор | Затвор |
| **Големина** | 364 ослободени | 3500 затвореници | ~15000 ослободени | ~200 ослободени | ~15000 ослободени |
| **Цел** | Индиовидуална дерадикализација | Индивидуална дерадикализација контра-радикализација | Колективна дерадикализација | Колективна дерадикализација контра-радикализација | Индивидуална дерадикализација контра-радикализација |
| **Вклучени радикали** | Сите | Симпатизери, поддржувачи | Сите | Сите | Оние кои не се мотивирани религиски |
| **Користени соговорници** | Улема | Улема, поранешни милчитанти | Улема, поранешни милчитанти | Улема, поранешни милчитанти | Улема |
| **Афективни компоненти** | Ништо | Советување, семејни посети финансирање свадби | Дискусии внатре во групата | Дискусии внатре во групата | Семејни посети, советување |
| **Прагматични компоненти** | Ограничена помош во добивање работа | Поддршка на семејствата и помагање за вработување, домување, здравствена грижа | Некои помагаат за вработување и здравствена грижа | Ништо | Стручна обука, образование |
| **Идеолошки компоненти** | Религиозен дијалог | Религиозен дијалог | Овозможување пристап до религиозни текстови, религиозен дијалог | Нејасно | Религиозен дијалог |
| **Постпрограма** | Улема | Улема, поранешни милчитанти | Улема, поранешни милчитанти | Улема, поранешни милчитанти | Улема |

*Извор:http://www.ppv.issuelab.org/resources/8976/8976.pdf*

Според Програмата од земјите од Блискиот Исток, може да се види дека станува збор за индивидуални програми за рехабилитација, кои се воспоставуваат додека индивидуата е во затвор и ја одлежува својата затворска казна, односно станува збор за дерадикализација на лица кои го прекршиле законот. Во тој контекст се воспоставени теолошки дијалози со религиозна основа, кои се водат од страна на верски лидери кои добро го познаваат исламот, со цел да им наметнат верско образование коешто во минатото им било наметнато на погрешен начин. Ваквото образование ќе им ја покаже вистината за исламот, дека е забрането какво било насилство за остварување на нивните цели и борба во името на Алах. Овие земји се со експлицитно исламски влади, бидејќи преовладува муслиманско население, со што самите власти се подготвени за вклучување во религиозни прашања, со цел промовирање на официјалната верзија на исламот. Самиот избран соговорник би бил теолог или поранешен радикал, кој би имал

кредибилитет да ги убеди радикалните исламисти во грешното интерпретирање и верување за исламот.

Програмите за дерадикализација треба да бидат избалансирани, вклучувајќи ги афективните, прагматичните и идеолошките компоненти кои продолжуваат и после нивното ослободување од затворските казни. Јасно е дека целта не може да биде постигната само со религиозните дијалози кои ќе бидат вршени, бидејќи истите нема да можат сами по себе да бидат гаранција дека одредено лице после ослободувањето ќе го смени начинот на живот.

Соработката со властите, со цел да можат да ја осигураат својата слобода, е можност за создавање ситуација која обезбедува стимулации за обесхрабрување за повторување на терористичките активности. Програмата предвидува и нејзино понатамошно следење од страна на ослободените радикали, како и поддршка и олеснување на процесот на реинтеграција во општеството, со штоим се нуди психолошко и теолошко советување, како и континуирана интеракција со соговорник кој ќе им обезбеди емоционална поддршка. На крај следува и поддршка на семејството кое ќе живее со поранешниот радикал, со што им се нуди соодветно советувалиште за однесување со тоа лице.

Што се однесува до колективната радикализација којашто се случува доста ретко, односно само тогаш кога државата ќе успее да ја победи радикалната организација затворајќи повеќе лица од групата. Програмата за колективната радикализација се разликува од индивидуалната радикализација бидејќи во истата се вклучени повеќе лица, што налага воспоставување пообемна програма, каде што се пристапува најпрво на водачот на групата и негова дерадикализација, кој потоа би имал авторитет спрема другите членови на групата на кои би успеал да им го покаже официјалниот ислам.

**Табела бр. 3** Преглед на Програма за дерадикализација од европски пристап

| Карактеристики | Велика Британија | Холандија | Данска |
|---|---|---|---|
| **Локација** | Локална заедница | Локална заедница | Локална заедница |
| **Големина** | Непозната | Непозната | Непозната |
| **Цел** | Контра-радикализација, дерадикализација | Контра-радикализација, дерадикализација | Контра-радикализација, дерадикализација |
| **Вклучени радикали** | Радикали кои не го имаат прекршено законот | Радикали кои не го имаат прекршено законот | Радикали кои не го имаат прекршено законот |
| **Користени соговорници** | Полиција, Водачи на заедниците, локални службени лица, локални верски водачи | Полиција, Водачи на заедниците, локални службени лица, локални верски водачи | Полиција, Водачи на заедниците, |
| **Афективни компоненти** | Ментори | Обид да се интегрира учесник во социјалните групи, ментори | Поттикнување на вклученост во граѓански општество;ментори |
| **Прагматични компоненти** | Ограничени напори за справување со поплаки од макро ниво, како што е лишувањето | Помош во стекнување во образование, стручна обука, работа | Развој на ранливи области и заедници |
| **Идеолошки компоненти** | Поддршка на умерените муслимански гласови кои ја дискредитираат салафи-џихадистичката идеологија | Дискутирање за религија, промовирање толеранција | Без дискусија за религијата |
| **Постпрограма** | Непозната | Непозната | Непозната |

*Извор:http://www.ppv.issuelab.org/resources/8976/8976.pdf*

Според Програмата од страна на европски земји, може да се заклучи дека постојат разлики со претходно изложената програма, најпрво тргнувајќи од самиот пристап, односно која категорија на лица се вклучени во процесот на дерадикализација. Станува зборза лица кои се радикални во своите ставови, меѓутоа истите не го прекршиле законот. Оваа Програма е доброволна и не е наменета за лица кои престојуваат во затворите, односно го прекршиле законот и е без какви било религиозни дијалози. Со оглед на зголемената сериозност на проблемот со радикалните

исламисти во европските држави, се налага и потребата за дополнителни програми кои би дале приоритет и на лицата кои се наоѓаат во затворските ќелии и кои во иднина треба да бидат подлежни на дерадикализација.

Имајќи ја предвид оваа компарација на две различни програми и нивниот пристап кон дерадикализација, можеме да заклучиме дека станува збор за сложени процеси кои се прилагодени според условите на државите и нивниот пристап спрема овој проблем, зависи од повеќе фактори, како што претходно и увидовме.

# ГЛАВА IV

# ВАХАБИЗМОТ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 1.Воведни согледувања за вахабизмот во Западен Балкан

Вахабистичкото учење и неговата идеологија во Западени Балакан била присутна уште во 90-тите години на минатиот век, најпрво пропагирана од страна на верските ученици на исламските факултети во арапските земји, кои успеале своето учење да го пропагираат и на овие простори. Уште во 80-тите години, на појавата на вахабизмот во Југославија истакнал професорот на Факултетот за политички науки во Сараево, Хасан Сушиќ, според кого „Вахабистите ги повикуваат муслиманите надвор од арапскиот свет да не го прифаќаат религискиот статус во државите каде се верски малцинства, индиректно залагајќи се дури и за вооружени конфликти.“[239]

Идејата за вахабизмот на овие простори, како појава, била присутна на Балканскиот Полуостров уште пред 90-тите години, кога голем број муслимански студенти на исламските факултети во Саудиска Арабија дошле во додир со вехабистичката идеологија која ја изучувале на тие факултети, каде што имало литература што ја пропагирала таквата идеологија.

Според достапната литература и истражување за вахабистичкото движење, односно продорот на Балканскиот Полуостров, можеме да го согледаме во четири фази:[240]

Првата фаза на продор на вахабистичкото движење во Западен Балкан е означена во периодот до 1992 година и е поврзана со индоктрираните студенти на исламските факултети во Саудиска Арабија, кои после нивните студии ја пропагирале вехабистичката идеологија во земјите од каде што потекнуваат. Во оваа фаза се јавува тензија помеѓу муслиманите кои го застапуваат традиционалниот ислам, од една страна,и приврзаниците на вахабистичкото движење, од друга страна.

---

[239] Васовић., И., Динић., J. (2017) *Продор и циљеви вехабизма у региону Западног Балкана*, научни рад, Факултет безбедности, Универзитета у Београду, УДК:327.39:28(497), достапно на:file:///C:/Users/user/Desktop/0409-29531701150V%20(1).pdf, [пристапено на 21.06.2020 ].
[240] Види повеќе: Ибид, стр.154, 155 (За овие фази пишувано е и во други стручни литератури)

Втората фаза се карактеризира, односно е поврзана со граѓанската војна во БиХ и траела од 1992 до 1996 година. Во овој период голем дел од муслиманското население,коешто страдало и било погодено од војната, голема утеха и помош барало од странските борци коишто доаѓале на овие територии. Интересен е фактот што истите, иако пропагирале религија која била различна од традиционалниот ислам коишто муслиманското наслеление во БиХ го практикувало, за нив било прифатливо и таквото учење и спрема истите укажувале голема почит и восхит. После завршувањето на мисијата на странските борци на просторот во Западен Балкан, дел од нив се населувале во други краишта, како што биле Чеченија, Косово и Метохија, каде и тамошното население барало помош од нив. Другиот дел од борците останал во БиХ, каде добиле и постојан престој, со што им се овозможило пропагирање на вахабистичката идеологија на тие простори, бидејќи нивната цел била добивање што поголем број приврзаници на таквата идеологија.

Во оваа фаза голема улога одиграле и разните хуманитарни друштва и организации од Саудиска Арабија, коишто финансиски придонесуваат за зголемување на бројот на приврзаници на ова движење.

Во оваа фаза сè поголем број на млади лица заминале на студии, претежно на Исламскиот факултет во Медина, како и во другите земји на Заливот[241].

Третата фаза ја карактеризира експанзијата на вахабизмот на Балканот и трае од 1996 до 2002 година, кога и во БиХ биле основани вахабистички организации. Најпозната помеѓу нив била „Активната исламска младина", основана со цел промовирање на вахабистичкото учење и добивање поголем број приврзаници. Во овој период се појавило и движење од страна на муџахедините кои останале на овие простори после војната и кои се населиле во одредени села, како што се Горна Маоча,Бочињ, Рујница, каде се практикувал вахабистичкиот начин на живеење.

Најзначаниот настан којшто го одликува ова фаза е и изградбата на најголемата џамија во Европа, во центарот на Сараево, во 2012 година, под името „Крал Фадих", која е дизајнирана како центар за ширење на вехабистичкото учење во БиХ.[242]

Оваа фаза ја крунисаат голем број на терористички напади, од кои само 172 вакви напади биле реализирани во 1997 година.Во овој период се појавиле голем број

---

[241] Потежица, О. (2007) *Вехабије између истине и предрасуда*, ИП „Филип Вишњић", стр.171–173
[242] Пејановић, Љ., Савић, Е., Јовановић, Ј. (2013) *Вехабизам на Балканском простору*, научни рад, Факултет за правне и пословне студије, „Д-р.Лазар Вркатиќ", Нови Сад, стр.69, достапно на:file:///C:/Users/user/Desktop/Civitas05_article06.pdf, [пристапено на 03.05.2020].

хуманитарни организации, кои финансирале изградба на најразлични проекти од отворање на локални џамии, верски институции и сл. Голем дел од приливот на пари кои доаѓале од овие организации се слевале во рацете на оние кои преку џихадот и исламистичката кауза пронашле можност за лично збогатување. Градовите како Виена и Загреб се јавуваат како центри на ваквиот вид организации, кои преку локалните ограноци ги финансирале вахабистичките проекти на територијата на БиХ, а подоцна и во Косово и Метохија.[243]

Четвртата фаза на продорот на вахабистичкото движење на Западен Балкан е карактеристична после 11 септември 2001 година, кога големите политички сили почнале да покажуваат особено голем интерес во проучувањето на ова движење, поради сѐ поголемиот број проблеми коишто настанувале од ваквата идеологија, како и големиот број приврзаници, особено од Западен Балкан, каде што има голем број муслиманско население. Во овј период се презеле радикални мерки на контролирање и сузбивање на организациите кои го финансирале вахабистичкиот облик на делување на муслиманите во БиХ.

## 2. Цели на вахабистичкото движење во Западен Балкан

Кога станува збор за целите на дејствување на вахабистичкото движење, особено на просторот на Западен Балкан, направена е поделба во смисла на посебно издвојување на општата цел, верската, политичката, како и геополитичката целна нивно дејствување на овие простори.

Во претходното излагање во неколку наврати е спомената ***општата цел*** на вахабистичкото движење во светски рамки, која се преклопува како цел и во просторот на Западен Балкан. Општата цел би била моделирање на овој простор како Саудиска Арабија, односно прифаќање на Куранот на некој начин како устав, а целокупниот општествен живот на населението да се одвива по принципот на шеријатот.

Кога станува збор за ***верската цел***, за нас би била добро позната во смисла на добивање поголем број приврзаници и истомисленици на вахабистичката идеологија на просторот на Западен Балкан, како и добивање поголем број студенти кои ќе можат да ја изучуваат ваквата идеологија во Саудиска Арабија и истите да можат подоцна нивните студии да ги имплементираат во земјите од каде што потекнуваат.

---

[243] Потежица, О. (2007) *Вехабије између истине и предрасуда*, ИП „Филип Вишњић“, стр.173–174

***Политичката цел***, се разбира, потекнува од нивната желба за подобра политичка положба во општеството, со што ќе можат на полесен начин да ја спроведуваат својата мисија.

***Геополитичката цел*** се однесува на поголемиот бројвахабии во Западен Балкан и во Европа воопшто. Кога станува збор за оваа цел, битно е да се напомене дека муслиманите од Балканот се нераскинливо поврзани со останатиот муслимански свет. Во таа смисла Западен Балкан, поради својата геостратешка и геополитичка положба, е интересен за вахабиското население поради поимот „Зелена трансверзала“[244]

Меѓусебното поврзување на приврзаниците на вахабизмот претставува силна основа за секој вид на дејствување, па така и за терористички активности.

Поради полесно и ефикасно дејствување на просторот на Европа, терористичкото население регрутира т.н. „Бела Ал Каеда“, при што се мисли на муслиманско население од Балканот коешто е врбувано за терористички активности. Како главна цел на вахабистите на Балканот е предвидено воспоставување на „Зелена трансверзала“, со формирање на Република Санџак која ќе биде споена со Бошњаците од БиХ со два паралелни пристапа, што треба да се применуваат при оваа цел.[245]Првиот пристап подразбира регрутирање на населението по пат на добивање финансиска помош, со купување земја и фирми од страна на организации и поединци од Блискиот Исток, сѐ со цел врбување и придобивање на истомисленици од страна на муслиманското население во БиХ, Црна Гора, Косово, Србија и воспоставување струкрура за која се верува дека во иднина може да ја поддржи „Зелената трансверзала“. Вториот пристап подразбира кампања на заструшување на традиционални муслимани кои се против вахабистичката идеологија, како и локалното христијанско население.[246]

Самиот поим „Зелена трансверзала“ има два различни, меѓусебно поврзани значења:[247]

1.„Да се обележи долгорочната цел на идеолозите на исламизмот на Балканот и пошироко, да се создаде географски непрекинат синџир на доминантна муслиманска

---

[244] Види повеќе:http://specijalnirat.blogspot.com/p/blog-page_11.html, [пристапено на 25.06.2020 ]
[245]Васовић, Р. И. (2017) *Вехабизам као пријетња регионалној безбедности Балкана*, докторска дисертација, Факултет за безбедности, Универзитет у Београду, стр. 110
[246] Ибид
[247]Trifković, S. (2011)*Zelena Transferzala,Jadovno*,достапно на:https://jadovno.com/zelena-transverzala-autor-dr-srdja-trifkovic/?lng=lat#.Xvbivm0zbIU, [пристапено на 28.06.2020].

заедница, или заедница под доминација на муслимани кои ќе се простираат од Турција, на југоисток до Казик, на северозапад;

2.Забележување на процесот на зајакнување на етнорелигиозната самосвест на муслиманските заедници на Балканот, што пак има четирикратна политичка цел:

– проширување на географскиот простор на нивната демографска доминација;

– воспоставување или проширување на субјекти под муслиманска политичка контрола, со ескалација на барањата за статусот и со цел воспоставување суверена државност;

– зајакнување на исламскиот карактер и идентитет на доминантната заедница во рамките на овие субјекти, со паралелно намалување на нумеричкото присуство и маргинализација на влијанието на другите групи;

– подготвеност за конфликти со немуслиманските соседи и нивните матични земји.“

Опасноста од вахабистичката идеологија и нејзиното ширење на територијата на Западен Балкан можеме да ја анализираме од нејзините цели, првенствено геополитички, како и нејзината улога којашто можеме да ја увидиме со години наназад, во поврзувањето со другите исламистички ектремни организации и нивното дејствување на територијата на Балканот, во насока на изведување терористички активности.

Кога станува збор за нејзината цел, претежно воспоставување контрола во општествено-политичкиот поредок во овие земји, ќе ја увидиме и нејзината директна паралела во рушење на политичките, економските, социјалните и безбедносните прашања, со што се огледа потребата од брзо и масовно дејствување на националните и политичките сили во креирање на нормативен и институционален амбиент, којшто е неопходен во изградбата на регионалната безбедност. Со тоа би се воспоставиле предуслови за спречување на ширењето на вахабизмот на просторот на Балканот.

Во денешно време тешко е да се дефинира центарот на дејствување на вахабистите на територијата на Западен Балкан, бидејќи различни аналитичари даваат различни констатации и мислења. Едни сметаат дека центарот на вахабистичките дејствувања е Сараево, други сметаат дека е тоа Виена, а некои Нови Пазар. Меѓутоа, за нас е важно што сè помасовна е појавата на оваа идеологија на овие простори, вклучувајќи ја и Република Северна Македонија, каде што последиците од овој вид движење постепено ги чувствуваме.

Суштински гледано, хиерархијата на вахабистичкото движење е децентрализирана, а комуникациите се одвиваат со посредство на интернет. Ова движење претставува опасност за Балканот, не само поради зголемување на бројот на приврзаници и истомисленици, туку поради нивната поврзаност со исламскиот тероризам во светот и интересот на странските сили на овие простори.[248]

Според направеното истражување од страна на Меѓународниот центар за следење на радикализмот (ИЦСР), со седиште во Лондон, најмалку шест проценти од вкупниот број странски ектремисти кои војуваат во Сирија и Ирак потекнуваат од балканските земји.Вахабистичкото движење собира околу 5.000 од вкупно 1,4 милиони муслимани во БиХ, и тоа најмногу во Сараево. Според проценките, во Србија има околу 1.000 следбеници на вахабизмот, додека во Косово околу 2.000. Во Црна Гора се релативно малку, но сосема доволно да предизвикаат поголеми проблеми. Проценките говорат дека од подрачјето на поранешна Југославија во војните во Ирак и Сирија во моментов се борат околу 1.200 вахабисти, кои дури формираат посебна бригада.[249]

Иако не постои уникатен профил на типичен странски терористички борец од Западниот Балкан, сепак индивидуите кои заминале имаат заеднички особини: (1) врски со дијаспората во ЕУ (особено во Австрија и Германија) и (2) криминално минато пред заминувањето.[250] Други заеднички карактеристики на странските терористички борци се ниското ниво на образование, невработеноста, дисфункционалните или распаднати семејства и проблеми со менталното здравје.[251]

---

[248]Васовић, Р. И. (2017) *Вехабизам као пријетња регионалној безбедности Балкана*, докторска дисертација, Факултет за безбедности, Универзитет у Београду, стр. 111

[249]Џихадистите од Балканот го освоиле подрачјето околу сириското место Азаз, на пет километри од границата со Турција, регион населен претежно со курдско население. Токму во Азаз тие ги повлекуваат новите регрути од Србија, БиХ, Косово, РСМакедонија и Црна Гора, намамувајќи ги преку социјалните мрежи и во живо преку свои следбеници.Идните џихадисти од Балканот ги собираат, врбуваат и регрутираат преку неколку исламски портали, како што се *Патот на верниците* и *Уммет*. Принципот на врбување преку овие портали е добро разработен и скоро секогаш ист: најпрвин преку дискусии за исламот, за тоа како е загрозен светот и како треба да се брани. Така агитаторите „фрлаат мамец“ и чекаат посетители на форумите кои ќе се уловат на овие нивни тези. Кога некој ќе загризе и ќе го потврди овој нивен став, следи почентната фаза на регрутирање. Кога истите, после одреден период, ќе утврдат дека соговорникот е подготвен да загине за релиозна цел, преземаат мерки тоа лице да се упати во некој од вехабистичките центри во Европа, најчесто во Виена.Оттаму, преку Турција ги испраќаат во Сирија. Види повеќе:https://faktor.mk/zagrizhuvachki-cela-brigada-dzihadisti-od-poraneshna-jugoslavija-vojuva-vo-irak-i-sirija,[пристапено на 27.06.2020].

[250]*Влада на Република Македонија, Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам (2018) Национална стратегија на Република Македонија за борба против тероризмот* (2018-2022), Скопје,достапно на:https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/bpt_nacionalna_strategija_2018.pdf, [пристапено на 15.08.2020].

[251] Ибид

## 3. Ширење на вахабистичката идеологија на Западен Балкан – регрутација на истомисленици

Процесот на ширење на вахабистичката идеологија на Западен Балкан е значително олеснат поради присуството на одредени фактори, кои тој процес го прават поедноставен. Во зависност од општествените прилики во едно општество, односно од неговите економски, политички, социјални услови, зависи и степенот на самата радикализација на поединците во тоа општество.

Западен Балкан е место каде што можеме да препознаеме и одредени услови кои се погодни за радикализација на поединци и групи, како што се нерешени меѓународни односи, минато со конфликти и војни, присуство на национална и верска нетрпеливост кои сè уште постојат, сиромаштија, невработеност, непочитување на човековите права и слободи, нееднаквост односно етничка, верска и политичка дискриминација и маргинализација и други.

Како мотивирачки фактори кои се одлучувачки за едно лице да стане радикален поединец и да се приклучи кон вахабистичкото радикално движење, може да наведиме повеќе. Во претходното излагање беа наведени три групи фактори: основни, активирачки и опуртинистички, сега ќе се осврниме само на финансирањето како дел од овие фактори, кое претставува еден од најважните потикнувачки фактори штопридонесува за радикализација на одредено лице. Поради тој факт радикализацијата претежно се остварува во места каде живее претежно сиромашно, необразовано население, односно каде што може да се делува и да се олесни процесот на самата радикализација.

Финансирањето на лицата кои ја прифатиле вахабистичката идеологија е како награда за нивната радикализираност, со што тие започнуваат да го практикуваат и кодексот на облекување и начинот на живеење, согласно оваа идеологија. Процесот на регрутација, главно, се врши во одредени „меџлиси“, места каде се извршуваат верските обреди и каде се чита верска литература, кои места се финансирани од Саудиска Арабија, Катар и други исламски земји, сè со цел прокламирање на таквата идеологија и зголемување на бројот на приврзаници кон истата. Овие меџлиси пред сè не се признати како верски институции од Исламската весрка заедница во една држава, а ги користат радикални имами коишто можат да ја прокламираат екстремистичката идеологија.

Во денешно време како основно средство кое се користи за ширење на вахабистичката идеологија е интернетот и социјалните мрежи, каде одредени

радикални имамипостираат нивни верски предавања кои се достапни за целокупната јавност, како и други лица кои преку интернет ги пласираат нивните екстремистички идеи и видеа со екстремистичка порака, како и меѓусебна комуникација на истомисленици, со што го олеснуваат начинот на нивното делување, односно планирање на идни терористички активности. Современите средства за комуникација, кои се дел од секојдневието на младата популација и овозможуваат брза конекција и лесна достапност до информации, во овој случај се користат како инструмент за радикализирање и придобивање нови приврзаници. Преку постирање текстови, фотографии и видеоклипови на online форматите, значително се забрзува и засилува процесот на радикализација. На овој начин терористичките организации ја шират својата идеологија и успеваат да регрутираат лица/симпатизери.

Познати милитантни сајтови за ширење на вахабистичката идеологија на Западен Балкан се следните:https://kelimetul-haqq.org/, http://putvjernika.com/, https://saff.ba/, http://ww5.essunne.com/?& и др. кои се поврзани со делувањето на терористичките организации во светски рамки.[252]

Со самата радикализација лицата пристапуваат кон терористички активности, односно се подготвени за целите кои ги нуди самата радикална организација. Во следната табела ќе прикажеме позначајни терористички активности на исламските екстремисти поврзани со вахабистичкото движење на Западен Балкан, со што ќе биде прикажан и начинот, односно планирањето на изведување на терористичкото дејствие, а кои подетално ќе бидат разгледани во наредните излагања за секоја држава поединечно.

**Табела бр.4**Хронолошки приказ на позначајни терористички активности на исламските екстремисти поврзани со вахабистичкото движење на Западен Балкан.

| **Карактеристики** | **2002 година** | **2007 година** | **2008 година** | **2010 година** | **2011 година** | **2015 година** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Локација** | Село Костајница, БиХ | Планина Нинаја Нови Пазар, Република Србија | БиХ | Бугојно, БиХ | Сараево, БиХ | Зворник, БиХ |

[252] Огризовић Д., (2016) *Утицај вехабитског покрета на угрожавање безбедности Западног Балкана*, мастер рад,Универзитет у Београду, мастер студије, Тероризам, организовани криминал и безбедност, Београд, стр.105, достапно на:file:///C:/Users/user/Desktop/51465653.pdf, [пристапено на 02.03.2021].

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вклучени радикали/вахабисти** | Муамер Топаловиќ (член на „Активна исламска младина“ ) | Мирсад Прентиќ, Фуад Хоџиќ, Вахид Весајловиќ, Сенад Вејсаловиќ, Јасмин Самиловиќ, Мехмед Кољши, Исмаил Прентиќ (загинат во антитерористичката акција), Сенад Рамовиќ (ранет) и Сафет Беќировиќ | Терористичка група на Ријад Рустемпашиќ | Харис Чаушевиќ „Окс“, Аднан Хараџиќ | Мевлид Јашаревиќ | Нердин Ибриќ |
| **Начин на извршување/планирање на терористичкото дејствие** | Вооружен напад на семејството Анџелиќ при што се убиени три лица | Планирање на терористички активности на територијата на Република Србија (безбедносните служби пронашле терористички кампови за военаобука на планината Нинаја | Планиран напад врз католички верски објект во Сараево, напад на силите на НАТО кои биле стационирани во БиХ. | Поставена експлозивна направа на пакгингот пред Полициска станица, при што едно лице е загинато, а повеќе се повредени | Терористички напад на американската амбасада во Сараево, при што е повреден еден полициски службеник | Терористички напад на полициска станица во Зворник, при што Ненад Ибриќ за време на нападот загинал |
| **Казна** | 35 години затворска казна | Затворски казни | Затворски казни | 35 години затворска казна за Харис Чаушевиќ и 14 години затворска казна за Аднан Хараџиќ | 15 години затворска казна | / |

## 4. Вахабизмот во Босна и Херцеговина

За време на војната во Босна и Херцеговина (БиХ) од 1992 до 1995 година, како земја економски и политички ослабната, а доследно на тоа зависна од други моќни држави, многу муџахедини го искористиле тоа и се населиле на територијата на БиХ, нудејќи ѝ помош, а со тоа искористувајќи го и моментот за нивно долгорочно влијание, пред сѐ верско, со нивна индоктринација во религијата, за која и самите внатрешни муслимани не биле свесни. Бројни истражувања направени токму со оваа тема укажуваат на слабата страна на муслиманите, на кои им била наметната сосема поинаква идеологија од онаа за која знаеле во религиска смисла.

Користејќи ја таа прилика, муџахедините успевале во својата цел, идеологија, да наметнат систем каде што ќе владее шеријатскиот закон,којшто е во спротивност со многу европски закони.

Според Кенет Морисон, вахабизмот е увезен на Балканот. Радикалното исламистичко движење пристигнува на Балканот со војната во Босна за време на деведесеттите. Со цел да се опише ситуацијата на босанските муслимани, еден од соработниците на Бин Ладен, Насир Ахмад Насир Абдалах ал-Бахри, познат како Абу Џандал, кој учествува во војната во Босна изјавува:

„Комунистичката идеологија ги избришала сите симболи на исламската религија и сфаќањето за исламот. Ние видовме млади муслимани кои носат крст на нивните вратови, без да знаат што тоа значи, иако тие доаѓаат од муслимански фамилии и имаат муслимански и арапски имиња. Тие имаа игнорантски однос кон исламот. Оттука сфативме дека обврската што ни се наметна во Босна е побитна од мисијата да се бориме, за којашто дојдовме. Па така сфативме дека иако дојдовме да ги научиме да војуваат, ние сепак имавме обврска да ги научиме на нивната религија.“[253]

Иницијалната причина за доаѓањето на луѓето како Ал Бахри на Балканот беше да им се помогне на нивните браќа муслимани во Босна. Откако во Босна дојдоа поголем број муџахедини, тие решија да останат во Босна, се оженија со босански жени и добија босанско државјанство. Подоцна, со зголемувањето на вахабистичките групи во регионот, тие се проширија во регионот, на териториите претежно населени со муслиманско население, како Санџак, Косово, Црна Гора и Македонија, демонстрирајќи дека вахабистичкото движење се шири низ Балканот.[254]

Според Џевад Галијашевиќ, кој во своето дело „Епитав за Босна“ има свое размислување за муџахедините кои останале во БиХ после војната, констатирајќи дека најважните муџахедини сѐ уште се во Босна и успешно ги водат нивните вахабиски заедници, како што бил примерот со главниот идеолог од Египет Имад ал Мисри (Ахмед Фарагала-Еслам Дурмо). Го истакува и водачот на вахабиската заедница во Бочиње, Абу Хамза (Имад ал Хуссин), како и Мустафа Мухамед Аит Идр, Мухамед Нецхле, Лакхдар Боумедијен, Боудела Хај и Сабер Макфоуз Лахмар Лабар. Го споменува и најстакнатиот стручнак за експлозивни направи од Ал Каеда, Тарек Мухмуд Ахмед ал Савах. Според Галијашевиќ, зад сите овие постојат околу 100.000

---

[253]Танески, Н. (2010) *Радикалниот ислам: реална закана на безбедноста на Балканот*, во: Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир,Скопје, Безбедносни дијалози, ISSN 1857-7172, број 2, година I, 2010, стр.84, достапно на:http://sd.fzf.ukim.edu.mk/pdf/BD2_WEB.pdf, [пристапено на 20.05.2020].
[254] Ибид, стр.85

верски и политички елити во Сараево, кои истите ги подржуваат финансиски преку разни организации.[255]

Вахабистичкото влијание во Босна е индицирано на повеќе начини. Во селата каде што се населени вахабистите, не се почитуваат легалните закони коишто произлегуваат од Босна, туку се живее според правила и принципи стриктно проповедани од вахабистичкиот начин на живот, со строго почитување на шеријатот. Таков пример е селото Горна Маоча, коешто е под водство на Нусрет Имамовиќ, кој го контролира физичкиот пристап до селото и го спроведува шеријатот и воспоставува религиозна хиерархија која не го признава авторитетот на Исламската заедница и нејзиниот избран водач.[256] Ова е само еден пример бидејќи во Босна постојат најмалку такви 17 села[257] коишто се под влијание на такви водачи кои прокламираат иста идеологија и начин на живеење.

Мухамед Порча[258] (неформален водач на вахабистичкото движење на Балканот) е главата на тврдокорената џамија „Ал-Тахид“ во Виена, Австрија. Босанската

---

[255] Галијашевиќ, Џ. (2017) Епитаф за Босну-Босна после Алије и Бин Ладена, Београд: Филип Вишниќ, стр.389

[256] Christopher, H.P. (2015)The Political Impact of the Rising Salafi Wahhabi Influence in Bosnia Herzegovina, FacultyoftheVirginia, PolytechnicInstituteand StateUniversityinpartialfulfillmentoftherequirementsforthedegreeof MasterofArts In PoliticalScienc, стр.12, достапно на:https://vtechworks.lib.vt.edu/bitstream/handle/10919/52346/Panos_NC_T_2015.pdf?sequence=1&lipi=urn%3Ali%3Apage%3Ad_flagship3_pulse_read%3BjwbrxTelSMqg1FuTzGtS5w%3D%3D, [пристапено на 29.06.2020].

[257] Во своето дело „Епитав за Босну – Босна после Алије и Бин Ладена“, Џевад Галијашевиќ има наведено дека околу 100.000 вехабисти има во БиХ, поточно во следните места: Горна Маоча, Горна Дубница, Босанска Бојна, Доња Бочиња, Ошве, Каменица, Сенина Река, Подбријеже, Железно Поље. Истиот наведува дека во цела Европа не постои држава како БиХ, која на својата територија толерира мали калифати, исламски држави и противуставен живот во тие населби. Тие екстремистички населби се всушност бази за кои денес зборува европската јавност. Тие исламистички бази се наоѓаат од двете страни на етничката граница на т.н. „линија на демаркација“ и функционираат по строги исламски правила.

[258] Мухамед Порча е роден во 1966 година во саревската населба Бјелаве. Куранот го научил напамет кога бил дете, додека медресе посетувал во „Гази Нусрев-бег“, студирал во Медина и во Јордан. Напишал неколку книги од областа на тахид, тафсир, фик итн. Официјална веб страница на неговиот Џемаат „Тевкид“, веќе долго време е http://tewhid.ucoz.com/ а омилени веб страници, според негова лична изјава се:http://www.putvjernika.com/, http://www.stazomislama.com/ http://www.essunne.com/, http://www.el-bejjine.com/ http://www.spasenaskupina.com/ www.facebook.com/SalafiMedia.Balkan Седиштето на Месџидот „Tewhid“ е Murlingen gasse 61, 1120 Wien, Konto: Bank BAWAG, Konto Number: 04710660137, Bank Code: 14000, BIC: BAWAATWW, IBAN: AT331400004710660137. Од 1993 година Порча бил ангажиран како верски учител од страна на Саудискиот висок комитет во Виена, работејќи како предавач во областа на фик (исламски закон – шеријат).Мухамед Порча го привлече вниманието на безбедносните агенции на Западот по неговиот неуспешен терористички напад на американската амбасада во Виена. На маргиние на борбата против вехабистите се случија и неколку апсења на лица кои се во блиски односи со Порча од Нови Пазар, како што се лицата: Мирсад Прентиќ (30), Фуад Хоџиќ (33), и браќата Вахид (23) и Сенад Вејсиловиќ (24) и упадот на српската полиција во вахабистичкиот

разузнавачка служба „ОСА“, смета дека Порча е главниот извор на финансиска и идеолошка поддршка за вахабистичкото движење во Босна[259](види: Шема бр.2). Иако ја создал наорганизираната вахабистичка група на Балканот, Мухамед Порча не бил единствениот којшто бил под истрага од австриската власт.Заедно со него бил и Неџад Балкан[260], кои, според австриските власти, ја создале идеолошката платформа за развој за радикалната идеја која ги постигнува своите политички цели преку терористички активности.

камп за обука во Шабрен, на планината Нинаја во близина на Сјеница, во Санџак, дополнително иницирана по барањето на тогашниот реис Цериќ до муфтијата на Санџак, Зукорлиќ, да се справи со вехабистите. Луѓето со кои Порча соработува во БиХ, според авторите на книгата „Вехабизам – салафизам – идеолошка заднина“, Мешановиќ Аднан и Мердан Јасмин, се следните: Насуф -Абдусамед Бушатлиќ, еден од основачите на Активна исламска младина; Абдулмелик Башиќ, бивш припадник на одредеот Ел-Муџахедин; Сафет Кудузовиќ, Самир Авдиќ, Семир Имамовиќ, Сабахудин Албани, Сенаид Заимовиќ, Халид Тулиќ, Сафет Дургути. Мухамед Порча во 2015 година бил протеран од Австрија, после специјалната полициска акција „Палмира“. Види повеќе: Галијашевић, Џ. (2018)*Мухамед Порча и Ебу Мухамед су вехабијска прошлост Аустрије*,Српски став, достапно на:https://srpskistav.com/autorski-tekstovi/muhamed-porca-i-ebu-muhamed-su-vehabijska-proslost-austrije/, , [пристапено 03.07.2020].

[259]Christopher, H.P. (2015)*The Political Impact of the Rising Salafi Wahhabi Influence in Bosnia Herzegovina*, FacultyoftheVirginia, PolytechnicInstituteand StateUniversityinpartialfulfillmentoftherequirementsforthedegreeof MasterofArts In PoliticalScienc, стр.12, достапно на:https://vtechworks.lib.vt.edu/bitstream/handle/10919/52346/Panos_NC_T_2015.pdf?sequence=1&lipi=urn%3Ali%3Apage%3Ad_flagship3_pulse_read%3BjwbrxTelSMqg1FuTzGtS5w%3D%3D, [пристапено на 29.06.2020].

[260] Неџад Балкан е роден или во Виена или во Турција. Фамилијата на Неџад се презивала Кучевиќ, а презимето Балкан го усвоила со преселувањето во Турција. Познат е под името „Ебу Мухамед“ и неговиот месџид „Сахаб“ во Австрија. Истиот се залага за муслиманска заедница која ќе се владее на Куранот и Суната, без никаква друга новотија во истото, како што бил традиционалниот ислам во БИХ.

**Шема бр.2** Приказ на вахабиска исламистичка мрежа на Западен Балкан, поврзана со тероризмот и верскиот екстремизам[261]




[261]Шематскиот приказ е дело на авторот Огризовиќ Драган, кој го има прикажано во својот магистерски труд„Утицај вехабитског покрета на угрожавање безбедности Западног Балкана“., види повеќе на:file:///C:/Users/user/Desktop/51465653.pdf, [пристапено на 02.03.2021].


Мрежа на истакнати имами и исламски верки учители задолжени за верска индоктринација и ширење
ВАХАБИЗАМ/САЛАФИЗАМ
Сафет Кудузовиќ
Џевад Голош
Хајрудин Ахметовиќ
Елведин Пезиќ
ЏИХАДИСТИ/ТЕРОРИСТИ
Бајро Икановиќ Ал
Нусра Фронт“
Лавдрим Мухаџери
„Исламска Држава“
Амир Селимовиќ
„Исламска држава“
Кјенан Бедиќ
„Исламска држава
ТЕРОРИСТИЧКО/ЏИХАДИСТИЧКО ЈАДРО ОД ОКОЛУ 900 ТЕРОРИСТИ
БЕЗБЕДНОСНА ЗАКАНА ЗА РЕГИОНОТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН
Мрежа на истакнати имами и исламски верски учители задолжени за верска индоктринација и ширење на
ВАХАБИЗАМ/САЛАФИЗАМ
Самир Ватриќ
Зијад Љакиќ
Изет Хаџиќ
Аднан Мрковиќ

### 4.1 Терористички активности на вахабистичкото движење во БиХ

После војната значителен број радикализирани и екстремни муслимани влијаеле на појавата на терористички ќелии во БиХ, коишто вршеле обука како и регрутација за војната во Сирија, како и за изведување на терористички напади во Западен Балкан. Резултатот на делувањето на вахабистичкото движење во БиХ, како и на радикалната исламистичка манифестација, довело до појава на цврста верска индоктринација на муслиманите, која резултирала со конкретни манифестации на ова движење со трагични последици.

Првите терористички напади биле во Бановиќ, кои биле иницирани како резултат на напад на офицерот Вилијам Џеферсон од УМПОФОР.Извршителите на нападот биле откриени после разговорот на ФБИ со Али Хамад во затворот во Зеница.[262] После овој напад, следел нападот во Мостар во 1997 година, изведен пред Полициската управа, кога биле повредени голем број луѓе. За овој напад осудени биле Али Ахмад Али Хамад, Ахмад Зајид ал Зухајри и Набил Ал Хилај и Ахмад Зухаир Хандал. Вахабискиот лидер Абу Хамза тогаш изјавил дека „вахабиската заедница не го оправдува, но го разбира криминалот".

После 2000 година, Муамер Топаловиќ, член на вахабистичко движење во БиХ, во село Костајница погубил цело семејство, кој во својата изјава се изјаснал дека тоа го направил од чисто религиски причини.[263]

Активностите на терористите продолжуваат и во 2007 година, кога Мирсад Бехташевиќ, уште со три лица, е осуден поради планирање бомбашки напад на неидентификувана мета во Европа. Во станот на Бехташевиќ полицијата пронашла експлозиви, пиштоли, муниција и DVD со упатство за правење на бомба. Врз основа на тоа што било пронајдено, се сомневало дека метата била американската амбасада во Сараево.[264] Со овој пример се докажува нивната организираност во изведување на терористички активности, на кои им претходат големи организации во смисла на нивно обучување преку јасни инструкции за извршување на напад.

---

[262] Стефановић, Р.В.(2019) *Утицај тероризма на безбедност у регионуЗападног Балкана*, докторкса дисертација, Универзитет у Београду, Факултет политичких наука, стр.187, достапно на:file:///C:/Users/user/Desktop/Disertacija.pdf, [пристапено на 20.07.2020]

[263]N.N.(2015)*Terorizam u BiH: Hronologija najgorih napada,* Nezavisne novine, достапно на:https://www.nezavisne.com/novosti/bih/Hronologija-najgorih-napadi-u-BiH/337523, [пристапено на 20.07.2020].

[264] Ибид

Во 2008 година извршен е терористички напад во Витез, во Центарот за бизнис и продажба, со активирање на екплозивна направа, со што терористите успешно ги реализирале нивните планови. После неколку месеци, во Бугојно во Сараево, уапсена е групата на Ријад Рустемпашиќ, која планирала терористички напад на објектот на Владата на Република Српска, Католичката црква, КФОР, како и на вооружените сили на БиХ. Централна мета на терористите не биле само цивили, туку и разни државни институции кои ги означуваат како пречка во остварување на нивната главна цел, односно во создавањето на калифат.

Како следен терористички акт следи во 2010 година, кога група радикални исламисти иврherшила напад врз полициска станица во Бугојно. Главен организатор на овој терористички акт билХарис Чаушевиќ, викан „Окс“, кој бил осуден на долгогодишна затворска казна. Апсењето на терористите не ги деморализирало другите терористи во изведување на следни напади, кои припремали низа следни терористички акции. Веднаш после овој напад следел друг, во Зворник, во полициска станица. Извршителот на напад, Нердин Ибриќ, наводно бил поврзан со вахабистичкото движење во БиХ.[265] Мотивот за извршување на нападот бил смртта на неговиот татко кој бил убиен во војната. Настаните од војната и ден денес претставуваат еден од мотивите за терористички напади, како и погодно тло за радикализација и индоктинација на муслиманите. Сè почестите појавувања на вахабистички движења се регистрирани во БиХ, особено после избивањето на конфликтот во Сирија и Ирак и враќање на зацврстените борци од бојното поле, кои шират радикален ислам повикувајќи на насилство. Вахабиите извршиле напади и на припадниците на вооружените сили на БиХ, и со тоа претставуваат сериозна безбедносна закана на територијата.

Постоењето на добра терористичка мрежа во БиХ е овозможено и, меѓу дугото, со формирањето голем број кампови во селски средини, каде што се врши радикализација и обука на терористи. Кампoвите обично се кријат зад екраните на исламските организации кои се претставени како медреси, верски згради, невладини организации кои се залагаат за напредок на правата на муслиманите. Дека наведените податоци не се вистинити, т.е. дека тие не се религиозни училишта, наведено е во

---

[265] Ибид

многу извештаи на странски и домашни разузнавачки структури, кои располагаат со докази дека има кампови за регрутирање и обука на терористи во БиХ.[266]

Претходно наведените примери укажуваат на теористичката активност на вахабизмот во БиХ. Поради опасноста од ова појава, во земјата е сè поприсутен фактот дека голем број муслимани стануваат и свесни за намерите на вахабистите во нивната држава. Властите сè повеќепреземаат мерки за заштита од вахабистичкото влијание, со усвојување на разни закони и казнени политики за учество на нивни државјани на боиштата во Сирија и Ирак, со што ја покажува нејзината спремност како држава да се прилагодува и да ги прифаќа меѓународните закони кои ја прокламираат таквата политика.

Како една од попознатите полициски акции која била спроведена во Горна Маоча во БиХ е полициската акција „Светло“, во периодот помеѓу 1 и 2 февруари 2010 година, кога се запленети 18 пиштоли, 7 пушки, 30 рамки за пиштол, при што биле приведени одредени лица кои биле осомничени дека во рамките на вахабистичката заедница е основана криминална организација, која има за цел загрозување на територијалниот интегритет на БиХ, напад на уставниот поредок и предизвикување расна и верска нетрпеливост.[267] Акцијата „Светло“ во БиХ е запамтена како една од поуспешните полициски акции, која била проследена со голем успех поради тоа што биле уапсени вахабистички членови на вахабистичка групација во Горна Маоча, која била насочена кон изведување терористички активности, следствено на тоа што кај истата било пронајдено оружје.



**Слика бр.6 Јусуф Барчиќ**[268]

Стефановић, Р. В.(2019) *Утицај тероризма на безбедност у регионуЗападног Балкана*, докторска дисертација, Универзитет у Београду, Факултет политичких наука, стр.192, достапно на:file:///C:/Users/user/Desktop/Disertacija.pdf, [пристапено на 20.07.2020]

[267]Суботић, М. (2015) *Екстремизам* под окриљем религије, Исламистички екстремизам на примерима БИХ и Србије, Министарство одбране, Сектор за политику одбране, Институт за стратегијска истраживања, МЕДИЈА ЦЕНТАР„ОДБРАНА“Београд, стр.228

[268]Извор:http://bhstring.net/tuzlauslikama/tuzlarije/viewnewnewsb.php?id=15495, [пристапено 17.02.2021]

**Јусуф Барчиќ** (1967 – 2007) познат хафиз-имам кој завршил верска школа во Медина. Истиот е познат по своите екстремни предавања во врска со исламската религија, посебно во Кралската џамија во близина на Тузла, БиХ. Тој бил еден од водачите на вахабистичкото движење во ова место. Во 2007 година дошло до судир помеѓу него и полицијата, при што во џамијата каде што вршел верски предавања група на млади џемаати наишле на затворени врати, поради што полицијата која го обвинила Барчиќ за уништување на младата популација со неговите екстремни предавања. Неговиот коментар бил дека никој, дури ни имамите на Исламската заедница, немаат право да одрекнуваат што е „вистински“ ислам, ниту да им забрануваат на верниците да влегуваат во џамија. „Ние не сме разбојници, но сакаме да дадеме до знаење дека џамиите мораат им служат на верниците“.[269]Во 2007 година истиот загинал во сообраќајна несреќа. Истиот секогаш се спротиставувал на имамите од Исламската заедница, притоа истакнувајќи дека тој го проповеда „вистинскиот“ ислам.

## 5. Вахабизмот во Црна Гора

Како и во Босна и Херцеговина, така вахабизмот како верски правец и во Црна Гора го одбележува почетокот со граѓанската војна во БиХ во 90-тите години, со што започнува процесот на доктринарна диверзификација на локалниот ислам. Истовремено се појавуваат судири за територијална надлежност и дефицит на верски кадри во верските институции кои дејствуваат со нивен најмал капацитет на отпор или приспособување, наспроти идеолошките и доктринарни влијанија однадвор.

Со школувањето на црногорските државјани во арапските земји и нивното доаѓање повторно во државата, вахабизмот во Црна Гора доживува и пораст. Регистрирани се и невладини организации однадвор кои, исто така, имале влијаније во ширењето и пропагирањето на вахабизмот во земјата.

Во тој контекст, најпрво треба да укажеме на религиската структура во Црна Гора, во која, според статистичките податоци,се забележува помало присуство на муслиманско население. Резултатите од последниот попис направен во 2003 година покажуваат на следниот верски состав: православни – 460.383 (74,24%), муслимани –

---

[269] Види повеќе:Суботић, М. (2015) *Екстремизам* под окриљем религије, Исламистички екстремизам на примерима БИХ и Србије, Министарство одбране, Сектор за политику одбране, Институт за стратегијска истраживања, МЕДИЈА ЦЕНТАР„ОДБРАНА“Београд,  стр230

110.034 (17.74 %), католици – 21.972 (3,54%) и други 27.756 (4,48%)[270]. Како втора верска религија, исламот во Црна гора, главно, го сочинува традиционално исламско население кое го исповеда сунитскиот ислам на хенефиската верска правна школа, која на овој простор пристигнала со Отоманската Империја во XV век.




**Слика бр.7 Карта на главните религии, според пописот од 2011 година**[271]

Почетоците на развојот на вахабизмот во Црна гора се одликуваат со непостојана единствена структура на ова движење без свој водич, односно ова движење го одликувале само поединечни вахабиски џемаати во одредени општини, како што се Улцињ, Бијело Поље, Подгорица, Рожаје и Тузим.

Во Улцињ, каде процентот на муслиманско население изнесува околу 75 % од вкупниот број жители на ова подрачје, во последнава деценија евидентно е и дејствувањето на вахабиското движење кај ова население,што и видно се забележува по нивните специфичности, како по начинот на живеење, така и по начинот и на облекување и извршувањето на верските обреди и активности. Првите мисионери на ова движење во Улцињ се појавуваат во почетокот на 90-тите години, поточно во 1992 година, кои во ова време биле препознатливи само по начинот на вршење на верските обреди, а подоцна и по нивниот специфичен изглед. Мажите имале брада, носеле

---

[270]Достапо:https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%A6%D1%80%D0%BD%D0%B0_%D0%93%D0%BE%D1%80%D0%B0#%D0%9F%D0%BE%D0%BF%D0%B8%D1%81_%D0%BE%D0%B4_2003, [пристапено 04.08.2020].

[271]Извор:https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%A6%D1%80%D0%BD%D0%B0_%D0%93%D0%BE%D1%80%D0%B0#/media/%D0%9F%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%BE%D1%82%D0%B5%D0%BA%D0%B0:Religious_map_of_Montenegro_by_municipality_mk.svg, [пристапено 04.08.2020].

широка и комотна облека, со пантолони кои биле пократки за 10 сантиметри од вообичаената должина. Жените, пак, се покривале со марама на своето лице, ферице, а многу често и целото тело им било покриено и им се гледал само дел од нивното лице.[272]

Нивното дејствување најпрво било забележано за време на вршење на верските обреди во џамиите, кога на преостанатите верници им го наметнувале нивниот начин на вршење на верските обреди, со што се создавало простор за нетрпеливост како кај верниците така и кај верските имами. Како мирно место, Улцињ е познат со незабележани поголеми вербални конфликти. Првиот случај на физички напад е забележан во 2006 година, кога припадник на вахабиска заедница го нападнал имамот Ресулбеговиќ Сафет од Улцињ.[273] Слични вакви физички напади од страна на припадници на вахабиска заедница над верски имами се реализирани и во Рожаје, во Плав, Бијело Поље и др.

### 5.1 Ескалација на вахабизмот во тероризам во Црна Гора

Верскиот екстремизам претставува потенцијална опасност во секое општество како и во Црна Гора. Самата појава на вахабиското движење создава нетрпеливост и нетолеранција,пред сѐ од страна на традиционалните верници, како и од претставниците на Исламската верска заедница, каде што доаѓа до мешање на внатрешните организации и одговорности,пред сѐ на самите претставници.

Вахабизмот на просторот на Црна Гора пред сѐ треба да се сфати како предизвик, како што претходно напоменавме, најпрво на Исламската верска заедница,[274] а потоа и на целокупниот безбедносен систем на ова подрачје, кое треба да изнејде соодветни

---

272Васовић, Р. И. (2017) *Вехабизам као пријетња регионалној безбедности Балкана*, докторска дисертација, Факултет за безбедности, Универзитет у Београду, стр.91

273 Ибид, стр.92

274 Главниот и одговорен уредник на првиот исламски веб портал, ефендија Реџематовиќ, за „Радио Слободна Европа" изјавил дека вахабистите во Црна Гора не се закана за државата, но се проблем за Исламската заедница заради нивното традиционално толкување на исламот. Реџемановиќ во изјавате го наведил следното:„Не верувам дека тие поседуваат единствена џамија, ниту гробишта, ниту фонд, ниту исламско наследство, исламско добро. И друга работа е дека дејството на вехабистите е условено од начинот на прифаќање на наставата, што не е случај во Црна Гора. Исламот што е наследен овде, во Црна Гора, што се практикува го има уште од доаѓањето на Османлиите. Ние верниците имаме проблем со вехабистите, државата нема проблем со нив. Ако државата имаше некаков проблем со вехабистите, или ќе ги апси тие луѓе досега, или легално ќе го забрани нивното учење." Томовиќ. П., *Вехабизмот не ја загрозува државата, но претставува проблем за исламската заедница*., 2011 година, Види повеќе:Tomovic, P. (2011)*Wahhabism does not threaten the state, but it is a problem for the Islamic community*, Radio Slobodna Evropa, достапно на:https://translate.google.com/translate?hl=mk&sl=sr&u=https://www.slobodnaevropa.org/a/vehabizam_ne_prijeti_drzavi_ali_je_problem_islamskoj_zajednici/24402824.html&prev=search&pto=aue, [пристапено на 02.08.2020]

модалитети во борбата на негово сузбивање, бидејќи можноста од неговата ескалација во тероризам, согледувајќи ги светските примери, е многу голема.

Во време на светска глобализација, каде што интернетот стана главно средство на комуникација помеѓу светската популација, трендот на комуникација на вахабистите во светски рамки доведе и до потешка задача на безбедносните служби за следење на нивните активности.

Преку интернет комуникацијата се олеснува задачата на вахабистите во смисла на ширењето на нивната идеологија, како и пропагирањето на нивните идеи и придобивањето на поголем број истомисленици во насока на прифаќање на нивните идеи и платформи. Индоктринацијата на декларигани или потенцијални симпатизери, преку ширење на разна вахабистичка содржина преку разни интернет портали, доведува до собирање на поголем број информации од една во друга земја и полесен начин на нивно функционирање.

Првиот вахабиски инцидент на просторот на Црна Гора, кој се однесува на психофизичка злоупотреба на верските лидери и верници, е забележан по примерот на изборот на реисот Рифат Фејзиќ, кога група вахабисти протестирале против неговиот избор пред градската џамија во Стар Варош, во Подгорица.[275]

Васовиќ Илија во својата докторска дисертација „Вахабизмот како закана за регионалната безбедност на Балканот", ги има објаснато *можните надворешни и внатрешни фактори кои би влијаеле во ескалација на вахабизмот во тероризам на подрачјето на Црна Гора.* Авторот најпрво ги има елаборирано внатрешните фактори, пред сè државната политика на Црна Гора, пред сè мислејќи на нејзината евроатланска перспектива и членство во НАТО кои може да бидат „запалка" за вахабиското експонирање во каков било облик. Друг важен факт кој го истакнува е организацијата на Исламската верска заедница, на чело со реисот Фејзиќ и неговиот став во врска со вахабистичката заедница и нивното делување. Локалните вахабистички лидери не би требало да бидат занемарени,имајќи го предвид нивниот тренд на незадоволство во однос на негативната интерпретација на муслиманите во светот.

Кога станува збор за надворешните фактори, Васовиќ Илија ги издвојува најпрво меѓународните фактори, првенствено мислејќи на државите коишто имаат територијални претензии спрема Црна Гора, како и на оние чија политика и цел е

[275]Васовић, Р. И. (2017) *Вехабизам као пријетња регионалној безбедности Балкана*, докторска дисертација, Факултет за безбедности, Универзитет у Београду, стр.119

присоединување на делови на црногорската територија во една целина која ќе користи една верска група. Во оваа група фактори голема улога имаат и невладините организации, претежно од арапските земји, кои го финансираат делувањето на вахабистичките групи, нивната верска индоктринација, како и поврзување и контакти со нивни истомисленици.

Во Црна Гора забележани се случаи од страна на терористи кои извршиле напад на исламски објекти-џамии, и тоа од страна на муслимани, со цел предизвикување немири и започнување вооружен бунт од страна на истомисленици.[276]

## 6.Вахабизмот во Србија и неговата ескалација во тероризам

Радикалниот ислам, како и екстремните исламистички организации на територијата на Србија, предизвикаа појава на вахабистички организации. Првите вахабисти започнале да се доселуваат во Србија во 1997 година. Тие го населиле најпрво регионот на Санџак, регион кој има најголема муслиманска популација, каде што Нови Пазар[277]претставува верски центар на овој простор. Тоа е географска област административно поделена помеѓу Србија и Црна Гора.

[276] Акција на црногорската полиција под наслов „Орелов лет“, која е изведена на 9 септември 2006 година, кога се упсени 13 од 17 осомничени лица кај кои се пронајдени разни видови оружје и униформи. Види повеќе: Брујић, Ђ. (2008) *За „Орлов лет“ 51 годину затвора*, Политика, Политика, http://www.politika.rs/scc/clanak/51016/%D0%97%D0%B0-%D0%9E%D1%80%D0%BB%D0%BE%D0%B2-%D0%BB%D0%B5%D1%82-51, [пристапено 05.08.2020]

[277] Податоците покажуваат дека во Нови Пазар делуваат околу 200 вехабисти и дека до експанзија на ова движење дошло во 2006 година со распаѓањето на државната заедница Србија и Црна Гора. После овој настан дошло до конфликт помеѓу традиционалното муслиманско население и вахабистите. Види повеќе:Стефановић, Р.В.(2019) *Утицај тероризма на безбедност у региону Западног Балкана*, докторска дисертација, Универзитет у Београду, Факултет политичких наука, достапно на:file:///C:/Users/user/Desktop/Disertacija.pdf, [пристапено на 20.07.2020]




**Слика бр. 8Карта на која е претставена положбата на Санџак во Србија и Црна Гора**[278]

За време на југословенските војни, ситуацијата во Санџак останала мирна, и покрај големите тензии помеѓу православните Срби и муслиманите. Овој регион станал поволно место за вахабистите да ја шират својата идеологија. Првата причина е тоа што муслиманите во Санџак биле поконзервативни од тие во БиХ. Втората причина е посложена. Регионот на Санџак имал голем проблем со опојни дроги. Големиот број уживатели на хероин бил поголем од бројот на уживателите во Србија. Тие кои пристапувале на помош за лекување на нивната зависност се осврнувале на вахабистите, кои им нуделе помош доколку истите се придружат како следбеници на нивната идеологија. Ова послужило како успешен метод за ширење на вахабистичката идеологија на ова подрачје. Граѓаните на Нови Пазар, центарот на Санџак, започнале да бидат активни во вахабизмот во 2002 година. Тие биле вклучени иницијативно во чистење на јавни места и им нуделе помош на зависниците од дрога, како што претходно наведовме. Во Октомври 2002 година вахабистите дистрибуирале летоци во близина на Универзитетска зграда, каде што биле наведени инструкции да не

[278] Извор:https://hr.wikipedia.org/wiki/Sand%C5%BEak#/media/Datoteka:Sandzak01.png, [пристапено на 03.03.2020]

партиципираат во христијански религиски фестивали и да не користат христијански поздрави.[279]

Ескалациите на конфликтите помеѓу традиционалните верници и вахабистите заземале сѐ пошироки размери. Најпрво тие се состоеле од мали конфликти и недоразбирања кои се однесувале на вршењето на обреди во џамија, а подоцна конфликтот повеќе се однесувал на практикување на верата во секојдневниот живот. Во екстремното практикување на верата најдобро говори податокот„дека се забележани бројни инциденти како пред умерени муслимани, така и пред христијани." Нивните радикални активисти биле вклучени во прекинување на концертот на белградската група „Балканика" во Нови Пазар, кои ја нарекувале оваа музика како „сатанска работа".Тие ги нарушувале предавањата после молитвата, барајќи проектите, како што се авантурите на СИДА, промоцијата на сексуалното здравје, да бидат стопирани, бидејќи сето ова од страна на вахабистите било интерптетирано како неморално. Првиот настан од страна на вахабистите, којшто предизвикал поголемо внимание во Санџак, се случил во 2006 година кога бил организиран поголем протест поради публикацијата на цртан филм којшто го прикажувал Пророкот Мухамед во дански весник, на кој протест биле запалени данското и израелското знаме во Нови Пазар. Важен настан којшто следи после овој протест е во месец ноември 2006 година, кога дошло до конфликт помеѓу вахабии и умерени верници во Арапска џамија во Нови Пазар, каде што вахабиите имале намера да наметнат свој начин на практикување на верата.

Паралелно со појавата на вахабистичкото движење во Србија, настануваат и исламските терористички организации. Една од тие организации дејствувала на планината Нинај, каде што во 2007 година, благодарение на српската полиција, пронајден е камп за обука на терористи, чија крајна цел, којашто била откриена во текот на судењето, се покажало дека била напад на повеќе витални објекти на државата.

Основната и крајната цел на вахабистите во Србија најдобро може да се види во стратегијата на транснационалните терористички групи Ал Каеда и Исламската држава, а тоа е организација на целокупното општество по шеријатски закон и

[279]Vucicevic, I. (2013) Wahhabi movement-with cases of Bosnia and Serbija, *University od Macedonia, Department of Balkan, Slavic and Oriental Studies, Master's Degree in Politics and economic of Contemporary Eastern and South,-Eastern Europe,Thessaloniki*,str.19, достапно на:file:///C:/Users/user/Desktop/VucicevicIvanMsc2013.pdf, [пристапено 30.07.2020].

создавање на единствена заедница на сите муслимани – Ума. Највисоката етапна цел на вахабистите на Балканот претставува создавање единствена исламска држава „Балканистан“, којашто би ја опфатила Албанија, поголемиот дел од Република Северна Македонија и Црна Гора, северозападниот дел на Грција, јужниот и југозападниот дел на Србија и Босна и Херцеговина. Со остварувањето на оваа цел постепено би се продолжувало кон остварување на наредна цел, а тоа е исламизација на Европа итн. Во тој контекст, што се однесува на Србија, следбениците на вахабизмот се насочени на издвојување на местата каде што е населено поголем број муслиманско население, поради создавање на единствена исламска држава на Балканот. Таа територија претставува областа на регионот Рашка, Косово и општините Прешево, Медвеѓа и Бујановац на југот на државата.[280]

Набљудувајќи ја крајната цел на вахабистите во Србија, може да се согледа дека во остварувањето вахабистите би оделе етапно, чекор по чекор, најпрво реализирајќи ги пониските цели, па сѐ до крајната цел. Причината за тоа е токму нивната асиметричност на моќ во однос на моќта на безбедносниот систем на Србија и можноста на примена само на оние форми на политичко насилство кои моментално се достапни за нив, како што е тероризмот. Доколку највисоката цел на вахабистите е постигнување на етички чисти муслимански територии, во кои сега живее бошњачко и албанско население, потоа раздвојување на овие територии од Србија со цел формирање на „Балканистан“, која би се засновала на вахабистичката идеологија, тогаш целите на пониската фаза кои би сакале да се постигнат со терористичка манифестација се следните:[281]

– „покажување на сопственото присуство, потоа моќ, решителност и способност за изведување акти на насилство;

– омаловажување на државната власт, односно докажување дека не е способна да ги заштити своите граѓани од нивното насилство;

– омаловажување на официјалната исламска заедница и дискредитирање на нејзиното влијание меѓу умерените муслимански верници;

[280] Стојаковић. Г., Врачар. М., *Тероризам као специфичан облик угрозавања безбедности Републике Србије*, Институт за стратегијска истраживања, DOI:10.593, стр.239,достапно на : http://www.isi.mod.gov.rs/multimedia/dodaci/terorizam_kao_specifican_oblik_ugrozavanja_bezbedn_1502883175.pdf [пристапено на 03.08.2020]
[281] Ибид

– предизвикување страв кај поголемиот дел од муслиманската популација која не го прифаќа вехабистичкото учење, фасцинирање на малцинството и најекстремниот дел од таа популација, сето тоа заради влез во движењето и негово зајакнување;

– предизвикување страв кај српското население, со цел да го напушти подрачјето Рашка-Полим, Косово и Метохија и општините Прешево, Медвеѓа и Бујановац;

– провоцирање на етнички и религиозен конфликт на локалното население, со цел создавање на состојба на „хаос“, како основа на мешање на некоја регионална или светска организација и/или големи сили, и/или исламистички центри во внатрешните работи на државата Србија и/или создавање услови за странска воена интервенција;

– рушење на територијалниот интегритет на Република Србија, со цел да се создадат посебни држави од споменатите територии, каде живее мнозинско муслиманско население и/или придружување на други држави (Албанија, БиХ ) и др.“

Во тој поглед Република Србија, како балканска држава населена од голема популација муслиманско население, во најголем дел е предмет на терористички активности од страна на следбениците на вахабистичкото движење на нејзините територии населени од бошњачко и албанско население.

**6.1Ескалација на вахабизмот во тероризам во Србија**

Првите терористички активности на вахабистите во Република Србија се обележани во 2007 година во Санџак и биле резултат на нетолеранцијата на вахабистите спрема традиционалните верници, односно нивната желба за доминација во верските објекти/џамии, како и поради несогласувањето во врска со практикувањето на верските обичаи, начинот на клањање, вршење на верските обреди, како и други верски начела кои вахабистите сакале да ги наметнат како основни верски правила.

Еден од поголемите инциденти се случил во ноември 2006 година,во „Араб џамијата“ во Нови Пазар,каде дошло до вооружен инцидент помеѓу вахабиите и исламските верници кои го практикувале традиционалниот ислам, при што имало повредени лица. Во врска со терористичкото делување на вахабистите на територијата на Република Србија, безбедносните структури на оваа држава првпат се среќаваат со заканата од таквото делување на 17 март 2007 година, кога на планината Нинаја, во атарот на селото Жабрен,откриен е терористички камп за воена обука, при што биле запленети голема количина оружје, екплозиви и други материјали потребни за непречено функционирање на терористичките ќелии, при што биле уапсени лицата:

Мирсад Прентиќ, Фуад Хоџиќ, Вахид Вејсаловиќ, Сенад Вејсаловиќ, а подоцна и Јасмин Самиловиќ и Мехмед Кољши.[282]

Другата група терористи која успеала да побегне во моментите кога биле уапсени дел од терористите, а биле пронајдени неколку месеци подоцна во планината Доња Трнава, во близина на Нови Пазар, во антитерористичка акција изведена од страна на безбедносните служби на Република Србија, во која акција погинал Исмаил Прентиќ, Сенад Рамовиќ бил ранет, а додека Сафет Беќировиќ бил лишен од слобода. Овие се примери кои укажуваат на опасноста од делувањето на вахабистичкото движење со радикални предиспозиции на територијата на оваа држава.

Специјалното обвинителството на Република Србија, на ден 14 септември 2007 година, покренало обвинение против 15 припадници на вахабистичкото движење кои биле обвинети за планирање убиство на муфтијата од Санџак Муамер Зукорлиќ и напад на полициската станица во Нови Пазар, како и други терористички активности на територијата на оваа држава, при што вахабистите биле осудени на казна затвор во траење од по неколку години.[283] Според проценките на безбедносните служби, во Република Србија делуваат од 150 до 200 вахабисти, од кои 30 претставуваат потенцијална опасност по националната безбедност на државата и, ако го се земе предвид бројот на „џихадистите" кои заминале во блискоисточните земји, со цел нивно приклучување кон тамошните терористички организации, тогаш тој број се движи од 30 до 60 потенцијално безбедносно интересни лиц,а за кои се води редовна евиденција во безбедносните служби.[284]

## 7.Вахабизмот во Косово

Поттик за развој на исламистичките терористички организации беше феноменот на вахабиските организации, кои претставуваат персонификација на исламистичкиот радикализам и екстремизам. Вахабиските организации присутни се во општините на Јужна и Централна Србија, БиХ, Македонија и Црна Гора, а сите се поврзани и под контрола на вехабиските центри во Сараево и јужниот дел на Косовска Митровица.[285]

---

[282] *Огризовиќ Д. (2016) Утицај вехабитског покрета на угрожавање безбедности Западног Балкана*, мастер рад, Универзитет у Београду, мастер студије: Тероризам, организовани криминал и безбедност, Београд, стр.93 достапно на:file:///C:/Users/user/Desktop/51465653.pdf, [пристапено на 02.03.2021]

[283] Ибид, стр.94
[284] Ибид, стр.96
[285] Симеуновић. Д., *Теоризам*, општи део, стр.78

Во врска со присуството на вахабисти во Косово и Метохија, Симеуновиќ има истакнато дека: „сите разузнавачки податоци на домашните, но исто така и на странските служби, посочуваат дека центарот на вахабизмот во Косово и Метохија се наоѓа во јужна Косовска Митровица и дека е под покровителство на албанските власти, со цела поддршка од  вахабистите во регионот, како и дека постојат посебни врски со Ал Каеда и Исламската држава.“

Вахабиското делување на овие простори главно се спроведува преку џамии и медреси, каде локалното население се повикува на создавање единствена држава – калифат и нивните активности се насочени кон спротивставување на другото население, т.е. неверниците, односно членовите на другите религии. Мнозинство од членовите на ова движење се, главно,локалните Албанци иромската популација.

Вахабистите на територијата на Косово се населиле користејќи ја воената ситуација во текот на 90-тите, главно преку хуманитарни организации од Саудиска Арабија кои делувале како помош на населението за време на воената криза, како и преку студентите кои од Косово изучувале ислам во арапските земји.

Со доаѓањето на силите на НАТО во Косово во 1999 година и приливот на саудиски пари, беше отворен патот на вахабистичката конзервативна идеологија. Не обрнувајќи многу внимание на вахабизмот, западните сили го гледаат феноменот поволно за време на интервенцијата на Косово. Исто така за време на воената 1999 година, во Косово постоеле две муџахедински единици: „Браво“ и „Абу Бакр Садик“, чии борци биле финансирани од Саудиска Арабија, преку кои ги ширеле вахабистичките идеи.Индикативна е изјавата на помошник директорот на Интерпол, кој пред Американскиот конгрес, на 13 септември 2000 годин,а изјавил дека Мухамед Завахари, братот на водачот на Ал Каеда, Ајман Ал Завакирија, води единица во Косово за време на војната.[286]

Според постоечките податоци, голем број од албанското население од Косово било во редовите на Исламската држава, како и дека учествувало во војната во Сирија.[287]Пример за тоа претставува групата терористи од Косово која имала врски со

---

[286]Трифуновић.Д., Стојаковић.Г.,Врачар.М. (2011) *Тероризам и вехабизам*, ИК „Филип Вишњић“, Београд, стр 219.

[287] Најмалку 200 луѓе биле уапсени или се под истрага на Косово, поради наводни врски со Исламската држава во последните години. Се проценува дека најмалку 300 косовци ѝ се приклучиле на Исламската држава во Сирија во последните години, најмалку 50 биле убиени во боиштата во Сирија. Исламската држава станува активна закана за Балканот, 2016, Види повеќе:Б.Г. (2016) *Исламската држава станува активна закана за Балканот*, DW,

Исламската држава икои планирале низа терористички напади во Косово и Албанија. Косовската полиција успеала да уапси 19 лица кои биле во контакт со самопрогласениот „командат на Албанците во Сирија и Ирак“, Лавдрим Муџахери,[288] од кого добивале наредба за терористички активности.

Голем број лица, припадници на терористички организации во Косово, во последните години се уапсени како и затворени, а повеќе од 12 вахабиски хуманитарни организации се поврзани со тероризмот.

Под притисок на меѓународната заедница, косовските власти преземаат мерки во врска со спречување на регрутација на борци за учество во боиштата во Сирија и Ирак, како и сузбивање на радикалното и екстремно толкување на исламот. Усвоени се и стратегии кои имаат за цел елиминација на безбедносните закани, особено тероризмот, кои постепено беа воведени во државните институции. И покрај притисокот на меѓународната заедница и борбата на косовските власти, сведоци сме на присуството на тероризмот во Косово.

## 8.Вахабизмот во Албанија

После долг период на состојба на непријателство кон верските заедници кои беа под комунистичка власт, во 1990 година доаѓа до пресврт и враќање на верската духовност, како резултат на падот на комунизмот. Соочени со сериозни економски проблеми и социјални предизвици во периодот на транзиција, враќањето на „верскиот живот“ беше презивик сам по себе.

Како бројна верска заедница Муслиманската заедница во Албанијабила единствена организација која се занимавала со исламските работи во оваа држава, а нејзините потреби биле сè поголеми. Како резултат на тоа, многу странски организации – религиозни и хуманитарни фондации и други актери,стапија на „сцена“ во раните 90-ти години, за да им се помогне на верските институции да ги обноват

---

Достапно:https://www.dw.com/mk/%D0%B8%D1%81%D0%BB%D0%B0%D0%BC%D1%81%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B4%D1%80%D0%B6%D0%B0%D0%B2%D0%B0-%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BD%D1%83%D0%B2%D0%B0-%D0%B0%D0%BA%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%BD%D0%B0-%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%B0%D0%BD%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%B1%D0%B0%D0%BB%D0%BA%D0%B0%D0%BD%D0%BE%D1%82/a-36434265, [пристапено на 03.07.2020]

[288] Муџахери, познат како Абу Абдул ал-Косова, е по потекло од Качаник, бивш припадник на американакат база Бондстил во Косово. Истиот се сметал за главна закана за безбедноста и од 2014 година се наоѓал на листата на глобални терористи на американскиот Стејт Департмент. Во 2017 година истиот е убиен од страна на американски авиони.

своите заедници, да им се овозможи школување во странство на идните верски учители и градење на инфраструктура.

Во следните неколку години Муслиманската верска заедница во Албанија се соочи со внатрешни предизвици, вклучувајќи недостик на ресурси и судири помеѓу традиционалните верници и верниците кои се школувале во арапските земји, кои започнувале да ја шират вехабистичката идеологија. Со поделбата на ова заедница на традиционална и т.н. вахабиска, во јануари 2002 година извршен е атентат на Салиха Тиварија, висок претставник на Исламската заедница во Албанија. Убиен бил од страна на исламските екстремисти поради неговиот став за забрана на арапска донација на оваа верска заедница.[289]Ситуацијата понатака се заострила, така што во 2005 година дошло до обид за промена на Статутот на Исламската верска заедница во Албанија, поради наметнување на вахабистички религиозни практики, меѓутоа сето тоа резултирало со неуспех. Продолжени се заканувањата на традиционалните муслимани, кои често биле принудувани да бараат полициска заштита.[290]

Додека некои ситни и изолирани настани, до средината на 90-тите, веќе го сигнализираат влијанието од странските верски центри (на пр.инциденти во општината Брадашеш во 1994 година, во општината Воскопоја во 1996 година и во Исламската заедница во Елбасан во 1997 година), одговорот на државните власти беше прилично слаб.[291]

Вахабизмот на просторот на Албанија како движење главно пристигнал како резултат на инвестирањето на арапските земји преку разни проекти, како и преку директен пристап на најсиромашното население кое било најлесно да се преобрази во вахабизам и на кое на најлесен начин може да се прокламира таквата идеологија. Разните стипендии за студирање на младото муслиманско население во Саудиска Арабија и Пакистан, довело до ширење на вахабизмот и во оваа држава, преку обрзаовниот кадар кои го ширеле вахабистичкото движење во Албанија. Северниот дел на Албанија претставувалокалитет со најголем број вахабисти, како и на џамии (околу 200) кои се изградени во саудиски стил.

---

[289]Васовић, Р. И. (2017) *Вехабизам као пријетња регионалној безбедности Балкана*, докторска дисертација, Факултет за безбедности, Универзитет у Београду, стр.104–105

[290]Суботић, М. (2015) *Екстремизам под окриљем религије*, Исламистички екстремизам на примерима БИХ и Србије, Министарство одбране, Сектор за политику одбране, Институт за стратегијска истраживања, МЕДИЈА ЦЕНТАР„ОДБРАНА“Београд, стр. 301

[291]Institute for Democracy and mediation (2015) *Religious radicalism and violent extremisam in Albanija*, IDM, Tirana, стр.34, достапно на: http://idmalbania.org/wp-content/uploads/2015/07/Religious-Radicalism-Albania-web-final.pdf, [пристапено на 08.08.2020].

Со почетокот на појавата на првите знаци за сериозен пристап, најмногу заради соработката со меѓународната заедница, особено после терористичките напади во САД во 2011 година, голем број исламски фондации финансирани од Саудиска Арабија кои делуваат во Албанија, беа затворени:Фондацијата „Ал-Харамеин“, „Светската исламска организација за помош“, „Ал-Мувафак“, „Ал Вакф“ и др.

Во јули 2006 година албанското Министерство за внатрешни работи, под притисок на американската администрација, донесе инструкција за постапување спрема Албанци кои студираат на Блискиот исток, како и спрема лицата кои имаат арапско потекло, по којабило основа остануваат во Албанија. Албанската дирекција за борба против перење пари, во текот на 2006 година замрзнала 63 сметки на разни организации и поединци –исламистички „хуманитарци“.[292]

И покрај тоа и ден денес во Албанија постојат преку стотина исламски организации, со променети имиња, регистрирани како албански организации, каде главно работат бивши студенти од арапските земји. Сето ова укажува на фактот дека вахабистите, и покрај ударите со кои се изложени, сепак успеваат во својата мисионерска дејност.

Голем број припадници на албанско население е регрутиран за да се бори на боиштата во Сирија, како и нивно учество во проектот Исламската држава. Таквиот исход доведе до остри критики од западните сили, кои ја принудија Тирана да преземе мерки по однос на ова прашање, односно ставање под контрола на сите Албанци кои го практикуваат вахабиското учење. Во таа смисла, една од примарните задачи на безбедносните служби е спречување на заминување на младите Албанци на боиштата во Сирија, како и спречување на регрутирање и апсење на оние кои припремаат борци за терористички организации како што е Исламската држава, како и спречување на терористички напади.

## 9.Вахабизмот во Република Северна Македонија

Етничката структура на населението е од особена важност за демографскиот развој во државите, а особено во повеќенационалните земји. Податоците за етничките структури се добиваат од пописите на населението, реализирани во државите. Како

[292]Суботић, М. (2015) *Екстремизам под окриљем религије*, Исламистички екстремизам на примерима БИХ и Србије, Министарство одбране, Сектор за политику одбране, Институт за стратегијска истраживања, МЕДИЈА ЦЕНТАР„ОДБРАНА“Београд, стр. 301

етнички белези на населението можеме да ги наброиме следните: националност, јазик, верска припадност, родниот крај, расата итн. Познавањето на етничките белези на националностите или етничките заедници се значајни за согледување на различните демографски карактеристии, кои најчесто се резултат од различните традиции, обичаи, култура, религија и слично.[293]

Република Северна Македонија, како самостојна и независна држава од 1991 година, брои околу 2 милиони жители од повеќе етнички групи: Македонци, Албанци, Турци, Роми, Срби, Бошњаци, Торбеши (Славофони) и др. малцинства.

**Табела бр.5**Население според припадноста кон етничката заедница, по пописи

| | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1991[1)] | 1994[1)] | 2002 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНО | **1 304 514** | **1 406 003** | **1 647 308** | **1 909 136** | **2 033 964** | **1 945 932** | **2 022 547** | **TOTAL** |
| **Македонци** | 860 699 | 1 000 854 | 1 142 375 | 1 279 323 | 1 328 187 | 1 295 964 | 1 297 981 | Macedonian |
| **Албанци** | 162 524 | 183 108 | 279 871 | 377 208 | 441 987 | 441 104 | 509 083 | Albanian |
| **Власи** | 8 668 | 8 046 | 7 190 | 6 384 | 7 764 | 8 601 | 9 695 | Vlach |
| **Роми** | 20 462 | 20 606 | 24 505 | 43 125 | 52 103 | 43 707 | 53 879 | Roma |
| **Турци** | 203 938 | 131 484 | 108 552 | 86 591 | 77 080 | 78 019 | 77 959 | Turkish |
| **Австријци** | 24 | 12 | 9 | 30 | 15 | 8 | 35 | Austrian |
| **Бошњаци** | - | - | - | - | - | 6 829 | 17 018 | Bosniak |
| **Бугари** | 920 | 3 087 | 3 334 | 1 980 | 1 370 | 1 682 | 1 487 | Bulgarian |
| **Германци** | 136 | 94 | 77 | 288 | 230* | 68 | 88 | German |
| **Грци** | 848 | 836 | 536 | 707 | 474 | 368 | 422 | Greek |
| **Евреи** | 55 | 47 | 32 | 27 | 26 | 23 | 53 | Jew |
| **Египјани** | - | - | - | - | 3 307 | 3 080 | 3 713 | Egyptian |
| **Италијанци** | 41 | 57 | 48 | 96 | 74 | 61 | 46 | Italian |
| **Муслимани** | 1 591 | 3 002 | 1 248 | 39 513 | 31 356 | 15 418 | 2 553 | Muslim |
| **Полјаци** | 24 | 26 | 72 | 223 | 248 | 158 | 162 | Polish |
| **Романци** | 103 | 135 | 105 | 97 | 87 | 37 | 38 | Romanian |
| **Руси** | 672 | 640 | 516 | 359 | 332 | 340 | 368 | Russian |
| **Русини** | 127 | 124 | 59 | 23 | 51 | 11 | 24 | Ruthenian |
| **Словаци** | 20 | 64 | 46 | 67 | 56 | 60 | 60 | Slovak |
| **Словенци** | 983 | 1 147 | 838 | 648 | 513 | 403 | 365 | Slovene |

[293]Димитров В. Н. (2013) *Демографија*, Битола, стр.95, достапно на : http://eprints.ugd.edu.mk/9251/9/__ugd.edu.mk_private_UserFiles_nikola.dimitrov_Documents_My%20Pictures_%D0%9D%D0%B8%D0%BA%D0%BE%D0%BB%D0%B0%20%D0%92.%20%D0%94%D0%B8%D0%BC%D0%B8%D1%82%D1%80%D0%BE%D0%B2%252C%20%D0%94%D0%95%D0%9C%D0%9E%D0%93%D0%A0%D0%90%D0%A4%D0%98%D0%88%D0%90%252C%20%D0%BA%D0%BD%D0%B8%D0%B3%D0%B0%252C%20%D0%91%D0%B8%D1%82%D0%BE%D0%BB%D0%B0%252C%202013.pdf, [пристапено на 10.03.2021]

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Срби** | 35 112 | 42 728 | 46 465 | 44 468 | 42 775 | 40 228 | 35 939 | Serbian |
| **Украинци** | - | - | 50 | 68 | 74 | 102 | 136 | Ukrainian |
| **Унгарци** | 207 | 252 | 229 | 280 | 222 | 128 | 129 | Hungarian |
| **Хрвати** | 2 770 | 3 801 | 3 882 | 3 307 | 2 878 | 2 248 | 2 686 | Croatian |
| **Црногорци** | 2 526 | 3 414 | 3 246 | 3 920 | 3 225 | 2 318 | 2 003 | Montenegrin |
| **Чеси** | 114 | 92 | 80 | 164 | 143 | 84 | 60 | Czech |
| **Други неспомнати** | 1 950 | 2 350 | 22 845 | 18 792 | 36 313 | 2 408 | 5 332 | Other |
| **Не се изјасниле** | ... | ... | 414 | 505 | 1 791 | 1 882 | 404 | Ethnically undeclared |
| **Се изјасниле како припадници на одредени региони** | - | - | 684 | 943 | 1 303 | 593 | 829 | Regional affiliation |
| [1)] **Попишано и проценето население.** | | | | | | | | |
| [1)] **Enumerated and estimated population** | | | | | | | | |

*Извор: Статистички годишник на Република Северна Македонија 2020*[294]

Со демократизација на земјата, се демократизира и Исламската верска заедница, здобивајќи се со слободи кои ги немала никогаш порано. Поконкретно, промената во исламскиот живот стана значително видлива и се манифестира преку стекнување на слобода во изразување на верските имами, слободно и јавно печатење публикации со религиозна содржина, со градење верски објекти, џамии и сл. Во 1997 година се отвора и Факултетот за исламски науки во Кондово, со што ИВЗ се стекна и со сопствени институции за верско образование.

ИВЗ, во периодот од 1990 до 2001 година, е активна и на хуманитарен план, со создавањето на  хуманитарната организација „Ел-Хилал“во 1991 година. Развојот на оваа организација е поврзан со доаѓањето на илјадници бегалци/муслимани Бошњаци со потекло од Босна и Херцеговина во 1992 година.[295] Во периодот на војната во Косово (1997 – 1999 г.), „Ел-хилал“енергично се ангажира во давањето помош на стотиците илјади косовски бегалци во Република Северна Македонија.[296]

Со демократизацијата на ИВЗ, во Република Северна Македонија, се забележани и промени во верскиот живот. Се создаваaат нови верски движења со ригорозен верски карактер. Овие движења претставуваат нов предизвик на традиционалните верници, кои се иритирани од новите верски симболи промовирани од други/нови актери. Главните протагонисти на овие нови верски струења главно потекнуваат од верските

---

[294]https://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=34, [пристапено 10.03.2021]
[295]Македонски центар за меѓународна соработка,*Исламот и политиката на Западен Балкан*, стр.39, Види повеќе: file:///C:/Users/user/Downloads/islamot-i-politikata-na-zapaden-balkan.pdf, [пристапено на 09.08.2020]
[296] Ибид

кадри кои се стекнале со образование во странските верски училишта во Саудиска Арабија, односно Универзитетите на Блискиот Исток, како и во Турција.[297]

Ширењето на вахабистичкото движење во државата е обележано со изборот на муфтиите во ИВЗ. Доаѓа до спротивставување во ИВЗ од два блока: едниот на „традиционалните верници“, другиот на движењето на „вахабиите“, под водство на Зенун Бериша. Според медиумите, ова движење има идеолошко-верски побуди и цели да ја преземе контролата врз скопското муфтиство, како најголемо во земјата, со цел контрола врз целата ИВЗ.[298]

После бурната 2001 година, после вооружената војна помеѓу албанската паравоена групација „Народно ослободителна арамија“ и безбедносните сили во државата, може да се каже дека периодот од 2003 до 2006 година е период на сè поагресивно делување на вахабистите во РСМ.[299] Кенет Морисон во своето дело „Вахабизмот на Балканот“има наведено дека, според податоците од македонските медуими, се тврди дека голем број вахабисти учествувале во конфликтот во 2001 година, кој официјално заврши со потпишување на Охридскиот рамковен договор, а локалните медиуми во последните години шпекулираат енергично за нивните континуирани активности. Кумановско-липковското подрачје, Гостивар и Тетово во 2005 година, се тврди, дека биле домаќини на добро организаирани силни вахабиски групи. Вахабистите во државата се тврди дека уживаат поддршка од сопствената милитаризирана фракција позната како „Заштитници на исламот.“[300]

---

[297] Ибид, ИВЗ не гледаше со симпатии на новите движења, ниту пак на посветеноста на странските исламски невладини организации кон бегалците од Босна и Херцеговина, присутни во РСМ. Во 1994 година странските исламски невладини организации беа протерани од македонските власти.
[298] Ибид, стр. 42
[299] Во 2002 година Министерството за внатрешни работи на Македонија изготви извештај за состојбите во однос на присуството на Ал Каеда. Овој извештај содржи детални информации за врските помеѓу радикалните исламисти и Ал Каеда. Според овој извештај, постојат две исламистички единици активни во северозападна Македонија. Овие единици се составени од поранешни борци муџахедини од Саудиска Арабија, Авганистан, Босна, Чеченија и Косово. Скот Тејлор, истражувајќи ја улогата на муџахедините за време на Косовската војна, од интервјуто со Мирослав Тодоровски, официјално лице од македонското разузнавање, изјави: „Муџахедините-борци беа сржта на единиците на ОВК и тие се единствените одговорни за некои од најкрвавите заседи против македонската полиција и армија. Една од единиците на ОНА, наречена „Емре Елези”, која членовите на ОНА ја нарекуваа муџахединска единица,претставува странски борци и локални радикални муслимани. Види повеќе :Танески. Н., *Радикалниот ислам:реална закана за безбедноста на Балканот*, 297:355.45(497), стр.12, достапно на: http://sd.fzf.ukim.edu.mk/index.php/no2/kjgf?format=pdf, [пристапено на 05.07.2020].

[300] Morrison.K.(2008)*Wahhabismin the Balkans, Defence Academy of the United Kingdom,* Advanced Research and Assessment Group, Balkans Series, 08/06, стр.12, достапно на: file:///C:/Users/user/Desktop/2008_March_Wahabism.pdf, [пристапено на 09.08.2020]

Во 2005 година започнуваат поагресивни однесувања на вахабистите, посебно агресивно однесување спрема други имами од ИВЗ. Ваквиот развој на настаните доведе до оставка на реисот Емин Арифи, во 2005 година, кога милитантни претставници на Зенун Бериша го држеле како заложник. Бериша бил поврзан со мисионерското движење „џемаат теблиг", а од Емин Ариф бараше за имами да именува единствено теолози кои се имаат образувано во земјите на југоисточна Азија или Саудиска Арабија.[301] До смирување на ситуацијата дошло со изборот на новиот муфтија во 2006 година, Реџеп Сулејмани, како поглавар на ИВЗ.

Во 2006 година вахабистите организираат протест во Скопје и Тетово, како израз на осуда против карикатурата на пророкот Мухамед. Протестите покажаа неколку работи: 1. ова беше првпат ваков настан да се случи во Македонија, 2. вахабистите јавно го покажаа нивното присуство, 3. тие успеаја да ги одржат протестите и во Скопје, со што докажаа дека можат да се појават и во главниот град.[302]

Според македонските медиуми, во Македонија постојат три екстремистички групи: Тарикат, Црвена Ружа и Вахабист.[303]Регионот сепак е најмногу погоден од присуството на вахабистите. Според извештаите, активностите на радикалните исламисти во регионот создадоа огромна недоверба помеѓу етничките Македонци и Албанци во регионот. Основните цели на радикалните исламисти во Македонија се: 1. воспоставување база за формирање на официјално исламско општество; 2. ширење на радикалната идеологија и нивниот поглед кон исламот; 3. градење џамии и создавање нови медреси; 4. ширење на исламското влијание помеѓу младите кои во иднина би имале значајна улога.[304]

Влијанијата на вахабистичкото движење и понатаму се чувствува, особено во предели на државата каде што претежно има албанско население. Како седиште за

[301]Суботић, М. (2015) *Екстремизам под окриљем религије*, Исламистички екстремизам на примерима БИХ и Србије, Министарство одбране, Сектор за политику одбране, Институт за стратегијска истраживања, МЕДИЈА ЦЕНТАР„ОДБРАНА"Београд, стр. 297

[302]Танески. Н., Радикалниот ислам:реална закана за безбедноста на Балканот, 297:355.45(497), стр.14, достапно на: http://sd.fzf.ukim.edu.mk/index.php/no2/kjgf?format=pdf, [пристапено на 05.07.2020].

[303]Morrison. K.(2008)*Wahhabismin the Balkans, Defence Academy of the United Kingdom*, Advanced Research and Assessment Group, Balkans Series, 08/06, стр.12, достапно на: file:///C:/Users/user/Desktop/2008_March_Wahabism.pdf, [пристапено на 09.08.2020]

[304]Танески. Н., *Радикалниот ислам:реална закана за безбедноста на Балканот*, 297:355.45(497), стр.12, достапно на: http://sd.fzf.ukim.edu.mk/index.php/no2/kjgf?format=pdf, [пристапено на 05.07.2020].

собирање на овие „верници“ била џамијата „Јаја паша“[305] во Скопје, а додека селата Матечје, Липково, Арачиново, како и селото Кондово, се сметаат за локалитети со најголем број припадници на ова вехабистичкото движење. Нивното движење евидентирано е и во Гостивар, Тетово и други делови од Западна Македонија.

Во Република Северна Македонија има неколку радикални исламистички движења: вахаби, салафи и теблици џемаат. Највлијателно од сите е вахабистичкото движење. Етничкиот состав е пред сè од Албанци, но и од Македонци муслимани (Торбеши), Босанци и незначителен број Турци. Секако, сите нивни лидери се Албанци од Скопскиот регион, со силни врски со Косово. Вахабистичкото движење е најмногу фокусирано во Скопскиот регион, но и во руралниот северозападен дел на Република Северна Македонија, каде луѓето се сиромашни, неписмени, порелигиозни. Всушност, тоа ги прави и подостапни на вахабистичките активности. Значителни вахаби заедници веќе постојат на целата граница со Косово, Куманово, Тетово, Гостивар и во Струшкиот регион.[306]

Вахабистите главно се насочени кон регрутација на млади муслимани, при што регрутацијата се врши во мали групи, преку блиска комуникација и стриктна селекција. Целна група им се млади момчиња меѓу 16 и 20 години. Иницијалниот приод е најчесто немилитантниот фундаментализам, потенцирајќи ја човечката димензија и почитувањето на животот според Куранот. За време на процесот на индоктринација, младите се селектираат и безбедносно се вршат проценки преку нивната економска ситуација, според нивната интелектуална способност, снаодливост и верност.[307]

Во следната фаза тие се запознаваат со идејата за џихад и „славниот живот на муџахедините“ кои војуваат во името на Алах, со една идеја создавање на калифат, притоа запознавајќи ги подетално и целосно, анализирајќи видеа од борби во Чеченија, Авганистан, Босна итн. Со тоа тие се целосно регрутирани и способни за следење на вахабистичката идеологија и послушност спрема неа. На тој начин истомислениците го

---

[305] Пред неколку години, преку заплашување и поддршка од радикалните имами од ИВЗ, вахабистите успеаја да ја преземат под контрола најголемата џамија во градот – Јаја паша. Види повеќе: Karajkov, R. (2006)*The Young and the Old: Radical Islam Takes Root in the Balkans*, Worldpress.org, достапно на: http://www.worldpress.org/Europe/2335.cfm [пристапено на 09.08.2020]
[306] Види повеќе: Ибид стр.13
[307]Види повеќе: Танески. Н., *Радикалниот ислам:реална закана за безбедноста на Балканот*, 297:355.45(497), стр.12, достапно на: http://sd.fzf.ukim.edu.mk/index.php/no2/kjgf?format=pdf, [пристапено на 05.07.2020].

прифаќаат вахабистичкиот начин на живеење преку носење кратки пантолони, долги бради, традиционална арапска облека, како и други правила и прописи како по однос на изведувањето на верските ритуали, така и во однос на начинот на секојдневниот живот. На крај од последниот процес на регрутација, избраните се праќаат на образование за идни радикални имами во арапските земји, или на понатамошни терористички тренинзи. Ако ја земеме предвид општо регрутацијата на нивни истомисленици низ целиот свет, поточно на Балканот, можеме да заклучиме дека станува збор за стандардна практика која се применува, односно методите на регрутација кои ги споменавме и важат во нашата земја се применуваат и пошироко.

Најбитно е да се напомене дека при регрутацијата важни фактори кои ја прават муслиманската популација подложна на радикализација,меѓу другите, се и следните[308]:

– идентитетска криза на муслиманите;

– дискриминација, отуѓување и неправда;

– животна средина, соседство и семејство;

– релативен недостаток од странска дебата за милитантниот исламизам на Балканот.

Според податоците на македонското Министерство за надворешни работи, од март 2016 година околу 140 македонски војници се бореле во редовите на ИСИС, а 20 од нив го загубиле животот.[309] Тие припаѓаат на албанското малцинство во земјата. Како целина, тие се карактеризираат со високо ниво верска неписменост и лошо познавање на исламот. Меѓу нив може да се најдат луѓе од различна професионална припадност: имами, специјалисти за технологија, работници и студенти по економија.[310] Напорите на македонската Влада доведоа до апсење на многу обвинети за работа за ИСИС, како и неколку пресуди на судењето што се одржа во март 2016 година.[311]

Лошите економски услови, невработеноста, сиромаштијата и нестабилната меѓуетничка состојба се меѓу главните фактори,како погодно тло за ширење на

---

[308]*Ширењето на милитантниот исламизам на Балканот*, достапно на http://eprints.ugd.edu.mk/22054/1/NT%205.pdf, [пристапено на 0.303.2021]

[309] Маџевска, С. (2018) *Врбување на граѓани за служба во странска војска, како еден од изворите за терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста на Република Македонија*, магистерски труд,Универзитет „Св.Климент Охридски“ – Битола,Правен факултет – Кичево, *дисперзирани студии*:*Битола,* стр.73, достапно на: file:///C:/Users/user/Desktop/SimonaMezeska_bt_mart18.pdf, [пристапено на 04.07.2020]

[310] Ибид

[311]Ибид

вахабизмот и регрутација на помлади членови. Со помош на финансиска помош која доаѓа од разни хуманитарни организации и здруженија од арапските земји, многу млади лица-муслимани се преобраќаат во екстремисти. Сведоци сме и на голем број џамии во државата кои се изградени по саудиски стил, со две минарињa, чијшто претходен изглед значително се разликувал. Во едно интервју со Штефан Шварц, Арбен Џафери изрази загриженост од вахабистичката закана за Македонија. Тој изјави: „Албанскиот ислам се соочува со закана од фундаментализмот. Тоа е апсурд, вахабистите да дојдат тука и да бараат во името на исламот ние да живееме како нив и да се облекуваме како нив. Јас сум загрижен заради економската слабост на Албанците, јас мислам дека заради тоа тие ќе подлегнат“.[312]

Индикативно е дека македонските муслимани кои живеат и работат во странство, дел од нив се приклучени на вахабистичкото движење, а како нивни центри, односно собиралишта, се сметаат Грац во Австрија и Тревизо во Италија.[313]

Според Александар Грижев кој го има истражувано вахабизмот во РСМ наспроти традиционалниот ислам, факт е дека вахабизмот постои во оваа држава и дека постојат центри каде што се проповеда вахабистичката форма на радикален ислам, а додека традиционалните муслимани имаат одбивност и нетолеранција според истиот. Но фактот на нивното присуство, не мора да значи неопходно дека вахабизмот станува тренд во регионот.[314]

Промената на „лицето“ на исламот не ужива тренд кај голем дел на муслиманското население, кое и самото се бори против новата ера на вахабистичката идеологија која го зафаќа целокупниот Балкански Полуостов, а со тоа и РСМ. Ваквата новотија на исламот на нашето подрачје говори за сè поголемата потреба од поголем ангажман на безбедносните сили и поголема соработка на меѓународно ниво.

---

[312] Scwartz, S. (2005) *The Struggle within Islam: Albanian Muslims reject extremism*, Terrorism Monitor, Volume:2 Issue:3, стр. 2, достапно на:https://jamestown.org/program/the-struggle-within-islam-albanian-muslims-reject-extremism/, [пристапено на 09.08.2020]

[313]Суботић, М. (2015) *Екстремизам под окриљем религије*, Исламистички екстремизам на примерима БИХ и Србије, Министарство одбране, Сектор за политику одбране, Институт за стратегијска истраживања, МЕДИЈА ЦЕНТАР„ОДБРАНА“Београд, стр. 298

[314]Види повеќе: Грижев, А.(2014) *Идеологија на вахабизмот и традиционалното практикување на исламот во Република Македонија*,докторска дисертација, Институт за социолошки и правно-политички истражувања, Скопје,

**9.1 Загрозување на безбедноста на Република Северна Македонија со ширењето на вахабизмот и потребата за негово сузбивање**

Во Република Северна Македонија, во последните децении,сè повеќесе чувствуваат тензиите помеѓу вахабистичкото движење, од една страна и традиционалните муслимани, од друга страна, односно Исламската верска заедница во потрагата да се воспостави супериорност во верските објекти. Ситуацијата е усложната од причини што бројот на приврзаниците на ова движење се зголемува, што го потврдува и фактот од демонтрациите во Тетово и Скопје, после објавувањето на карикатури од Пророкот Мухамед во еден дански весник. Овие демонстрации биле организирани од радикалниот имам од Призрен, Мазлам Мазлими.[315]

После согледувањето на начинот на ширење на вахабизмот во балканските земји, како и во Република Северна Македонија, условите коишто придонесуваат за негово ширење, како и причините за неговата експанзија, можеме да заклучиме дека станува збор за легитимен правец во исламот, чиешто проповедање не може да се забрани, бидејќи секој човек има право да верува во тоа што сака. Од друга страна,од терористичките активности кои се извршени од страна на вахабисти за кои претходно наведовме примери, можеме да ја увидиме опасноста од таквата појава. Станува збор за вахабиски лидери кои проповедаат радикален ислам, како во џамиите од страна на радикални имами, така и во свои медреси, со што настанува тензија помеѓу муслиманите и вахабистите, во однос на начинот на проповедање на исламот.

Како главни двигатели на вахабизмот во Република Северна Македонија може да ги наведиме економските, социјалните и идеолошките фактори, како и финансирањето и влијанието на верски организации од Блискиот Исток, покрај влијателните улоги што ги играат локалните имами и локалните лидери поврзани со вахабизмот.

Тежината од проповедање на ваквиот ислам се огледа во опасноста за регрутирање млади лица и придружување кон оваа идеологија, како и подоцна преминување во фазата за учество на ваквите лица низ боиштата во Сирија, како дел од терористичката организација Исламска Држава. Во моментов Балканот е регион потенцијално загрозен од феноменот на странски борци и насилен екстремизам. Последниот бран странски борци, кој започна на крајот на 2011 година со конфликтот во Сирија, добива на интензитет и е најмасовниот бран во поновата историја. Десетици

[315] Трифуновић.Д., Стојаковић.Г.,Врачар.М. (2011) *Тероризам и вехабизам*, ИК „Филип Вишњић“, Београд стр. 232

илјади борци од целиот свет се приклучија кон различни фракции во војната во Сирија и Ирак. Македонија и земјите од Западен Балкан, исто така, беа погодени од овој феномен. Има 86 борци кои веќе се вратиле во Македонија од конфликтот во Сирија и во Ирак. [316] Република Северна Македонија спроведе три значајни контратерористички операции во 2015 и 2016 година и една беше во координација со властите на Република Албанија и Република Косово. Имено Република Македонија беше ангажирана во три акции на органите на прогонот против терористи во 2015/16 година:[317]

• Во рамки на операцијата „Ќелија", на 06 јули 2015 година, беа извршени претреси на 28 локации, кај вкупно 24 физички лица и во 4 објекти, при што беа уапсени 14 лица, кои подоцна беа обвинети согласно Кривичниот законик на РМ, а по останатите се продолжи да се трага,

• На 09 јули 2016 година македонските власти извршија истовремени претреси на седум локации и уапсија четири лица (петтото лице се предаде подоцна, на 25 јули 2016 година), обвинувајќи ги согласно Кривичниот законик на РМ, во операција наречена „Ќелија 2".

• На 12 август 2016 година властите работеа со регионалните партнери од Република Турција за да уапсат и екстрадираат пет лица од Република Македонија, кои имаа намера да се приклучат на ИСИС во Сирија,

• Во ноември 2016 година Република Македонија, во координација со регионалните партнери од Република Албанија и Република Косово, спроведе акција за апсење на 25 осомничени лица за тероризам кои планирале терористички напад врз стадион во Република Албанија, за време на квалификациските натпревари за Светското првенство, на фудбалскиот меч помеѓу Република Албанија и Израел.

---

[316]М.В. (2016)*Справување со насилен екстремизам: ажурирани закони, но без посебна стратегија за справување со глобалниот феномен*, Академик,достапно на: https://akademik.mk/spravuvanje-so-nasilniot-ekstremizam-azhurirani-zakoni-no-bez-posebna-strategija-za-spravuvane-so-globalniot-fenomen/, [пристапено на 15.08.2020]

[317] Влада на Република Македонија, Национален Комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам (2018),Национална стратегија на Република Македонија за борба против тероризмот (2018–2022), Скопје, стр.18–19,достапно на:https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/bpt_nacionalna_strategija_2018.pdf, [пристапено на 15.08.2020].

Според тинк-тенк организацијата „Аналитика“, во Македонија, уште од првата полициска операција „Ќелија“, бројот на македонските граѓани кои се приклучиле кон ИСИС или други формации во Сирија и во Ирак драматично опадна. Сепак, ова не значи дека екстремистичките идеи престанаа да циркулираат.[318]

Во следниот дел ќе биде разгледан извадокот од Кривичниот суд во Скопје за полициската акција „Ќелија 1 и 2“. Овој приказ е овозможен од страна на Кривичниот суд во Скопје, за што претходно обезбедивме пристап до овие случаи преку писмено барање. Благодарни сме на соработката и можноста која ни беше укажана од нивна страна.

**Табела бр.6**Резиме за предметите „Ќелија 1 и 2“ – Ниво на надлежност (општинска, ниво на основен суд, апелација)

| | |
|---|---|
| **1** | Идентификација на предметот<br>Кривична постапка под работен наслов „Келија 1“ |
| **2** | Краток опис на предметот:<br>Кривично дело – Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации, казниво по чл. 322-а од Кривичниот законик. |
| **3** | Сигнал:<br>Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и повеќе покрена постапка против повеќе осомничени затоа што, во временски период од 2014 до средина на 2015 година, спротивно на Закон, активно учествувале во организирање и подготвување на лица за учество во паравоени формации надвор од територија на Република Македонија, обезбедување и собирање финансиски и материјални средства за лица кои учествуваат во паравоени формации, надвор од територија на Република Македонија, врбувале и поттикнувале лица да се приклучат кон учество на паравоени формации надвор од територија на Република Македонија, преку социјалните мрежи или друг вид комуникација, повикувале други лица за учество во паравоени формации надвор од територијата на Република Македонија, сокривале лица кои учествуваат во паравоени формации надвор од територија на Република Македонија, оствариле обид и активно |

[318]„Многу е веројатно дека, како резултат на владините мерки за сузбивање на регрутирањето за странски групи, екстремистите се затскриени и/или веќе почнале да патуваат кон Сирија и Ирак многу повнимателно, или едноставно се рефокусирани кон зајакнување на нивната домашна поддршка“.Стратегијата на Македонија, додаваат од тинк-тенк организацијата, претежно се фокусира на извршната и на судската власт, со малку до речиси никакво ангажирање. Македонските власти гледаат на ова прашање главно од гледна точка на спроведување на законот.“

„Тоа се докажува со фактот дека не постои посебна стратегија за справување со насилен екстремизам, туку на ова прашање се гледа како на дел од пошироката стратегија за борба против тероризмот. Спречувањето на насилниот екстремизам бара стратегија на инволвирање на локалните заедници и поширок спектар општествени чинители во целиот процес, бидејќи тие можат да одиграат клучна улога во препознавањето и борбата против насилниот екстремизам. Пред сè, ова им се случува во нивните населби, на луѓе кои се нивни роднини, нивни пријатели и луѓе што ги познаваат. Затоа е неопходно да им се овозможи на заедниците да се опремат со правите алатки и вештини за да можат да се справат со оваа закана. Друга загриженост е процесот на ресоцијализација и реинтегрирање на насилните екстремисти и странски борци. Во моментов во Македонија не постои активна програма за ресоцијализација и реинтеграција на странските борци кои се вратиле и кои би можеле, поради недостигот на програми, во иднина да се вратат на бојното поле. Лицата кои биле осудени на казна затвор врз основа на насилниот екстремизам, ќе бидат во контакт со општата затворска популација, која веќе е поранлива за радикални идеи отколку општата популација, и, најверојатно, ќе се обидат да им се доближат и да ги шират своите идеи“, образложуваат од „Аналитика“.Ибид

| | |
|---|---|
| | учествувале во паравоени формации надвор од територија на Република Македонија. |
| | Опис/Коментар – по меѓународна правна помош<br>Законски текст на кривично дело кое на обвинетите им се става на товар во конкретниот кривично-правен настан.<br>ст. 1) Тој што спротивно на закон создава, организира, регрутира, превезува, организира превоз, опремува, обучува или на друг начин подготвува лице или група за учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации, организирани групи или подинечно, надвор од територијата на Република Македонија, ќе се казни со затвор од најмалку пет години,<br>ст. 2) Тој што спротивно на закон на било кој начин, директно или индиректно, нуди, дава, обезбедува, бара, собира или покрива финансиски средства, фондови, материјални средства или опрема кои целосно или делумно се наменети за извршување на делото од ст. 1 од овој член, ќе се казни со затвор најмалку пет години.<br>ст. 3) Државјанин на Република Македонија кој спротивно на закон учествува во или се обучува од страна на странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации, организирани групи или поединечно, надвор од територијата на Република Македонија, ќе се казни со затвор од најмалку четири години.<br>ст. 4) Тој што спротивно на закон за собир, преку пишан текст, со аудио визуелни снимки, преку социјалните мрежи или со било кој друг облик на комуникација повикува, со ширење или ставање на кој било друг начин на располагање на јавноста порака, или врбува или поттикнува друг на извршување на делата од ставовите 1, 2 и 3 на овој член, ќе се казни со затвор од најмалку четири години;<br>ст. 6) Тој што го сокрива извршителот на делото од ставовите 1, 2, 3, 4, или 5 од овој член, или помага во спречување на откривањето на делото или извршителот преку откривање на средствата со кои е извршено делото, доказите или на било кој друг начин, ќе се казни со казна од една до пет години. |
| **4** | Истрага / Пред-истражна фаза:<br>Истражна постапка започната во февруари месец 2016 година. |
| **4.1.** | Опишете ги различните чекори/организациите кои интервенирале/потешкотиите од пред-истражната фаза - ако е применливо- |
| **4.2.** | / |
| **4.3.** | Во случај обвинителот да одлучи да не отвори или да ја запри истрагата, ве молиме обезбедете го образложението за таквата одлука (кое треба да биде поопширно од наведување на членот од ЗКП врз основа на кој се отфрлил предметот), на пр., објаснете зошто доказите не биле доволни. Дали имало приговор против одлуката на обвинителот? Кој одлучувал за приговорот - ако е применливо- |
| **5** | Обвинение:<br>Јавниот обвинител во обвинението го опиша начинот на извршување на кривичното дело, учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации, казниво по чл. 322-а од Кривичниот законик, со опис на дејствијата на извршување на секој од обвинетите поединечно, во смисла на организирање, подготвување на лица за заминување во Сирија, каде би зеле учество во паравоени и параполициски формации, преку нивна индоктринација со верски и националистички говори и убедувања, со цел да се оствари претходна подготовка и обука на лица и притоа го опиша начинот како обвинетите остварувале редовни телефонски контакти и комуникации и притоа давале инструкции за начинот на комуникацијата.<br>Јавното обвинителство во обвинението го опиша и начинот на кој спротивно на законот се организирале, собирале, и давале финанисски средства за превоз на лица кои заминуваат во Сирија со цел да учествуваат во паравоена формација „Исламска Држава“, како и начинот на кој ставале слики на социјалните мрежи со кој на јавноста и ставале на располагање порака дека учествувале како дел од паравоените формации во Сирија. |
| | Опис/ Коментар<br>Од страна на јавниот обвинител до судот се доставени релевантни и кредибилни докази со кој се докажува кривичното дело – Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации казниво по чл. 322-а од Кривичниот законик, особено докази прибавени од прегледот на движењеа на осомничените на гранични премини, докази од Одделот за гранични премини и миграции на МВР на РМ, докази прибавени со наредби на претрес на дом и други простории на осомничените издадени од надлежен суд, како и докази од привремено одземените предмети од осомничените пронајдени при претрес на дом и други простории, |

| | |
|---|---|
| | мобилни телефони и компјутери, докази за меѓусебни комуникации помеѓу обвинетите, а со цел извршување на кривичното дело кое им се става на товар, како и други релевантни докази. |
| **5.1.** | Враќање во обвинителство: кога/ зошто –ако е применливо-<br>/ |
| **6** | Судење:<br>Судењето на осомничените се одвиваше во различни фази и тоа поради признание на вина во текот на истражната постапка поднесени се предлог-спогодби за признание на вина и од страна на судот се спроведени судења во фаза на поднесен обвинителен акт односно во фаза на оцена на обвинителен акт на главна расправа. |
| | |
| **6.1.** | Одложено судење: кога/причина |
| **7** | Пресуда:<br>Врз основа на предлог-спогодба на 25.03.2016 година, и пресуда врз основа на признание на вина од 18.05.2016 година. |
| | Краток опис<br>Со пресуда врз основан а предлог-спогодба од 25.03.2016 година, обвинетите се огласени за виновни и изречени им се единствени казни затвор во траење од 5 – пет години и 6 – шест месеци до 7 – седум години.<br>- Со пресуда врз основа на признание на главна расправа на 18.05.2016 година, обвинетите се огласени за виновни и изречени им се единствени затворски казни во траење од 2 - две години до 4 – четири години и 6 – шест месеци. |
| **8** | Заплена на имот или конфискација?<br>Одземени се компјутери, мобилни телефони и други средства за комуникација на обвинетите. |
| **9** | Конечна (правосилна) пресуда /спроведена?<br>Пресудите се извршни и правосилни и обвинетите се наоѓаат на издржување на казна затвор. |
| **10** | Обжален предмет?<br>По пресуда врз основа на признание на вина од 18.05.2016 година, обвинетите го искористија правото на жалба поради одлуката за видот и висината на кривичната санкција и Жалбениот совет ја уважи жалбата на јавниот обвинител и на обвинетите им изрече построги кривични санкции односно затворски казни и тоа од 3 – три години до 7 – седум години и 2 – два месеци. |
| **11** | Конечна одлука за заплена на имот или конфискација? |

*Извор: Кривичен суд Скопје*

???Во оваа акција интересен е фактот дека е осуден е имамот Мемиши Реџеп (имам во џамијата Тутунсуз и Јаја Паша) на казна затвор во траење од седум години. Со тоа се потврдува и супериорноста на радикални имами во џамиите над Исламската верска заедница.

Во 2018 година, во рамките на соработката со Глобалната коалиција за борба против тероризмот и Сириските демократски сили, македонската полиција уапси седум лица, како продолжеток на полициската акција „Ќелија 1и 2„: Ељмдин Османи, Амин Џенгис, Орхан Жупани, Бујамин Фетоф, Ибрахим Шабани, Алмир Митровски и Сафет Рамадани, од кои најмладиот има 23, а најстариот 30 години.[319]

[319] 45 години вкупна затворска казна за македонските џихадисти кои признаа вина, 21.03.2019 година, достапно на:https://24.mk/details/45-godini-vkupna-zatvorska-kazna-za-makedonskite-dzikhadisti-koi-priznaa-vina-1, [пристапено на 03.08.2020]

Според Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризмот, сè уште постојат предизвици во поглед на заштитата на граѓаните на Република Северна Македонија од влијанието на екстремистичките идеологиии,засновани на нетолеранција, омраза и насилство, кои ги остваруваат политичките и идеолошките цели преку злоупотреба на религијата.[320]

Странски терористички борци од Република Северна Македонија се главно млади машки лица што развиле лични врски (во тек на неколку години) со мала група радикални имами што делуваат во Скопскиот регион.[321] Во поново време, овие текови се намалени по активностите на органите на прогонот против некои радикални имами и падот на влијанието на ИСИС.[322]

Драстично намалување на странски терористички борци од Република Македонија од 2016 година наваму се должи на зголемената тешкотија при патувањето преку Република Турција, апсењата на регрутирачите и помагачите во Република Македонија, како и зголеменото медиумско внимание кон ѕверствата на ИСИС.[323]

Од сево ова можеме да резимираме дека Република Северна Македонија и нејзината соработка на меѓународен план, во однос со справување на тероризмот, е од круцијално значење за самата безбедносна политика на државата. Справувањето со радикалниот вахабизам и неговото активизирање во терористички активности налага потреба од поголемо и сеопфатно реагирање на овие закани.

Покрај репресивните мерки кои претставуваат главна алатка со справување со последиците од радикализацијата, предизвикот за навремено попречување и превенирање со овој проблем, ја нагласуваат потребата од ангажирање на целокупното општество. Значајна улога, покрај семејството, имаат и институциите од воспитнообразовниот процес, кои преку натамошно спроведување и унапредување на образовните програми, позитивно влијаат во превенирањето на оваа појава кај младите лица и зајакнување на основните општествени вредности.

---

[320] Заканата од странските терористички борци, и т.н. „push-pull“ факторите и двигателите што ги продуцираат и одржуваат, се особено важна надворешна закана што треба да се потенцира, Види повеќе:*Влада на Република Македонија, Национален Комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам (2018) Национална стратегија на Република Македонија за борба против тероризмот* (2018– 2022), Скопје,достапно на:https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/bpt_nacionalna_strategija_2018.pdf, [пристапено на 15.08.2020].

[321] Ибид

[322] Ибид

[323] Ибид

Имајќи ја предвид мултиконфесионалноста на општествата, треба да се потенцира и улогата на верските заедници во унапредување на верската толеранција, промовирање на меѓукултурниот дијалог, како и спречување на говорот на омраза меѓу младата популација, како и верската нетолеранција.

Ефикасната превенција и сузбивање на појавните облици на овој феномен подразбира постојано унапредување на соработката меѓу институциите, надградба на нормативните акти и нивна хармонизација со европското и меѓународно законодавство, во рамките на определбите на Република Северна Македонија, со цел приближување кон европските и евроатлантските структури. Кривичниот законик, следејќи ги законодавните искуства на другите земји, предвидува санкции за регрутацијата, обуката, агитирањето, логистиката, финансирањето и учеството на лица во воени конфликти надвор од државата и во странски паравојски и терористички организации.Во следниот дел ќе бидат образложени законската легислатива, како и органите кои се задолжени во справување на ваквите терористички активности во Република Северна Македонија.

## 9.2 Правна рамка за борба против тероризмот во Република Северна Македонија

Тероризмот во светски рамки зема сè поголем замав, посебно кога станува збор за тероризмот од верски побуди, поради што законодавниот систем во Република Северна Македонија треба во континуитет да го следи овој вид тероризам и да го прилагодува казнениот систем во насока на справување со оваа безбедносна закана, сè со цел да се делува превентивно во свеста на сторителите на ова кривично дело. Континуираните промени во законската регулатива се резултат на прилагодување со меѓународните договори, поради наложената потреба за успешно справување со тероризмот, кој во последниов период добива сè поголем интензитет.

Безбедносните служби во Република Северна Македонија, во борбата против тероризмот, постапуваат согласно следните закони:

- Кривичниот закон
- Законот за кривична постапка
- Законот за странци и
- Законот за спречување перење на пари и финансирање на тероризам[324]

---

[324] Главните слабости на правната рамка на Република Македонија против перењето пари и борбата против финансирањето на тероризмот остануваат, вклучувајќи недоволна криминализација на финансирањето на тероризам и немањето јасни механизми за спроведување на мерките на ОН. Покрај

Кривичното дело *тероризам* во македонското законодаство е преименувано во „Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста“ и е составен дел на Кривичниот закон на Република Македонија, во делот Кривични дела против државата. Во овој дел од Кривичниот закон спаѓаат сите кривични дела кои се во многу тесна врска со тероризмот, а тоа се: велепредаство, загрозување на територијална целина, загрозување на независностана Република Македонија, убиство на претставници од највисоките државни органи, грабнување на претставници од највисоките државни органи, вооружен бунт, предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост и други кривични дела.[325]

Терористичкото загрозување на уставниот поредок и безбедноста, како кривично дело во Кривичниот закон, опфатено е со член 313 и гласи: „Тој што со намера сака да го загрози уставниот поредок или безбедноста на Република Македонија, ќе предизвика или сериозно ќе се закани со предизвикување експлозија, пожар, поплава или друго општоопасно дејствие или акт на насилство, создавајќи чуство на несигурност или страв кај граѓаните, ќе се казни со затвор најмалку десет години.“[326]

Со појавата на странски борци во Сирија, меѓународната јавност сè повеќе се соочуваше со проблем по ова прашање, во однос на граѓаните кои земаат учество во таа војна, со што се налагаше и потреба за воведување нови членови во законската регулатива, па така, следејќи го примерот на другите држави и Република Северна Македонија, во 2014 година, воведе измени во однос на лицата кои учествуваат во војната во Сирија.

Во согласност со измените усвоени на 3 септември 2014 година, член 322-а од Кривичниот законик, сега гласи:„Тој што спротивно на закон создава, организира, регрутира, превезува, организира, опремува, обучува или на друг начин подготвува лице или група за учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации, организирани групи или поединечно, надвор од територијата на Република

---

ова, прекумерно сложениот режим на конфискација кој е врзан за осудителната пресуда го попречува делотворното замрзнување и конфискација на имотот на терористите, Види повеќе: *Влада на Република Македонија, Национален Комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам (2018) Национална стратегија на Република Македонија за борба против тероризмот (2018 – 2022),* Скопје,достапно на:https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/bpt_nacionalna_strategija_2018.pdf, [пристапено на 15.08.2020].

[325]Сали, Ф. (2017)*Меѓународен тероризам*, стр. 12, достапно на:https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2017/06/Megjunaroden-terorizm.pdf, [пристапено на 15.08.2020]

[326]Каневчев, М. (2010) Кривичен Законик, 2-ри Август, Скопје, стр.212-213

Македонија ќе се казни со затвор од најмалку пет години“.[327] Законот не важи ретроактивно.Во случајот на Босна и Херцеговина, затворската казна варира од не помалку од 3 години за приклучување кон странски групи, односно 1 – 10 години за регрутирање на таквите групи, додека во Косово е повисока и достигнува и до 15 години.[328]

Од Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризмот истакнуваат дека од 2015 година драстично е опаднат бројот на регрути во редовите на ИСИС, што главно се должи на промените во Кривичниот законик за кривично гонење на лицата кои се борат во странски војски.[329]

Во март 2019 година Владата на Република Северна Македонија ги усвоиНационалната стратегија за борба против тероризмот 2018 – 2022 и Националната стратегија за борба против насилниот тероризам, придружени со акциски планови.[330]

Во однос на превенцијата од тероризмот, значајни се следните конвенции: Конвенција за сузбивање на незаконска заплена на авион, Конвенција за физичка заштита на нуклеарен материјал, Европска конвенција за сузбивање на тероризам, Меѓународна конвенција за сузбивање на тероризмот и Меѓународна конвенција за сузбивање и финансирање на тероризмот.[331]

Да напоменеме дека, покрај овие конвенции, Република Северна Македонија е потписничка и на следните конвенции: Конвенција за превенција и казнување на злосторства против лица под меѓународна заштита, вклучително и дипломатски агентии, Меѓународна конвенција против земање заложници, Европска конвенција за екстрадиција, Европска конвенција за заемна судска помош за казниви дела и сл.[332]

---

[327]М.В.(2016)*Справување со насилен екстремизам: ажурирани закони, но без посебна стратегија за справување со глобалниот феномен*, Академик,достапно на: https://akademik.mk/spravuvanje-so-nasilniot-ekstremizam-azhurirani-zakoni-no-bez-posebna-strategija-za-spravuvane-so-globalniot-fenomen/, [пристапено на 15.08.2020].

[328] Ибид, Со цел да се спречат идните странски борци да се придружат на борбите, македонските власти не дозволуваат патувања надвор од земјата на лица за кои постои сомневање дека имаат врски со странски екстремистички групи.

[329]Трајковска, С. (2019) *Судбината на повратниците и нивните семејства: Опасноста од боиштата ја носат дома*, Нова,достапно на:https://novatv.mk/sudbinata-na-povratnitsite-i-nivnite-semejstva-opasnosta-od-boishtata-ja-nosat-doma/,[пристапено на 10.08.2020]

[330] Ибид

[331]Сали, Ф. (2017) *Меѓународен тероризам*, стр.51, достапно на:https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2017/06/Megjunaroden-terorizm.pdf, [пристапено на 15.08.2020]

[332] Ибид

Успешното спротивставување на современите форми на тероризам налага јасно и прецизно дефинирање на оваа појава и нејзина импликација во националното кривично законодавство. Единствено на таков начин ќе се делува превентивно на лицата кои, од кои било причини, ќе се решат да бидат учесници во терористички активности.

Во борбата против тероризмот во Република Северна Македонија активно зедоа учество и верските лидери на петте уставно утврдени верски заедници во државата,заедно со Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, кои потпишаа декларација со која ги осудуваат сите форми на тероризам.

Со оваа декларација за осуда на тероризмот најостро се осудува религиски мотивираниот тероризам, заснован врз различно верско убедување и се повикува на мир, толеранција, меѓусебна почит, соживот и на спречување вакви и слични злодела во иднина, кои се спротивни на сите светски религии.[333]

### 9.3Специфични цели за борба против тероризмот

Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам, ги има издвоено следните специфични Државни/Национални цели за борба против тероризмот кои се прикажани во следната табела:

**Табела бр.7**Специфични цели за борба против тероризмот

| **1.ПРЕВЕНЦИЈА** |
|---|
| Стратешка цел 1.1: Превенирање на закани од тероризам |
| Стратешка цел 1.2: Спречување финансирање на тероризмот |
| Стратешка цел 1.3: Спречување на радикализмот преку интернет |
| Стратешка цел 1.4: Зајакнување на институционалните капацитети за справување со „странските терористички борци” |
| Стратешка цел 1.5: Спречување на радикализацијата и регрутирањето на терористите преку зајакнување на билатералната, регионалната и меѓународната соработка |
| Стратешка цел 1.6: Подобрување на капацитетите преку вршење проценки, анализи и истражувања поврзани со закани од тероризам |
| Стратешка цел 1.7: Превенирање од хемиски, биолошки, радиоактивни и нуклеарни (ХБРН) закани<br>Стратешка цел 1.8: Спречување на нелегалната трговија со оружје |
| |
| **2.ЗАШТИТА** |
| Стратешка цел 2.1: Зајакнување на системите за контрола на државната граница |
| Стратешка цел 2.2: Унапредување на стандардите за безбедност во транспортот |
| Стратешка цел 2.3: Заштита на критичната инфраструктура |
| Стратешка цел 2.4: Заштита на објекти од витален и јавен интерес |

[333]Декларација на верските лидери против тероризмот, 28.12.2015 година, Religija.mk, достапно на: https://religija.mk/Deklaratsija-na-verskite-lideri-proti/, пристапено на [15.08.2020]

| |
|---|
| Стратешка цел 2.5: Зајакнување и развој на механизми за заштита од сајбер-закани |
| **3.ГОНЕЊЕ** |
| Стратешка цел 3.1: Понатамошно усогласување на националното законодавство со меѓународните стандарди |
| Стратешка цел 3.2: Откривање, идентификација и гонење на сторителите на кривични дела поврзани со тероризам |
| Стратешка цел 3.3: Откривање, идентификација и гонење на сторителите на финансирање на тероризам |
| Стратешка цел 3.4: Зајакнување на билатералната, регионалната и меѓународната соработка |
| **4.ОДГОВОР** |
| Стратешка цел 4.1: Зајакнување на капацитетите на релевантните институции да одговорат на терористички напад |
| Стратешка цел 4.2: Намалување и ублажување на последиците од терористички напади |
| Стратешка цел 4.3: Подобрување на меѓуресорска координација |

*Извор:*[https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/bpt_nacionalna_strategija_2018.pdf](https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/bpt_nacionalna_strategija_2018.pdf)

### 9.4 Ангажирање на безбедносните субјекти на Република Северна Македонија во сузбивање и спротивставување на вахабискиот екстремизам

Во согласност со Стратегијата за одбрана на Република Северна Македонија, а врз основа на проценатa на идните безбедносни ризици и закани по националната безбедност на државата, национални одбранбени интереси се следните:[334]

1. Зачувување на независноста, суверенитетот и територијалниот интегритет и унитарниот карактер на државата, како суштествена рамка за зачувување и унапредување на државниот идентитет на Република Македонија и слободно негување и изразување на етничкиот и културниот идентитет на сите граѓани
2. Заштита и унапредување на мирот и на безбедноста, на животот и на здравјето, на имотот и на личната безбедност на граѓаните;
3. Зачувување и унапредување на демократските вредности на државата: човековите слободи и права, владеење на правото, политичкиот плурализам, начелото на поделба на власта, заштита на културниот идентитет и наследство на сите граѓани на Република Македонија;
4. Зачувување и унапредување на цврстата и функционална мултиетничка демократија и постојано унапредување на меѓуетничките односи;

[334] Првиот национален интерес означен под реден број 1 е **траен интерес**, од реден број 2 до реден број 7 се означени како **витални интереси**, и од реден бро 7 до реден број 13 како **важни интереси**, Види повеќе:*Стратегија за одбрана на Република Македонија*, „Службен весник на РМ“, бр.30, од 01.03.2010 година, стр.2, достапно на: [http://morm.gov.mk/wp-content/uploads/2017/11/Strategija-za-odbrana-na-RMakedonija.pdf](http://morm.gov.mk/wp-content/uploads/2017/11/Strategija-za-odbrana-na-RMakedonija.pdf), [пристапено на 15.08.2020].

5. Стимулирање одржлив економски и социјален развој на Република Македонија врз принципите на пазарната економија, приватната сопственост и претприемништвото;
6. Политичко-одбранбена интеграција во НАТО, политичка, економска и безбедносна интеграција во Европската Унија и активно учество во другите облици на меѓународна соработка;
7. Учество во зачувувањето и унапредувањето на мирот и стабилноста во светот, во Европа и во регионот;
8. Зачувување и унапредување на меѓународниот поредок врз основа на правилата и принципите на меѓународното право;
9. Развивање и одржување на сите форми на соработка со соседите, во поддршка на виталните интереси на Република Македонија, но и на пошироките регионални и глобални интереси;
10. Градење и унапредување на праведна социјална држава од аспект на ефикасност на државната администрација, во насока на постоење на еднакви можности за сите граѓани, без оглед на половата, расната, верската, политичката или етничката припадност;
11. Зачувување и унапредување на внатрешната стабилност на државата, како предуслов за одржлив политички, економски и социјален развој и постоење на општ консензус на сите граѓани за заеднички интереси;
12. Развој на модерно општество со развиени комуникации и односи меѓу граѓаните, во насока на постоење на заеднички културни вредности, јакнење на демократскиот карактер и доближување кон модерните демократски глобални текови и
13. Заштита и унапредување на животната средина.

Системот за национална безбедност е потсистем на државата и општеството и ги опфаќа субјектите и функциите – државни и недржавни, цивилниот и воениот сектор за безбедност, со кои се заштитуваат општествените и државните вредности и интереси од воените и невоените безбедносни предизвици, ризици и закани. Најчесто неоправдано се поистоветува со системите за одбрана, внатрешна и надворешна безбедност.[335]

---

[335] Мијалковиќ, С., Милошевска, Т., *Кризата на традиционалниот концепт на внатрешната безбедност на државата,* достапно на:

Државни органи кои се грижат за целокупниот систем на националната безбедност во државата се следните:

- Војска,
- Полиција,
- Обвинителство,
- Суд,
- Разузнавачките служби (Агенцијата за разузнавање и Агенцијата за национална безбедност),
- Гранична полиција,
- Царина и
- Инспекција

Агенцијата за национална безбедност, [336] како самостоен орган, директно одговара на Владата на Република Северна Македонија и е водечки орган за детекција на тероризмот и прибирање разузнавачки податоци. Истата во спроведување на своите активности соработува со Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија како и со сите претходно наведени институции, односно субјекти кои се дел од националниот систем на безбедност на Република Северна Македонија. Агенцијата своите работи ги врши во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.[337]

Секторот за борба против тероризам, насилен ектремизам и радикализам при Одделот за спречување на организиран и сериозен криминал во Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, исто така има важна улога во борбата против верскиот екстремизам во Република Северна Македонија.

Граничната полиција на Република Северна Македонија ги користи листите на набљудувани лица на ИНТЕРПОЛ и ЕУРОПОЛ, што редовно се ажурираат и тие имаат можност за биометриски скрининг. Граничната полиција, исто така, споделува и прима

---

http://periodica.fzf.ukim.edu.mk/sd/SD%2002.1%20(2011)/SD%2002.1.08%20Mijalkovic,%20S.%20&%20Milosevska,%20T.%20%20-%20Krizata%20na%20tradicionalniot%20koncept.pdf, [пристапено на 15.08.2020]

[336] Претходно позната како Управа за безбедност и контраразузнавање, сè до 1 септември 2019 година кога беше реформирана во Агенција за национална безбедност

[337] Закон за агенција за национална безбедност, „Службен весник на РМ“ бр.108 од 28.05.2019 година, достапно на: https://mvr.gov.mk/Upload/Documents/ZANB%20108-19(1).pdf, [пристапено на 15.08.2020]

информации преку аларми од Заедничките контакт-центри со соседните земји (Албанија, Бугарија, и Косово) и ИНТЕРПОЛ.[338]

Граничните органи работат со европските и партнерите од САД на разработка протоколи за споделување информации и надградба на системот за безбедна споредба и евалуација на личните документи (The Personal Identification Secure Comparison и Evaluation System (PISCES) систем за управување со границите, подобрувајќи го неговиот капацитет да се пресече текот на странските терористички борци што се враќаат од конфликтните зони.

Безбедносните органи имаат голема улога во спречување и превенирање на верскиот екстремизам, преку нивна заедничка соработка и координација може да се придонесе за справување со безбедносните закани и ризици кои ја следат нашата држава, посебно заканите од тероризмот, како и националниот екстремизам.

Голема улога во спречувањето на верскиот екстремизам имаат и медиумите и нивната информативна-пропагандна дејност. Нивната професионалност, функционалност и ефикасност преку разни контактни емисии, анализи, прикази, интервјуа итн., ни го доловуваат проблемот од оваа појава во денешно време, што е секако за почит, бидејќи информираноста на граѓаните преку медиумите е на прво место во однос на другите извори преку кои би можеле да бидат во тек со настаните.

---

[338] *Влада на Република Македонија, Национален Комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам (2018) Национална стратегија на Република Македонија за борба против тероризмот (2018 – 2022)*, Скопје,стр.21, достапно:https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/bpt_nacionalna_strategija_2018.pdf, [пристапено на 15.08.2020].

# ГЛАВА V

## ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ – ИДЕОЛОГИЗАЦИЈА НА РЕЛИГИЈАТА ОД СТРАНА НА ВАХАБИЗМОТ, КАКО РАДИКАЛНО ИСЛАМИСТИЧКОДВИЖЕЊЕ, ВО НАСОКА НА ИЗВРШУВАЊЕ ТЕРОРИСТИЧКИ АКТИВНОСТИ

Со цел да се добијат податоци и да се анализираат мислењата за идеологизација на религијата од страна на вахабизмот, како радикално исламистичко движење, во насока на извршување терористички активности во период од 01.05.2020 до 31.12.2020 година, спроведено е анкетно истражување и структурирано интервју. Во анкетата беа опфатени 50 репрезентативни испитаници од Република Северна Македонија, и тоа:60% од испитаниците се дипломирани студенти од Факултетот за безбедност, Идризово, Скопје, при Универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола, додека 40% од испитаниците се лица вработени во Агенцијата за национална безбедност на Република Севеерна Македонија и во Секторот за борба против тероризам, насилен екстремизам и радикализам при Одделот за спречување на организиран и сериозен криминал на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, додека интервјуто е спроведено на шест професори од Исламскиот факултет од Скопје, Факултетот за безбедност, Институтот за одбрана и мир при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје и Воената академија – Скопје.Тоа беа следните професори:

– проф. д-р Фаредин Ебиби, професор на Факултетот за исламски науки во Кондово,

– проф. д-р Хасан Џело, професор на Факулетот за исламски науки во Кондово, Скопје,

– проф. д-р Бејтула Демири, професор на Факулетот за исламски науки во Кондово, Скопје

– проф.д-р Цане Мојаноски, професор на Факултет за безбедност, Идризово Скопје,

– проф.д-р Славејко Сасајковски, професор на Институтот за социолошки и правно-политички истражувања,Скопје и

– проф.д-р Александар Грижев, професор на Воената академија во Скопје.

Бидејќи сите варијабли се мерени на номинално и ординално ниво, описот на дистрибуцијата на примерокот во однос на испитуваните варијабли е направен со

апсолутни броеви и фрекфенции.Добиените податоците се обработени со програмата за статистичка анализа на податоци PSPP-program for statistical analysis of sampled data.

## 1.Анализа на анкетно истражување

### 1.1Дескриптивна статистика

**Табела бр.8***Дали вахабизмот и која било друга идеологија која се реферира на исламската религиска идеја, ја девастира суштината на исламската религиска идеја и нејзините темелни вредности, постулати и норми?*

Vahabizmot ili bilo koja ideologija ja devastira sustinata na islamskata religija

| Value Label | Value | Frequency | Percent | Valid Percent | Cum Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| da | 1 | 37 | 74.00 | 74.00 | 74.00 |
| ne | 2 | 12 | 24.00 | 24.00 | 98.00 |
| drugo | 3 | 1 | 2.00 | 2.00 | 100.00 |
| | Total | 50 | 100.0 | 100.0 | |

Според дескриптивната анализата на добиените одговори од анкетниот прашалник, можеме да заклучиме дека седумдесет и четири проценти (74%) од испитаниците сметаат дека вахабизмот и која било друга идеологија која се реферира на исламската религиска идеја ја девастира суштината на исламската религиска идеја, воедно и нејзините темелни вредности, постулати и норми, додека речиси ¼ од испитаниците не се согласуваат со тезата дека вахабизмот ја девастира суштината на исламската религија.

**Табела бр. 9***Дали идеологизациите на исламот, воедно и на другите универзални религии, нужно мора да се развијат и да се манифестираат како тероризам?*

Ideilogizacijata na islamot i na dr univerzalni religii vodat kon terorizam

| Value Label | Value | Frequency | Percent | Valid Percent | Cum Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| da | 1 | 4 | 8.00 | 8.00 | 8.00 |
| ne | 2 | 46 | 92.00 | 92.00 | 100.00 |
| | Total | 50 | 100.0 | 100.0 | |

Само четворица од испитаниците сметаат дека идеологизацијата на исламот, воедно и на другите универзални религии, нужно мора да се развијат и да се манифестираат како тероризам, додека 46 од испитаниците (92%) сметаат дека идеологизацијата на религиите не се причина за развивање на тероризам.

На прашањето кој е потенцијалот и капацитетот на религиските идеи да можат да бидат идеологизирани, па дури и да бидат и искористени и злоупотребени како идеолошки платформи и матрици на терористички организации и групи, анкетираните испитаници во најголем процент сметаат дека религиските идеи во суштина се основа на исламските терористички организации, односно дека религиските идеи во својата основна форма промовираат позитивни вредности, но за политичко-идеолошки и други

цели истите можат да бидат злоупотребени и искористени како идеологија на екстримистички и терористички организации и групи, помал број од испитаниците сметаат дека постои мал потенцијал и капацитет религиските идеи да бидат злоупотребени како идеолошка платформа за подгревање на терористички организации, доколку ваквите организации немаат голема финансиска поддршка и помош.

**Табела бр.10***Има ли вахабизам во Република Северна Македонија***?**

Vo RSM ima vahabizam

| *Value Label* | *Value* | *Frequency* | *Percent* | *Valid Percent* | *Cum Percent* |
|---|---|---|---|---|---|
| da | 1 | 41 | 82.00 | 82.00 | 82.00 |
| ne | 2 | 3 | 6.00 | 6.00 | 88.00 |
| drugo | 3 | 6 | 12.00 | 12.00 | 100.00 |
| | *Total* | 50 | 100.0 | 100.0 | |

На прашањето дали во Република Северна Македонијаима вахабизам, 82% од испитаниците одговориле потврдно, односно се согласуваат дека во Република Северна Македонија има вахабизам; 6% од испитаниците сметаат дека нема вахабизам; додека 12% одговориле дека, иако станува збор за иста идеолошка основа, во Република Северна Македонија се користи терминот салефисти, односно овој термин се користат за муслиманските верници кои го практикуваат исламот на поинаков начин. Наспроти салефизмот, како најзастапена и најпрактикувана исламистичка матрица меѓу неформалнитеверско-радикалистички групи, поединци или помали групи, се реферираа на вахабизмот, но себеси не се деклалираат како вахабисти, официјалните исламски верски заедници на Балканот не ги признаваат таквите движења.

**Табела бр.11***Дали нивните идеолошки постулати се радикални во смисла на неприфаќање на основните општествени вредности на македонското општество?*

Ideoloski postulate na vahabizmot se radikalni

| *Value Label* | *Value* | *Frequency* | *Percent* | *Valid Percent* | *Cum Percent* |
|---|---|---|---|---|---|
| da | 1 | 40 | 80.00 | 81.63 | 81.63 |
| ne | 2 | 2 | 4.00 | 4.08 | 85.71 |
| drugo | 3 | 7 | 14.00 | 14.29 | 100.00 |
| | . | 1 | 2.00 | Missing | |
| | *Total* | 50 | 100.0 | 100.0 | |

Осумдесет проценти (80%) од испитаниците сметаат декавахабистичките идеолошки постулати се радикални, во смисла на неприфаќање на основните општествени вредности на македонското општество,4% од испитаниците не се согласуваат со констатацијата, додека 14% од анкетираните сметаат дека нивните

идеолошки постулати се радикални на секое демократско државно уредување, како и во одредена мера и во даден општествено-политички контекс.

**Табела бр.12***Традиционалниот ислам којшто го практикуваат муслиманите во РСМ се разликува од толкувањето на исламот од страна на вахабистите во РСМ?*

Postoi razlika megu tradicionalniot islam od tolkuvanjeto na islamot kaj vahabistite vo RSM

| Value Label | Value | Frequency | Percent | Valid Percent | Cum Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| da | 1 | 45 | 90.00 | 90.00 | 90.00 |
| ne | 2 | 3 | 6.00 | 6.00 | 96.00 |
| drugo | 3 | 2 | 4.00 | 4.00 | 100.00 |
| | Total | 50 | 100.0 | 100.0 | |

Анализата на седмото прашање во врска со тоа дали традиционалниот ислам којшто го практикуваат муслиманите во Република Северна Македонија се разликува од толкувањето на исламот од страна на вахабистите во Република Северна Македонија, може да се заклучи дека дури 90% од испитаниците сметаат дека традиционалниот ислам се разликува од вахабизмот, 6% сметаат дека не постои разлика;

Испитаниците кои одговориле потврдно сметаат дека разликите помеѓу традиционалниот ислам и вахабизмот пред сè е во:

- начинот на вршење на верските обреди и други верски практики, согласно со Ханбелиската правна школа во Исламот;
- во суштината и начинот на практикување и толкување на религијата;
- во толкување на Шеријатскиот закон, Куранот и Хадисот;
- начинот на облекување, асоцијално однесување и обид за одвоен живот од општеството;
- традиционалниот исламне повикува на зло, насилство и терор; напротив, тој ја почитува традицијата и демократијата, додека вахабистите се склини кон екстремизам и насилство, односно секој кој не практикува ислам е неверник, непријател и треба да се уништи, наспроти прифаќањето на сите други религии и убедувања кај традиционалниот ислам;
- традиционалниот ислам се насочува по Ханефиска правна школа, а вахабизмот по останатите три правни школи: Ханбелиска, Шафиската и Маликиската правна школа итн.

**Табела бр.13***Дали вахабизмот влијае во нарушување на интра-муслиманските односи во РСМ?*

Vahabizmot vlijae vo narusuvanje na intramuslimanskite odnosi

| Value Label | Value | Frequency | Percent | Valid Percent | Cum Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| da | 1 | 43 | 86.00 | 86.00 | 86.00 |
| ne | 2 | 2 | 4.00 | 4.00 | 90.00 |
| drugo | 3 | 5 | 10.00 | 10.00 | 100.00 |
| | Total | 50 | 100.0 | 100.0 | |

Најголем процент од испитаниците дури (86%) истакнале дека вахабизмот влијае во нарушување на интра-муслиманските односи во Република Северна Македонија, 4% сметаат дека вахабизмот нема влијание врз нарушените интра-муслимански односи и 10% од испитаниците не го искажале својот став на поставеното прашање.

Испитаниците сметаат дека најчестите начини и методи на нивното општествено делување и влијание се преку агресивни обуки за наметнување на застапуваната идеологија и финансиски донации за нејзина примена, преку врбување на сиромашна популација и нивно поткупување, делување во строго затворени ќелии и по строги критериуми, регрутираат само лица кои се спремни да се „жртвуваат“ во име на религијата, наметнување на својата идеологија, сеење страв преку прокламирање на нивните основни вредности преку интернет, верски предавања, регритирање на истомисленици преку повикување „Давето“, потпомагање со финансиски средства и потикнување на радикални размислувања кон верата,спротивно на традиционалниот ислам-учење итн.

**Табела бр.14***Има ли радикални и терористички потенцијали и капацитети на вахабистите во Република Северна Македонија?*

Ima li radikalni teroristicki potencijali i kapaciteti na vahabistite vo RSM

| Value Label | Value | Frequency | Percent | Valid Percent | Cum Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| da | 1 | 37 | 74.00 | 74.00 | 74.00 |
| ne | 2 | 6 | 12.00 | 12.00 | 86.00 |
| drugo | 3 | 7 | 14.00 | 14.00 | 100.00 |
| | Total | 50 | 100.0 | 100.0 | |

На прашањето дали има радикални и терористички потенцијали и капацитети на вахабистите во Република Северна Македонија, 37 од испитаниците, односно 74%, сметаат дека постојат потенцијали и капацитети, додека 12% не се согласуваат со мислењето дека вахабистите во Република Северна Македонија поседуваат терористички и радикални капацитети; останатите испитаници, односно 14%, сметаа дека вахабистите во Република Северна Македонија имаат потенцијал и капацитет за радикално идеолошко влијание, но не и за терористичко делување.

**Табела бр.15***Дали вахабистички форми на религиозно изразување од Западен Балкан, односно од Косово, БиХ, Албанија, Србија и Црна Гора, се поврзани со вахабистичките форми на религиозно изразување во Република Северна Македонија?*

Postoi povrzanost pomegu vahabistickite formi na religiozno izrazuvanje od zapaden Balkan so onie vo RSM

| Value Label | Value | Frequency | Percent | Valid Percent | Cum Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| da | 1 | 43 | 86.00 | 87.76 | 87.76 |
| ne | 2 | 1 | 2.00 | 2.04 | 89.80 |
| drugo | 3 | 5 | 10.00 | 10.20 | 100.00 |
| | . | 1 | 2.00 | Missing | |
| Total | | 50 | 100.0 | 100.0 | |

Осумдесет и шест проценти од испитаниците (86%) сметаат дека постои поврзаност помеѓу вахабистички форми на религиозно изразување од Западен Балкан,односно од Косово, БИХ, Албанија, Србија и Црна Гора, со вахабистичките форми на религиозно изразување во Република Северна Македонија.

**Табела бр.16***Дали е присутен т.н. „фактор на религија“, или манипулирање со религија, кога е во прашање овој религиски правец?*

Vlijanie na faktor na religija koga e vo prasanje ovoj religiski pravec

| Value Label | Value | Frequency | Percent | Valid Percent | Cum Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| da | 1 | 45 | 90.00 | 90.00 | 90.00 |
| drugo | 3 | 5 | 10.00 | 10.00 | 100.00 |
| Total | | 50 | 100.0 | 100.0 | |

Согласно добиените одговори од испитаниците, може да се заклучи дека„факторот на религија“, или манипулирање со религија, е присутен кај вахабистите кога е во прашање овој религиски правец и со оваа констатација се согласуваат дури 90% од испитаниците, наспроти 10% кои не го делат ова мислење.

**Табела бр.17-** *Вахабиската заедница во Република Северна Македонија која се занимава со промоција на радикален ислам, во иднина може да претставува значаен фактор на дестабилизација и деструкција на безбедносниот систем и стабилност во Република Северна Македонија.*

Vahabiskata zaednica vo RSM e faktor za destabilizacija na bezbednosniot sistem

| Value Label | Value | Frequency | Percent | Valid Percent | Cum Percent |
|---|---|---|---|---|---|
| da | 1 | 41 | 82.00 | 82.00 | 82.00 |
| ne | 2 | 5 | 10.00 | 10.00 | 92.00 |
| drugo | 3 | 4 | 8.00 | 8.00 | 100.00 |
| Total | | 50 | 100.0 | 100.0 | |

Осумдесет и два проценти (82%) од испитаниците се согласуваат со тезата дека вахабистичката заедница во Република Северна Македонија која се занимава со промоција на радикален ислам, односно на оние вредности кои не се прифатени од страна на поголемиот дел од припадниците на муслиманскиот народ, во иднина може

да претставува значаен фактор на дестабилизација и деструкција на безбедносниот систем и стабилност во Република Северна Македонија, особено тоа зависи од фактот какви профили на лица се јавуваат, или би се јавиле како следбеници на радикалната селефистичка идеологија, 10% не се согласуваат со оваа теза, додека 8% сметаат дека вахабистчката заедница во одредена мера може да влијае врз дестабилизација на безбедносната состојба и за други општествено негативни последици, но не и за деструкција на безбедносниот систем во Република Северна Македонија.

На графиконите подолу во текстот е прикажан соодносот на одговорите помеѓу анкетираните кои ги истакнале причините за појава на радикален ислам и појавата на вехабистичката заедница во Република Северна Македонија, која се занимава со промоција на радикален ислам.

**Графикон бр 1**.*Соодност помеѓу причините за појава на радикален ислам и појавата на вехабистичката заедница во Република Северна Македонија која се занимава со промоција на радикален ислам*

GRAPH /BAR = COUNT BY promocija BY nova.




Испитаниците кои на анкетниот прашалник одговориле дека вахабистичката заедница во Република Северна Македонија, која се занимава со промоција на радикален ислам и која во иднина може да претставува значаен фактор на дестабилизација и деструкција на безбедносниот систем и стабилност во Република Северна Македонија, во најголем процент сметаат дека токму верскиот фанатизам е најголема причинакоја влијае врз промовирање на радикалниот ислам, во насока на

формирање на терористички групации, додека нешто помал дел од испитаниците сметаат декафинансиската нестабилност и неизвесност се најголемиот фактор кој најлесно успева да трансформира дел од муслиманската заедница, остатокот од испитаниците истакнале дека политичко-идеолошките идеи се причина за подгревање и промоција на радикален ислам, кој може да биде извор на дестабилизација и деструкција на безбедносниот систем и стабилност во Република Северна Македонија.

### 1.2 Инференцијална статистика

Со цел тестирањето на хипотезите кај две клавитативни промени го користиме Хи-квадрат тестот.  За целите на овој труд се тестираа следните нулта/алтенативна хипотези:

**X0:** Не постојат значајни разлики помеѓу идеолошките постулати на вахабизмот и неговото влијание врз девастирање на суштината на исламската религија.

**X1**: Постојат значајни разлики помеѓу идеолошки постулати на вахабизмот и неговото влијание врз девастирање на суштината на исламската религија.

**Табела бр. 18***Тестирање на хипотези*

Ideoloski postulate na vahabizmot se radikalni  * Vahabizmot ili bilo koja ideologija ja devastira sustinata na islamskata religija [count, row %, column %, total %].

| | *Vahabizmot ili bilo koja ideologija ja devastira sustinata na islamskata religija* | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Ideoloski postulate na vahabizmot se radikalni* | da | ne | drugo | Total |
| da | 34.00<br>85.00%<br>91.89%<br>69.39% | 5.00<br>12.50%<br>45.45%<br>10.20% | 1.00<br>2.50%<br>100.00%<br>2.04% | 40.00<br>100.00%<br>81.63%<br>81.63% |
| ne | 1.00<br>50.00%<br>2.70%<br>2.04% | 1.00<br>50.00%<br>9.09%<br>2.04% | .00<br>.00%<br>.00%<br>.00% | 2.00<br>100.00%<br>4.08%<br>4.08% |
| drugo | 2.00<br>28.57%<br>5.41%<br>4.08% | 5.00<br>71.43%<br>45.45%<br>10.20% | .00<br>.00%<br>.00%<br>.00% | 7.00<br>100.00%<br>14.29%<br>14.29% |
| Total | 37.00<br>75.51%<br>100.00%<br>75.51% | 11.00<br>22.45%<br>100.00%<br>22.45% | 1.00<br>2.04%<br>100.00%<br>2.04% | 49.00<br>100.00%<br>100.00%<br>100.00% |

Chi-square tests.

| *Statistic* | *Value* | *df* | *Asymp. Sig. (2-tailed)* |
|---|---|---|---|
| Pearson Chi-Square | 12.84 | 4 | .012 |
| Likelihood Ratio | 11.06 | 4 | .026 |
| Linear-by-Linear Association | 7.65 | 1 | .006 |
| N of Valid Cases | 49 | | |

Asymp. Sig. 2-tailed на Pearson Chi-Square кај тестираната хипотеза е пониска од 0,05 и изнесува 0,012, со што се отфрла нултата хипотезата и можеме да констатираме дека идеолошките постулати на вахабизмот се радикални и истите влијаат врз девастирање на суштината на исламската религија.

**X0:** Не постојат значајни разлики помеѓу идеологизацијата на исламот, во насока на развивање на тероризам и влијанието на вахабизмот врз нарушување на интра-муслиманските односи;

**X1**: Постојат значајни разлики помеѓу помеѓу идеологизацијата на исламот во насока на раазвивање на тероризам и влијанието на вахабизмот врз нарушување на интрамуслиманските односи;

**Табела бр. 19***Тестирање на хипотези*

Ideilogizacijata na islamot i na dr univerzalni religii vodat kon terorizam * Vahabizmot vlijae vo narusuvanje na intramuslimanskite odnosi [count, row %, column %, total %].

| | Vahabizmot vlijae vo narusuvanje na intramuslimanskite odnosi | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ideilogizacijata na islamot i na dr univerzalni religii vodat kon terorizam | da | ne | drugo | Total |
| da | 3.00<br>75.00%<br>6.98%<br>6.00% | .00<br>.00%<br>.00%<br>.00% | 1.00<br>25.00%<br>20.00%<br>2.00% | 4.00<br>100.00%<br>8.00%<br>8.00% |
| ne | 40.00<br>86.96%<br>93.02%<br>80.00% | 2.00<br>4.35%<br>100.00%<br>4.00% | 4.00<br>8.70%<br>80.00%<br>8.00% | 46.00<br>100.00%<br>92.00%<br>92.00% |
| Total | 43.00<br>86.00%<br>100.00%<br>86.00% | 2.00<br>4.00%<br>100.00%<br>4.00% | 5.00<br>10.00%<br>100.00%<br>10.00% | 50.00<br>100.00%<br>100.00%<br>100.00% |

Chi-square tests.

| Statistic | Value | df | Asymp. Sig. (2-tailed) |
|---|---|---|---|
| Pearson Chi-Square | 1.21 | 2 | .545 |
| Likelihood Ratio | 1.11 | 2 | .574 |
| Linear-by-Linear Association | .75 | 1 | .385 |
| N of Valid Cases | 50 | | |

Анализата на добиените резултати со помош на Хи-квадрат тестот укажаа на фактот дека вредноста Asymp. Sig. 2-tailed на Pearson Chi-Square е повисока од 0,05 и изнесува 0,545, со што се прифаќа нултата хипотезата и можеме да констатираме дека идеологизацијата на исламот нужно не мора да развие и да се манифестира како тероризам, но вахабизмот влијае врз нарушување на интра-муслиманските односи.

**Х0:** Не постојат значајни разлики помеѓу радикалните идеолошки постулати на вахабизмот и идеологизацијата на исламот, во насока на развивање на тероризам

**Х1**: Постојат значајни разлики помеѓу радикалните идеолошки постулати на вахабизмот и идеологизацијата на исламот, во насока на развивање на тероризам;

**Табела бр. 20***Тестирање на хипотези*

Ideoloski postulate na vahabizmot se radikalni * Ideilogizacijata na islamot i na dr univerzalni religii vodat kon terorizam [count, row %, column %, total %].

| | Ideilogizacijata na islamot i na dr univerzalni religii vodat kon terorizam | | |
|---|---|---|---|
| Ideoloski postulate na vahabizmot se radikalni | da | ne | Total |
| da | 2.00<br>5.00%<br>50.00%<br>4.08% | 38.00<br>95.00%<br>84.44%<br>77.55% | 40.00<br>100.00%<br>81.63%<br>81.63% |
| ne | .00<br>.00%<br>.00%<br>.00% | 2.00<br>100.00%<br>4.44%<br>4.08% | 2.00<br>100.00%<br>4.08%<br>4.08% |
| drugo | 2.00<br>28.57%<br>50.00%<br>4.08% | 5.00<br>71.43%<br>11.11%<br>10.20% | 7.00<br>100.00%<br>14.29%<br>14.29% |
| Total | 4.00<br>8.16%<br>100.00%<br>8.16% | 45.00<br>91.84%<br>100.00%<br>91.84% | 49.00<br>100.00%<br>100.00%<br>100.00% |

Chi-square tests.

| Statistic | Value | df | Asymp. Sig. (2-tailed) |
|---|---|---|---|
| Pearson Chi-Square | 4.60 | 2 | .100 |
| Likelihood Ratio | 3.45 | 2 | .178 |
| Linear-by-Linear Association | 3.83 | 1 | .050 |
| N of Valid Cases | 49 | | |

Тестирањето на хипотезата укажува дека вредноста Asymp. Sig. 2-tailed на Pearson Chi-Square е повисока од 0,05 и изнесува 0,1, со што се прифаќа нултата хипотезата и можеме да констатираме дека идеологизацијата на исламот нужно не

мора да развие и да се манифестира како тероризам, норадикалните идеолошки постулати на вахабизмот се во насока на развивање на тероризам.

**Х0:** Не постојат значајни разлики помеѓу ставовите на испитаниците дека во Република Северна Македонија има вахабизам и дека постои поврзаност помеѓу вахабистичките форми на религиозно изразување од Западен Балкан со оние во Република Северна Македонија

**Х1:** Постојат значајни разлики ставовите на испитаниците дека во Република Северна Македонија има вахабизам и дека постои поврзаност помеѓу вахабистичките форми на религиозно изразување од Западен Балкан со оние во Република Северна Македонија.

**Табела бр. 21***Тестирање на хипотези*

Summary.

| | Cases | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Valid | | Missing | | Total | |
| | N | Percent | N | Percent | N | Percent |
| Vo RSM ima vahabizam * Postoi povrzanost pomegu vahabistickite formi na religiozno izrazuvanje od zapaden Balkan so onie vo RSM | 49 | 98.0% | 1 | 2.0% | 50 | 100.0% |

Vo RSM ima vahabizam * Postoi povrzanost pomegu vahabistickite formi na religiozno izrazuvanje od zapaden Balkan so onie vo RSM [count, row %, column %, total %].

| | *Postoi povrzanost pomegu vahabistickite formi na religiozno izrazuvanje od zapaden Balkan so onie vo RSM* | | | |
|---|---|---|---|---|
| *Vo RSM ima vahabizam* | da | ne | drugo | Total |
| da | 39.00<br>97.50%<br>90.70%<br>79.59% | .00<br>.00%<br>.00%<br>.00% | 1.00<br>2.50%<br>20.00%<br>2.04% | 40.00<br>100.00%<br>81.63%<br>81.63% |
| ne | 1.00<br>33.33%<br>2.33%<br>2.04% | 1.00<br>33.33%<br>100.00%<br>2.04% | 1.00<br>33.33%<br>20.00%<br>2.04% | 3.00<br>100.00%<br>6.12%<br>6.12% |
| drugo | 3.00<br>50.00%<br>6.98%<br>6.12% | .00<br>.00%<br>.00%<br>.00% | 3.00<br>50.00%<br>60.00%<br>6.12% | 6.00<br>100.00%<br>12.24%<br>12.24% |
| Total | 43.00<br>87.76%<br>100.00%<br>87.76% | 1.00<br>2.04%<br>100.00%<br>2.04% | 5.00<br>10.20%<br>100.00%<br>10.20% | 49.00<br>100.00%<br>100.00%<br>100.00% |

Chi-square tests.

| *Statistic* | *Value* | *df* | *Asymp. Sig. (2-tailed)* |
|---|---|---|---|
| Pearson Chi-Square | 30.96 | 4 | .000 |
| Likelihood Ratio | 17.58 | 4 | .001 |
| Linear-by-Linear Association | 15.64 | 1 | .000 |
| N of Valid Cases | 49 | | |

Анализата на поставената хипотеза укажа на фактот дека вредноста Asymp. Sig. 2-tailed на Pearson Chi-Square е пониска од 0,05, со што се прифаќа нултата хипотезата и можеме да констатираме дека постои поврзаност помеѓу вахабистичките форми на религиозно изразување од Западен Балкан со оние во Република Северна Македонија.

### 1.3 Коефициентите на корелација

Податоците од спроведеното анкетно истражување за мислењето на испитаниците дали вахабиската заедница во Република Северна Македонија, која се занимава со промоција на радикален ислам, односно на оние вредности кои не се прифатени од страна на поголемиот дел припадници на муслимански граѓани во иднина може да претставува значаен фактор на дестабилизација и деструкција на безбедносниот систем и стабилност во Република Северна Македонија, се непараметриски поради отсуството на нормалната дистрибуција. Ваквиот заклучок

следуваше по тестирањето за утврдување на нормалноста на дистрибуција, со помош на хистограм и примена на Колмогоров-Смирнов тест на нормалност.

**Хистограм бр.1***Непараметриски податоци поради отсуството на нормалнадистрибуција*

GRAPH
GRAPH /HISTOGRAM (NORMAL) = promocija.




**Табела бр.22***Колмогоров-Смирнов тест на нормалност*

One-Sample Kolmogorov-Smirnov Test

| | | *Vahabiskata zaednica vo RSM e faktor za destabilizacija na bezbednosniot sistem* |
|---|---|---|
| *N* | | 50 |
| *Normal Parameters* | *Mean* | 1.26 |
| | *Std. Deviation* | .60 |
| *Most Extreme Differences* | *Absolute* | .49 |
| | *Positive* | .49 |
| | *Negative* | -.33 |
| *Kolmogorov-Smirnov Z* | | 3.45 |
| *Asymp. Sig. (2-tailed)* | | .000 |

Вредноста Asymp. Sig. (2-tailed) кај Колмогоров-Смирнов тест е пониска од 0,05, со што може да заклучиме дека кај податоците имаме отсуство на нормална дистрибуција. Со интерпретација на вредностите на коефициентите Spearman, кој се користи за непараметриски податоци, се опишува врската помеѓу ставовите на испитаниците кои сметаат дека вахабистичката заедница во Република Северна Македонија се занимава со промоција на радикален ислам, со цел тероризам и ставовите за причините за појава на радикален ислам.

**Табела бр. 23***Коефициент на корелација*

Symmetric measures.

| Category | Statistic | Value | Asymp. Std. Error | Approx. T | Approx. Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Ordinal by Ordinal | Spearman Correlation | .06 | .13 | .45 | |
| Interval by Interval | Pearson's R | .03 | .12 | .23 | |
| N of Valid Cases | | 50 | | | |

Коефициентот на корелација Spearman изнесува 0,06 и, согласно добиените резултати, можеме да заклучиме дека оваа врска е позитивна, но со многу слаба корелација, односно испитаниците имаа многу слични ставови во однос на тоа дека вахабистите во Република Северна Македонија, кои се занимаваат со промоција на радикален ислам,во иднина може да претставуват значаен фактор на дестабилизација и деструкција на безбедносниот систем и стабилност во Република Северна Македонија и ваквата состојба е поттикната пред сè од религискиот фанатизам, како и социо-економските или политичките услови.

## 2.Анализа на структуирано интервју

За потребите на истражувачкиот дел од докторската дисертација, во период од 01.05.2020 до 31.12.2020 година, спроведено е и структуирано интервју, во кое беа опфатени 6 професори од Исламскиот теолошки факултет од Скопје, Универзитетот Кирил и Методиј и Факултетот за безбедност, Скопје. Со цел да се одговори на истражувачкиот проблем и да се дополнат дефинираните цели на истражувањето, односно да се добие увид за состојбата во Република Северна Македонија, а со цел да се добијат одговори на одредени истражувачки прашања кои се однесуваат на вахабистичката идеологија, беше спроведено структуирано интервју.

На првото поставено прашање: *Дали вахабизмот е вистинска државна идеологија и кои и колкави се неговите потенцијали и капацитети во однос на сегашноста и посебно на иднината, односно одреденото парцијално и еволутивно осовременување на Саудиска Арабија***,** половина од професорите истакнале дека вахабизмот е државна идеологија, наспроти еден професор кој не се согласува дека вахабизмот е државна идеологија и еден смета дека вахабизмот е верско движење.

На прашањето: *Дали вахабизмот е вистинска државна идеологија*, испитаниците сметаат дека вахабизмотне е државна идеологија затоа што и самите политички структури во Саудиска Арабија се оградуваат од неговите влијанија, а токму со

слабеењето на неговиот центар доаѓа и до слабеење на неговата периферија, а одредени форми низ кои неговите остатоци се манифестираат во светот, повеќе се резултат на незадоволство и проблеми со кои се соочуваат луѓето во државите во кои живеат. Од друга страна, пак, се истакнува дека, согласно Уставот на Кралството Саудиска Арабија (1992), целокупниот живот и функционирање на општеството е регулирано од исламот, Куранот и Суната, меѓутоа, според толкувањето на вахабистите. „Начинот на кој функционира општествениот систем во Кралството се базира на меѓусебната поддршка на кралската лоза (Ибн Сауд) и религиозниот/вахабистичкиот естаблишмент.

Во однос на вториот дел од прашањето, односно: *Дали и колкави се потенцијалите и капацитетите во однос на сегашноста и посебно на иднината за одреденото парцијално и еволутивно осовременување на Саудиска Арабија*, испитаниците одговорија дека има мали капацитети за осовременување на Кралството, но дека се направени одредени напори за осовременувањето, особено во односоткон жените и нивниот статус, како, на пример, укинување на забраната за излегување од дома на жените без присуство на машки придружник, дозволи за управување со моторни возила и слично, од друга страна Кралството често се криткува за смрттната казна, камшикување, каменување и други начини на казнување.

Се истакнува дека сегашниот фактички владетел на Саудиска Арабија, формалниот претстоло наследник Мохамед Бин Салман, веќе започнал да најавува испроведува одредени мерки на либерализација на саудискиот општествен живот, но дел од испитаниците сметаат дека тие ни од далеку не се системски, суштествени и темелни затоа што тиепримарно се насочени кон економски реформи кои треба да ја намалат зависноста на економијата и државниот буџет од приходите од производството и трговијата со нафта и тие реформи не ги опфаќаат, на пример, општествените односи поставени на темелите на примарните општествени групи.

На второто поставено прашање: *Дали вахабизмот и која било друга идеологија која сереферира на исламскатарелигиска идеја ја девастира суштината на исламската религиска идеја инејзините темелни вредности, постулати и норми*, сите испитаници се согласија дека секоја идеологија, внатре во самата религија, која посакува да биде доминантнанад другите форми низ кои се манифестира религијата, не само во исламот, тукуи во другите религии, доведува до девастирање на реалноста на самата религијаи нејзината поставеност во современиот свет.

Испитаниците истакнуваат дека од различноста на идеи и концепти со кои располага секоја култура, која се повикува на религиски супстрат, доколку една сака да

доиминира над другите и притоа исклучувајќи ги другите, доведува до апсолутизам во самата религија. Во современатапрактикасе констатира дека во заднината на определениверски групи, во суштина се крие немилосрдното искористување на луѓето, посебно на нивните приврзаници, дека тие се превезот преку кој се одвиваат нелегални, недозволени и криминални дејствија, како што се криминал (убиства, самоубиства, недозволена трговија содрога и оружје за масовно уништување), домашен и меѓународен тероризам изалагања за рушење на определен вредносен, како и општествен и политички систем.

Верските групи во чија заднина се политички цели, по правило, сенепријателски ориентирани кон демократијата, нејзините вредности, принципи иорганизација. Нивниот концепт евраќање на изворите (на почетоците) на религиозното учење, креирање на фикцијата „божјо царство“, кое, повеќе или помалку, ја изразува самовласта.

Во нив се промовираат принципите на тоталитарна идеологија, со неодговорно, наметнато политичко водство и неконтролиран водач, идеологија на која сè и е подредено. Целта на ваквите верски групи не се сведува само на врбување граѓани, туку доаѓање на власт или контрола на носителите навласта, кое најчесто е мотивирано од интереси и остварување на профит.

Испитаниците истакнуваат дека вахабизмот, како ултраконзервативна фундаменталистичка идеологија, има главна цел враќање кон фундаментите на религијата, онака како што се практикувала за време на „салафиите“ (првите четири генерации наследбеници на Мухамед) и инсистира кон строго почитување на пропишаните норми во Куранот и Суната, без каква било флексибилност или прилагодување на современоста. Затоа и се вели дека ханбелискиот правец ворамки на исламот е најмалку либерален. Од друга страна, вахабизмот, каковерзија на исламот која се пропагира и се шири од „лулката на исламот“ и седиштето на двете најсвети муслимански места во светот, има огромен потенцијал за ширење на нивната верзија на исламот.

Поттпомогнати во голема мера од „петродоларите“, саудискиот естаблишмент (религиозен и државен) вложува огромни напори и финансиски средства за пропагирање и ширење на вахабистичката верзија на исламот. Се инвестираат средства, се градат џамии, се помагаат исламските верски заедници во различни деловиод светот, се преведува литература прилагодена на вахабистичката идеологија, сé со цел да се зголеми влијанието врз муслиманската заедница во светски рамки. За

разлика од другите универзални религии, каде религиозните чувства, ритуали и пракси останувaат во личната, приватната сфера, исламот имамногу поголем потенцијал за влијание врз верниците.

Светата книга на муслиманите честопати различно се интерпретира и толкува, што доведува до искривена перцепција дека „Исламот претставува воинствена религија, којаповикува кон насилство и тероризам". Описот на исламот како „религија намирот", заедно со сите нејзини темелни вредности, постулати и норми, сезлоупотребуваат од страна на различни поединци и групи, односно различно иселективно се толкуваат делови од Куранот, неретко извадени од контекстот. Дополнително, испитаниците сметаат дека главниот проблем настанува кога религијата доаѓаво спрега со политиката, па религиските чувства и сентименти се користат за да влијаатврз политичките афилијации на верниците. Понатака истакнуваат дека вахабизмот, како исламска религиска идеја, ја девастира суштината на исламската религиска идеја, но тоа е само идеологија на една група во исламот, односно не е репрезент на исламот.

Секоја идеолошка матрица на некој конкретен начин манипулира со некоја идеја, поточно кажано со парцијални содржини од вкупниот идеолошки комплекс. Исто така, како што се манипулира, на пример, со идеите налиберализмот, на марксизмот... Куранот, исто како и Библијата, во оваа смисла се третира како т.н. отворена книга, како книга која овозможува, преку извлекување од нејзината целинана одредени погодни содржини, да се направи, ако ништо повеќе, тогаш сигурно барем сериозен обид, обид кој ќе биде функционален на определено ниво на оптималност, за идеологизација/рационализација дури и на дијаметрално спротивни политички интереси, ставови и конкретни јавни политики.

*Дали идеологизациите на исламот, воедно и на другите универзални религии,нужно мора да се развијат и да се манифестираат како тероризам? Кој епотенцијалот и капацитетот на религиските идеи да можат да бидатидеологизирани, па дури и да бидат и искористени и злоупотребени какоидеолошки платформи и матрици на терористички организации и групи?*

Испитаниците по однос на ова прашање се поделени во три групи:

1. ДА – идеологизацијата на исламот и на другите универзални религии нужно мора да се развијат и да се манифестрираат како тероризам

2. НЕ – идеологизациите на исламот и на другите универзални религии нема да се развијат и манифестираат како тероризам
3. МОЖЕБИ – идеологизациите на исламот и на другите универзални религии можеби ќе се развијат и манифестираат како тероризам

Оние кои одговориле потврдно на ова прашање сметаат дека религиските идеи имаат огромен потенцијал за да служаткако идеолошки матрици и платформи за голем број организации и групи,кои своите постапки ги оправдуваат преку светите скрипти, односно дека има религии кои се темелат на убивање и оние кои се против убивање, но елаборираат дека постојат огромни разлики помеѓу религиите во однос на ставот и гледиштето кон користењето на насилство.

Разбирливо е тоа што трите универзални религии се мисионерскии главна цел им е придобивање на што поголем број верници, меѓутоа исламот се разликува во тој поглед. Исламот го оправдува користењето насилство, доколку се користи во име на верата/религијата.

И самото опкружување во кое се родил ипочнал да се шири исламот го поттикнувал користењето на насилство. Дополнително, многу верски исламски лидери, се повикуваат и на Суната, во обид да го оправдаат насилството, но и тероризмот. Целта е да се следи примерот на пророкот Мухамед, кој војувал во име на религијата, во име на Алах. Манипулирњето на религиските чувства е многу полесно во земјите каде муслиманите претставуваат мнозинство и каде исламот е официјална религија. Во такви земји муслиманите се раѓаат, живеат и умираат со ајетите на Куранот, па оправдувањето на каква било постапка во име на религијата е многу полесно. Дури и извршувањето на насилство, но и тероризам, не е забрането, туку на верниците кои ги извршуваат овие дела во име на верата им е загарантирано посебно место во џенетот (рајот). Да се загине во име на исламот, претставува највисока чест, постанување на муџахид.

Дел од испитаниците истакнуваат дека историјата познава искуства поврзани со верските војни водени од верски побуди, заради истребување на неверниците или припадниците на некоја друга вера, заради завладување со територии и добра или за ослободување на истоверните од туѓа власт. Во поновата историја војните и другите судири се водени од национални, идеолошки или „државни“ причини заради „зачувување на глобалната безбедност“. Се смета дека во судирите од поново време религиите имаат видлива и значајна улога. Најдобар индикатор за тоа се судирите на

државите или групите кои се разликуваат според етнички и верски обележја. Има и гледишта дека е можен судир на цивилизациите, т.е. конфликт од широк опсег, при што основата на тие судири ја темелат на верските основи, или се инспирирани од елементи на некоја од религиите.

Во светите книги на доминантните религии се содржат „ексклузивни“ начела на кои може да се гради мирот и се проткаени со грижа зачовекот. Но, овие извори, во определени околности, ја правдаат и војната. Војната се дефинира како „праведна“ или „светска војна“ (џихад).

Дел од испитаниците сметаат дека идеологизациите на исламот, воедно и на другите универзални религии, ќе се развијат и ќе се манифестираат како тероризам доколку:

– религијата се користи за остварување на политички цели;

– совреманата демократијана одреден начин насилно се сведува на принципите на либералната демократија (мека диктатура на либералната демократија);

– економските интереси на западните земји, а посебно на Америка.

Во денешните земји кај што доминира исламската религија, повеќе има терористички случаи – апосебно по џамиите – отколку вон тие земји. Ова особено се случува во оние земји каде што е најприсутна странската интервенција: Ирак и Авганистан. За судирот во овие теологии во голема мера влијае и надворешниот фактор.

*Има ли вахабизам во Република Северна Македонија? Ако го има, каде и како се манифестира, како сепропагира и се промовира. Која е неговата генеза, која е неговата историја?Кои се основните исламолошки и општествени ставови на вахаби групите во Република Северна Македонија? Вахабите се група, групи или се организација или организации? Кои сенивните разновидни ресурси? Тие се релативно автохтони во Република Северна Македонија, или сеимплантирани преку силни и настојчиви повеќестрани активности? Далиnивните идеолошки постулати се радикални, во смисла на неприфаќање наосновните општествени вредности на македонското општество? Кои сеначините и методите на нивното општествено делување и влијание?*

Половина од испитаниците сметаат дека вахабизмот како идеологија не е присутен во Република Северна Македонија, со објаснување дека македонските муслимани се ханифати, не се ханбелијци. Во таа насока не еможно, едноставно досега нема таков практичен случај, освен оној во/на Саудиска Арабија, вахабизмот како идеологија целосно да се воспостави и да профункционира на ниво на некоја

минимална оптималност во рамките и во одредено (нужно) содејство со некој друг мезхеб, освен ханбелискиот. Тоа не е случај, освен на ниво на одредени парцијалности и палијативности, ниту во другите држави од Заливот каде што е прифатен ханбелсикиот мезхеб. Во оваа смисла, на пример, секое укажување на потценетата и инфериорна улога на исламската религиска идеја, како основа на која треба да се конституираат општетсвените односи, не е по автоматизам вахабизам.

Вахабизмот е сосема конкретна идеолошка платформа/матрица. Македонските исламолози и имами не се школуваа (оние кои се школувани и се школуваат надвор од земјава), барем не мнозински во Саудиска Арабија, туку на исламски факултети во секуларните ханифски муслимански земји и општества (пред сè на Ел-Азхарво Каиро). Тие сигурно дека имаат на разни начини допир и со идеологијата на вахабизмот и со другите мезхеби.

Некои сознанија се особено интересни во анализата на Косовскиот центар за безбедносни студии, кој се занимава со анализата на радикализмот и насилниот екстремизам во Македонија. Истражувачите на овој Центар констатирале дека загатката со идентитетот меѓуетничките Албанци во Македонија се гледа во контекстот на образовниот систем, како и ориентацијата дел од кадрите својот образовен процес го продолжувале во блиско и средноисточните земји, како и во земјите од северна Африка. Во оваа анализа е објаснета разликата меѓу условите во секуларно училиште и медресата, при што се констатира дека тие се со недостаток на финансиски средства и лошо управување, кои се финансирани од ограничени владини финансии за училишните системи, за разлика од финансирањето на медресата и исламски курсеви кои главно биле финансирани од донатори. Фактот што владата распределувала ограничени средства за секуларни училишта, а не го сопрела приливот на пари за верски училишни системи – дел од кои и потхрануваат радикализација и екстремизам.

Вахабизмот почнува да се шири во регионот на Балканот, вклучително и во Република Северна Македонија, на крајот на минатиот и почетокот на новиот милениум. Со насилството и војните на територијата на поранешна Југославија, во име на заштита на браќата муслимани, доаѓаат голем број муџахедини. Најпрво во Босна и Херцеговина, а потоа и во Косово. Се појавуваат огромен број хуманитарни организации и невладини организации (НВО) кои, покрај помошта која ја пружаат на населението, имаат и скриена агенда: да се шири верзија на исламот која не е својствена и позната на населението кое живее на овие простори. Ваквите тешки

времиња се идеален период за влијание врз населението иманипулирање на нивните чувства.

Како што и претходно се работело и се покажало многу ефикасно, многу полесно е да се искористи постоечката инфраструктура (постоечките исламски верски заедници), наместо да се градат нови мрежи. Инфилтрирањето и преземањето на постоечката институционална инфраструктура е веќе докажан modus operandi на овие организации, особено на вахабистичките групи.

Целта на вахабистичката идеологија и припадниците на ова движење е владеење во државата на исламското право, односно „шариа". Секуларниот општествен систем, со сите институции, претставува вештачка творба, а муслиманите треба да инсистираат на општествено уредување врз основа на исламското право. На Балканот голем дел од вахабистичките групи се самоизолирани, како што е примерот во Босна и Херцеговина. Сметаат дека сѐ уште е рано за менување на системот и имплементирање на „шариа". Затоа живеат повлечено, во изолирани средини, каде што можат слободно да го пропагираат вахабистичкиот начин на живеење, без да има реакции од средината. За влијание врз муслиманите и прифаќање на оваа несвојствена идеологија, Кралството користи огромни финансиски средства. Дополнително, почнувајќи од 2014 година, кога бил прогласен калифатот од страна на Исламска Држава, огромен број муслимански верници се вклучиле во џихадот и учествувале во одбрана на религијата. Тоа значи дека манипулацијата со религиските чувства на верниците е многуполесно. Како дел од стратегијата на Исламска Држава, дел од муслиманите низ Европа, вклучително и на Балканот, биле задолжени за создавање капацитети за логистичка поддршка за евентуални наредни потреби.

Одговорите на прашањето: *Кои се исламолошките и идеолошките разлики со т. н. традиционален ислам во Република Северна Македонија*се прикажани во табелата бр.27.

**Табела бр.24***Исламолошките и идеолошките разлики со т. н. традиционален ислам*

| Традиционалниот ислам | Исламската фундаментална теологија |
|---|---|
| ја следи линијата на ханефискиот мезгеб во шеријатската практика, а матуридискиот во верувањето | наклонети кон ханбелизмот |
| се караткеризира со умерена, полиберална интерпретација на исламот | усвојување на радикалниот пристап кон такфирот, сите останати муслимани ги сметаат за неверници кои се достојни за смрт; |
| традиционалниот ислам во РСМ има прифатено некои вредности и норми, кои создале специфични карактеристики за начинот на кој се практикува религијата на овој простор | политиката влијае врз религиските чувства на верниците, кои честопати се изманипулирани и искористени за остварување на скриени агенди, за кои истите не се ни свесни |

| | |
|---|---|
| почитување на секуларноста, институциите, системот | се карактеризира со значително строг литерализам во однос на одредени специфични свети писма, догми и идеологии |
| не се инсистира на промена на системот и воведување на шариа, туку се инсистира на почитување на веќе функционирачкиот систем | одбивање на разновидност на мислењата и желба за враќење во некој претходен идеа,л од кој поддржувачите сметаат дека верниците заскитале |
| традиционалниот ислам во основа почитува меѓурелигиска и меѓуверска толерантност | основната разлика меѓу двата мезхеба е односот кон аналогијата/кијасот, како принцип на исламско-правното творење и заклучување |
| | специфицен начин на облекување |

*Има ли радикални и терористички потенцијали и капацитети на вахабите во Република Северна Македонија?* Помал дел од испитаниците, во однос на ова прашање, сметаат дека во Република Северна Македонија има радикални и терористички потенцијали и капацитети на вахабистите, кои се манифестираат и се пропагираат преку невладини организации и се промовира преку различни социјални мрежи. Најчестите забележани средства се поттпомагање на печатници, хуманитарни активности и верско образование – претежно поддржани со финансирање од Саудиска Арабија и Катар. Ваквите активности поддржале религионизација, посебно ширењето на поконзервативна исламистичка идеологија. Приливот на ваквите организации кулминирал во 1999 година, за време на косовската војна, кога стотици илјади бегалци од Косово побарале засолниште во Македонија. Во овој контекст, ширењето на конзервативен ислам во Македонија се камуфлирал под знамето на хуманитарната помош.

Косовскиот центар за безбедносни студии, кој констатира дека првите знаци на насилен екстремизам и радикализација во Република Северна Македонија датираат од раните 90-ти и се тесно поврзани со ненадејниот прилив на невладини организации финансирани од голфските земји и враќањето на млади имами од Блискиот Исток. Новата генерација на имами обучени во Блискиот Исток имаат дипломирано на не-ханафитски исламски школи. Овие организации и поединци своите заложби ги фокусирале на будење на скриен идентитет и повторно воспоставување на заборавените муслимански заедници на Балканот преку парична помош, а дел од овие заложби одат рака под рака со распространување на различни исламски традиции, несвојствени за регионот. На голем дел од овие поединци им влијаеле верските практики од Саудиска Арабија, Катар и Египет, имено пофундаменталистичко толкување на исламот, прекуштo се обиделе да ја сменат природата на верските практики во Македонија кои коегзистирале со секуларната држава.

Набргу по косовската војна се појавила борба за моќ меѓу македонската Исламска верска заедница (ИВЗ), нејзиниот пристап заснован на традиционален ислам и учењето на Ханафи школата, од една страна и, од друга страна, имамите кои ги поставиле своите темели со градење на џамии со сомнителни фондови и обезбедување помош за ранливи заедници во период на внатрешна нестабилност. Таканаречениот исламски елемент „враќање кон корените“ честопати формулиран како салафи – се развивал од 1999 до 2004 година, воспоставувајќи посилни врски соверските проповедници и ефективна контрола во некои клучни џамии. Иако таканаречените *салафи* во Македонија не се сметаат за екстремисти, целта на нивните ритуали е да ја променат верската практика со промовирање на антисекуларно чувство и предизвикување на националните и традиционалните вредности. Сепак, точно е дека повеќето поединци кои подлежат на екстремистичкии терористички групи во Европа биле изложени на некаков облик на салафизам. Најопасните сегменти се оние кои ја оправдуваат примената на сила како средство за остварување на целите. Активностите на овие групи довеле до фрагментација на Исламската заедница во Република Северна Македонија, веќе маргинализирана албанска заедница која барала политичко место и идентитет во рамките на границите на христијанско-православна држава со словенска доминација.

Две контроверзни лица се во центарот на потеклото на насилниот екстремизам во Македонија и во земјите во кои се зборува албански јазик во регионот: Реџеп Мемиши и Шукри Алиу, и двајцата категоризирани како носители на такфири идеологијата во регионот – идеологија која подразбира примена на сила како средство за остварување на целите. Мемиши, Алиу и нивната група успеале да ја рашират идеологијата во para-jaamats, со проширување на своето влијание и надвор од Република Северна Македонија, посебно во косовските области покрај границата со Република Сверна Македонија. Историјатот и образовната траекторија на двајцата укажува дека нивната идеологија е усвоена во Блискиот Исток, со цел да се рашири оваа посебна нишка на исламот во регионот. На пример, во текот на 90-тите, Алиу студирал во Сирија, продолжил во Медина, во Саудиска Арабија, од каде што бил наводно избркан поради неговото радикално такфир-гледиште. Потоа заминал за Египет, каде што се движел во такфири кругови, со што ја зајакнал поврзаноста со оваа радикална идеологија. По неговото враќање во Република Македонија, работел во Гази Баба, од каде што многу поединци стануваат странски борци. И развојот на Мемиши бил сличен. Работел во џамијата Јаја Паша во Скопје. Своите верски студии ги

започнал во Медина на почетокот на 2000-тите и, слично како и Алиу, бил избркан од универзитетот и ја напуштил Саудиска Арабија поради неговата радикална такфир-идеологија. Потоа заминал на студии во Египет и се приклучил во такфири-круговите во периодот меѓу 2004 и 2006 година, период во кој се судрил со други имами од Република Македонија и од територии на кои се зборува албански јазик (вклучувајќи ги и оние кои се нарекуваат салафи). Го оспорувал нивното „познавање на исламот“ затоа што не ја прифатиле такфири идеологијата. Голем дел од овие суптилни разлики може да се видат во дебатите меѓу Реџеп Мемиши и други конзервативни имами од Македонија. На пример, при една дискусија за учеството на муслиманите на избори, поддржувачите на Алиу и Мемиши ја критикувале секуларната држава, со тоа што оние кои учествувале во процесот на гласање ги нарекле ќафири. Од друга страна, таканаречените конзервативци веруваат дека муслиманите треба да се прилагодат на државата и да не бојкотираат доколку нивните права не се злоупотребени, и покрај нивната желба да живеат во чиста исламска држава. Овие ставови се индикатор за разликата меѓу традиционалните исламски верници и конзервативните салафи-верници во Република Северна Македонија.

Влијанието на овие лица се проширило и надвор од Република Северна Македонија. Го искористиле недостатокот од соработка меѓу Република Косово и Република Северна Македонија, за да го прошират своето влијание во Република Косово. И Мемиши и Алиудржеле предавање во Република Косово, најчесто во општините Качаник, Генерал Јанковиќ, Витина и Гњилане. Не е случајно тоа што најголем дел од странските борци од Косово се од овие општини, вклучително и најистакнатите членови на т.н. Исламска Држава од Република Косово: Лавдрим Мухаџери и Ридван Хаѓифи, и двајцата инспирирани од Мемиши, Алиу и други насилни екстремисти. Како резултат на нивните активности, Мемиши и Алиу биле ставени на „список на забрана“, со што им се забранил влез во Република Косово. Иако оваа мерка во оваа држава била донесена во 2011 година и за тоа било известено Министерството за внатрешни работи во нашата држава, македонските власти не проследиле слична мерка поради сложените односи меѓу двете држави.

Од друга страна одреден дел, околу половина, сметаат дека Република Северна Македонија нема никакви потенцијални капацитети за некаков тероризам и сметаат дека многу повеќе ќе се наиде на разбирање кај тие на кои им се припишува вахабизам, затоа што ним им е важна само моралната и религиската практика, наспроти оние кои националистички се оптоварени. Тие истакнуваат дека симпатизерите, следбениците и

приврзаниците на вахабистичката идеологија во Република Северна Македонија, во досегашниот период, немаат демонстрирано обиди за изведување терористички активности.

Во периодот после 2010 година очигледна беше заканата од страна на приврзаниците на вахабизмот, кои се обидуваа насекој начин да се инфилтрираат и да ја преземат контролата врз воспоставената верска инфраструктура во Република Северна Македонија. Успеаја да преземат контрола врз четири џамии во скопското муфтиство, а водството на Исламската верска заедница тогаш отворено побара помош од Министерството за внатрешни работи и од институциите на системот засправување со заканата. За разлика од Босна и Херцеговина, а делумно и Косово, каде беа регистрирани неколку акти и напади во име на вахабистите, во Република Северна Македонија досега не се регистрирани слични настани. Постоечката база и инфраструктура на приврзаници на вахабизмот во нашата држава, несомнено може да биде искористена за изведување терористички активности, меѓутоа досега Исламската верска заедница и целокупниот општествен систем успеваа да го оневозможи наведеното.

Испитаниците во своите одговори на прашањето елаборираат дека можеби во изминатиов период не беа регистрирани директни терористички активности, меѓутоа дел од исламските водачи во регионот и во Република Северна Македонија беа обвинети и казнети за директно учество во борбени дејствија на Блискиот Исток и поддршка на калифатот Исламска Држава, а дел беа обвинети за регрутирање верници за учество во наведените борбени дејствија.

Значи, во периодот после 2014 година, кога се случуваше масовно заминување на локално муслиманско население во Сирија и Ирак за поддршка на т.н. Исламска Држава, балканските земји го следеа трендот на измени во националните законодавства, каде дел од активностите на наведените лица беа опфатени во Кривичниот законик и нивните активности на регрутирање, или директно учество во борбените активности на Блискиот Исток беа класифицирани, некаде имплицитно, а некаде експлицитно, како тероризам или терористичкиактивности.

Дел од лицата кои учествуваа во активностите на Калифатот во Ирак и Сирија се вратија назад, голем дел беа осудени на затворски казни, меѓутоа проценка на најголем дел од безбедносните служби и агенции од регионот е дека нивната идеологија, во комбинација со искуството кое го имаат акумулирано со учеството во директните борбени дејствија, претставуваат реална закана за евентуална индоктринација во

иднина. Исто така, испитаниците истакнуваат дека постојат неколку категории на лица кои биле идентификувани во изминатиот период како најранливи на регрутација и индоктринација, најекспонирани меѓу нив се социјално ранливи категории и младите лица, поради фактот што општествата не се во можност да им пружат опции за егзистенција и работа.

*Дали има вахабистички форми на религиозно изразување на Западен Балкан, односно во Косово, Босна и Херцеговина, Албанија, Србија и Црна Гора и доколку има, кои се нивните специфичности?*

Речиси сите испитаници се согласуваат дека постојат вахабистички форми на изразување на Западен Балкан и дека Косово, Босна иХерцеговина и Република Северна Македонија беа меѓу првите земји, по број научесници, кои се придружија на Калифатот, сметано по глава на жител. Во периодот после 2014година, нивното делување и нивните активности се многуповеќе видливи. После поразувањето на т.н. Исламска Држава, најголем дел од симпатизерите и приврзаниците на вахабистичката идеологија одлучуваат да живеат посмирен живот во изолирани средини, без преголемо експонирање, каде можат да воспостават начин на живот како што пропишува ова неортодоксно движење и идеологија.

Според Израелската тајна служба, во 2001 година констатирала дека терористичката мрежа од позиции на радикален ислам има свои упоришта на територијата на Балканот, посебно во Босна, Македонија, Албанија, Бугарија, Косово и јужна Србија и дека тоа е дел од глобалната исламистичка мрежа, која опфаќала околу 6.000 терористи. За да се прошири мрежата биле организирани кампови кои делувале, особено на територијата на Босна и во Санџак. Некои манифестации на незадоволство од пишувањето на печатот за исламот и Алах, посебно во Кочани и Велес, можат да се индикатор за благонаклоноста или блискоста на определени верски структури за радикалниот ислам во Република Северна Македонија. Доброволците, посебно од Косово, како и од државава, кои заминале во ИСИЛ не отидоа во вахабистичка идеолошка и милитантна формација, иако ИСИЛ имаше разновидна поддршка од Саудиска Арабија, но таа поддршка не беше верска, туку беше, и сè уште е, политичка и најмногу геополитичка. Во Босна и Херцеговина ханбелискиот мезхеб и вахабизмот како идеологија имаат поголема рашireност и влијание, благодарение на индолентноста на т.н.меѓународна заедница во почетокот на војната во Босна и Херцеговина, кога државата, заради својот гол опстанок, беше принудена да побара и да прифати помоши од Саудиска Арабија и од Иран. Тогаш во Босна иХерцеговина

пенетрира и сè уште опстојува исаудиското и иранското влијание, ставено во триаголникот со турското влијание, особено по воспоставувањето на нео-османизмот и стратешката длабочина (по Ахмет Давутоглу), како примарна линија на надворешно-политичко идеологизирање и практично дејствување. Во овој момент изгледа дека некако преовладува турското влијание, а Турците се сунити-ханифати.

Првенствена одлика, според која визуелно би можеле да се препознаат вахабистите, се нивниот специфицен начин на облекување: широки наметки, панталони до глужд, специфична брада, забулени жени итн. Строго се почитуваат петте периоди за намаз, израз на покорност и обожавање на Алах. Оние што стриктно се придржуваат до вахабистичкиот начин на живеење се чини дека избираат нивните активности да ги сокријат од јавноста, особено од страна на безбедносните агенци кои изинативе години беа фокусирани кон нив.

*Дали е присутен т.н „фактор на религија“ или манипулирање на религија когае во прашање овој религиски правец?*

Исламот е религијата во која постои најголема можност за манипулирање на верниците, односно начинот на нивно живеење. Начинот на различна интерпретација и толкување на светата книга, особено на Суната (примерот на пророкот Мухамед), остава голем простор за манипулација. Наведеното е особено видливо и карактерично за вахабистичката идеологија, посебно кога станува збор за региони и земји каде исламот не е доминантна религија. Во такви случаи се инсистира на тоа дека културата, заедно со целокупните верувања, обичаи, традиции и сл.на локалното население претставуваат закана по исламот. Според вахабистите, целта е ослабнување на исламот, а од друга страна тие инсистираат на прочистување на исламот од какви било примеси и иновации, како, на пример, традиционалниот ислам кој се практикува на Балканскиот Полуостров и Република Северна Македонија. Денес во слободниот свет секоја идеја, па и религиската, може да се стави во функција на непосакувани практики, а најчесто злоупотребата на религијата е за различни цели (политички), генерално за некоја материјална, односно финансиска корист.

# ЗАКЛУЧОК

Предмет на ова истражување е обработка на идеологијата на вахабизмот, односно неговите идеолошки постулати и нивното влијание врз девастирање на суштината на исламската религија, а во насока на радикализација на истомисленици, со крајна цел – вршење на терористичките активности. Главна цел на ова истражување е да се добијат поширoки теоретски сознанија, како и искуствени, за начинот на делување на вахабиите како радикална групација за промовирање на радикален ислам, за реализација на нивните цели, кои се во насока на загрозување на виталните вредности на државата, сѐ со цел државата која е во опасност да може адекватно, пред сѐ превентивно, а потоа и репресивно, да одговори на тие закани, а и пошироката јавност да може подобро да се запознае со опасноста од ширењето на оваа идеологија. Проблемот на истражувањето се заснова на идеологијата на вахабизмот, односно дали нејзините постулати се радикални, со што би се довело во прашање безбедносниот систем на едно општество, генерално, или безбедносниот систем поединечно во секоја држава, во зависнот од екпанзијата на оваа идеологија и нејзината „вистинска страна“. Во оваа дисертација се отворени низа прашања кои беа предмет на подетално разгледување: Дали идеолошките постулати на вахабизмот се радикални и истите влијаат врз девастирање на суштината на исламската религија? Дали идеологизацијата на исламот нужно мора да развие и да се манифестира како тероризам? Дали вахабизмот влијае врз нарушување на интра-муслиманските односи? Дали радикалните идеолошки постулати на вахабизмот се во насока на развивање на тероризам? Дали постои поврзаност помеѓу вахабистичките форми на религиозно изразување од Западен Балкан со оние во Република Северна Македонија? Дали верскиот фанатизам е најголема причина која влијае врз промовирање на радикалниот ислам, во насока на формирање на терористички групации? Дали финансиската нестабилност и неизвесност се најголемиот фактор кој најлесно успева да трансформира дел од муслиманската заедница, како и политичко-идеолошките идеи се причина за подгревање и промоција на радикален ислам, кој може да биде извор на дестабилизација и деструкција на безбедносниот систем и стабилност во Република Северна Македонија? Дали вахабистите во Република Северна Македонија, кои се занимаваат со промоција на радикален ислам, во иднина може да претставува значаен фактор на дестабилизација и деструкција на безбедносниот систем и стабилност во

Република Северна Македонија? Дали ваквата состојба е поттикната пред сè од религискиот фанатизам, како и социо-економските или политичките услови?

Наведените прашања го сочинуваат централниот проблем на ова истражување, а за истите, преку пет глави на трудот, успеавме да најдеме соодветни одговори.

Теоретскиот дел се состои од **пет глави.**

Во првата област од истражувањето се разгледува исламот како мисионерска религија и неговото значење во животот на секој поединец/муслиман. Исламот беше разледуван поради тоа што од негова рамка произлегува вахабизмот и неговата идеологија, како главен проблем во нашето истражување. Исламот е религијата во која постои најголема можност за манипулирање на верниците, односно начинот на нивно живеење. Начинот на различна интерпретација и толкување на светата книга, особено на Суната (примерот на пророкот Мухамед), остава голем простор за манипулација. Наведеното е особено видливо и карактерично за вахабистичката идеологија, посебно кога станува збор за региони и земји каде исламот не е доминантна религија. Колку идеологијата на религијата или фанатичните групи во рамките на исламот, може да биде опасно кога станува збор за насилство, а особено тероризам, во ситуација кога некои од верските учители на исламот прибегнуваат кон тероризам или други форми на насилство, може да се види со радикалната порака за насилство која ја испраќаат многу водачи на милитантни исламистички организации кои сочинуваат приврзаници кои се водат од вахабистичката идеологија. Меѓутоа, покрај радикално толкување на исламската идеологија, постојат и други толкувања за исламот како светска религија, поразлично од толкувањето на екстремистите. Нивните ставови се засноваат на фактот дека едно од божјите имиња во Куранот е Салем, што значи *мир*. Сето ова доведува до судир во интра-муслиманските односи во едно општество, односно до судир помеѓу традиционалните верници и вахабистите. Бројни теоретичари се согласуваат дека вахабизмот е конзервативно и пуританско верско движење, кое може да се одреди како фундаменталистичко бидејќи се стреми за враќање на основно и изворно исламско учење, со нескриена нетрпеливост спрема шиитите, суфиите и дервишите.

Втората глава е посветена на вахабизмот и неговите корени, идеологијата и поврзаноста со Саудиска Арабија, карактеристиките на вахабизмот како и современиот вахабизам/неовахабизам и, на крај од оваа глава, е направено компаративно согледување со исламскиот фундаментализам, при што е направена компарација со одредени исламски фундаменталстички движења, сè со цел да се утврди поврзаноста на нивните идеологии и цели. На почетокот од оваа глава дадовме преглед на

зачетоците и афирматорите на ова движење, основачот и неговата улога во средината каде што проповедал радикална вахабистичка идеологија и неговите корени, односно детален преглед на неговото патешествие во пропагирањето на исламот и неговата улога во политичкиот живот, односно содејство со Кралството Сауд. Понатака дадовме краток приказ за идеологијата на вахабизмот, односно врз што сè се темели ваквото верување коешто е сведено на монотеизам, односно верување во единство на Бог, како и стриктно толкување на Куранот, без какви било примеси и новини, за што се залагаат грото исламски фундаменталисти. Верувањето во единственоста на Бог, практикувањето на шеријатот во една држава и стриктното толкување на Куранот, го прават муслиманот „вистински",оној што оди на „вистински пат", а сè друго е одлика на неверство. Пристапот на неверниците треба да биде казнето, според основачот на вахабизмот Мухамед Ибн Абд ал-Вахаб. Саудиска Арабија, како држава од каде што произлегува вахабизмот, зазема важна улога во брзата експанзија на ваквата идеологија, имајќи ја предвид нејзината огромна финансиска моќ, преку нејзините финаниски инвестирања во наука, изградба на џамии насекаде во светот, претежно каде што населението е муслиманско, сè во прилог на ваквата идеологија. Преку разни добротворни организации, оваа држава придонесува за ширењето на ваквата идеологија, за што постојат бројни истражувања кои претходно ги елабориравме. Нивната идеологија, односно проповедање на исламот, го сметаат за апсолутно вистинито, кое се коси со многу религии, обичаи и ритуали во исламскиот свет, со образложение дека тие се во спротивност со исламот.

За време на Арапската студена војна што избувнала во 1960-тите, саудиските владетели почнале да ги трансформираат вахабистичките учења во милитантна, пан-исламска идеологија. Саудиското Кралство се чувствувало загрозено од секуларистичкиот национализам олицетворен од Египет на Насер и од либерални, социјалистички и марксистички текови во арапските и исламските општества. Со поддршка на Соединетите Американски Држави, Велика Британија и другите западни нации, Саудиска Арабија влегла во војна против левичарските режими и развила глобализирана вахабистичка идеологија, како одговор на идеологиите на Студената војна на комунизмот и либералната демократија.

Резултатите од теоретското истражување покажуваат дека радикалниот вахабизам е присутен од почетокот на неговото постоење преку неговиот основач, па и после тоа, преку идеологизација на исламот, односно остварување на целта преку насилни методи за кои се присутни бројни примери кои го прикажуваат радикалниот

постулат на вахабистите, со што пред сè доведуваат до девастирање и на суштината на исламот, за кој останатите муслимани сметаат дека не прокламира насилство за наметнување на вера, односно остварување на свои политички цели. Согласно претходно елаботираното и теоретското истражување, се потврдува и посебната хипотеза дека *„Идеолошките постулати на вахабизмот влијаат врз девастирање на суштината на исламската религија.“*

Во Саудиска Арабија, во поново време, се појавија и фракции во вахабизмот како подрупи, познати како неовахабисти, поради незадоволството кон политиката којашто во последно време ја одбира Саудиска Арабија, односно дозволување на влез на западните сили кои се бореле против Ирак. Со тоа, според нив, Саудиска Арабија дозволила западното влијание да навлезе и во оваа држава, којашто со тоа придонесува кон кршење на основниот прицип на кој се темели вахабизмот, а тоа е отстранување на какво било влијание од Западот и сè што нуди истиот. Нивната радикална идеологија посебно се пројавува тогаш кога голем број вахабисти се приклучуваат на терористички организации кои делуваа против Западот, како што беше примерот со Ал-Каеда. На крајот од оваа глава, направени се комаративни согледувања на вахабизмот со исламските фундаменталистички движења, при што како примери се земени Муслиманското братство и Ал-Каеда, каде, после направената споредба со вахабизмот, можеме да констатираме дека сите имаат слична идеологија која се залага за почитување на исламските принципи и шеријатот, нетолеранција спрема Западот и немуслиманите кои се мешаат во нивниот политички систем.

Третата област на истражувањето е посветена на вахабизмот, како радикално исламистичко движење и неговата поврзаност со тероризмот, сè со цел да се увиди дали идеологијата на вахабизмот се стреми кон тероризам, односно дали сите вахабисти имаат иста цел. Во оваа глава беше објаснато дека не сите вахабисти се радикални во своите идеологии, односно се елаборираше фактот дека сите вахабисти имаат исти цели, меѓутоа средствата кои ги користат во нивното остварување на целта не се исти. Некои од нив се радикални, во смисла на коиристење на насилни средства и методи за достигнувања на крајната цел. Некои од нив се дел од терористички организации, со што можеме да ја увидиме и поврзаноста на оваа идеологија со тероризмот. Нео-вехабизмот како еден од своите методи користи и насилство, кое особено е изразено во неговата подгрупа џихадисти која смета дека остварувањето на целите единствено е возможно само со употреба на насилни методи. Значи, овде

станува збор за нова форма на неовахабизам која се појавила помеѓу 1970 и 1990 година.

Следна точка која ја разгледавме во овој дел беше „радикалниот вахабизам како екстремно-религиозна политичка идеологија“, во кој дел беше објаснато дека и вехабизмот и салафизмот не може да се гледаат само како радикални исламски феномени, како што го потврдуваат и во практиката на секојдневниот живот на многу држави, како што се: Саудиска Арабија, Кувајт, Бахреин, Катар и ОАЕ, каде што сунитскиот ислам е засенчен со вахабизмот и е прифатен како традиционална религија. Сепак,не може да се одрече дека екстремните и најполитизирани делови на вахабизмот и салафизмот инклинираат кон радикализам.

Едно од прашањата коешто беше разгледувано во овој дел е прашањето „дали вахабизмот претставува закана за традиционалниот ислам, како и закана спрема светскиот поредок воопшто? Имајќи го предвид фактот дека многу терористички организации се финансирани од страна на вахабистите, како што е примерот со терористичкиот напад врз Кулите близначки во Њујорк 2001 година, јасно е зошто постои страв од вахабистичката идеологија. И покрај тоа што ја поддржуваат идејата за строг монотеизам, вахабистите ги опишуваат како „неверни“ и „многубошци“ сите оние за кои веруваат дека отстапиле од монотеизмот. Тие ги сметаат за непријатели Евреите и христијаните. Имајќи го предвид фактот дека шеријатското право треба да биде основа од кое ќе се води државата, како принцип по кој се водат вахабистите со цел остварување на таа цел, тие се водат од помислата дека сите средства се дозволени во насока на остварување на тој принцип.

Имајќи го предвид тоа, тие, како што се и познати како финансиери на исламската заедница во целиот свет, опасноста од нивното делувањево светски рамки е далеку големо. Со ширењето на нивните идеи меѓу муслиманското население, кое дотогаш го прифатило традиционалното толкување на исламот, постои страв од индоктринација и екстремизација на традиционалните верници. Традиционалните верници не го прифаќаат вахабизмот, обидувајќи се да ги зачуваат вредностите и нормите коишто се специфика на традиционалниот ислам. За традиционалниот ислам и идеологијата на вахабизмот во Република Северна Македонија, поновите истражувања покажуваат дека постои нетолеранција од страна на традиционалните верници, кои сметаат дека „присилување во вера нема“, за разлика од вахабистите кои не бираат методи и средства за постигнување на нивните цели. Со тоа од теоретското истражување ја потврдуваме поединечната хипотеза дека „*Вахабизмот влијае врз*

*нарушувањето на интрамуслиманските односи*". Оваа хипотеза беше потврдена и со анкетното истражување и со спроведеното интервју.

Можеме да заклучиме дека во идеолошката сфера радикалните вехабисти се водат според теоретските предлози на Ал-Вахаб и неговите следбеници, крунисани со неговата верност и непријателство. На практично ниво тие практикуваат џихад, тесно разбран како војна против сите за триумф на нивните идеали. Овој вид џихад е вооружена борба против сите оние кои се мешаат во ширењето на учењето за вахабизам и неговата монополска доминација. Целта на таквиот џихад е борба против сите „непријатели на исламот" (неверните, отпадниците и лицемерите). Радикалните вахабисти гледаат на мирот како наметната воздржаност од џихад, како форма на вооружена борба. Верските радикали решително одбиваат да го признаат својот џихад како политички екстремизам и тероризам. На овој начин, бројните терористички акти на исламистите, кои тие ги толкуваат како „света војна", на повеќе места создадоа нова ситуација во светот што не може да се толерира. Тие ја злоупотребуваат религијата, со цел извршување терористички активности и остварување на нивни политички цели. И на крај на оваа глава дадовме краток преглед за вахабизмот и поврзаноста со тероризмот, при што епонуден елаборат за сите фактори кои го поврзуваат оној радикален вахабизам со тероризмот и причините за тоа, што е една од целите на овој истражувачки труд. Со ова се потврдува и едно од поставените истражувачки прашања дека радикалните идеолошки постулати на вахабизмот се во насока на развивање на тероризам. За поврзаноста на вахабистите со многу терористички активности во светот, постојат многу докази кои претходно ги наведовме. Од сево ова претходно елборирано, се потврди и поединечната хипотеза дека „*Радикалните идеолошки постулати на вахабизмот и идеологизацијата на исламот се во насока на развивање на тероризмот*".Во овој дел од трудот беше објаснат и начинот на радикализација на истомисленици од страна на радикалните вахабисти како и процесот на дерадикализација од страна на земјите со дадени примери како одредени земји се справуваат со овој проблем.

Наредната глава од теоретскиот дел на трудот е посветена на вахабизмот во земјите на Западен Балкан, со посебен осврт на Република Северна Македонија, при што за секоја земја поединечно елабориран е вахабизмот и неговото делување и влијание врз останатото население во земјата каде што истиот е присутен, како и поврзаноста на вахабистите меѓусебно, без оглед на нивната моментална локација и меѓусебната зависнот во однос на нивната методологија, цели и активности. Централно

место во ширење на вахабистичкото учење на Балканот има БиХ, поради што воените настани во 90-тите години на минатиот век доведоа оваа држава да постане собиралиште на исламисти од целиот свет, кои со себе го донесоа новиод вид на практикување на исламот, дотогаш непознат на тие простори. Според досегашните истражувања од страна на разни истражувачки центри, голем е бројот на приврзаници на вахабистите во просторот на Балканот, кои имаат заеднички метод на делување „modus operandi“, т.н. „босански модел“кој се применува насекаде. Во оваа глава детално се опишани вахабистичките движења во секоја држава поединечно, како што се Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија, Косово, Албанија, како и нашата држава. За секоја држава поединечно е опишан степенот на ризик, каде што илустративно се наведени и терористички активности во државите изведени од страна на вахабистите, со што е разгледана опасноста од делувањето на оваа појава. Со тоа е потврдена посебната хипотеза дека „*Постои поврзаност помеѓу вахабистичките форми на религиозно изразување од Западен Балкан со оние во Република Северна Македонија и дека во Република Северна Македонија има вахабизам*“, која хипотеза беше потврдена и со анкетното истражување и спроведеното интервју. И на крајот од оваа глава дадовме краток осврт на правната рамка на Република Северна Македонија за борба против тероризмот, бидејќи тероризмот во светски рамки зема сè поголем замав, посебно кога станува збор за тероризмот од верски побуди, поради што законодавниот систем во Република Северна Македонија треба во континуитет да го следи овој вид на тероризам и да го прилагодува казнениот систем во насока на справување со оваа безбедносна закана, сè со цел да се делува превентивно во свеста на сторителите на ова кривично дело. Континуираните промени во законската регулатива се резултат на прилагодување со меѓународните договори, поради наложената потреба за успешно справување со тероризмот, кој во последниов период добива сè поголем интензитет.

Во *истражувачкиот дел* од трудот, со цел да се добие слика за она што е од интерес за истражувањето, односно научно е истражена поврзаноста на вахабистичката идеологија и тероризмот, односно идеологизацијата на вахабизмот како радикално исламистичко движење, во насока на извршување на терористички активности. За да се даде одговор на проблемот на истражувањето и за да се добие целосна слика за сите аспекти на проблемот, во насока да се проверат поставените поединечни хипотези кои се составен дела на главната хипотеза,којашто го претставува насловот на оваа докторска дисертација, како и да се проверат претходно утврдени истражувачки

прашања кои дополнително ќе овозможат подетална слика за проблемот на ова истражување, беа направени анкетно истражување и структуирано интервју.

Анкетниот прашалник беше спроведен на завршени студенти од Факултетот за безбедност во Идризово – Скопје, како и на вработени во Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија и Секторот за борба против тероризам, насилен екстремизам и радикализам при Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија. Претходно доставивме барање за спроведување на овој анкетен прашалник, но поради проблемот со актуелниот вирус во светски рамки, можноста за поголем број испитаници беше сведена на минимум. Сепак, од наша страна изразуваме голема благодарност кон овие институции кои се најмеродавни во државава за одговор на нашите истражувачки прашања и кои ни излегоа во пресрет да биде спроведено, иако во помал број. Целта наша беше одговорот да го сублимираме на овие безбедносни структури и да добиеме одредена слика во однос на нашиот проблем на истражувањето. Исто така беше и со спроведеното структуирано интервју на одредени еминентни професори, кои научно ја проучуваат религијата и имаат потврдена експертиза во областа на исламот и вахабизмот во Република Северна Македонија. Професорите на кои им беше спроведено интервјуто доаѓаат од Исламскиот факултет, Факултетот за безбедност, како и Институтот за одбрана и мир при УКИМ, кои имаа слух и разбирање за нашето истражување, со што дел од нив ни излегоа во пресрет со нивното исцрпно излагање на претходно дефинираните прашања, чијшто одговор е од големо значење за да може научно да биде истражен проблемот.

Како *генерални заклучоци* кои се докажани со помош на анализата и се однесуваат на тестирањето на помошните хипотезите се следните:

Идеолошките постулати на вахабизмот се радикални и истите влијаат врз девастирање на суштината на исламската религија;

Идеологизацијата на исламот нужно не мора да развие и да се манифестира како тероризам, но вахабизмот влијае врз нарушување на интра-муслиманските односи;

Радикалните идеолошки постулати на вахабизмот се во насока на развивање на тероризам;

Постои поврзаност помеѓу вахабистичките форми на религиозно изразување од Западен Балкан со оние во Република Северна Македонија;

Верскиот фанатизам е најголема причина која влијае врз промовирање на радикалниот ислам, во насока на формирање на терористички групации, финансиската нестабилност и неизвесност се најголемиот фактор кој најлесно успева да

трансформира дел од муслиманската заедница, како и политичко-идеолошките идеи се причина за подгревање и промоција на радикален ислам, кој може да биде извор на дестабилизација и деструкција на безбедносниот систем и стабилност во Република Северна Македонија;

Вахабистите во Република Северна Македонија, кои се занимаваат со промоција на радикален ислам, во иднина може да претставуваат значаен фактор на дестабилизација и деструкција на безбедносниот систем и стабилност во Република Северна Македонија и ваквата состојба е поттикната пред сè од религискиот фанатизам, како и социо-економските или политичките услови. Афирмирањето на проблемот совахабистите во Република Северна Македонија кои се занимаваат со промоција на радикален ислам во иднина може да претставува значаен фактор на дестабилизација на безбедносниот систем и стабилност во Република Северна Македонија и ваквата состојба треба дополнително да се истражува, односно да се истражуваат причините/факторите кои помагаат да се шири оваа идеологија.

Согласно резултатите од спроведеното анкетно истражување и интервјуто, повторно се потврдени четирите поединечни хипотези. Какозаклучок што би значело и потврдување на главната хипотеза, која е содржана во насловот на оваа докторска дисертација, согласно претходно проучената достапна релевантна стручна и научна литература којашто се занимава со идеологијата на вахабизмот, исламот, тероризмот и сл., како и реализираното анкетно истражување и спроведеното структуирано интервју, е дека „радикалниите форми на вахабистичката идеологија може да се развијат во тероризам за остварување на претходно утврдени цели,“ односно потврдена е главната хипотеза дека ***„Идеологизацијата на религијата од страна на вахабизмот, како радикално исламистичко движење, е во насока на извршување терористички активности.“***

Согласно главната цел на ова истражување, добиени се пошироки теоретски сознанија, како и искуствени, за начинот на делување на вахабиите, како радикална групација за промовирање на радикален ислам за реализација на нивните цели, кои се во насока на загрозување на виталните вредности на државата, односно препознавање на опасноста од нивно делување, кое може да ја доведе во прашање безбедносната состојба на државата. Кога зборуваме за борба против тероризмот и радикалниот екстремизам, значајна грешка би направиле доколку сите вахабисти би ги категоризирале како терористи, бидејќи сите вахабисти не ги остваруваат своите цели преку насилни методи. Постојат одредени групи кои своите цели ги остваруваат на тој

радикален начин, како и терористички организации кои прокламираат вахабистичка идеологија.  Државата е таа која треба да ги препознае правите намери на делување на ваквите групи,сè со цел да може да пружи адекватен одговор преку безбедносните служби.

Во борбата против делувањето на радикалните вахабисти, треба,пред сè, да се обрне внимание и на начините на радикализација, како и дерадикализација. Кога станува збор за радикализацијата,пред сè треба да се проучат начините и методите на нивното делување за добивање на што поголем број истомисленици и начинот на ширење на оваа идеологија. Голем број верски организации и радикални имами обезбедуваат  услови за средби со истомисленици, со што им овозможуваат и пристап до радикална исламска литература, верски радикални предавања, а притоа целта е селектирање на потенцијални поединци кои ќе можат да бидат индоктринирани во радикалните исламски организации. Со други зборови, треба посебно да се проучуваат ваквите верски организации и радикални имами од страна на државата и безбедносните служби, како и финансиските текови на невладините организации од блискоиточните земји, бидејќи истите, директно или индиректно, се инволвирани во процесот на радикализација на идните радикални вахабисти.

Со оглед на фактот дека Република Северна Македонија не е надвор од наведените случувања, како и Балканот, следи заклучокот дека процесот на радикализација претставува еден од клучните фактори кои создаваат поволни услови за ширење на радикалниот вахабизам. Голем број земји имаат соодветни програми за начинот на дерадикализација на ваквите радикали, кои се однесуваатпред сè на лицата кои се вратени од странските боишта. Тука се отвора и прашањето на кој начин државата ќе постапува со овие лица/повратници, дали треба да соработува со истите и да ги вклучи во процесот на ресоцијализација. Во зависност, пред сè, од финансиските ресурси на државата, зависи и оваа програма за дерадикализација бидејќи, според искуствените анализи на државите, станува збор за голем финансиски зафат.

Ефикасноста во борбата против тероризмот и радикалниот вахабизам е во директна корелација со меѓународната соработка, размената на разузнавачки информации помеѓу државите, меѓурелигиски дијалог и постојано следење и надоградба на безбедносниот систем со дугите поразвиени земји, како и соработка со меѓународни институции и организации кои се занимаваат со оваа експертиза, следејќи ги нивните искуствени политики, бидејќи опасноста од ширењето на овие појави е секој ден сè поголема.

# ПОПИС НА СЛИКИ И ТАБЕЛИ

**<u>а) Слики</u>**


Слика бр.1 – Аџилакот до Кабата

Слика бр.2– Користењето на Шеријатот по земји

Слика бр.3 – Карта на исламските правни школи

Слика бр.4 –Местоположбата на градот Наџ

Слика бр.5 – Имами кои управувале со Саудиска Арабија

Слика бр.6– Јусуф Барчиќ

Слика бр.7– Карта на главните религии според пописот од 2011 година

Слика бр.8– Карта на која е претставена положбата на Санџак во Србија и Црна Гора


**<u>б)Шеми</u>**


Шема бр.1–Идикативно расудување на Мухамед Ибн Абд Ал-Вахаб

Шема бр.2–Приказ на вахабиска исламистичка мрежа на Западен Балкан, поврзана со тероризмот и верскиот екстремизам


**<u>в)Графикони</u>**


Графикон бр. 1 – Соодноc помеѓу причините за појава на радикален ислам и појавата на вехабистичката заедница во РСМ која се занимава со промоција на радикален ислам


**<u>г) Табели</u>**


Табела бр.1 – Вахабизмот како идеологија и политички систем

Табела бр. 2 – Преглед на Програма за дерадикализација на земјите од Блискиот Исток

Табела бр. 3 – Преглед на Програма за дерадикализација од европски пристап

Табела бр.4 – Хронолошки приказ на позначајни терористички активности на исламските екстремисти, поврзани со вахабистичкото движење на Западен Балкан.

Табела бр.5 – Население според припадноста кон етничката заедница, по пописи

Табела бр.6 – Резиме за предметите „Ќелија 1 и 2“ – ниво на надлежност (општинска, ниво на основен суд, апелација)

Табела бр.7– Специфични цели за борба против тероризмот

Табела бр.8–Дали вахабизмот и која било друга идеологија која се реферира на исламската религиска идеја, ја девастира суштината на исламската религиска идеја и нејзините темелни вредности, постулати и норми?

Табела бр.9– Дали идеологизациите на исламот, воедно и на другите универзални религии, нужно мора да се развијат и да се манифестираат како тероризам?

Табела бр.10–Има ли вахабизам во Република Северна Македонија?
Табела бр.11– Дали нивните идеолошки постулати се радикални во смисла на неприфаќање на основните општествени вредности на македонското општество?
Табела бр.12–Традиционалниот ислам којшто го практикуваат муслиманите во РСМ се разликува од толкувањето на исламот од страна на вахабистите во РСМ?
Табела бр.13–Дали вахабизмот влијае во нарушување на интра-муслиманските односи во РСМ?
Табела бр.14 –Има ли радикални и терористички потенцијали и капацитети на вехабистите во РСМ?
Табела бр.15– Дали вахабистички форми на религиозно изразување од Западен Балкан, односно од Косово, БИХ, Албанија, Србија и Црна Гора, се поврзани со вахабистичките форми на религиозно изразување во РСМ?
Табела бр.16 –Дали е присутен т.н. „фактор на религија”“, или манипулирање на религија кога е во прашање овој религиски правец?
Табела бр.17–Вахабиската заедница во РСМ која се занимава со промоција на радикален ислам, во иднина може да претставува значаен фактор на дестабилизација и деструкција на безбедносниот систем и стабилност во РСМ
Табела бр. 18– Тестирање на хипотези
Табела бр. 19– Тестирање на хипотези
Табела бр. 20–Тестирање на хипотези
Табела бр. 21– Тестирање на хипотези
Табела бр. 22– Колмогоров-Смирнов тест на нормалност
Табела бр. 23– Коефициент на корелација
Табела бр. 24– Исламолошките и идеолошките разлики со т.н. традиционален ислам

**БИБЛИОГРАФИЈА**


1. Abdal-Haqq I.(2006): *Understanding Islamic Law-From Classical to Contemporary*. AltaMira Press
2. Abuza, Z., *Funding Terrorism in Southeast Asia: The Financial Network of Al Qaeda*
3. Ackerman, G. Tamsett, J. (2009) *Jihadists and Weapons of Mass Destruction, Boca Raton*, London, New York: CRC Press
4. Akbar,M. J., The Shade of Swords: *Jihad and the Conflict between Islam & Christianity*, London: Routledge, 2002
5. Anderson, D.N.J.(1983):*The Kingdom od Saudi Arabia.Stacey International*
6. Algar, H. (2004) *Vehabizam*:kritički osvrt, Kulenović, L., Zagreb: Z. Hasanbegović,
7. Арнолд., В.Т.(2009) *Историја на исламот – текови на мисијата*,Ковачи, Ф, Скопје:Логос-А
8. Armanios, F., (2003). *The islamic traditions of wahhabism and salafiyya*. Congressional Information Service, Library of Congress.
9. Badey,T. J. (1998): *Defining International Terrorism: A pragmatic Approach, Terrorism and Polotical Violence*.
10. Baghat, G.(2004) *Saudi Arabia and the War on Terrorism, Arab Studies Quarterly* 26.
11. Биро Владе Републике српске за односе са међународним кривичним судом у Хагу (2002), Исламска фундаменталистичка глобална мрежа-Modus Operandi-Босански модел, Бања Лука:Документациони центар Републике Српске за истраживање ратних злочина и Биро Владе Републике српске за односе са међународним кривичним судом у Хагу.
12. Busse, H.(1998):*Islam, Judausm, and Christianity:Theological and Historical Affiliations*.Markus Wiener Publishers.
13. Васовић, Р. И. (2017) *Вехабизам као пријетња регионалној безбедности Балкана*, докторска дисертација, Универзитет у Београду, Факултет безбедности,
14. Вајт, Џ. (2004) *Тероризам*, Београд:Алехандриа пресс.
15. Виљамс, П. (2012) *Увод у студије безбедности*, Факултет безбедности, Београд.
16. Гаћиновић, Р. (1998) *Савремени тероризам*, Београд: Графомак.
17. Гаћиновић, Р. (2005) *Антитероризам*, Београд: ИК Дреслер.
18. Галијашевиќ, Џ. (2017) *Епитаф за Босну-Босна после Алије и Бин Ладена*, Београд: Филип Вишниќ
19. Galijasević, Dz. (2007) *Era terorizma u BiH*, Beograd:Filip Visnic,
20. Грижев,А.(2014) *Идеологија на вахабизмот и традиционалното практикување на исламот во Република Македонија*, докторска дисертација,Скопје.
21. Гелке, А. (2009) *Новата ера на тероризмот и меѓународниот политички систем*, Утковкса, Н., Скопје:Магор
22. Deliso, C. (2007): *The Coming Balkan Caliphate-The Threat od Radical Islam to Europe and the West*.London.
23. Deliso, C., (2007). *The coming Balkan caliphate: the threat of radical Islam to Europe and the West*. Greenwood Publishing Group.
24. Dillon, R.M (2009): *Wahhabism: Is it a Factor in the Spread od Global Terrorism?*, Naval Postgraduate School, Monterey, California.
25. Đorđevic.M. (1997): *Edukacija – uslov za uspesno predupredjicanje delovanja verske sekti*, Beogradski dijalog
26. Savić, E. (2013) *Islamističko-teroristički kampovi u BiH i balkanski teroristi*, masterski rad, Fakultet za pravne i poslovne studije dr Lazar Vrkatić, Novi Sad.

27. Esposito, J.L.(1998): *The Oxford Dictionary od Islam.York*: Oxford University press.
28. Esposito, J.L.(2002): *Unholy War:Terror in the name of Islam* .New York:Oxford University press.
29. Fandy,M. (2001): *Saudi Arabia and the politics of dissent*.Pelgrave Macmillan.
30. Friedmann, Y.(2003):*Tolerance and Coercion in Islam:Interfaith Relations in the Muslim Tradition*. Cambridge University Press.
31. Hajnes, J. (2003): *Religious fundamentalism and politics*, in L.Ridgeon(ed.), Major World Religions: From their Origins to the Present, London:RoutledgeCurzon
32. Horrie,C.,Chrippindale,P.(1991):*What is Islam?* A Comprehensive Introduction. Virgin Books.
33. Kazimoski,A.(2006): *Muslim minority in Macedonia*: A hostorical analysis, problems and prospects. A dissertation submitted in partial Fulfillment of the requirement for the degree of Doctor of Philosophy.Malaysia: International Islamic University: International Institute of Islamic Thought and Civilization.
34. Котовчевски, М. (2002)*Национална безбедност на Република Македонија* – трет дел, Скопје: Македонска цивилизација,
35. Котовчевски, М. (2003), *Современ тероризам*, Скопје: Македонска цивилизација
36. Crelinsten, R. D., (2000) *Terrorism and Counter-Terrorism in a Multi-Centric World: Challenges and Opportunities*, in M. Taylor and J. Horgan (eds) The Future of Terrorism, London: Frank Cass.
37. Marty, M.E., Appleby, R.S.(Eds) (1991): *Fundamentalism observed*. Chicago:University of Chicago Press.
38. Мењ, А. (2010) *Историја на религиите*, Грозданоски, Р.,Скопје:Винсет Графика,
39. Милошевиќ, Е. (2001) Систем државне безбедности, Полицијска академија, Београд.
40. Moussalli, A. (2009): *Wahhabism, Salafism and Islamism:Who is the Enemy?*, A Conflict Forum Monograpf.
41. Panovski,A. (2011): *The Spread of Islamic Extremism in The Republic of Macedonia*. Kansas:Fort Leavenwort.
42. Radojević,M. (2010): *Religija i merorizam*, originalan naucni rad, Univerzitet u Beogradu.
43. Rapoport, D. (2006): *Fear and Trembling: Terrorism in Three Religious traditions*
44. Rossos, A.(2008): *Macedonia and the Macedonians*. Stanford, CA:Hoover Institution Press.
45. Стајић, Љ.(2016)*Основи безбедности*, Београд: Полицијска академија.
46. Стефановић, Р.В.(2019) *Утицај теророзма на безбедност у региону Западног Балкана*, доторкса дисертација, Универзитет у Београду, Факултет политичких наука
47. Трифуновић.Д. (2002) *Глобална мрежа исламских фундаменталиста – модел Босна*, Бања Лука:Док.центар Владе Републике Српске.
48. Трифуновић.Д.,Стојаковић.Г.,Врачар.М. (2011) *Тероризам и вехабизам*, ИК „Филип Вишњић“, Београд
49. Гијом,А. (2001) *Ислам*, превод од англиски,Серафимов, С. Скопје: Култура,
50. Грижев, А.(2014) *Идеологија на вахабизмот и традиционалното практикување на исламот во Република Македонија*,докторска дисертација, Институт за социолошки и правно-политички истражувања, Скопје,,
51. Димовски, З.(2005): *Илегална трговија со оружје и тероризмот во РМ*, монографија, Скопје.

52. Димовски, З. (2007)*Тероризам,* Графотранс,Скопје.
53. Елидије, М.(1991):*Историја веровања и религиских идеја.*Београд:Просвета
54. Елијаде. М., Кулиано. П. Ј. (1996) *Водич кроз светске религије*, Цвијић, А., Народна књига, Алфа,
55. *Енциклопедија живих религија* (2000).Београд:Нолит
56. Јевтић, М. (2001) *Савремени џихад као рат*, треће издание, Београд : ИКП „Никола Пашић“, Београд
57. Киселиновски, С.(2000): *Етничките промени во Република Македонија, 1913 – 1995 година*, Скопје.
58. Котовчески, М (2003): *Современ тероризам*, Скопје: Македонска цивилизација
59. Котовчески, М., *Разузнавањето златен клуч во борбата против тероризмот-разузнавањето браник во одбрана од тероризмот,* Кратка содрина
60. Christopher, H.P. (2015)The Political Impact of the Rising Salafi Wahhabi Influence in Bosnia Herzegovina, FacultyoftheVirginia, PolytechnicInstituteand StateUniversityinpartialfulfillmentoftherequirementsforthedegreeof MasterofArts In PoliticalScienc,
61. Курт, К.О. (2009): *Напад на тероризмот, елементи на грандиозна политика,* НАМПРЕС.
62. Лазарески, Д. А. (2015)*Исламски фундаменталистички верски групи и движења и нивно инволволвирање во организација и извршување на терористички акти,*магистерски труд, Факултет за безбедност, Скопје
63. Лиманоски, Н.(1993): *Исламизација и етничките промени во Македонија.*Скопје:Македонска книга.
64. Мандзаридис,И.Г.(2004): *Социологија хришћанства.* Београд: Хришћански културни центар.
65. Мијалковић, С., Бајагић, М., (2012) *Организовани криминал и тероризам,* КПА, Земун.
66. Павиќевић, В. (1980) *Социологија религије са елементима филозофије религије,* Београд: БИГЗ
67. Петровић, Д. (2014) *Покушај одређења универзално прихватљиве дефиниције тероризма*, Безбедност, 51(1): 23-39.
68. Wilkinson, P. (2006)*Terrorism versus democracy: The liberal state response*, Second Edition,
69. Потежица, О. (2007) *Вехабије измеѓу истине и предрасуда*, ИП „Филип Вишњиć“, Београд,
70. Сасајовски, С. (1998): *Ревитализација на општествената функција на религијата, верско-политичко соочување со религискиот феномен*; докторска дисертација.Скопје: ИСППИ
71. Симеуновић Драган, (2010) *Проблеми појмовног одређења HOMEGROWN (Домаћег) тероризма и његове идентификације на Балкану*, Правни факултет Универзитета у Београду, Београд
72. Симеуновић, Д.(2009) *Тероризам*, Правни факултет у Београду, Кримен, Београд, 2009.
73. Simeunović, D., Dolnik, A., (2013) *Security Threats of Violent Islamist Extremism and Terrorism for South East Europe and Beyond. In Shaping South East Europe's Security Community for the Twenty-First Century* (pp. 87–113). Palgrave Macmillan UK.
74. Суботиќ, М. (2015) *Екстремизам под окриљем религије*, Исламистички екстремизам на примерима БИХ и Србије, Министарство одбране, Сектор за политику одбране, Институт за стратегијска истраживања, МЕДИЈА

ЦЕНТАР„ОДБРАНА“ Београд,39.Трифуновиќ, Д. (2007): Нови облици тероризма у Босни и Херцеговини-докторска дисертација, Београд,

75. Танасковић, Д,. (2008) *Ислам, догма и живот*, СКЗ, Београд.
76. Трифуновић, Д. (2007) *Нови облици тероризма у Босни и Херцеговини, Докторска дисертација*, Универзитету у Београду,Факултет безбедности
77. Филијовић, М.(2014) *Исламски фундаментализам и заштита државе (упоредна студија случаја Северни Кавказ и Западни Балкан)*, Универзитет у Београду, Факултет безбедности, стр. 13 – 14
78. Фолк, Р. (2003) *Велики терористички рат*, Филип Вишњић, Београд.
79. Hamid, A. (2004) *Vehabizam : kritički osvrt*, Kulenović, L., Zagreb:Z.Hasanbegović,
80. Хаџимовић, Е., (2009). *Гариби – муџахедини у БиХ 1992 – 1999*., ДОО Дан Граф, Библиотека Новинари истраживачи.
81. Heriot, P. (2009) *Religious Fundamentalism Global, Lokal and Personal, Routledge*, New York, NY
82. Хофман, Б. (2000)*Унутрашњи тероризам*, Народна књига Алфа, Београд.
83. Cuculovski, Lj.(2010): *Religious Diversity-Factor of Disintegration or Factor of Integratiotn. In Crossroads,* The Macedonian Foreign policy journal. Religion and culture. Substantial Relation Among Nations:Cooperation, Dialogue and Understanding. Vol.II, No.2 Skopje:Macedonian Information Centre (MIC).
84. Цуцуловски, Љ. (2007)Ч *Религиозен фундаментализам, интегрализам и експанзионизам*. Скопје : Форум, 2.11.2007, стр.20 – 21
85. Живаљевић, Д., Југовић, А., (2014) *Тероризам као безбедносни проблем и друштвена девијација,* Наука, безбедност, полиција, 19(1): 85 – 96.
86. Џило, Х. (2010) *Филозофија на суфизмот*, Скопје:Логос-А,
87. Џило,Хасан.*Кур'ан* – со превод.Медина:Комплекс „Мелик Фахд“
88. Shadid, W. A., Van Koningsveld, P. S., (2002) *Intercultural relations and religious authorities: Muslims in the European Union* (Vol. 2). Peeters Publishers

**Извори од интернет:**

1. Baroni., S.,(2006)*Saudi Arabi And Expansionist Wahhabism*, University od Central Florida,STARS, Master sthesis, стр.102, достапно на:file:///C:/Users/user/Desktop/Saudi%20Arabia%20And%20Expansionist%20Wahhabism.pdf, [пристапено на 20.04.2020 ]
2. Беговић. М., *Настанак и развитак шеријатског права*, Српска академија наука и уметности, Београд, стр.83,достапно на:https://books.google.mk/books?id=-B9pAAAAMAAJ&pg=PA103&lpg=PA103&dq=sherijatsko+pravo&source=bl&ots=UcVFeb-Vx2&sig=ACfU3U3qwKm3WWWy22pvfDFoCpm2EqRd2Q&hl=mk&sa=X&ved=2ahUKEwiI8JyPuanpAhWGFcAKHfBRDRQQ6AEwB3oECAoQAQ#v=onepage&q=sherijatsko%20pravo&f=false,[пристапено на 11.05.2020].
3. Бојанић, Д. (2010) *Вахабизам – радикални исламистички покрет*, Министерство одбране Републике Србије, Војна академија,УДК:28-786:32322, достапно на: http://www.odbrana.mod.gov.rs/odbrana-stari/vojni_casopisi/arhiva/VD_2010-prolece/20.%20Vahabizam%20radikalni%20islamisticki%20pokret%20-%20Dragan%20Bojanic.pdf [пристапено на 12.10.2020]
4. Брујић, Ђ. (2008) *За „Орлов лет“ 51 годину затвора*, Политика, http://www.politika.rs/scc/clanak/51016/%D0%97%D0%B0-%D0%9E%D1%80%D0%BB%D0%BE%D0%B2-%D0%BB%D0%B5%D1%82-51, [пристапено 05.08.2020]

5. Васовић., И., Динић., Ј. (2017) *Продор и циљеви вехабизма у региону Западног Балкана*, научни рад, Факултет безбедности, Универзитета у Београду, УДК:327.39:28(497), достапно на:file:///C:/Users/user/Desktop/0409-29531701150V%20(1).pdf, [пристапено на 21.06.2020 ].
6. Влада на Република Македонија, Национален Комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам (2018) Национална стратегија на Република Македонија за борба против тероризмот (2018-2022), Скопје,достапно на:https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/bpt_nacionalna_strategija_2018.pdf, [пристапено на 15.08.2020].
7. Vučičević, I. (2013) *Wahhabi movment-with cases of Bosnia and Serbia*, University od Macedonia, Department of Balkan, Slavic and Oriental studies, Master degree in Politics and Economic od Conterprorary Eastern and South-Eastern Europe, Thessaloniki, стр. 13, достапно:file:///C:/Users/user/Desktop/VucicevicIvanMsc2013.pdf, [пристапено на 03.09.2020].
8. *Декларација на верските лидери против тероризмот*, 28.12.2015 година, Religija.mk, достапно на: https://religija.mk/Deklaratsija-na-verskite-lideri-proti/, пристапено на [15.08.2020]
9. Додовска, И., (2010) *Кризите на модерниот свет: регионални и глобални предизвици за либералната демократија наспроти религиозниот фундаментализам*. Скопје: Фондација „Конрад Аденауер", претставништво во Република Македонија, Здружение на граѓани, Институт за цивилен развој и политолошки анализи РЕСПУБЛИКА – Скопје, достапно на:http://www.kas.de/wf/doc/kas_40236-1522-2- 30.pdf?150126150925 pp. 14
10. Dobaev,I.: *Radical wahhabism as an extremist religious-political ideology*, CA&C, Press AB, Publishing House (Sweden), достапно:https://www.ca-c.org/journal/2002/journal_eng/cac-04/17.doben.shtml, [пристапено на 03.12.2020]
11. Dillon, M. (2009) *Wahhabism is it a factor in the spread of global terrorism?*, Calhoun, Institutional Archive of theNaval Postgraduate School, Monterey, California, стр 42,достапнона:https://www.nps.edu/documents/105988371/107571254/DillonWahhabismThesis.pdf/23fc46fb-17a6-41da-83b8-8e312191b5bb, [пристапено на 20.11.2020]
12. Истражувачки центар Пју,(2015)Бројот на муслиманите во светот до 2070 година ќе го надмине бројот на христијаните, МКД, достапно на https://www.mkd.mk/svet/analizi/brojot-na-muslimanite-vo-svetot-do-2070-godina-kje-go-nadmine-brojot-na-hristijanite, [пристапено на 10.05.2020].
13. https://en.wikipedia.org/wiki/Islam_by_country[пристапено на 17.05.2020 ]
14. https://upload.wikimedia.org/wikipedia/commons/9/9b/Madhhab_Map2a.png, [пристапено февруари, 2020]
15. Institute for Democracy and mediation (2015) *Religious radicalism and violent extremisam in Albanija*, IDM, Tirana, стр.34, достапно на: http://idmalbania.org/wp-content/uploads/2015/07/Religious-Radicalism-Albania-web-final.pdf, [пристапено на 08.08.2020].
16. Извор:http://bhstring.net/tuzlauslikama/tuzlarije/viewnewnewsb.php?id=15495, [пристапено 17.02.2021]
17. Извор: https://repository.library.northeastern.edu/downloads/neu:m041r199t, [ пристапено на 02.02.2021] (прилагодено за потребите на трудот)

18. Извор:https://www.linkedin.com/pulse/wahhabism-saudi-arabia-frayed-symbiosis-adil-rasheed-phd, [пристапено на 02.02.2020]
19. Karajkov, R. (2006) *The Young and the Old: Radical Islam Takes Root in the Balkans*, Worldpress.org, достапно на: http://www.worldpress.org/Europe/2335.cfm [пристапено на 09.08.2020]
20. Котевска, М.(2015) *Разгледување на шеријатското (исламско) право и негови специфичности*, стр.2, достапно на https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2015/12/Islam-statija.pdf, [пристапено на 10.05.2020 ].
21. Kostic, I. (2011) *Ko su muslimanska brać a*, Pescanik, достапно на:https://pescanik.net/ko-su-muslimanska-braca/[пристапено на 25.04.2020].
22. Christopher, H.P. (2015)*The Political Impact of the Rising Salafi Wahhabi Influence in Bosnia Herzegovina*, FacultyoftheVirginia, PolytechnicInstituteand StateUniversityinpartialfulfillmentoftherequirementsforthedegreeof MasterofArts In PoliticalScienc, стр.12, достапно на:https://vtechworks.lib.vt.edu/bitstream/handle/10919/52346/Panos_NC_T_2015.pdf?sequence=1&lipi=urn%3Ali%3Apage%3Ad_flagship3_pulse_read%3BjwbrxTelSMqg1FuTzGtS5w%3D%3D, [пристапено на 29.06.2020].
23. Македонски центар за меѓународна соработка,Исламот и политиката на Западен Балкан, стр.39, Види повеќе: file:///C:/Users/user/Downloads/islamot-i-politikata-na-zapaden-balkan.pdf, [пристапено на 09.08.2020]
24. Маџевска, С. (2018) *Врбување на граѓани за служба во странска војска, како еден од изворите за терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста на Република Македонија*, магистерски труд,Универзитет „Св.Климент Охридски“ – Битола,Правен факултет – Кичево, дисперзирани студии:Битола, стр.73, достапно на: file:///C:/Users/user/Desktop/SimonaMezeska_bt_mart18.pdf, [пристапено на 04.07.2020]
25. Мијалковиќ, С., Милошевска, Т., *Кризата на традиционалниот концепт на внатрешната безбедност на државата*, достапно на: http://periodica.fzf.ukim.edu.mk/sd/SD%2002.1%20(2011)/SD%2002.1.08%20Mijalkovic,%20S.%20&%20Milosevska,%20T.%20%20-%20Krizata%20na%20tradicionalniot%20koncept.pdf, [пристапено на 15.08.2020]
26. Morrison. K.(2008)*Wahhabismin the Balkans, Defence Academy of the United Kingdom*, Advanced Research and Assessment Group, Balkans Series, 08/06, стр.12, достапно: file:///C:/Users/user/Desktop/2008_March_Wahabism.pdf, [пристапено на 09.08.2020]
27. Mozzafari, M. (2007) *What is islamism? History and Definition od a Concept, Totalitarian Movements and Political Religious*, Vol. 8, No, 1, 17–33, стр. 5, достапно:https://pure.au.dk/portal/files/22326292/What_is_Islamism_Totalitarian_Movements_article.pdf, [пристапено на 21.10.2020].
28. М.В. (2016) *Справување со насилен екстремизам: ажурирани закони, но без посебна стратегија за справување со глобалниот феномен*, Академик,достапно на: https://akademik.mk/spravuvanje-so-nasilniot-ekstremizam-azhurirani-zakoni-no-bez-posebna-strategija-za-spravuvane-so-globalniot-fenomen/, [пристапено на 15.08.2020]
29. N.N.(2015)*Terorizam u BiH:* Hronologija najgorih napada, Nezavisne novine, достапно на:https://www.nezavisne.com/novosti/bih/Hronologija-najgorih-napadi-u-BiH/337523, [пристапено на 20.07.2020].
30. Payne, E. and Abdelaziz, S. ( 2015). *Muslim Nations form Coalition to Fight Terror*, Call Islamic Extremism ‘Disease’, CNN. Достапно

на:http://edition.cnn.com/2015/12/14/middleeast/islamic-coalition-isis-saudi-arabia/index.html, [пристапено на 15.04.2020].
31. Пејановић, Љ., Савић, Е., Јовановић, Ј. (2013) *Вехабизам на Балканском простору*, научни рад, Факултет за правне и пословне студије, „Д-р.Лазар Вркатиќ“, Нови Сад, стр.69, достапно на:file:///C:/Users/user/Desktop/Civitas05_article06.pdf, [пристапено на 03.05.2020].
32. Radojević,K. (2010) *Religija i merorizam, originalan naučni rad,* Univerzitet u Beogradu,Religija
33. Rasheed, A.(2018)*Wahhabism and Saudi Arabia: A FRAYED SYMBIOSIS*,LinkedIn, Достапно на : https://www.linkedin.com/pulse/wahhabism-saudi-arabia-frayed-symbiosis-adil-rasheed-phd, , [пристапено на 04.03.2020]
34. *SAUDI ARABIA AND WAHHABISM*, CJPME, Factsheet series No, 201, Created: June 2011, Canadians for Justice and Peace in the Middle East,достапно на: https://d3n8a8pro7vhmx.cloudfront.net/cjpme/pages/2255/attachments/original/1472227881/201-En-Saudi_Arabia_and_Wahhabism_v5.pdf, [Пристапено на 12.10.2020]-
35. *Saudi Arabia's post-oil future* ( 2016), The Economist. Достапно на: https://www.economist.com/middle-east-and-africa/2016/04/30/saudi-arabias-post-oil-future, [пристапено на 11.04.2020].
36. Сали, Ф. (2017) *Меѓународен тероризам*, стр. 12, достапно на:https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2017/06/Megjunaroden-terorizm.pdf, [пристапено на 15.08.2020]
37. Sells, M. (2016) *Wahhabist Ideology: What It Is And Why It's A Problem*,HUFFPOST,достапно на:https://www.huffpost.com/entry/wahhabist-ideology-what-it-is-and-why-its-a-problem_b_585991fce4b014e7c72ed86e,[пристапено на 05.03.2020].
38. Stanley, T. (2005) *Understanding the origins of Wahhabism and Salafism,* Publication: Terrorism Monitor Volume:3Issue:14, Достапно на:https://jamestown.org/program/understanding-the-origins-of-wahhabism-and-salafism/, [пристапено на 12.10.2020]
39. Стефановић, Р.В.(2019) *Утицај тероризма на безбедност у региону Западног Балкана*, докторкса дисертација, Универзитет у Београду, Факултет политичких наука, стр.187, достапно на:file:///C:/Users/user/Desktop/Disertacija.pdf, [пристапено на 20.07.2020]
40. Стратегија за одбрана на Република Македонија, Службен весник на РМ, бр.30, од 01.03.2010 година, стр.2, достапно на: http://morm.gov.mk/wp-content/uploads/2017/11/Strategija-za-odbrana-na-RMakedonija.pdf, [пристапено на 15.08.2020].
41. Танески, Н., *Продор на современиот салафизам во Германија*, достапно на:http://eprints.ugd.edu.mk/22216/3/N%20T%206.pdf, [пристапено на 20.10.2020].
42. Танески, Н. (2010) *Радикалниот ислам:Реална закана на безбедноста на Балканот*, во: Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир,Скопје, Безбедносни дијалози, ISSN 1857-7172, број 2, година I, 2010, стр.84, достапно на:http://sd.fzf.ukim.edu.mk/pdf/BD2_WEB.pdf, [пристапено на 20.05.2020].
43. Тилева, В. (2012), *Религија, културна антропологија,* Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, Филозофски факултет, Институт за дефектологија, Скопје, стр.1, достапно на: https://www.scribd.com/doc/162195, [пристапено на 09.02.2019]
44. Tomovic, P. (2011) *Wahhabism does not threaten the state, but it is a problem for the Islamic community*, Radio Slobodna Evropa, достапно

на:https://translate.google.com/translate?hl=mk&sl=sr&u=https://www.slobodnaevropa.org/a/vehabizam_ne_prijeti_drzavi_ali_je_problem_islamskoj_zajednici/24402824.html&prev=search&pto=aue, [пристапено на 02.08.2020]
45. Трајковска, С. (2019) *Судбината на повратниците и нивните семејства: Опасноста од боиштата ја носат дома*, Нова,достапно на:https://novatv.mk/sudbinata-na-povratnitsite-i-nivnite-semejstva-opasnosta-od-boishtata-ja-nosat-doma/,[пристапено на 10.08.2020]
46. Trifković, S. (2011) *Zelena Transferzala,Jadovno*,достапно на:https://jadovno.com/zelena-transverzala-autor-dr-srdja-trifkovic/?lng=lat#.Xvbivm0zbIU, [пристапено на 28.06.2020].
47. https://faktor.mk/zagrizhuvachki-cela-brigada-dzihadisti-od-poraneshna-jugoslavija-vojuva-vo-irak-i-sirija),[ пристапено на 27.06.2020].
48. Управниот одбор на Програмата за размена на знаења., Насилството, тероризмот и џихадот од исламска перспектива, стр.30, достапно на https://d1islamhouse.com/data/mk/ih_books/single/mk_Violence_terrorism_and_jihad.pdf, [пристапено на 18.02.2019].
49. Huda, *Пет столбови на исламот*,достапно на:https://mk.eferrit.com, [пристапено на 10.05.2020 ].
50. *Закон за агенција за национална безбедност*, „Службен весник" бр.108 од 28.05.2019 година, достапно на: https://mvr.gov.mk/Upload/Documents/ZANB%20108-19(1).pdf, [пристапено на 15.08.2020]
51. Scwartz, S. (2005) *The Struggle within Islam: Albanian Muslims reject extremism*, Terrorism Monitor, Volume:2 Issue:3, стр. 2, достапно на:https://jamestown.org/program/the-struggle-within-islam-albanian-muslims-reject-extremism/, [пристапено на 09.08.2020]
52. https://www.newworldencyclopedia.org/entry/Wahhabism, [пристапено на 10.01.2020].
53. https://en.wikipedia.org/wiki/Abul_A%27la_Maududi, [пристапено на 20.04.2020]
54. https://www.oxforddidtionaries.com/definition/english/fundametalism
55. tolerancija,Vol.VIII,N.14,достапнона:http://www.ceir.co.rs/images/stories/rit_14/rit_14_religija_i_terorizam.pdf, [пристапено на 16.02.2019 година].
56. http://en.wikipedia.org/wiki/Mujahideen, [пристапено на 15.03.2019].
57. https://commons.wikimedia.org/w/index.php?curid=252563, [пристапено на 09.09.2020]
58. http://www.duhaime.org/LegalDictionary/S/ShariaLaw.aspx,[пристапено на 11.05.2020].
59. https://www.linkedin.com/pulse/wahhabism-saudi-arabia-frayed-symbiosis-adil-rasheed-phd, [пристапено на 23.04.2020]
60. https://www.ikhwanweb.com/article.php?id=17065, [пристапено на 20.04.2020].
61. https://www.britannica.com/biography/Osama-bin-Laden#ref727335, [пристапено на 29.04.2020 ].
62. http://eprints.ugd.edu.mk/22055/3/NT%206.pdf, [пристапено на 03.11.2020].
63. http://specijalnirat.blogspot.com/p/blog-page_11.html, [пристапено на 25.06.2020 ]
64. http://specijalnirat.blogspot.com/p/blog-page_11.html, [пристапено на 12.03.2020]
65. https://srpskistav.com/autorski-tekstovi/muhamed-porca-i-ebu-muhamed-su-vehabijska-proslost-austrije/, [пристапено 03.07.2020].

## ПРИЛОЗИ

### Прилог бр. 1 – Анкетен прашалник

За потребите на истражувачкиот дел од мојата докторска дисертација, на тема „*Идеологизација на религијата од страна на вехабизмот, како радикално исламистичко движење, во насока на извршување терористички активности*", Ве молам да одговорите на следните прашања како дел од ова анкетно истражување:

**Напомена**: Изјаснувањето служи исклучиво за научни цели на Факултетот за безбедност – Скопје. Податоците нема да бидат употребени за никаква друга цел.

1.Дали вахабизмот и која било друга идеологија која се реферира на исламската религиска идеја, ја девастира суштината на исламската религиска идеја и нејзините темелни вредности, постулати и норми?

Да

Не

Друго_______________________________________________________

2.Дали идеологизациите на исламот, воедно и на другите универзални религии, нужно мора да се развијат и да се манифестираат како тероризам?

Да

Не

Друго________________________________________________

3.Кој е потенцијалот и капацитетот на религиските идеи да можат да бидат идеологизирани, па дури и да бидат и искористени и злоупотребени како идеолошки платформи и матрици на терористички организации и групи?

Да

Не

Друго

4. Има ли вахабизам во Република Северна Македонија?

Да

Не

Друго__________________________________________________

5. Дали нивните идеолошки постулати се радикални, во смисла на неприфаќање на основните општествени вредности на македонското општество?

Да

Не

Друго___________________________________________________

6.Традиционалниот ислам којшто го практикуваат муслиманите во Република Северна Македонија се разликува од толкувањето на исламот од страна на вахабистите во Република Северна Македонија?

Да

Не

Друго_______________________________________________________

7.Доколку на претходното прашање одговоривте потврдно, кои се исламолошките и идеолошките разлики со т. н. традиционален ислам во Република Северна Македонија?

______________________________________________________________________

8. Дали вахабизмот влијае во нарушување на интрамуслиманските односи во Република Северна Македонија?

-Да

-Не

-Друго_______________________________________________________

9. Кои се начините и методите на нивното општествено делување и влијание?

______________________________________________________________________

10. Има ли радикални и терористички потенцијали и капацитети на вахабите во Република Северна Македонија?

Да

Не

Друго_______________________________________________________

11. Дали вахабистички форми на религиозно изразување од Западен Балкан, односно од Косово, Босна и Херцеговина, Албанија, Србија и Црна Гора, се поврзани со вахабистичките форми на религиозно изразување во Република Северна Македонија?

Да

Не

Друго_______________________________________________________

12.Дали е присутен т.н „фактор на религија", или манипулирање со религија, кога е во прашање овој религиски правец?

Да

Не

Друго_______________________________________________________

13.Вахабиската заедница во Република Северна Македонија, која се занимава со промоција на радикален ислам, односно на оние вредности кои не се прифатени од страна на поголемиот дел припадници на муслиманскиот народ, во иднина може да претставува значаен фактор на дестабилизација и деструкција на безбедносниот систем и стабилност во Република Северна Македонија. Дали се согласувате со оваа теза?

Да

Не

Друго_______________________________________________________

*Однапред Ви благодарам!*

*Со почит,*

**Прилог бр.2 Структуирано интервју**

За потребите на истражувачкиот дел од мојата докторска дисертација, на тема „*Идеологизација на религијата од страна на вахабизмот, како радикално исламистичко движење, во насока на извршување терористички активности*“, Ве молам да одговорите на следните структуирани прашања, како дел од ова интервју:

**Напомена**: Изјаснувањето служи исклучиво за научни цели на Факултетот за безбедност – Скопје. Податоците нема да бидат употребени за никаква друга цел.

1. Дали вахабизмот е вистинска државна идеологија и кои и колкави се неговите потенцијали и капацитети во однос на сегашноста и посебно на иднината, односно одреденото парцијално и еволутивно осовременување на Саудиска Арабија?
2. Дали вахабизмот и која било друга идеологија која се реферира на исламската религиска идеја, ја девастира суштината на исламската религиска идеја и нејзините темелни вредности, постулати и норми?
3. Дали идеологизациите на исламот, воедно и на другите универзални религии, нужно мора да се развијат и да се манифестираат како тероризам? Кој е потенцијалот и капацитетот на религиските идеи да можат да бидат идеологизирани, па дури и да бидат и искористени и злоупотребени како идеолошки платформи и матрици на терористички организации и групи?
4. Има ли вахабизам во Република Северна Македонија? Ако го има, каде и како се манифестира, како се пропагира и се промовира. Која е неговата генеза, која е неговата историја. Кои се основните исламолошки и општествени ставови на вахаба групи во Република Северна Македонија? Вахабите се група, групи или се организација или организации? Кои се нивните разновидни ресурси? Тие се релативно автохтони во Република Северна Македонија, или се имплантирани преку силни и настојчиви повеќестрани активности? Дали нивните идеолошки постулати се радикални, во смисла на неприфаќање на основните општествени вредности на македонското општество? Кои се начините и методите на нивното општествено делување и влијание?
5. Кои се исламолошките и идеолошките разлики со т.н. традиционален ислам во Република Северна Македонија?
6. Има ли радикални и терористички потенцијали и капацитети на вахабите во Република Северна Македонија?
7. Дали има вахабистички форми на религиозно изразување на Западен Балкан, односно во Косово, Босна и Херцеговина, Албанија, Србија и Црна Гора и доколку има, кои се нивните специфичности?
8. Дали е присутен т.н „фактор на религија“, или манипулирање со религија, кога е во прашање овој религиски правец?